УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОГИЈА

Емил Гоце Димитриев

# СОЦИОЛОШКИОТ ПРОФИЛ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВМРО ДПМНЕ И СДСМ

Докторски труд

Скопје, 2025

Докторанд:
М-р Емил Гоце Димитриев
Наслов на темата:
СОЦИОЛОШКИОТ ПРОФИЛ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВМРО ДПМНЕ И СДСМ
Ментор:
Проф. Д-р Ило Трајковски
Филозофски факултет - Скопје
Научната област во која спаѓа тезата:
Политичка социологија
Комисија за одбрана:

1. Проф. Д-р Константин Миновски – Претседател,
   Редовен професор, Филозофски Факултет - Скопје
2. Проф. Д-р Ило Трајковски – Ментор,
   Редовен професор, Филозофски Факултет - Скопје
3. Проф. Д-р Марија Дракуловска Чукалевска – член,
   Редовен професор, Филозофски Факултет – Скопје
4. Проф. Д-р Кире Шарламанов – член
   Редовен професор, Меѓународен Балкански Универзитет - Скопје
5. Проф. Д-р Аница Драговиќ – член,
   Редовен професор, Филозофски Факултет - Скопје

Датум на одбрана: 11 11 2025

**М-р Емил Гоце Димитриев**

# СОЦИОЛОШКИОТ ПРОФИЛ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВМРО ДПМНЕ И СДСМ

-Апстракт-

Во фокусот на политичката социологија е поврзувањето т.е. организирањето на луѓето како форма на политичка партиципација. Политичките партии се производ на таа агрегација и мобилизација. Тие се базичната форма на политичка артикулација на потребите, ставовите, уверувањата и други елементарни човекови мотиви, дел од социјалната мрежа. Анализата на политичките партии од своето постоење до денес дава слика за вкупните општествени состојби. Преку нивната анализа се добиваат сознанија кои го прават профилот на општеството во целина. Иако во последните децении се развива граѓанскиот сектор, кој на свој начин има силен импакт во општествено-политичките состојби, политичките партии се доминантна форма и денес во политичко дејствување на луѓето.

Македонското општество за релативно краток период преживеа многу предизвици. Како дел од поранешното социјалистичко уредување на поранешна Југославија, стреми кон неговата цел да биде рамноправен партнер на останатите општества во светот, особено од Европа. Нашиот политички систем беше исправен пред предизвикот како да се надокнади изгубеното време живеејќи во тоталитарен систем и да се фати чекор со современата демократија. Меката транзиција на истата владејачката елита од комунизмот во демократија, ја градеше нашата специфика, за разлика од останатите посткомунистички општества. Терминот политичка пролет кој обично се поврзува со раѓањето на плурализмот во Македонија, меѓу другото значеше обнова на надежта. Надеж кој базираше на вековниот идеал за самостојна Република, наследник на една од првите републики во Европа- Крушевската република. Токму во периодот на таа Република, на тие идеали од тоа време, фундираат идеологиите на две партии во Македонија кои до денес се главните политички фактори во земјата. Партијата ВМРО Демократска партија за македонско национално единство (понатаму ВМРО ДПМНЕ) и Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (понатаму СДСМ) како извор на своите идеологии го определуваат историското ВМРО. СДСМ ги гради своите темели на левицата во историското ВМРО, додека кај ВМРО ДПМНЕ не се забележува таква експлицитност се поврзуваат со стремежот за самостојност.

Денес, легитимно и очекувано е прашањето за современиот профил на овие две партии, колку и како тие се профилираа во она што беше нивна декларативна определба на почетокот, при самото формирање. Зрееше општеството во изминатиот период логично е со него да зрееле и се надградувале партиите. Веројатно сме помеѓу ретките општества во светот каде што за период од 33 години, имавме толку политички предизвици кои влијаеа на идеолошко и кадровско (социјално) профилирање на двете партии. Современиот профил на доминантните партии од македонската десница и левица е предизвик за науката, меѓу кои и социологијата. Социолошката анализа на профилот на политичките партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ од аспект на нивна историска, идеолошка и социјална втемеленост, внатрепартиско дејствување, фактори на мобилизација, настанати промени и јавната перцепција е научен предизвик со општествена и научна оправданост. Добиените сознанија ќе направат пресек за состојбата во партиите, индиректно и за вкупните општествени состојби. Примената на сознанијата има широк дијапазон кој ја опфаќа науката, граѓаните, како и самите политички партии.

**Клучни зборови**: социолошка анализа, политички партии, политички идентитет, историска втемеленост, идеолошки профил, внатрепартиски систем на дејствување, кадровска (социјална) втемеленост, фактор на мобилизација, промени, јавна перцепција.

.

**M.S.c Emil Goce Dimitriev**

## THE SOCIAL PROFILE OF THE POLITICAL PARTIES VMRO-DPMNE AND SDSM


-Abstract-

Political sociology is concerned with the organization of individuals as a means of political engagement. Political parties are the result of of this mobilization and aggregation.They are the fundamental form of political expression of needs, perspectives, beliefs, and other fundamental human motives, which are a component of the social network.The analysis of political parties from their origins to the present day gives an impression of the general social circumstances.Their study generates knowledge that contributes to the overall profile of society. Although in recent decades the civil sector has been developing, which in its way has a strong impact on the socio-political situation, political parties continue to constitute the dominant form of political participation among individuals today.

Macedonian society has survived many challenges in a relatively short period of time. As part of the former socialist regime of the former Yugoslavia, it aimed to be an equal partner to other societies in the world, especially from Europe. Our political system faced the challenge to compensate for lost time living in a totalitarian system and making progress toward modern democratic practices Unlike other post-communist societies, our distinct path was determined by the soft and continuous transition of the ruling elite from communism to democracy. The term "political spring", which is usually associated with the emergence of pluralism in Macedonia, among other things, meant a restoration of hope. A dream founded on the centuries-old ideal of an independent Republic, a descendant of one of Europe's first republics, the Krusevo Republic.The ideologies of the two parties that still dominate Macedonia's politics were developed during that Republic era on the basis of those ideas.The party VMRO- Democratic Party for Macedonian National Unity (hereinafter VMRO DPMNE) and the Social Democratic Union of Macedonia (hereinafter SDSM) determine the historical VMRO as the source of their ideologies.SDSM establishes its roots on the left within the historical VMRO, VMRO-DPMNE, on the other hand, does not express such ideological clarity, but is commonly associated with the pursuit of independence.

In the present context, raising the question of the contemporary political identity of these two parties is both legitimate and anticipated, especially with regard to the extent to which they have remained consistent with the principles and objectives they initially declared upon their establishment. Over the past 33 years, we have been one of the few societies to face a series of profound political challenges that have continuously defined the ideological orientation and social composition of its two main political parties. Understanding the current ideological profiles of the dominant figures on both the left and the right remains a complex challenge. —one that continues to present a significant challenge for academic analysis, particularly within sociology and related disciplines.The sociological analysis of the profile of the political parties VMRO-DPMNE and SDSM in terms of their historical, ideological, and social foundation, intra-party action, mobilization factors, changes and public perception is a scientific challenge with social and scientific justification.The obtained knowledge will make an intersection for the situation in the parties, indirectly and for the overall social conditions. The application of knowledge has a wide range that covers science and citizens, as well as the political parties themselves.


**Key words**: sociological analysis, political parties, political identity, historical foundation, ideological profile, intra-party system of action, personnel (social) foundation, mobilization factor, change, public perception.

**Изјава**

Изјавувам дека докторскиот труд го изработив самостојно, дека уредно ги цитирам сите користени извори и литература и дека трудот не е користен во рамките на други универзитетски студии или за стекнување на друго звање.

Емил Димитриев
с.р.

Благодарност до Сашка, Петар и Јана

## СОДРЖИНА НА ТРУДОТ


ВОВЕД ..... 8
ПРВ ДЕЛ - ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ КАКО ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ ..... 11
1. Преглед на достигнувањата во научноистражувачката област ..... 11
2. Формулација на истражувачкиот проблем: профилирање на политичките партии во Македонија ..... 16
2.1 Значајноста на социолошки профил на политичките партии ..... 18
3. Предмет на истражувањето ..... 21
3.1 ВМРО – Демократска партија за македонско национално единство ..... 22
3.1.1 Историска втемеленост ..... 22
3.1.2 Идеолошки профил ..... 22
3.1.3 Организациска структура и мобилизација на членство ..... 23
3.1.4 Социјален профил на електорат ..... 24
3.1.5 Внатрепартиска демократија ..... 25
3.1.6 Профил за партијата креиран од граѓаните и другите партии ..... 25
3.1.7 Забележани промени ..... 25
3.2 Социјалдемократски сојуз на Македонија ..... 26
3.2.1 Историска втемеленост ..... 26
3.2.2 Идеолошки профил ..... 27
3.3.3 Организациска структура и мобилизација на членство ..... 28
3.2.4 Социјален профил на електорат ..... 28
3.2.5 Внатрепартиска демократија ..... 29
3.2.6 Профил за партијата креиран од граѓаните и другите партии ..... 29
3.2.7 Забележани промени ..... 30
4. Цели и задачи на истражувањето ..... 31
ВТОР ДЕЛ - ПОИМНО ТЕОРИСКО И ОПЕРАЦИОНАЛНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СОЦИОЛОШКИОТ ПРОФИЛ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ..... 32
1. Социолошки профили и социолошки типови ..... 32
1.1 Типологизацијата во социологијата ..... 34
1.2 Социолошко профилирање на политичките партии ..... 39
2. Политиката како општествен процес ..... 41
2.1 Политичка партиципација ..... 44
2.2 Политичко претставување ..... 47
2.3 Политичка определба (Political affiliation) ..... 53
3. Политички идеологии ..... 57
3.1 Социолошко определување на поимот идеологија ..... 57
3.2. Класификација на политичките идеологии ..... 60
3.2.1 Либерална идеологија ..... 61
3.2.2 Конзервативна идеологија ..... 63
3.2.3 Социјалистичка идеологија ..... 64
3.2.4 Фашистичка идеологија ..... 65
3.2.5 Зелена идеологија ..... 66

3.2.6 Анархистичка идеологија ........ 67
3.2.7 Радикално десничарска идеологија ........ 68
4. Елементи/аспекти на социолошко профилирање на политичките партии ........ 68
4.1 Идентитет на политичките партии ........ 68
4.2 Политичките партии и идеологиите ........ 73
4.3 Партиите како организирана структура ........ 77
4.4 Внатрепартиски систем на дејствување ........ 82
4.4.1 Внатрепартиска демократија, бирократија и централизам ........ 82
4.4.2 Современите демократски партии како милитантни структури ........ 84
4.4.3 Правила на ангажман и селекција на кадри во рамки на партијата ........ 86
4.4.4 Финансирање на партиите ........ 89
4.5 Имиџот на политичките партии како мобилизирачки фактор ........ 90
4.6 Социјална втемеленост на политичките партии ........ 94
4.7.1 Јавност ........ 99
4.7.2 Јавно мислење ........ 101
4.7.3 Масовни медиуми и социјални мрежи ........ 103
4.7.4 Испитување на јавното мислење ........ 104
4.7.5 Јавна перцепција за политичките партии ........ 105
ТРЕТ ДЕЛ - МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 109
Вовед ........ 109
1. Определување на работни хипотези и тези ........ 110
2. Методи и техники на истражувањето ........ 111
ЧЕТВРТ ДЕЛ - СОЦИОЛОШКОТО ПРОФИЛИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВМРО ДПМНЕ И СДСМ: МАКЕДОНСКАТА ДЕСНИЦА И ЛЕВИЦА ........ 113
1.Трансформација на политичкиот систем во Македонија ........ 113
1.1 Падот на социјализмот ........ 113
1.2 Воведување на повеќепартискиот систем ........ 115
1.3 Организирање на првите повеќепартиски избори ........ 117
1.4 Прогласување на независноста ........ 120
2. Формирање на првите политичките партии во Македонија ........ 122
2.1 Македонската политичка пролет ........ 122
2.2 Улогата на меѓународните фактори во профилирањето на политичките партии во Македонија, и нивното етаблирање во сестринските организации ........ 130
3. Социолошкиот профил на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ како политички партии во развој ........ 135
3.1 ВМРО ДПМНЕ - народна партија ........ 136
3.1.1 Политичкиот идентитет на ВМРО ДПМНЕ како наследник на историското ВМРО ........ 136
3.1.2 ВМРО ДПМНЕ како конзервативна партија ........ 141
3.1.3 ВМРО ДПМНЕ со компактна структура, доминантна кај Македонците ........ 148
3.1.4 „Цврста рака“ како модел на внатрепартиско делување во ВМРО ДПМНЕ ........ 153
3.1.5 Патриотизмот како мобилизирачки фактор во ВМРО ДПМНЕ ........ 157
3.1.6 Социјалната втемеленост на ВМРО ДПМНЕ ........ 160
3.1.7 Јавната перцепција за ВМРО ДПМНЕ како суверенисти ........ 168
3.2 СДСМ – плурална левица ........ 173
3.2.1 СДСМ нови социјалдемократи, реформирани комунисти ........ 173
3.2.2 СДСМ како социјалдемократска партија ........ 179

3.2.3 СДСМ со лабава и мултиетничка структура ... 183
3.2.4 Непосредната демократија во СДСМ ... 189
3.2.5 Интеграциите како мобилизирачки фактор во СДСМ ... 194
3.2.6 Социјална втемеленост на СДСМ ... 198
3.2.7 Јавна перцепција за СДСМ како интегративци ... 204
ЗАКЛУЧОК ... 209
ПРИЛОЗИ ... 215
Интервју со Генералниот секретар на ВМРО ДПМНЕ ... 215
Интервју со Генералниот секретар на СДСМ ... 217
Список на табели ... 220
Список на фотографии ... 221
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ... 223
Веб - Страни ... 228
БИОГРАФИЈА ... 229

**ВОВЕД**

Еволуцијата на научната мисла во периодот на пост индустриското општество, придвижува мноштво дискусии околу проекцијата во кој правец ќе се движи политиката како дејност и наука. Политиката долго време покажува карактеристики кои ја профилираат нејзината „безвременост“, цврсто втемелена во Аристотеловата дефиниција за човекот како политичко суштество. Меѓутоа како и во останатите области така и кај политиката, футуристичките погледи формираат дијапазон на различни ставови. Тие ставови се омеѓени помеѓу позициите кои се на линија дека профилот на политиката ќе опстои уште долго време во форма каква ја познава светот, до другото крајно стојалиште, кое во својата есенција ја има промената и ја прокламираше „ерата“ на крајот на идеологиите, како една од главните карактеристики на политиката. Помеѓу овие два екстреми, се позиционираа бројни проекции за еволуцијата на политиката, кои креираат извесни разлики помеѓу нив самите.

Политиката како свесна човекова акција, во фокусот на својот интерес ги содржи партиите како главни „фактори“ на политичката сцена, во периодот на претставничката демократија. Појавата на политичките партии, е производ од арената на политичката, социјалната и културната борба. Меѓусебното влијание на политиката и партиите е двонасочно и детерминирачки со оглед на заедничкото обликување. Филозофска дилема е, дали денес во услови на доминантно плуралистички општества, нивната врска е условена една од друга или некоја претходи на другата. Ако во минатото во монархиите и автократските системи доминирале поединци, како креатори на политичкиот живот во општеството, денес партиите се епицентарот на мобилизација и претставување на политичките интереси на поединците и групите.

Постојат повеќе основи по кои поединците се групираат во партиите, во зависност како е изградена структурата на партиите, начинот на дејствување и целите на постоењето. Во услови на либерална демократија, слободата на здружување заради остварување на законита политичка цел е врвен императив, базиран на човековите слободи и права. Освен што влегувањето во партиите е слободно, дејствувањето во рамките на партиите исто така подразбира слобода на изразување на мислења, идеи и сл. Тоа имплицира и градење на одредени очекувања кои се легитимни во политичкото дејствување. Со други зборови партиите претставуваат институции преку кои се селектираат и агрегираат интересите на граѓаните. Демократијата како владеење на народот подразбира власт делегирана од народот на избори (Трајковски, 2019: 165-212).

Институционална форма преку која се остварува оваа цел се партиите чии што членови споделуваат заеднички вредности и цели. Во зависност од идеологијата на партиите, приоритет имаат конкретни вредности, како белег на партиите. „Светот“ на партиите, претставува еквилибриум на различни односи и влијанија насочени во правец на реализација на заедничките цели. Во принцип вредностите кои ги споделуваат партиите во рамки на својата структура, се цели кои во услови на практикување на власт, се аплицираат на ниво на општество. Во тој контекст, политичките партии, како еден од главните елементи

на политиката, се предмет на интерес на политичката и социолошката наука. Политичките партии, во своето функционирање, соработуваат и со институции од граѓанскиот сектор, како што се граѓанските здруженија кои можат да се сретнат и како невладини или непартиски организации, т.н. тинк тенк организации и сл. Соработката е претежно со организации со слични идеи и вредности, кои ги споделуваат партиите и невладините организации. Овие организации, кои орбитираат околу партиите, имаат идеолошки белези, тие организираат различни обуки за партиското членство, со цел поефективна имплементација на целите на партиите, иако не е исклучено и влијание и врз самите цели на партиите. Човекот во минатото, денес надграден во општествено политичка смисла како граѓанин, низ процесот на еволуција ја менувал сознајноста за себе и својата социјална и општествена улога. Социјалната димензија најчесто ја докажува преку здружувањето во име на некоја цел, додека политичката во конкретното дејствување во насока на остварување на таа цел. Здружувањето, начинот на организациска поставеност и функционирање, принципите на дефинирање и реализација на целите, претставува еден сложен систем, длабоко детерминиран од еволуцијата (Шнапер, 2022: 16).

Со оглед дека денес партиите се главен фактор на операционализација на политиката, нивниот профил станува карактеристика на нивните политички активности. Глобализацијата како процес, силно влијае на трансформација на политичките заедници, форсирајќи го моделот на интеркултурализамот кој подразбира идеолошка и политичка почит, толеранција, културна и социјална интеракција на глобално ниво. Политичките партии како дел од политиката, ставена во контекст на глобалните промени имаат силно влијание на севкупните состојби во општествата и ја креираат перцепцијата за нив како променлива категорија. Појавата на политичките партии како современ облик на политичко здружување не била имуна на општествените промени. Често биле авангарда на промените, иако во исто време била условени од истите. Модернизација на партиите се смета за услов за постигнување на модерна претставничка демократија.

Сведено на национално ниво, профилот на политичките партии во Македонија претставува посебен пример за одржување јаз помеѓу декларираното и реалполитиката. Уште со осамостојувањето на нашата земја и правно нормативно уредување на нашата заедница деклариравме граѓанско и мултиетничко општество. Општество кое во услови на либерална демократија, ќе го креираше македонскиот модел на мултиетнички плурализам, како одговор на старото едноумие кое во федерацијата не успеа да формира демос во полн сјај, туку го одржуваше етносот во полн капацитет на ниво на членки на федерацијата. Парадоксот на современото македонско општество се состои во тоа што речиси сите политички партии, посебно парламентарните, го прифаќаат граѓанскиот т.е. мултиетничкиот карактер на општеството, но и после три декади демократија, сеуште доминираат партии градени на етничка основа. Дури и̓ дел од партиите се со политички фокус географски ограничен на дел од земјата. Степенот на идеолошка профилираност е исто така дискутабилен, посебно ако се толерира декларираното во партиските доктрини, програмски определби, декларации и сл. со конкретните политики кои ги реализираат,

особено кога партиите се на власт. Ваквата поставеност на партиите, надополнето со честа националистичка реторика, е главен фактор кој влијае деструктивно на општествената кохезија, и градењето на мултикултурно општество. Општество во кое инклузијата и самоактуелизацијата на граѓаните, како базичен мотив, ќе базира на мерит-систем, т.е. систем на лични квалификации независни од етничката и партиска припадност.

Во Македонија, во досегашниот политички развој се профилираа двете најголеми партии, ВМРО ДПМНЕ која го претставува десниот центар т.е. народната или конзервативната идеологија, и СДСМ како претставник на левицата која се идентификува со социјалдемократската идеологија. Во минатото и двете партии ја градеа својата автентичност во електоратот дома, но и на меѓународен план, интегрирајќи се во европските семејства на сестрински партии. Од денешен аспект, извесно е да се констатира, дека се партии со изградена најширока организациска структура во државата. Од аспект на пирамидалната структуираност, етаблирани се од највисокото ниво на раководни органи, до најниските слоеви на организациска поставеност во населените места. Внатрепартиски ги имаат формирано сите органи кои ги афилираат интересите на жените, младите, ветераните и слични интересни групи во рамки на партиите. Механизмите на одлучување, носење на внатрепартиски одлуки, функционирање на дневна основа се во постојана надградба согласно духот на плуралистичка демократија.

До кој степен се идеолошки профилирани, од аспект на програмски документи, членство и гласачи, дали нивната поддршка е социјално втемелена, кои промени се случувале изминативе три декади, во двете најголеми партии е предизвик за науката, посебно за социолошката наука која има сериозен научен простор за проверка на фактите. Мотивацијата социолошки да се профилираат политичките партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, базира на две основи, а тоа се научно објективната и лично субјективната. Од аспект на научна опсервација постојат неколку мотиви. Ќе го потенцирам фактот дека нашава земја ја живее четвртата декада на демократско и плурално општество и е акумулирано доволно искуство, кое со научна проверка ќе ја исцрта сликата на современиот македонски плурализам. Особено што досега домашната наука поседува определени научни сознанија за политичкиот систем и политичките партии како негов дел, доминантно од политиколошка перспектива. Многу малку, на ниво на исклучоци се социолошки анализи на политичките партии и тие опфаќаат само одредени сегменти од областа на социологијата. Тука се надоврзувам на еден од најголемите социолози, Талкот Парсонс кој сугерира дека проучувањето на политиката не може да се „третира како специјализирана концептуална шема...токму поради причината што политичкиот проблем во општествениот систем е фокус за интеграција на сите негови аналитички компоненти, а не некој специјално диференциран збир на компоненти“ (Parsons, 1951:126-27).

Лично субјективниот момент базира на политичкиот ангажман во минатото, на бројни и значајни функции во државата и партијата ВМРО ДПМНЕ, кој пренесен преку објективна научна методологија, ќе претставува дополнителна и драгоцена вредност во теоретската елаборација.

# ПРВ ДЕЛ - ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ КАКО ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. Преглед на достигнувањата во научноистражувачката област

Да се следи еволутивниот пат на политичките партии е предизвик за науката, особено за социологијата и политичките науки. Посебен интерес за анализа е профилот на политичките партии во постсоцијалистичките земји, во мултиетничките средини, кај земји во процес на меѓународна интеграција. Науката особено таа која ја опсервира општествената реалност посветува големо внимание на политичките системи и политичките партии како главни фактори во нив.

Од претходното анализираните материјали, од кои доминантно се книги и публикации, помал дел истражувања и статии, се добива солидно предзнаење за политичките партии. Предзнаење кое мотивира дополнително да се истражува светот на партиите како системи, кои го агрегираат човековото сознајно и инстиктивно битие како социјално и политичко суштество. Поголемиот дел од консултираната литературата (претставена во делот користена литература) го анализира политичкиот живот во Македонија, помалиот во Европа (ЕУ) и Соединети американски држави (САД). Литература од која може да се направи компарација за зрелоста на нашиот политички систем, неговите специфики и посебности. Фондот на научни пишувања поврзан со политичките партии во Македонија за овој период сепак е респектабилен. Во него апсолутно доминира правно политичкиот пристап наспроти социолошкиот. Причината за таа доминација можеби лежи во доминацијата на правните и политиколошките науки во однос на социологијата, која секако има простор да го утврдува својот идентитет во оваа област. Поврзано со претходното, во домашната литература политичките партии се главно анализирани од нормативен аспект, нивното место и улога во правниот и институционален систем, во мал број трудови се додава и социјалната компонента.

Во странската литература има доста случаи кај што политичките партии се анализирани од нивната социолошка димензија. Очекувано, за целосна научна претстава за политичките партии, е потребен научен пристап кој го акцептира нивниот општествен карактер. Меѓу другото преку социолошката димензија на партиите како формални, високо организирани и структуирани групи. Кога се претставуваат определени достигнување во научна област нема простор да се претстават сите консултирани сознанија, ниту пак е цел сама по себе, туку да се спомнат дел од тие сознанија кои го најавуваат новото ( мое ) научно сознание. Во ова прилика кратко ќе претставам шест дела кој конвергираат близу мојот научен интерес.

Делото Политичка партија, Социолошка студија за олигархиските тенденции во модерната демократија (*Political party, Sociological Study of the Oligarchical Tendencies of Modern Democracy*) на Роберт Мичелс (Robert Michels) напишано во 1911 година, со неговите две понови изданија од 1925 и 1957 година, е првата социолошка студија за

партиите, лидерството, психологијата на моќта и олигархиските тенденции во политичките партии, како организации. Книгата содржи сознанија за дел од социолошките аспекти на партиите во Германија, аспекти кои се применливи во профилирањето на политичките партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Најголемиот дел од книгата е посветен на организациските аспекти на партиите и позицијата на лидерите во рамки на партиската организација. Профилот на организација и лидерство во партијата е резултат на односите кои се одвиваат во рамки на партијата. Партиската организација се доживува како бирократија, зависна од власта на лидерот. Идентификацијата на партијата со лидерот претставена во книгата, е карактеристична и за македонската политичка култура. Посебно во периодот кога со двете партии управуваа првите претседатели на партиите. Многу често, наместо ВМРО ДПМНЕ можеше да се слушне Љупчо Георгиевски или наместо СДСМ Бранко Црвенковски. Повеќето промени кои подоцна се случуваа на лидерската позиција во партиите, го намалуваше култот на лидерот, иако сеуште се неприкосновени во партиите.

Во книгата се анализираат состојби кога нападите на лидерите се претставуваат како напад кон партијата, идентична ситуација со денешната состојба кај нашите партии, кои меѓу другото се најсилниот штит на лидерите. Резултатот од ваквите анализи упатува на заклучокот дека деспотизмот на лидерите не произлегува од нивната желба за моќ и неконтролиран егоизам, туку тој е длабоко вкоренет во убедувањата на поддржувачите за неговиот влог во име на заедничката кауза. Карактеристично за периодот кога е пишувана книгата е правена анализа на класната и социјалната структура на социјалистичката партија во Рајстагот. Анализа на социјалната втемеленост на партиите, дава претстава за социјалната стратификација во општеството, за начинот на мобилизација на граѓаните во партиите, секако се има во предвид дека делото е пишувано во време на индустријализација, многу различно од денес.[1]

Книгата Градење на партиски системи во демократии во развој (*Building Party Systems in Developing Democraties)* на авторот Ален Хицкен (Allen Hicken), (Cambridge press, 2009 ), претставува научна анализа која се занимава со прашањето на влијанието на степенот на зрелоста на демократијата врз политичкиот систем. Во книгата се разработени дилеми, кои се однесуваат на прашањата, зошто во некои демократии се појавуваат партиски системи со скромен број на национално ориентирани политички партии, а зошто тоа не е случај во други политички системи. Бројот на партиите, нивниот профил, особено националната ориентација, во книгата се претставува како резултат на односот и релацијата помеѓу гласачите, кандидатите и партиските лидери. Почетокот на македонскиот плурализам е карактеристичен преку формирањето на национални партии. Меѓутоа, односот помеѓу мултиетничкиот карактер на земјата и профилот на политичките партии, покажува

[1] Анализата ја опишува структурата на работничката партија т.е нивните пратеници во зависност од нивното потекло, професија, социјален статус дали се пролетери или буржуи и сл. Ваквите сознанија се корисни да се споредат и анализират денешните сосотојби во македонската левица (СДСМ), дали мобилизира слични социјални слоеви во општеството. Понатака се загатнува феноменот на буржуаски лидерства во социјалистички партии, слична состојба кога македонската левица ја водеше лидер, еден од побогатите личности во земјата..

определена дискрепанција помеѓу етничкиот профил на партиите и профилот на државата. За разлика од почетоците, денес најголемите две партии во земјата се обидуваат да мобилизираат припадници од различни етникуми. Дали е тоа доволно и во корелација со етничката слика на земјата предизвик е да се истражи, впечаток (потврден со оваа дисертација) е дека најголемите политички партии се прилично моноетнички, може да се каже национални.

Долго време претходно, но и денес за нашето општество генерално, како и за политичкиот систем во земјата ќе се слушне етикетата „демократија во развој“, „општество во транзиција“ итн. Една од поентите на книгата е дека демократијата е процес што зрее, во процесот на зреење на демократијата партиите како носители на политичкото дејствување на граѓаните доживуваат определени трансформации.[2]

Публикацијата Партиски елити во поделени општества (*Party Elites in Divided Societes*), (1999), на авторите Крис Дешавер и Курт Лутер (Kris Deschouwer, Kurt R. Luther) се однесува на политичките партии во консоцијална демократија. Мотивот да биде земено во предвид ова дело е сличноста со нашето општество. Потпис на договорот (охридскиот рамковен договор) со кој на еден начин на “мала врата” се воведе консоцијалната демократија кај нас, ставија токму двете најголеми партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Оваа книга обработува сличности со евидентната поделба во нашето општество по разни основи, како и во градењето на правни механизми, кои упатуваат на консоцијална демократија. На почетокот на книгата се прави компаративна анализа на политичките партии и партиските системи во консоцијалната демократија, земајќи во обѕир повеќе студии, од различни земји од Европа кои ја обработуваат оваа тема. Понатаму продолжува со спецификите на консоцијалната демократија во услови на промени. Дел од тие промени водат во насока, консоцијалната демократија да ги удри темелите на федеративноста. Се прави разлика помеѓу класичниот и федералниот консоцијализам. Во вакви услови се анализираат главните постулати или столбови на функционирањето на партиите, како што се мобилизацијата, внатрешната структура и организација, партиската кохезија и слично. Ваквата анализа е соодветна на анализата на партиите кај нас, преку која се покажува, колку партиите работат на развој на кохезијата и мултиетничкиот карактер, мобилизирајќи различни етникуми, колку градат консоцијални решенија, држејќи се затворени за другите етникуми. Фактот што партиските структури на најголемите четири партии во земјата со мали исклучоци, се моноетнички, говори за предизвикот во кој правец ќе се развива

[2] Развојот на партиите ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, во најголема мера го опишува развојот на македонската демократија. Особено имајќи во предвид дека до пред 33 години живеевме во едноумие. Во книгата се компарира начинот на носење на одлуки, внатрепартиската комуникација и координација во развојните демократии, со внатрепартиската комуникација со демократии со поголемо искуство. Ваквата компарација служи за изведување заклучоци за профилот на внатрепартиското дејствување во анализираните партии во истражувањето. Во книгата е разработена теоријата за агрегација на стимулации кои упатуваат на тезата дека што поголема партија толку е поголема веројатноста за победа на изборите, преведено за наши прилики двете анализирани партии за себе градат перцепција како најголема партија во земјата, на тој начин зголемувајќи ја својата мобилизирачка моќ.

македонското општество, дали во насока на конфедеративност или во насока на мултиетничко граѓанско општество.[3]

Најблиску до интересот за моето научно истражување, од домашната литература се три труда. Првиот труд е докторската дисертација на професорот Цане Мојаноски од 1996 година, *Социјален и политички профил на партиите во Македонија*, публикувана како книга, која го опфаќа процесот од почетоците на македонскиот плурализам. Тоа се првите пет години од повеќепартискиот систем на Македонија. Од материјалот се гледа дека предизвик на авторот е да ги анализира транзицискиот политички период т.е. никулците на македонскиот повеќепартиски систем. Со оглед дека станува збор за релативно краток период на практикување на плурализмот во земјата, може само да се замисли како било да се пишува за партиите без речиси никакво научно наследство во функција на пишувањето. Трудот ги опфаќа појавата на првите партии во независна и демократска Македонија, како битна новина споредена со претходниот систем. Заклучно со 1996 год. кога е издадено делото во Македонија егзистирале 34 политички партии, денес бројот на партиите е дуплиран. Книгата ги опсервира и реализација на првите изборни кампањи во новиот политички систем како форма на изборниот натпревар. Трудот ги анализира програмските и идеолошки профили на партиите меѓу кои на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Исто така прави анализа на мобилизаторската моќ на партиите, од кои слоеви на општеството ги мобилизираат првите кандидати за пратеници во собранието и одборници во општините. Со помош на анкета се анализира профилот на гласачите на партиите т.е. определува класно социјалната врска со електоратот [4] (Мојаноски, 1996).

Следи истражувачката студија *Политичките идентитети во Република Македонија,* во која учествуваат повеќе научници раководени од Проф. Др. Лидија Христова, издадена од Институт за социолошки и политичко-правни истражувања во 2011 година. Овој проект

---

[3] Во сите примери на анализа во различни земји, поларизацијата, конфликтите и поделбите се едни од клучните карактеристики на консоцијалната демократија. Спротивно на поларизацијата во книгата се анализирани механизмите на агрегација на интересите и мотивите, живеење со разликите и подготвеност за промените. Во наши прилики ова потсетува на отворањето на ВМРО ДПМНЕ кон македонците муслимани, и на СДСМ кон албанците. Алудира на политиките кои ове две партии ги превземаат за премостување на разликите, и креирање функционални решенија. Консоцијалноста не мора да значи само меѓуетнички односи, туку може да вклучи и класни и социјални релации, кои за среќа не се евидентиани во спроведеното докторско истражување. Крајот од книгата е посветен на перформансите на лидерството за успешно раководење во услови на консоцијална демократија, особено важно за споредба со профилот на македонското лидерство.

[4] Од аспект на политичка култура и поведение на партиите, недвосмислено се детектира влијание на претходниот политички систем. Тоа особено се приметува според авторот во изборните кампањи кои тој ги доживува како борба наместо натпревар меѓу партиите. Резулттатите од истражувањето укажуваат на силна детерминација на социјалните елементи во политичкото дејствување како што се социјална структура и стратификација, социо-демографски карактеристики како и верска, национална и јазична диференцијација. Споредено социјалната втемеленост на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ укажува на големи разлики во структурата на население предмет на мобилизација на партиите. СДСМ како старо – нова владејачка елита, мобилизира структура на население од среден и висок слој, ВМРО ДПМНЕ како опозиција мобилизира структура на население од среден и низок општествен слој.

е еден од ретките научни истражувања фокусирани исклучиво на тема политички партии од социо-политички аспект. Во првиот дел Христова пишува за политичките партии како репрезенти на посебните интереси, партиските идеологии, политичките и партиските идентитети итн. по овие елементи даден е осврт за партиите ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Анализирани се  социјалните расцепи и партиските профилации во пост социјалистичките општества, како елементи на социјалната втемеленост на партиите. Во вториот дел од ова дело се дава научен осврт на политичкиот плурализам во Р. Македонија. Се прави анализа на изборните програми на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, за изборните циклуси на парламентарните избори од 1990 до 2008 година, анализа која дава претстава за програмската и идеолошка еволуција на двете партии до денес. Слично на оваа тема,  во ова истражување е опфатено и анализа на вредностите и политичките ориентации на граѓаните, сознанија неопходни за определување на јавната перцепција, како аспект на профилирањето на двете политички партии (Христова и други 2011).[5]

Учебникот *Политичка социологија* 2, на професорот Ило Трајковски (2019), дава социолошка перспектива на политиката, со чија помош може да се реализира истражувањето. Таа е составена од три дела, првиот дел се однесува на политичката партиципација и демократијата, со посебен осврт на институциите како форма на истата. Претставена е демократизацијата на македонското општество и спецификите на македонската демократија, кои се резултат на влијанието на партиите. Опфатено е изборното однесување и  определување, како многу важни елементи за едно социолошко профилирање на политичките партии. Вториот дел се однесува на чинителите на демократската политика, и третиот дел ја објаснува свеста за политичко дејствување. Политичките партии, во овој учебник се средишна тема на вториот дел од книгата, како чинители на демократската политика. Претставени се претпоставките за формирање на партиите, нивните функции, како елементи особено важни за социолошко профилирање на партиите. Претставени се сознанија за партиите како заедништва и организации но и како посредници на парцијални интереси. Во третиот дел се опфатени теми како што се јавното мнение и се претставени најголемите идеологии, елементи содржани во социолошкото профилирање на партиите ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Генерално, учебникот дава базични сознанија за социолошкиот карактер на политичките партии без кои не е возможно социолошки да се профилираат двете партии (Трајковски, 2019).

[5] Книгата содржи дел кој се однесува на проверка на социјалната втемеленост на политичките партии т.е.поврзаноста на партиите со определени социјални категории од населението. Овој дел од публикацијата е цитиран т.е поврзуван со првото цитирано истражување на професорот Мојаноски и со истражувањето предмет на докторската дисертација. Преку поврзување на елементите од трите истражувања се прави траекторијата на социјалната втемеленост на политичките партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, се утврдуваат настанатите промени и се констатира моменталната состојба.

## 2. Формулација на истражувачкиот проблем: профилирање на политичките партии во Македонија

Со прогласувањето на независноста во 1991 година, Македонија освен што се реализираше идеалот за самостојна држава, се трасираше и патот за нова општествено политичка реалност. Беа удрени темелите на демократијата и плурализмот како придобивки кои останатиот дел од континентот одамна ги практикуваше. Во највисокиот правен акт на земјата Уставот, како темелна вредност стои „политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори". Додека во членот 20, се регулира правото на граѓаните за здржување во граѓански здруженија и политички партии.

Компаративно гледано, со земјите со етаблиран плурализам, период од три декади (ја живееме четвртата) македонски повеќе партиски систем, е можеби краток период за релевантна анализа, или уште помалку споредба на политичките системи. Но, тоа е доволно време за да се направи пресек на моменталниот профил, начинот како се градел, предизвиците кои ги совладувал и приоритетите кои го чекаат нашиот политички систем. Со оглед дека битисувањето на земјата како независна беше оптоварено со специфични, есенцијлни прашања како што се идентитетот, името, историјата, разни обележја на земјата, сето тоа имаше импакт на профилот на политичките партии како двигатели на процесите. Не треба да се исклучат и екстерните влијанија, кои традиционално биле присутни во земјата, и имаат своја вкоренетост и влијание во домашната политика.

Кај нас бројот на партии постојано флуктуира, но две од почетокот на плурализмот до денес го држат приматот најголеми. Предмет на анализа во докторската дисертација се двете најголеми партии како репрезенти на двете најголеми идеолошки групации на политички партии. Претставник на десниот конзервативен центар е политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, левицата пак ја претставува политичката партија СДСМ, како социјалдемократска партија. Од тука формулацијата на истражувачкиот проблем во предложениот наслов за докторска дисертација е социолошкиот профил на двете најголеми партии во Македонија ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Врз основа на досегашните сознанија за релевантните димензии на социолошкиот профил на политичките партии, делумно изложени од претходно прикажаните социолошки трудови, ова докторско истражување е насочено кон следниве седум димензии на социолошкиот профил на политичките партии:

- Историскиот профил односно историската димензија на партиите.
- Идеолошкиот профил.
- Организациска структура и мобилизација на членство.
- Внатрепартиската демократија.
- Социјалниот профил на електоратот.
- Профил за партиите креиран од граѓаните.
- Промените кои се одвивале во партиите поврзани со претходните димензии.



Слика 1: Профилирање

Досегашни сознанија даваат основа за едно првично и хипотетичко назначување на главните одлики на седумте димензии на социолошкиот профил на двете испитувани политички партии (ВМРО ДПМНЕ и СДСМ). Истражувањето (дисертацијата) потврди дека политичките партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ имаат свои типични социолошки белези или карактеристики. Двете партии имаат своја историска вкоренетост, ВМРО ДПМНЕ се поврзува со историското ВМРО, СДСМ исто така се повикува на своите корени од левицата во историското ВМРО, и продолжува со Комунистичката партија. Од аспект на идеолошката профилираност, двете партии во своите програмски документи ги апострофираат типичните елементи на конзервативната односно социјалдемократската идеологија, Спецификите продолжуваат и во областа на организациската поставеност и начин на мобилизација на поддршката како и по начинот на внатрепартиско дејствување. Типично за конзервативни партии ВМРО ДПМНЕ се одликува со силна партиска машинерија, повисока партиска дисциплина и поголема стабилност на гласачкото тело. СДСМ се карактеризира со полабава врска помеѓу партијата и електоратот, подемократски начин на избор на Претседател на партијата, честото одлучување во формат Конгрес подразбира широк степен на внатрепартиска демократија.

Како карактеристични профили на јавната перцепција за ВМРО ДПМНЕ се поврзува суверенизмот, за СДСМ нивната прагма при интеграциите за надминување на споровите со соседите. Забележани се определени разлики во социјалниот профил на електоратот на двете партии. ВМРО ДПМНЕ својата етаблираност ја базира во градски, приградски и рурални средини, СДСМ има своја присутност секаде во земјата, но доминира во централните општини (Центар и Карпош) во Градот Скопје. Електоратот на ВМРО ДПМНЕ претежно живее во куќи, на СДСМ во станови. СДСМ има поголема поддршка кај останатите етникуми покрај Македонците, за разлика од ВМРО ДПМНЕ која е најдобро етаблирана кај Македонците а послабо кај останатите етникуми.

## 2.1 Значајноста на социолошки профил на политичките партии

Во политичката социологија партиите претставуваат централни објекти за анализа. Во средината на минатиот век, влијателниот политички социолог, кој што се занимаваше со проучување на партиите Сејмур Мартин Липсет (Seymour Martin Lipset), партиите ги дефинира „како сојузи во конфликти околу политиките и вредностите“, сојузи или здружувања поврзани во рамки на поголем политички орган, се мисли на партија (Lipset, S. M., & Rokkan, S. 1967: 5). Ова е период кога социолозите на партиите гледаат како на објекти, чија главна карактеристика е репрезентативноста, собирањето и артикулитање на различни интереси. Период, кога науката веќе прави дистинкција помеѓу електорат, партија и партиски активисти. Липсет не ги негира класните разлики, меѓутоа неговото објаснување, детерминирано од времето во кое твори, го базира на разликите во приходи, базирани на различно професионално позиционирање. Во тој контекст Липсет докажува поврзаност помеѓу припадноста на класата и припадноста на определена партија или идеологија.

Партиската и класната борба е надополнета со разлики од религиозен, етнички и друг аспект, што само по себе ја креира комплексноста на партиското дејствување во општеството. Функциите на партиите ги надминуваат границите на класната борба, и ја креираат дихотомијата, да спроведуваат однапред осмислени политики на одредени групи, или формулираат политики кои им служат на групите. Во тој контекст е тезата на Џовани Сартори (Giovanni Sartori) дека „граѓаните во западните демократии, се претставени преку и од партиите“ (Sartori, 1968).

Крајот на дваесеттиот век, кој го одбележаа драматични политички случувања на глобален план, дополнително придонесе за враќање на социологијата во анализа на партиите. Во овој период, на партиите се гледало како на катализатор на определени тектонски поместувања во општествено-политичкиот живот. Големите општествено-социјални расцепи, кои се случуваа, и нивното влијание во политичките системи, го свртe вниманието на социологијата кон партиите, како главни актери на политичката сцена. Во Европа, битно влијание имаа неколку политички феномени, како што се падот на комунизмот и студената војна на глобален план. Дел од социолошките теории, во овој период, на партиите започнаа да гледаат, како на конгломерати, преку кои се остваруваат социјални бенефиции на членовите и поддржувачите, наспроти личниот интерес на политичарите. Партиите се определуваа како групи засновани на интерес, чија што реализација зависи од преференциите на јавноста. Класичната идентификација на партиите во модерното време ја надминува својата класна основа и се проширува со влијанието на групи од интерес кои своето место и улога го зајакнуваат со партиски активизам, дел од нив и со финансирање на партиите. Во најново време, финансирањето на политичките партии се поима како дел од спектарот инвестиции на граѓаните.

Во постмодерноста опсервација на односот помеѓу партија-држава-општество, социолозите ги придодаваат социјалните движења (Види Турен, Мелучи ( Touraine, Melucci) и др.). Со социјалните движења, трите фактори кои се анализираат досега (партија-држава-општество), станаа четири и го сочинуваат современиот политички систем. Социјалните движења претставуваат организирање и мобилизација на граѓаните независно од партиите. т.е. имаат сопствен идентитет. Но постојат примери каде определени социјални движења со текот на времето се трансформираат во политички партии. Еден од тие примери е еволутивниот развој на францускиот републиканизам од деветнаесеттиот век кој прерасна во партија. (Aminzade, 1993:19). Определени верски движења, беа основа за формирање на конзервативни или популистички партии. Сличност помеѓу партиите и социјалните движења, е нивната социјална функција, преку кои групите и поединците ги креираат политиките во државите.

Една од клучните разлики помеѓу движењата и партиите е нивниот опсег на прашања од интерес. Социјалните движења често се формираат по едно прашање, апстрахирајќи ги останатите, за разлика од партиите кои „нудат решенија“ во сите области од човековото живеење. Гледано од аспект на структура, на движењата се гледа како на “партии на улица”, кои градат лабава организација, со релативна лојалност, додека партиите имаат јасна структура и внатрепартиска хиерархија (Heaney & Rojas, 2015: 453).

Процес кој што произлегува од односот партија-општество-држава е картелизација на партиите. Тоа е процес кога партиите се повеќе се исклучуваат од општеството, од потребите на граѓаните, креирајќи политики детерминирани од политичката елита. За појава на овој процес, придонесува максималната професионализација и бирократизирање на партиите од една страна, и доближување до државата од друга страна. Доближувањето до државата е до таа мера, во која државните институции се претвораат во партиски, просторот за партиска компетиција максимално е стеснет, целосно истиснувајќи ја било каква конкуренција. Ваквата појава резултира со монополизација на политичкиот простор, од една или повеќе партии во коалиција, што претставува дезавуирање на демократските начела на функционирање.

Денешното поимање на политичките партии доминантно како општествени групи, политичката социологија го надградува со спецификите како што се градење на заеднички вредности и изградба на институции. Определени социолози, акцентот кај партиите го ставаат на процесот на носење одлуки и креирање размислувања. Појавата на масовните медиуми, значително го променија начинот на консултација на партиите со членството и електоратот, а со тоа и парципативното владеење. Класичното харизматично лидерство, особено кај десницата, денес се заменува со професионализација на политиката до крајност, во која меинстрим партиите, ги креираат проблемите и нивни решенија, а електоратот е претворен во консумент на овие политики. Прилог кон ваквиот развој на партиската идентификација има појавата на т.н. сеопфатни партии (catch all party), тие се водат исклучиво од прагмата да се придобие електоратот, идеолошки не се ограничуваат согласно

класичната идеолошка диференцијација. Појава која ја надминува класичната поделба на партиите, и дополнително го комплицира идентификувањето (Kirchheimer, 2003).

Структуирана денес, социолошката анализа на партиите, се фокусира на неколку области, при што една од нив е внатрепартискиот живот кај партиите, начинот на креирање политики, движење во партиската хиерархија. Понатака градењето приоритети во општествената реалност, партиската мобилизација и идентификација, начинот на придобивање на легитимитет од граѓаните, како и профилот на владеење и управување со државната моќ. Еден од предизвиците на современата демократија, е дистинкцијата помеѓу партиите, граѓанското содружништво и државата, чиј што однос при евентуално негово нарушување, во корист на еден од овие субјекти, влијае на демократијата како уредување. Улогата на партиите во политиката, овозможува социолозите да генерираат аргументирани ставови за важноста на партиите и нивното влијание во општеството, за разлика од други индивидуални или колективни здружувања. Условеноста на промените внатре во партиите, е исто така предмет на интерес на социолозите, колку тие се општествено детерминирани или каква е релацијата помеѓу внатрепартиските промени и определена општествена реалност. Предизвик е да се докаже кое претходи, дали промените во партиите, или промените во општеството.

Политиката на времето т.е. временските процеси во политичките партии, исто така е предмет на социолошка анализа, во чија основа лежи општествената еволуција. Општествените промени како фактор будат интерес за науката како тие влијаат на политичките идентитети, трансформација на партиите итн. Вредносниот систем т.е. културните норми во општеството, кои ја обликуваат граѓанската култура се исто така поле за анализа на социологија на партиите, кое се анализира како детерминанта за политичкиот ангажман. Поврзано со ова, предмет на интерес на социолошката наука, е како партиите ги обликуваат и преобликуваат заедничките убедувања и вредности, како главен мобилизирачки фактор во партиите. Сумарно предмет на интерес на политичка социологија, поврзано со партиите, се процесите кои се дел од микро и макро општествената реалност. Водејќи се од премисата дека партиите не се стабилни, или засекогаш зададени форми, не се развојно еднонасочни, туку изобилуваат со внатрешна и надворешна борба за моќ и конфликтни ориентации.

Социолошкото профилирање на политичките партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, претставува прво вакво истражување во земјата. Тоа опфаќа повеќе аспекти на партиското дејствување, преку кои се доловува комплексноста на партиите како мобилизациски институции. Значајноста на истражувањето е содржана во потребата да се добијат сознанија како се групираат нашите граѓани, кои уверувања ги споделуваат, колку тие уверувања имаат определен историски континуитет, и каква е врската помеѓу партиите и определени социјални слоеви во општеството.

## 3. Предмет на истражувањето

Истражувањето беше насочено кон социолошкиот профил на политичките партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Врз основа на претходните сознанија од проучувањето на политичките партии, како најзначајни за анализа беа утврдени и истражувани следниве социолошките димензии на партиите :

- Историска втемеленост,
- Идеолошки профил,
- Организациска структура и начин на мобилизација на членство,
- Социјален профил на гласачите,
- Внатрепартиската демократија,
- Профилот за партиите креиран од граѓаните,
- Промените кои се одвивале во партиите по основ на претходно нотираните белези.

Анализата на актите кои се однесуваат на основање и дејствување на политичките парти, како и програмските документи на партиите, научно ја осветли историската, идеолошката и организациската димензија. Се направи анализа на доктрините, програмите и други партиски документи, како стратешки документи, колку тие соодветствуваат со денешната научна перцепција за десницата и левицата. Се анализира методологијата за мобилизација на членови и поддржувачи на партиите. Резултатите од оваа анализа, се компарираат со новите научни трендови, кои ги анализираат конзервативна и социјалдемократската идеологија.

Поврзано со партиите, се анализира социјалното потекло на гласачите и јавната перцепција за партиите. Овој дел од истражувањето, даде одговор каква е поврзаноста на партиите со социјалното потекло на нивните гласачи, дали на таа поврзаност имаат влијание нивните политики. Или со други зборови, дали постои социјална детерминираност на партиите ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Со оглед дека нашето општество е од поновите плурални и демократски општества, со анализа на репрезентите на двете идеолошки групации имаме претстава во колкава мерка ги споделуваме политичките вредности со останатиот дел од континентот.

## 3.1 ВМРО – Демократска партија за македонско национално единство

### 3.1.1 Историска втемеленост

Политичката партија, ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО ДПМНЕ), е основана на 17 јуни 1990 година во Скопје. Нејзин прв Претседател е Љубчо Георѓиевски, партијата е со седиште во градот Скопје. Живите основачи, сведочат дека нејзиното основање претставува спој на две иницијативи за формирање партија. Иницијативата на поединци во земјата, со иницијатива на претставници на тогашната македонска дијаспора, иницијативи за формирање две одделни партии ВМРО и ДПМНЕ. Симболиката е во спојот на двете одредници, од времето на отоманското ропство, до моментот кога започнува демократската преобразба. Кратенката ВМРО, македонскиот народ ја доживува како историски симбол на борбата за македонска самобитност. Со тоа оваа партија алудира на тој дел од историјата (борбата за слобода во отоманскиот период) како нејзина основа. Основа која на почетокот од формирањето ја интегрира со политиките кои се однесуваат на прогласувањето на независноста во новото плурално собрание,.




Слика 2: Амблем на историското ВМРО
Извор: Непокор.мк

### 3.1.2 Идеолошки профил

Во првите акти на основање оваа партија се декларирала како конзервативна, демохристијанска, народна партија, алудирајќи на своја десна ориентација во политичкиот спектар на идеолошки ориентации. Ова партија стекнува статус асоцијативна членка на Европската народна партија во 2005 година, претходно на нивни настани учествува од 1998 година. Во рамките на оваа групација ја реализира својата меѓународна соработка. Преку фактот што оваа партија во своето име го стави префиксот од македонската револуционерна

борба ВМРО, таа градеше определена дистанца од претходниот комунистички период. Дополнително, првата определба содржана во името, дека станува збор за демократска партија, се профилира во антипод на претходниот периодот на комунизмот. Период кој со референдумско изјаснување беше заменет со иницијатива за градење либерално демократски и плурален систем.

Од идеолошки аспект, оваа партија на самиот почеток покрај главниот фокус независна држава, како идеолошки елемент ја имаше традицијата, останатите конзервативни елементи ги надоградува во период потоа до нејзиниот втор Конгрес. Подоцна со првото преземање на власт, високо на својата агенда држеше теми од идеолошки карактер. Теми како што се ревизија на историјата и рехабилитација на политичките затвореници од претходниот режим. Од периодот на народноослободителната борба како позитивни или светли ликови од тој период ВМРО ДПМНЕ ги величаше поединците со јасна определба за независност, за разлика од останатите кои се залагале и работеле на градењето југословенска федерација. Со преземањето на власта во 1998 година, оваа партија покрена иницијатива за отворање на политичките досиеа на политичко - идеолошки репресираните граѓани, процес кој остави определени контроверзии, како беше менациран. При второто доаѓање на власт во 2006 година, отпочна процес на лустрација на поранешни соработници на комунистичките тајни служби. Главна цел на овој процес била идеолошка деконтаминација на актуелниот политички систем. Самиот процес заврши неславно, дали се постигна, или злоупотреби првичната цел. Во поновата историја, ВМРО ДПМНЕ на избори настапуваше и како Граѓанска десница, градејќи го денешниот идеолошки профил.

### 3.1.3 Организациска структура и мобилизација на членство

ВМРО ДПМНЕ ја има развиено својата организациска структура речиси секаде по хоризонтала (присутност помеѓу граѓаните) и изградено својата вертикала (организациска стратификација). Структурата на членство, на почетокот била претежно луѓе со идеали за самостојност, семејства претходно осудувани од комунистичкиот режим по разни основи. Граѓани кои претходниот систем го доживувале како репресивен, без разлика дали се од економски, религиозни или политички мотиви. На почетокот од формирањето на оваа партија, перцепција е дека доминирала работничката класа, иако имала определен процент на интелектуалци, кој подоцна се зголемувал. Особено влијание на почетоците во оваа партија имала и дијаспората, која живеела и творела во демократски системи.

Формирањето структура, по кажување на дел од оние кои го правеле тоа, воопшто не било лесно. Затоа што оваа партија и покрај најголемиот број на освоени пратенички места во првиот собраниски состав, сепак била првата партија која го почувствувала опозицискиот живот во плурални услови. Отсуството на демократско искуство дотогаш, било сериозен хендикеп да се биде опозиционер, многу често опозиционерството се доживувало како

антидржавен елемент, системот реагирал брутално кон нив, нарушувајќи ги елементарните граѓански права. Како одминувало времето, и имплементирање на демократските вредности, овој проблем исчезнал. Од организациски аспект, ВМРО ДПМНЕ денес е присутна со своја структура, во сите населени места кај што живеат Македонци, помалку во места со доминантно населени со претставници на другите етнички заедници. Во албанската заедница оваа партија речиси и да нема свое присуство, со исклучок на неколку места. Факт кој говори за прилично моноетничка партиска структура од аспект на етничка и верска припадност.

Посебна тема за анализа е бројот на партиски членови, во однос на бројот на вкупното население. Со оглед дека овој податок не е јавно достапен се оперира со неофицијални податоци, кои упатуваат на заклучок дека бројот на членови варира и е меѓу другото детерминиран од тоа дали во моментот партијата е владејачка или во опозиција. Сепак општата претстава е дека денес голем процент од луѓето се политички ангажирани, споредено со европските просеци. Аспект кој за науката, и за овој докторски труд, го потврдува присуството на феномените на моќ и влијание кои го стимулираат и клиентелизмот. Мобилизацијата на членството, ВМРО ДПМНЕ ја врши преку своите органи, фокусирани на работа со млади, жени, ветерани итн., како и преку секојдневното комуницирање со јавноста, практикувајќи определени политики. Во најново време, особено за определени партиски позиции, оваа партија практикува јавни повици, како механизам за анимирање и мобилизација на членови или соработници.

### 3.1.4 Социјален профил на електорат

Од досегашните истражувања цитирани во оваа докторската дисертација, првото е докторската дисертација на Цане Мојаноски *Социјален и политички профил на политичките партии во Македонија* (1996), второто е научна студија на ИСППИ *Политичките идентитети во Македонија* (2011), забележана е промена во социјалната втемеленост на политичката партија ВМРО ДПМНЕ. Првото истражување во почетоците од плурализмот т.е. првите пет години, утврдува дека социјалниот профил на гласачите на оваа партија бил среден и низок слој. Во второто истражување што го опфаќа периодот од 2004 до 2006 година, променета е сликата од првото истражување и не е забележано поврзаност на гласачкото тело на оваа партија со типични социјални структури. Во прилог на отсуство на социјална детерминација на партијата оди и анализата на резултатите од последователните избори во овие триесет години. Тука ќе се видат промени во структурата на електоратот посебно од аспект на место на живеење, кое што пак е поврзано и со други социјални карактеристики.

### 3.1.5 Внатрепартиска демократија

Оваа партија, од формален аспект, беше градена на основа на демократските принципи, за носење одлуки и креирање политики. Бројните примери на отцепување на членство од партијата и формирање други партии, сите до еден биле образлагани како резултат на дефицит на демократија. Историски гледано, Статутот на партијата, е менуван во области, кои го тангираат системот на внатрепартиското функционирање. Имало периоди, кога Претседателот на партијата, ги именувал сите останати позиции во партиското организирање, со тоа се влијаело и на начинот на креирање на политики. Воведувањето на непосредни избори за определени органи во партијата, оди во правец на јакнење на внатрепартиската демократија, дали е доволно прашање е за дискусија.

### 3.1.6 Профил за партијата креиран од граѓаните и другите партии

Перцепцијата на граѓаните и партиите во меѓусебните квалификации помеѓу партиите посебно во почетоците беше дека ВМРО ДПМНЕ се суверенисти, родољуби, пробугарски ориентирани. Денешната перцепцијата креира слика за партиципација на граѓани од различни социјални слоеви во оваа партија. Дури и ориентацијата за блиски релации со соседите е променета, ако на почетокот од плурализмот ВМРО ДПМНЕ важеше за поблиска со Бугарија, беа подметнувани бугарски летоци со „поддршка" за оваа партија, покасно разоткриено дека зад тоа стои СДСМ, денес перцепцијата и јавните обвинувања токму од СДСМ е дека оваа партија гради доминантно блиски релации со Србија. Во јавноста присутна е перцепцијата дека во политиките на оваа партија доминира суверенизмот, кој често е предмет на критика од конкурентните партии како лажен, што само по себе е потврда дека сепак по овој белег оваа партија се брендира. Често кај граѓаните може да се сретне перцепција за оваа партија дека е поопертивна кога управува со земјата и има подобри економски политики од другите партии.

### 3.1.7 Забележани промени

Промените во 2006 година и владеењето на ВМРО ДПМНЕ десетина години покасно, ја променија сликата за профилот на нивни членови и поддржувачи. За разлика од почетоците на плурализмот, кога бизнисот и стопанствениците инклинираа кон СДСМ, денес ова состојба е променета. Во овој сегмент од општеството, како да се случи плурализација, со етаблирање на бизнисмени поддржувачи на десницата. Промена од етнички аспект доживеа и ВМРО ДПМНЕ. На почетокот, во завршните одредби на Статутот на оваа партија, стоеше член дека ако згасне партијата, целокупниот имот ќе им припадне

на МПЦ, поистоветувајќи се со само една конфесија или етнос. Таа партија подоцна го тргна тој член, на избори одеше со нов профил т.н. граѓанска десница, отворајќи се кон сите етнички заедници во општеството. Кулминација на промените во оваа партија, е најновата доктрина усвоена на последниот Конгрес во 2021 година, профилирајќи се како народна партија, бришејќи го префиксот демохристијанска. Историјата на ВМРО ДПМНЕ забележува неколку расцепи и формирање нови партии сите со предзнак ВМРО, некои за кратко се враќаа во старото јато, дел згаснуваа. Денес единствена која функционира паралелно со ВМРО ДПМНЕ е ВМРО Народна партија на првиот претседател на ВМРО ДПМНЕ Љупчо Горѓиевски.

Слика 3: Лого на ВМРО ДПМНЕ
Извор: ВМРО ДПМНЕ

## 3.2 Социјалдемократски сојуз на Македонија

### 3.2.1 Историска втемеленост

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, за ден на своето основање, го прогласува 21 април 1991 година. Основањето на СДСМ, се разликува од останатите политички партии во Македонија, со оглед дека оваа партија е наследник на Сојузот на комунисти на Македонија. СКМ на почетокот од плурализмот, на своето име ќе ја додаде наставката Партија за демократска преобразба. На иницијативи од Претседателството и Централниот комитет на СКМ – ПДП, на 11 Конгрес во месец април 1991 година, се случила промената на името СКМ – ПДП во СДСМ. Прв Претседател на оваа партија е Бранко Црвенковски, со седиште на партијата во град Скопје. Својата историска втемеленост СДСМ ја поврзува со Првата конференција на социјалисти во Македонија, одржана во јуни 1900 година во Житоше. Понатаму ја продолжува за време на македонската револуционерна борба, помеѓу двете светски војни, и во социјалистичкиот периодот на поранешната југословенска федерација.




Слика 4: Амблем на Сојузот на Комунисти

### 3.2.2 Идеолошки профил

Повикувајќи се на социјалистичката идеја од илинденскиот периодот, СДСМ како своја идеолошка основа, го дефинира т.н. лево крило на револуционерното движење. Посилно етаблирање на социјалдемократската идеја, се случува во период помеѓу, и за време на двете светски војни, чија што кулминација се случува на првото заседание на АСНОМ. Кадровската идентификација и во овој период СДСМ ја градела со граѓаните, а особено видни општествено - политички дејци, кои ја споделуваат социјалистичката идеја и работеле на градење на југословенската федерација. Со оглед дека трансформацијата од комунистичка во социјалдемократска партија, е релативно лесна затоа што припаѓаат на иста страна од идеолошкиот спектар, оваа партија ја задржа својата позиционираност како дел од левицата, надградувајќи се со демократска ориентација.

Имајќи во предвид дека зад СДСМ како поранешен СКМ, стоело речиси 50 годишно искуство како власт во земјата, оваа партија нема проблеми од идеолошки аспект, во смисла на идеолошки репресии и сл. Во периодот на демократија, секогаш го апострофирале државотворниот елемент од претходниот период, а го занемарувале или воопшто не го комуницирале идеолошкиот багаж од истиот период. Своето политичко искуство и прагматизам го искористуваат во 1992 година. Во ситуација на втора партија по број на пратеници, во првиот состав на парламентот, прават коалиција со тогашната политичка партија ПДП и ја формираат првата политичка влада во демократска Македонија. Тоа е период, кога партиите ги градеа своите идеолошки контури, главната идеолошка диференцијација е каков политички систем сака да се гради, и кој е носител на државотворноста. Прво опозициско искуство оваа партија доживува 1998 година, но за краток период до 2001 година, кога влегуваат во владата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Најголем период во опозиција биле од 2006 до 2016 година, период во кој можат да се евидентираат кривични постапки против нивни членови, и други притисоци кои може да се анализираат и низ призмата на идеолошка борба. СДСМ денес, е дел од семејството на Европските социјалисти, и во рамките на оваа група ја реализира својата меѓународна активност.

### 3.3.3 Организациска структура и мобилизација на членство

СДСМ како наследник на Комунистичката партија, на почетокот наследи изградена организациска структура по хоризонтала и вертикала т.е. по основ на присутност помеѓу граѓаните и внатрешна структуираност. Освен работничката класа, во оваа партија, посебно на почетокот, беше евидентно присуството на дотогашни раководители на општествено - политички организации, како и раководна структура од стопанството. Во оваа партија, главно доминирала структура, која била задоволна од постојното т.е. била со конформистички ставови. Присуството на социјалистичката идеја, поголем период на овој простор, самата нејзина природа, во која религиозните елементи се со ограничено влијание, придонесува, СДСМ полесно да пенетрира во средини од мешан етнички состав. Споредено со другите политички партии, во СДСМ најмногу доминира т.н. граѓански концепт, кој привлекува членови со различна етничка и верска припадност. Дополнително со кампањите со наслов “едно општество за сите”, оваа партија во определен период успева да придобие сериозна поддршка од албанската заедница во Македонија. Не само кампањски, туку и преку номинирање припадници на немнозинските заедници во раководните органи, оваа партијата успеаја во определен степен да креира граѓански профил за себе.

### 3.2.4 Социјален профил на електорат

Од двете истражувања цитирани во оваа докторската дисертација, докторската дисертација на Цане Мојаноски *Социјален и политички профил на политички партии во Македонија* (1996), и научна студија на ИСППИ *Политичките идентитети во Македонија* (2011), забележана е промена во социјалната втемеленост на политичката партија СДСМ. Првото истражување е во почетоците од плурализмот и социјалниот профил на гласачите на оваа партија се дефинира како среден и висок слој. Во второто истражување што го опфаќа периодот од 2004 година до 2006, промената е сликата од првото истражување и не е забележана поврзаност на гласачкото тело на оваа партија со типични социјални структури. И во случајот на СДСМ не постои научна анализа на профилот на членовите, туку елаборацијата се сведува на претпоставки. Со анализа на резултатите од последователните избори во овие триесет години, ќе се видат промени во структурата на електоратот, посебно од аспект на место на живеење кое се поврзува и со други социјални карактеристики.

### 3.2.5 Внатрепартиска демократија

И оваа партија од формален аспект беше изградена на основ на демократските принципи, за носење одлуки и креирање политики. Примерите на отцепувања на членство и формирање нови партии, од јадрото на СДСМ биле секогаш со објаснување за недостаток на внатрепартиска демократија и слобода на дејствување. Посебно во период кога Претседателот на партијата ги именувал останатите позиции во партиското организирање, со тоа се влијае и на начинот на креирање на политики. Воведувањето на непосредни избори за определени органи во партијата оди во правец на јакнење на внатрепартиската демократија, со тоа што СДСМ овој принцип го воведе и за избор на Претседател на партијата. Во моментов оваа партија е единствена од поголемите, која избира Претседател на непосредни избори, чин кој секако од аспект на внатрепартиска демократија е вреден да се потенцира. Исто така вредно е да се спомене дека за разлика од другите партии оваа партија почесто носи одлуки на Конгрес т.е. го зема во обѕир мислењето на поширок круг членови.

### 3.2.6 Профил за партијата креиран од граѓаните и другите партии

Народниот профил за СДСМ на почетокот е дека тоа е партија на комунисти, властодржци, просрпски ориентирани. Од аспект на почит кон историјата и традицијата се доживуваат како партија со либерални ставови. Денес е променета сликата посебно за блискост во релациите со соседите, имено на почетокот на плурализмот главните обвинувања од страна на ВМРО ДПМНЕ кон СДСМ се дека се инсталација на српската политика во земјата, денес нападите се дека оваа партија ги продава националните интереси на Бугарија. Во јавноста често може да се слушне мнение за СДСМ со кое се брендира на некој начин дека се прагматични при решавањето на спорoвите со нашите соседи, со цел меѓународната интеграција на земјата. Нај сензитивното политичко прашање од независноста до денес, беше спорот околу името со нашиот јужен сосед. Многу влади немаа храброст да го решат овој спор, последната влада на СДСМ го реши. Притоа отворајќи вечна дилема дали го реши најповолно што можеше, ставајќи си белег дека тие го смениле уставното име на земјата. Неспорно дека тоа придонесе да се реализира важен приоритет членство во НАТО, меѓутоа овој момент долго ќе биде дел од јавната перцепција за оваа партија. Прагмата при интеграциите кај оваа партија за дел од јавноста и конкурентните партии е предавство. И покрај изборот на ново раководство на партијата, дел поради нивни постапки, дел поради обвинувањата, оваа партија во јавната перцепција сеуште нема расчистено со нејзиното минато, кое беше поразено од граѓаните на избори.

### 3.2.7 Забележани промени

СДСМ како наследник на комунистите, наследи подобра основа за привлекување на граѓани од различни етнички групи, левата ориентација и одеше во прилог полесно да ги совлада разликите од аспект на религиозна ориентација. Ова партија ја реализираше приватизацијата во земјата, на начин што постојните комунистички директори ги купуваа компаниите, и со тоа ја формираа новата економска елита на земјата. На краток рок, од оваа појава имаше политичка полза и самата партија, но подоцна состојбите се променија. Она што може да се нарече крупен или среден капитал во земјата, или се дистанцираше од политиката или ги поддржуваше двете доминантни партии. Можеби во посилна форма за разлика од ВМРО ДПМНЕ, на СДСМ му се случуваа отцепувања од своето јадро и формирање нови политички субјекти кои добиваа парламентарна верификација. Денес постојат две парламентарни партии директно произлезени од СДСМ, тоа се НСДП и ЗНАМ.

Слика 5: Лого на СДСМ
Извор: СДСМ

## 4. Цели и задачи на истражувањето

Истражувањето беше спроведено со цел да се идентификуваат, и споредат меѓусебно, социолошките профили, на двете најголеми партии во Македонија во целина, и во одделните димензии на нивните профили. Очекувано беше истражувањето да покаже дали е исполнет приоритетот за транзиција во демократско и плуралистичко општество, налик на современите демократски системи. Истражувањето низ социолошка призма даде појасна слика за местото и улогата на партиите во општеството, како мобилизирачки фактори на различни ставови и уверувања. Компарирајќи ги сознанијата за идеолошките карактеристики на политичките партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ со карактеристиките на конзервативната и социјалдемократската идеологија, се утврдува дали овие партии се идеолошки устроени согласно идеологиите на кои се повикуваат. На тој начин се доби претстава за еволуцијата на политичката култура и свест во македонското општеството. Со други зборови се доби појасна слика, за начинот како граѓаните ги доживуваат партиите, и кои се елементите врз основа на што граѓаните ја определуваат својата поддршка на партиите. Преку двојна анализа, на партиите и електоратот, се доби сознание за постоење на вредносна ориентација на граѓаните, дали таа ориентација има социјална втемеленост.

За таа цел, истражувањето реализира неколку задачи:

- Теориско определување на поимот социолошки профил на политичките партии,
- Операционализација на општиот поим социолошки профил, преку издвојување на неговите најзначајни димензии: историска, идеолошка, членска, избирачка, внатрепартиска демократија и јавна перцепција за нив.
- Идентификување на промените во одделните димензии на социолошкиот профил, во целина, и во неговите одделни димензии, во текот на три декади, преку изведување временски условени социолошки профили на двете партии.

## ВТОР ДЕЛ - ПОИМНО ТЕОРИСКО И ОПЕРАЦИОНАЛНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СОЦИОЛОШКИОТ ПРОФИЛ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

## 1. Социолошки профили и социолошки типови

Наједноставен начин да се определи поимот социолошки профил, е прво да се расчлени на неговите два основни дела, што претставува социологијата како наука и што претставува или значи терминот профил/играње. Потоа со нивното поврзување да се добие правилна слика за овој специфичен поим кој се користи во социолошката наука. Ако социологијата ја дефинираме како општествена наука, која се занимава со проучување на општеството во севкупноста и утврдување на законитостите во манифестирање на општествените појави како интеракцијата меѓу нив, јасно алудираме на нејзината општост, за разлика од останатите науки кои се фокусираат на делови од општествена реалност. Дополнително, нејзините истражувања, освен што се теоретски тие се и применети т.е. се во функција на решавање на определени состојби. Според Е. Гиденс „социологијата го изучува општествениот живот на човекот, групата и општеството. Таа е интересна и предизвикувачка наука, бидејќи нејзиниот предмет е изучување на нашето сопствено однесување како општествено битие. Полето на социолошките истражувања е многу широко и се движи од анализа на ненадејните средби на улица меѓу поединци до истражување на општествени процеси "(Gidens, 2006: 43).

Двете дефиниции, во својата есенција, содржат два поими кои се клучни за социологијата, тоа е човековото социјално дејствување и промените кои се случуваат во општеството. Човековото социјално дејствување и интеракција со останатиот дел од општествената средина, се нарекува социјални односи или релации. Мрежата на социјални релации денес, споредено со минатото, е најкомплексна со оглед дека се рушат претходните бариери, кои ја попречуваа масовноста во социјалните релации, и се градат нови мостови на масовна интеракција. Овие социјални односи, поради фактот што во себе вклучуваат мноштво чинители со различни интереси и очекувања, нужно креираат конфликти и следствено на тоа борба за надмоќ и превласт.

Вториот сегмент од определувањето на поимот социолошки профил, е самото профилирање. Кај мнозинството луѓе, прва асоцијација за терминот профил, се провлекува од најмали години, учејќи ги техниките на цртање. Не е случајна оваа асоцијација, затоа што едно од најчестите објаснувања на терминот профилирање, е „цртање" или определување карактеристики. Изработката на профил, или профилирање на нешто, значи да се определат неговите специфики, по кои се разликува од останатото т.е. го прават засебно. Кога се зборува за нешто дека е профилирано, преносното значење на овој термин се однесува, дека се утврдени неговите карактеристики и специфики. Преку дистинктивна форма се определуваат карактеристики со кои нештото го утврдува својот идентитет.

Профилирањето во социологијата претставува согледување на општествената структура и определување на **типичните** социолошки карактеристики, на конкретната општествена стварност (Види Giddens, *The constitution of society*). Социолошките карактеристики се разликуваат во зависност од тоа на што се однесуваат. Секоја општествена појава, има свои специфични типични социолошки белези, преку кои го гради својот општествен карактер. Определувањето социолошки профил, значи да се утврди општествената условеност на нештото. Социологијата настојува, да ја анализира поврзаноста помеѓу општествените појави, со тоа го објаснува нивното настанување и промени. Таа ја анализира интеракцијата помеѓу луѓето во даден општествен контекст. Социолошкиот профил значи определување на општествено условените карактеристики на појавите.

Профилирање на делови од општествената структура претпоставува очекувања кои го дефинираат правилното однесување на актерите во определени улоги. Правилно однесување се мисли на типично однесување, во типични околности, во рамки на општествениот систем. Ваквите типични т.е. воспоставени обрасци на социјално дејствување креираат општествена структура што го определува однесувањето помеѓу две или повеќе личности. Оваа структура или механизми на општествениот поредок ги креираат институциите. Институциите го сочинуваат структурно стабилниот елемент на општествените системи. Од функционален аспект, институционализираните улоги претставуваат механизам со кој е интегрираат различните мотиви кај луѓето. Интеграцијата пак создава предуслови за решавање на различни предизвици. Во насока на решавање на предизвиците се појавува процес на типификација кој го организира дејствувањето при што се прави селективен однос на поединецот кон околината.

Најчеста асоцијација на типологијата во општествените науки, е дека станува збор за распределби и веројатности. Типологијата во социологијата е многу слична на теоријата на дистрибуција на веројатности, која ја определува веројатноста на појавите. Определени автори, дури сметаат дека теоријата за дистрибуција на веројатности е првата типолошка теорија. Терминот социолошки профил, многу блиску ја објаснува природата на социолошките истражувања, како типолошки истражувања на современото општествено живеење. Кога се зборува за социолошки профил, се мисли на моментален пресек на истражуваната појава, која е општествено условена, и врз основа на тоа, науката го гради рационалниот однос кон стварноста. Социолошкото профилирање спаѓа во категоријата на типолошки истражувања. Со оглед дека постојат различни типови на политички партии, и различни функции на партиите. Социолошкото профилирање на партиите ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, треба да ја отслика нивната моментална специфика од повеќе аспекти, програмски, идеолошки, внатрепартиска демократија, електорален, вклучувајќи ја и јавната перцепција за истите.

Сличен метод на типологизацијата или профилирањето во социологијата е класификацијата кој претставува разделување, расчленување, распоредување преку

системска поделба на нештата по определени карактеристики како што се видови, типови и сл. Подредувањето значи формирање групи кои споделуваат исти специфики. Таа претставува збир на елементи со заеднички карактеристики. Многу важно кај оваа теорија е методологијата да биде потполна и целосна и да се реализира по ист редослед и критериуми. Класификацијата е детерминирана од строго пропишани правила кои треба да се почитуваат како би била класификацијата референтна. Затоа методот на класификација во определена литература може да се сретне под поимот метод на специјализација. Специјализацијата исто и како класификацијата подразбира креирање на кластери на база на определени критериуми. Постојат различни критериуми кои методологијата ги дефинирала и по кои се одвива процесот на класификација. Социолошкото профилирање, исто така претставува определен вид на класификација или специјализација. Профилирањето на политичките партии претставува сортирање по определени критериуми.

## 1.1 Типологизацијата во социологијата

Типологизацијата во општествените науки е присутна од периодот на настанокот на науката. Науката, особено општествената, од секој пат ја интересирале идентични и повторливи аспекти на феномените кои ги проучува. Примарна функција на типологизацијата е идентификација и класификација на податоците, за да можат да се опишат со термини кои ги прават споредливи. Меѓутоа водечка група германски социолози од крајот на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век во која се вбројуваат Тонис, Зимел, Сомбарт, Вебер и други одиграле водечка улога правејќи го типолошкиот метод во социологијата референтен. На конструктивната типологија се гледа како на генерички начин на типификација која ги опфаќа сите типолошки процедури. Еднобразноста на природата е основната претпоставка за науката, таа тежнее да докаже специфични униформности со кои го оправдува своето постоење. Униформноста подразбира разбирање на податоците од минатото, кое вклучува концептуално создавање ред и принцип на толкување, во море од разновидности (McKinney, 1969).

Типолошкото научно посматрање е еден од главните белези на Макс Вебер (Max Weber), еден од основачите на социологијата. Тој ја разви методологијата на „идеалните типови“ чие што суштинско објаснување е дека „индивидуалните феномени се распоредени во унифициран аналитички конструкт“. Идеалните типови, според Вебер служат за компаративно проучување, и не претставуваат статистички просеци. На идеалниот тип се гледа како на фикција која има ограничена објективност. Врз основа на ова, тој креира три видови идеални типови. Првиот се гради врз историски елементи како што се, на пример, типовите „западен град“, „протестантска етика“, и други кои имаат историска детерминираност. Вториот идеален тип вклучува апстрактни елементи, такви се на пример типовите „бирократија“ или „феудализам“. Третиот идеален тип претставува

“рационализирање на реконструкциите на одреден вид на однесување”. Ова ниво на однесување претежно е детерминирано од економски мотиви (Weber, 1976).

По ваква типолошка логика, Вебер креира четири типа на социјално дејствување кај луѓето. При тоа, под социјално дејствување тој во согласност со неговата толковна социологија, подразбира тип на дејствување чија што смисла дејственикот ја изведува од актуелно или замислено присуство на друг/и (и токму по тоа, присуство на друг/и тоа е социјално, односно друштвено дејствување). Првиот тип е *намерено* или *рационално* дејствување, во кој и целта и средствата се рационално избрани. Вториот тип е *вредносно ориентирано* рационално дејствување, кое во суштина претставува стремеж кон суштинска цел, која не секогаш е рационална, но сепак се следи. Третиот тип е *емоционално* или *афективно* дејствување. Тоа се потпира исклучиво на емоција. Четвртиот тип на социјално дејствување е *традиционалното* дејствување, кое е водено од востановени навики од претходно (Deflem, 2008: 40 – 41).

Вебер типолошки ги анализира видовите на власт. За таа цел, креира три идеални типа на власт *традиционална, рационална* и *харизматска.* При тоа, основен критериум е изворот на легитимизација на власта. Кај традиционалната власт, легитимноста се потпира на обичајното право, и традиционалниот поредок. Владетелот управува во корелација со ваквите норми, притоа на места каде обичаите дозволуваат, тој раководи по свое лично убедување, неограничен од никого. Харизматската власт настанува, најчесто, во услови на општествена (политичка, економска, религиозна, етничка или друг вид) криза. Се одликува, со потполно потчинување на поданиците на личноста на харизматскиот водач, на кој истовремено му се припишува „натприродна моќ“. Рационалната власт, е карактеристична за модерните индустриски општества. Таа се отсликува, во развојот на бирократскиот административен апарат, кој е посредник меѓу индивидуите-граѓани и општествениот поредок на кој му се потчинуваат (Weber, 1976: 167 - 217)

Веберовите сознанија за идеалните типови како општествен конструкт, понатака типовите на социјално дејствување како суштина на социолошката наука и типовите на власт, секој на свој начин влијае на социолошкото профилирање на политичките партии. Партиите претставуваат форма или тип на организирање на граѓаните детерминирани од определени мотиви, уверувања и сл. Во рамки на партиите како и помеѓу нив има широк спектар на социјално дејствување  кое влијае на самите партии но и генерално во општеството. Профилот на партиите на кој силно влијание имаат претходните два елементи, типот на организацијата и социјалното дејствување во и надвор од неа директно се поврзани со типот на власт практикуван токму од партиите. Помеѓу типот на власт и партите постои наизменично влијание, се обликуваат меѓусебно т.е. влијаат еден на друг. Сите три елементи, дел од теориите на Вебер претходно елаборирани, имаат своја поврзаност и влијание на социолошкото профилирање на политичките партии.

Покрај Вебер, друг социолог кој му придава особена важност на типолошкиот метод во социологијата е Жорж Гурвиќ (Georges Gurvitch). Гурвиќ укажува на важноста на типолошкиот метод за социолошкото воопштување особено за компаративните социолошки анализи. Тој посебноста на групите ја гради преку нивната општествена конфигурација, градена со континуиран колективен став, кој ги апсорбира разликите помеѓу членовите на групата. Типовите на групите се детерминирани од историски и географски влијанија, и најчесто нивната типологизација е посложена од типологизацијата на нејзините составни делови, бидејќи со групирањето на деловите се зголемува комплексноста на целината (Gurvič, 1965: 295-368). Предизвикот да се класифицираат групите во науката лежи во дилемата колку таа базира на логика и епистемологија, а колку на емпирија. Само логичко и догматско расудување за типовите на групите, без емпирија е недоволно за релевантно научно објаснување. И спротивно, емпириските податоци мораат да имаат одредена логична поврзаност, со чија помош ќе се објасни типологијата.

Гурвиќ поставува петнаесет критериуми по кои може да се изврши класификација т.е. типологизација на групите. Според секој критериум, се диференцираат повеќе видови групи. Овие критериуми ја осветлуваат структурата на политичките партии како групи и социјалното дејствување во рамки на партиите, без кои не може да се замисли нивно профилирање. Во продолжение критериумите и видовите:

1. Содржина на групата:
   а ) едно функционална,
   б ) многу функционална,
   в ) над функционална.

2. Опсег на групата :
   а ) тесен,
   б ) просечен,
   в ) широк.

3. Траење на групата :
   а ) привремени,
   б ) трајни,
   в ) постојани групи.

4. Ритам на функционирање на групата :
   а ) спор,
   б ) среден.
   в ) брз.

5. Поврзаност на членовите во групата :
   а ) групи со дистанца помеѓу членовите,
   б ) со вештачки контакти,
   в ) групи со повремено собирање на членовите,
   г ) стално собрана.

6. Основ за формирање на групата :
   а ) фактичка,
   б ) доброволна,
   в ) наметната.

7. Начинот на пристапување во групата :
   а ) отворени,
   б ) групи со условен пристап,
   в ) затворени.

8. Степен на внатрешна кохезија
   а ) неструктуирани т.е. неорганизирани,
   б ) структуирани и неорганизирани,
   в ) делумно организирани,
   г ) потполно организирани.

9. Групи според начинот на поврзување :
   а ) групи по сродство,
   б ) по пријателска врска,
   в ) локални групи,
   г ) групи по економска активност,
   д ) групи на средина помеѓу пријателска и економска активност,
   ѓ ) непрофитни,
   е ) мистичко – екстатички.

10. Ориентација на групите :
   а ) поделени,
   б ) единствени.

11. Степен на влијание на општеството во целина врз групата :
   а ) отпорни групи на влијание,
   б ) групи повеќе или помалку подложни на влијание,
   в ) групи целосно под влијание на општеството.

12. Степен на споивост со други групи :
    а ) групи од ист тип,
    б ) потполно споиви,
    в ) групи од ист вид делумно споиви,
    г ) групи од ист вид меѓусебно неспоиви,
    д ) ексклузивни групи.

13. Начин на принуда :
    а ) групи кои располагаат со условна принуда,
    б ) групи кои располагаат без условна принуда.

14. Принцип на управување со организацијата :
    а ) групи со владеење,
    б ) групи за соработка.

15. Степен на единство во групата :
    а ) унитарни,
    б ) федералистички,
    в ) конфедералистички.

Општ заклучок, на мнозинството социолози е, дека за да се надминат теоретските несогласувања во класификација на групите, потребно е во исто време да се земат во предвид микросоциолошките и макросоциолошките позиции во класифицирање во групите. Во тој контекст, при определувањето на групите, мора да се има предвид дека тие претставуваат групации со апстрактно-конкретен карактер. Апстрактноста се однесува на нивниот социјален облик, а конкретноста базира на тоа што тие сепак претставуваат ентитет во општеството како целина. Втор момент кој што треба да се има во предвид, е неможноста стварноста на групите, да се сведе на стварноста на општеството, и обратно стварноста на општеството, не може да се сведе на стварноста на групата. Општествената реалност е побогата од реалноста на групата и кохезијата во рамките на групата е зависна од релациите со општеството во целина.

Погоре назначените елементи на типологизацијата, како социолошки метод се користат како општа рамка за поставување и разгледување на темата на овој докторски труд. Негова основна цел е типолошки да ги претстави двете политички партии, кои се предмет на истражувањето врз основа на најзначајните социолошки критериуми за типологизации на политичките партии.

## 1.2 Социолошко профилирање на политичките партии

Односот на социологијата и политичките партии низ историјата, бележи променлива амплитуда. Интересот на политичката социологија за политичките партии, настанува уште при појавата на првите партии, во текот на седумнаесеттиот век. Во периодот на востановување на републиките, како уставно уредување, и напредокот на демократијата, социологијата пројавува силен интерес за проучување на партиите. Подоцна фокусот на социологијата за партиите опаѓа, тоа на еден начин се поклопува со периодот на демократизација и на останатите континенти од светот. И покрај тоа што развојот и етаблирањето на модерните партиски системи одело паралелно со развојот на социологијата како наука, прегледот на анализи и пишувања на социолозите на крајот на деветнаесеттиот век, го потврдува падот на интересот на социологијата за партиите. Да се придобие интересот на политичката социологија за партиите во овој период, мало влијание имало имплементирањето на повеќе партиските системи во Европа.

Голем придонес за социолошкиот дискурс во анализа на партиите имаат Карл Маркс и Макс Вебер. Нивните концепции својот интерес за партиите го фундираат на поврзаноста на партиите со државата и општеството, преку тоа ја определуваат нивната општествена природа. Тогашните разлики, во размислувањата и видувањата на групите и поединците, ги поврзуваат со разликите помеѓу партиите. Овие две концепции, се согласувале дека партиите се етаблирани како посебни субјекти, во период на индустријалискиот капитализам, и дека се детерминирани од определена државна контрола.

Разликата помеѓу марксистичката и веберијанската концепција, е во дефинирањето на природата на партиите. Марксистите на партиите гледале како на идеологизирана врска на теоријата и праксата, класно одредена. Веберијанскиот пристап ги дефинира партиите, како организации засновани на определен статус, независен од потеклото, групирани во име на зацртаната цел. Суштината на марксистичката теорија базира на распределбата на материјалните добра. Таа партиите ги одредува како инструмент на класната борба. Марксистичкиот идеал во својот центар ја опфаќаше социјалистичката т.е. комунистичката партија, како репрезент на работничката класа или пролетаријатот. Антипод на комунистите биле конзервативните партии, кои го застапувале интересот на аристократијата и либералните партии кои ги поврзува со индустриската буржоазија (Mudge and Chen, 2014).

Разликите во акцентирањето на врските партија-општество, наспроти партија-држава во марксистичката и веберијанската концепција, се директно поврзани со различното поимање за детерминираноста на партиското дејствување. Во смисла, дали тоа базира на неколку избрани партиски функционери, или е систем за изразување на интересите, на оние кои тие ги претставуваат. Во овој контекст се и разликите во перцепцијата, дали партиите наметнуваат определена идеологија врз електоратот или граѓаните, т.е. како електоратот своето вредносно ориентирање, го насочува кон реализација на колективните цели. Свое

место во веберовата анализа наоѓа претставничка демократија, т.е. односот помеѓу бираните и бирачите. Овој однос поврзан со партиите и нивните раководства ја потенцира потребата од знаење, талент, харизма итн. Во контекст на институционалните специфики на модерните општества, веберијанската концепција ја нагласува релативната автономија на политиката, односно на државата и политичките партии во однос на општествените фактори.

Различно од Марксовиот поим за класата и тезата за класната природа на партиите, Веберовиот поглед на природата на партиите базира на неговата позната разлика помеѓу класните и статусните групи. Тој констатира дека партиите се основаат на определени класни и статусни разлики, но многу ретко врз двата основи (Weber, 1914 (1958): 194). Вебер на партиите гледа, како на чинители кои што стремат кон поседување на определена моќ, и во тој контекст особено се апострофира врската помеѓу државата и партиите. Аналогно на ова, се прави корелација, помеѓу еволуција на државите и еволуција на партиите. Тој сметал дека партиите го дефинираат државниот профил т.е. ги „имплементираат нивните интереси во политичките системи, креирајќи ги правно-нормативните принципи“. Развојот на државата, меѓу другото, се анализирал преку развојот на релацијата партија-држава. Покрај Вебер, и на Роберт Михелс (Robert Michels) вниманието му го привлекува односот на партијата со државата и општеството т.е. тенденцијата партиите да ја надминат својата улога и место во граѓанското содружништво и да се претопат или поистоветат со државата. Во тој случај партиите ја преземаат улогата да водат, наместо да претставуваат. Според Михелс, ваквата состојба е последица на моќта на олигархијата, која партиите ги користи како параван за остварување на своите интереси (Michels, 1911 (1962): 70).

Еден вид надополнување, на марксистичката концепција, е позицијата на италијанскиот марксист Антонио Грамши (Antonio Gramsci). Според него и покрај тоа што партиите не треба да го унапредуваат хегемонистичкиот однос на работничката класа, тие сепак се инструментот, во борбата за хегемонија помеѓу и во општествените групи. Познати се ставовите на Грамши „масите не постојат политички, ако не се врамени во политички партии” или определувањето на партиите како „држава во рудиментирана состојба“. Овие свои ставови Грамши ги креира анализирајќи ги релациите помеѓу партиите, класите и државите (Gramsci, 1929-1935 (2002)). Тој прави дистинкција помеѓу прогресивни и регресивни партии. Прогресивните партии ги определува на тој начин што ја препознава колективната волја т.е. градба на интелектуално и морално единство, додека регресивните партии ги определува како партии, манипулирани од поединци или мали групи. Во овој контекст, на партиите се гледа како на чадор-организации, чија основна цел е агрегирање и артикулирање на различни интереси.

Од почетокот до средината на дваесеттиот век, повторно социологијата претставува водечка наука помеѓу општествените науки во анализа на партиите, доминантно како општествени групи. Меѓутоа, во втората половина од дваесеттиот век, впечаток е дека социологијата интересот на партиите полека го препуштала на политикологијата. Овој период се поклопува со периодот на раст и развој на политиколошката мисла и наука.

Доминацијата на политиколошкото опсервирање на партиите, не исклучувало и социолошки примеси, во нивното научно дејствување. Влијанието на политичките партии во државите и општествата, нивната мобилизаторска моќ помеѓу граѓаните, и начин на дејствување, на крајот на дваесеттиот век, повторно придонесе за зголемување на интересот на социологијата за партиите. Се поголемата динамика, на односи и релации помеѓу општеството, партијата и државата, дополнително го фиксираа фокусот на социологијата кон партиите. Впрочем, политичката социологија од секогаш во својата основа, ги имала релациите помеѓу институционалната и социјалната рамка, релации што условуваат кога се менува едното да се менува и другото.

## 2. Политиката како општествен процес

Еден од највлијателните социолози во поново време Јирген Хабермас (Jurgen Habermas), дефинира две гледишта, за природата на политиката, како човеково социјално дејствување. Првото гледиште, кое го дефинира како либерално, политиката ја сведува на борба за заземање положби, кои имаат пристап до управувачката моќ. Второто гледање, што ја претставува републиканската концепција, креирањето на политичка волја, во јавниот простор т.е. институциите на системот, базира на поединечните јавни дејствувања насочени кон постигнување колективна согласност (Трајковски, 2019/2: 148).

Општествената димензија на политиката ја сочинуваат неколку фактори. Меѓу нив тешко може да се определи хиерархија во нивната важност, затоа што сите подеднакво значат за суштината на политиката како социјално дејствување. Еден од факторите е политичкиот чинител, или дејственик, кој се јавува во разни форми, од кои доминантни се државата со своите институции, политичките организации кои ги вклучуваат политичките партии и политичките движења и граѓаните или граѓанинот, како учесник во овој процес. Енергијата на која базира политичкиот активизам е политичката свест за местото и улогата на поединецот во социјалниот свет, понатака, интенцијата да се реализираа определени замислени цели во животот, како и средствата и механизмите како би се реализирала таа замислена цел. Влијанието на граѓаните на општествените процеси се реализира преку процес на мобилизација, кој во сферата на политиката претставува политичка мобилизација. Најчеста и највлијателна форма на политичка мобилизација во општеството претставуваат политичките партии. Сето ова, се одвива во рамки или систем составен од поединци, групи, регулативи и институции, наречен политички систем.



Слика 6: Политички активизам
Извор: https://www.shutterstock.com/search/3d-people-sign

Прва асоцијација која доаѓа, кога се зборува за политички систем, е мрежа или збир од институции, поединци и нивните улоги и функции, во креирањето систем на владеење. Всушност тој претставува организиран сегмент од општеството, со цел решавање на прашањата на координиран и предвидлив начин, прашања за кои заедницата има различни ставови. Ваквото поимање на политичкиот систем во својата суштина ја има интеракцијата т.е. социјалното дејствување, како еден од есенцијалните социолошки елементи. Во науката постојат различни стојалишта за односот помеѓу општеството и политичкиот систем. Една теорија ги опфаќа размислувањата дека политичкиот систем е потсистем на општеството. Додека друга теорија зазема спротивни тврдења дека политичкиот систем е поширок од општествениот систем. Објаснувањето на оваа теорија е дека во процесот на глобализација и меѓународно здружување на државите и општествата, креирајќи т.н. супер национални сојузи, политичкиот систем ги надминува границите на општествениот систем (Beyme, 1974: 170)

Најзначајна или централна институција на политичкиот систем претставува државата. Многу често државата се поистоветувала со политичкиот систем, додека не е утврдено дека тој опфаќа повеќе елементи дополнително од државата. И покрај тоа што државата претставува најширок облик на политичко организирање таа не е единствена форма на политичко организирање или дејствување. Многу често политичкиот систем се определува како систем на внатрешна рамнотежа на силите во општеството, ставајќи ја државата во неговиот центар како политичка институција. На државата се гледа како на јавна власт, власт која се определува како институционализирана форма на моќ. А моќта се определува како состојба со која може нечија волја да се наметне над друг. Рамнотежата на силите во општеството значи рамнотежа на употребата на моќ помеѓу различните сегменти на политичкиот систем или надвор од него во рамки на општеството. Една од формите на јавната власт т.е. државата е да го одржи своето влијание во општеството се механизмите на социјализација и регрутација, кои ги применува на дневна основа преку системот на образование, медиумската присутност и др.

Современиот политички систем, базира на демократските модели на политичко уредување, трансферот на легитимитетот од граѓаните на државните институции се пренесува преку непосредна и посредна демократија. Претставничката посредна демократија, се базира на идејата за пренесување на суверенитетот. Граѓаните, преку свои избраници во институциите, кои ги застапуваат нивните интереси управуваат со земјата. Во претставничката демократија, легитимитетот граѓаните го пренесуваат на избори. Изборите се систем на правила, како се врши избор и контрола на власта. Тој систем на изборни правила се нарекува изборен систем. Постојат различни видови на изборни системи, најчести се мнозинскиот, пропорционалниот и комбинираните изборни системи. Разликата помеѓу овие изборни системи главно се состои во врската помеѓу бирачите и бираните.

Вториот сегмент покрај политичкиот систем, кој влијае на општествените процеси го претставува граѓанското содружништво, кое што претставува формално и неформално здружување на поединци, со цел остварување на заеднички интереси, или задоволување на заеднички потреби. Односот на граѓанското содружништво со општеството е специфичен. Предусловите за негово етаблирање се зголемуваат со намалување на монополот на државата над политичката арбитража. Тоа ја ограничува моќта на државата, го јакне просторот на демократијата и либералните политики. Економската либерализација креира нови посилни социјални сили кои креираат нова економска елита во општеството. Таа елита зазема определена автономна позиција кон државата, се преобразува во активен политички чинител, со цел да ги заштити сопствениот интерес. Процесот на јакнење на граѓанското содружништво оди паралелно со процесот на демократизација на општествата и зголемување на потребата од „добро управување“. Дополнително јакне интенцијата на општеството да му се врати економската и социјалната моќ, кои државата ги одзела од општеството (Пирот, 2016: 70-71).

Науката денес, на модерните општества гледа, како на политички конструирани социјални светови. Светот го набљудува, како еквилибриум на политички односи и процеси, во кои се вградени поединците и групите. Општествените корени на политиката произлегуваат од граѓаните како поединци или организирани во различни групи со определени цели. Општеството и политиката продолжуваат да бидат синоними, поистоветувајќи го општествено и политичко битие кај човекот. Определувањето на социолошката димензија на политиката е најдобра поткрепа за потребата, политичките партии како главни чинители на политиката, да се проучуваат и од социолошки аспект. Во спротивно, само политиколошката или правна анализа, претставува некомплетна научна опсервација, на нешто што има социолошка димензија.

## 2.1 Политичка партиципација

При определувањето на поимот политичка партиципација, на почетокот во науката, отежнувачка околност било присуството на повеќе слични или блиски термини, кои влијаеле на самото определување. Дел од тие термини се политичко инволвирање (political involvement), политичко дејствување (political action) итн. Дилема претставувало дали поседување на определен политички интерес или разговор со пријателите на политички теми може да се смета за политичка партиципација. Верба, Ни и Ким (1978), прават јасна дистинкција, помеѓу поимот политичко инволвирање и политичка партиципација. Тие сметаат дека политичкиот интерес и разговор за политиката, не претставуваат политичка партиципација, туку најмногу што може е да се поистовети со политичко инволвирање или дејствување. Разликата помеѓу политичко инволвирање и политичка партиципација, ја објаснуваат правејќи разлика помеѓу политички интерес и разговор за политика од една страна, и конкретна акција која ја преземаат граѓаните, преку која влијаат на процесите. Според нив, збирот на политичко инволвирање и политичка партиципација го определува она што на почетокот го нотиравме како политичко дејствување (political action) (Verba, Nie, Kim, 1978: 75).

Постои општа согласност во науката, дека определувањето на поимот политичка партиципација, бара широк пристап, кој што ги опфаќа активностите како што се учество во кампањи, гласања, партиско дејствување, со еден збор активности преку кои се влијае на процесот на владеење. Значењето на политичката партиципација во науката и пошироко, се перципира како нешто здраво за демократијата, за нејзиното функционирање во целосна полнота и квалитет. Таа го глорифицира колективниот пристап, во остварување на целите, без разлика на нивото на одлучување, дали станува збор за локално или централно. Партиципативното одлучување подразбира, учество во определена заедница, пред која постојат определени заеднички планови или намери. Учеството може да генерира солидарност и кохезија, но и непријателство и конфликт, во исто време и во еднаква мера.

Синоним за современата демократија, е таканаречената партиципативна демократија, без разлика дали станува збор за елитистичка или формално-репрезентативна. Самата есенција на демократијата т.е. владеење на народот, без политичката партиципација, е невозможно да се реализира. Изборот и контролата на власта, подразбира учество на суверенот т.е. граѓаните, а тоа може да се реализира единствено со политичка партиципација. Решавањето на проблемите во заедницата е заедничко право и одговорност, која условува дејствување на сите чинители, кои преку политичката партиципација ја исполнуваат својата општествена и граѓанска должност.

Слично на Веберовата класификација на човековото дејствување, определени теории ја објаснуваат и политичката партиципација. Тие определуваат два модели на партиципација, модерен процес на политичката партиципација, кој во својата основа

подразбира рационални активности, како што се активности поврзани со социјалната сигурност, обезбедување правда во општеството или економска компетиција. Активности кои уште се дефинирани и како инструментално дејствување. И постмодерна политичка партиципација, која опфаќа активности, како што се слободата во изразувањето или хуманизирање на односите. Со други зборови модерната партиципација, доминантно се занимава со класите и статусот, со прашања со социоекономска природа, а постмодерната со културната експресија, самоактуелизација, животниот стил итн.

Со помош на политичката партиципација, може со мали ресурси да се реализираат зацртаните цели. Благодарение на заедничката посветеност и соработка, се редуцира вишокот труд и енергија, кој секако би бил вложен, без колективна партиципација. Политичката партиципација, освен што е инструмент или механизам за реализација на определени цели, таа има свое влијание на слободата за изразување и дејствување, која што од друга страна влијае на квалитетот на животот. Определени тврдења одат до таму, дека оваа форма на граѓанска партиципација ја доживуваат како гарант за граѓанските слободи и права.

Политичката партиципација, не треба и не смее, да се доживува како недефинирани или хаотични постапки, туку напротив таа претпоставува осмислени и планирани чекори кон зацртаната цел. Во оваа смисла на неа се гледа, како на феномен со свој еволутивен карактер, кој базира на емпирија и стекнато искуство. Денес, учеството во политиката, подразбира планско дејствување, кое може и не мора, да базира на изработка на соодветни програми и доктрини во функционирањето. Сериозните политички организации, преферираат изработка на такви плански документи, во кои се наведуваат стратегијата и планираните активности, во склоп на определената иницијатива. Овие планови на дејствување, првенствено се наменети за внатрешна употреба во самата организација, т.е. за начинот на нејзино дејствување. Плановите би требало да ги опфатат сите потенцијални ризици или предности, сите аспекти, ресурси и алатки во име на зацртаната мисија.

На самата политичка партиципација, битно влијание имаат културолошките вредности на општеството, кои се основа на профилот на политичкиот систем. Партиципацијата како моќна социјална сила во општествени рамки, во пракса придонесува за зголемување или намалување на разликите помеѓу граѓаните. Таа во голема мера е детерминирана од социо-економските можности на граѓаните вклучени во неа, но од друга страна, влијае на социјалните и политички преференции на истите. Квалитетот на политичката партиципација, го определува влијанието внатре во организацијата, исто така влијае на раководството и лидерот, во насока на поголема респонзивност од нивна страна. Новиот начин на комуникација во политичкото дејствување, во рамки на политичките организации, базира на максимизирање на слободата на говор и дејствување, и директни контакти со структурите на организацијата. Ова во исто време допринесува за ефикасност и ефективност во дејствувањето, меѓутоа е и основ за создавање на определени конфликти и разлики. Особено е важен или условен, од начинот на носење на одлуки во рамки на

организацијата, дали тој базира на легитимација на мнозинството или влијание на хиерархијата (Kaase, Barnes, 1979: 530-531).

Во науката постојат поделени размислувања, дали учеството во протести, демонстрации, или во активности кои спаѓаат во областа на граѓанското содружништво, претставуваат политичка партиципација. Класичните или постарите теории, не ги стават во редот ваквите активности во политичката партиципација. Новите теории, од областа на политологијата или политичката социологија, и овие активности ги определуваат преку формата на политичка партиципација. Разликите во науката се разбирливи, бидејќи се временски детерминирани, што подразбира различни општествени контексти, кога се креирани. Но, сите теории базираат на Аристотеловата дефиниција за човекот, како социјално битие, дефиниција која е доволно широка, и е во корелација со најновите определувања на терминот политичка партиципација.

Определени теории, прават градација помеѓу различните форми на политичка партиципација, врз основа на интензитетот и енергијата присутни во активностите. Редот во таа градација, гледано од страната на активности со најслаб интензитет кон најсилен, започнува со *неактивните*, кои можат, пример да се информираат за политиката, но да не преземаат никакви дејства. Продолжува со следното ниво*, конформисти* кои можат да бидат присутни во политичка кампања, да ги набљудуваат процесите, но да не преземаат ништо повеќе во насока на политичко дејствување. Третото ниво се *реформатори*, се однесува на граѓани кои делуваат конвенционално, учествуваат во кампања, протести и слично но сепак не ги експлоатираат сите активности во политиката. Следуваат *активистите,* кои се вклучени во сите активности, и на крајот се *протестантите* кои ја поминуваат границата на законито дејствување преземаат и незаконски или илегални активности (Katz S. R and Crotty W, 2006).

Со појавата на новите масовни движења, во втората половина на дваесеттиот век, нови во смисла дека не се втемелени во традиционалните форми на политичка партиципација, започнува нова форма на политичка партиципација. Овие движења со својата иновативност се дел од партиципативната демократија, меѓу другото, фокусирајќи се на социоекономската еднаквост, загрозена од индустрискиот капитализам. Во основата на овие движења е колективното дејствување, дисперзирано на различни цели, условена од се поголемата диверзификација на интересите на граѓаните. И во овие движења се зборува и делува за себе, креирајќи своја форма на политичка партиципативност. Несомнено е влијанието на општествените движења, или граѓанското содружништво, на вкупните политички прилики, и притоа придобивајќи карактеристики, кои овие движења ги определуваат како дел од политичката партиципација. Најновото поимање на граѓанското содружништво, особено го вреднува граѓанскиот активизам, како форма на граѓанска и политичка партиципација.

### 2.2 Политичко претставување

Еден од втемелувачите на теоријата за политичкото претставување е политичкиот филозоф Томас Хобс (Thomas Hobbes). Тој во неговото познато дело *Левијатан* (1651), прави паралела помеѓу претставувањето на Бог со светото тројство и разните форми на политичко претставување. Суштината на неговата теорија е секуларната концепција на политичката власт, наспроти теоријата за теолошката природа на политиката, или со други зборови на новото политичкото управување гледал како независно од теологијата, иако претходните теории за политиката имале теолошки корени. Тој на моделот на политичко преставување гледа како на модел на „овластување“. Политичкото претставување се дефинира како форма „дејствување за“ наместо само “застапување”. Застапувањето се смета за важен фактор во неговата теорија за политика. Теоретското определување на политичкото претставување, во Левијатан се смета за ново и демократско поимање на политичките процеси од страна на Хобс.

Критиката на неговата теорија, оди на линија, дека таа е претесна, и се идентификува со неговата теорија за овластување. Интерпретирано со денешен модерен јазик, било кој поединец кој што презема определени дејства, во име на други, мора да има овластување „од другите“ (Hobbes, 1996: 112). Авторизацијата или овластувањето, сепак не е нешто кое што не може да се контролира или е неограничено, нивното извршување не е беспоговорно т.е. да не може да се одбие. Ваквиот однос ја отсликува комплексноста на поимот политичко претставување. Политичкото претставување, иако претставува овластување од страна на суверенот, тоа не претставува и негова еквиваленција, затоа што првенствено не ги претставува поединечните интереси, туку интересите на колективот. Аналогно на ова, претставувањето се определува како детерминирано од колективните интереси и во име на нив.



Слика 7: Политички претставник
Извор: https://www.shutterstock.com/search/3d-people-sign

Демократијата како модел на владеење на народот, од нејзиното настанување до денес го окупира интересот на социолозите. Политичкото или партиското претставување е суштински дел на модерната демократијата. Тоа претставува една од темите, во кои социологијата етаблирала автентични размислувања, различни од политиколозите и останатиот дел од јавноста. Дистинкција помеѓу социолошкиот и политиколошкиот интерес, во опсервација на принципите на демократијата, претставува слободата на граѓаните да избираат свои претставници.

Во фокусот на политиколозите во најголем дел се правилата и принципите што ги штитат изборните права. Додека социологијата ги проучува општествените процеси, ризикувајќи да ги занемари разликите помеѓу демократските и тоталитарните системи, како форми на владеење. Во оваа намера, социолозите често во втор план го ставале влијанието на формалните институции. Потврда за тоа е акцентирањето на најважната карактеристика на демократијата од страна на Вебер. Во неговите анализи, приоритет има формирањето на политичката елита, во услови на конкуренција, и начинот на придобивање на легитимитетот од електоратот (Weber, 1946: 226).

Социологот Талокот Парсонс (Talcott Parsons), исто така има битно влијание во етаблирањето на теоријата за политичкото претставување. Тој на политиката гледа како на „генерализирано лидерство, во определен општествен систем, во име на постигнување на колективни цели, за што е мобилизирана целата заедница“. На политиките во општествата гледа како на однос помеѓу определени групи, кои застапуваат одредени интереси и јавните службеници кои ги извршуваат тие политики, кои за нив се обврзувачки. Политичката власт, Парсонс ја дефинира како резултат на поддршката, која елитата ја добива во конкурентна борба (Parsons, приредиле Burdick и Brodbeck, 1959: 80-120).

Во теоријата на Парсонс се прави диференцијација помеѓу системите на власт, каде што се извршуваат обврзувачките одлуки на групите во општеството. Политичкото претставување, воглавно е детерминирано од културните вредности во општеството. Вредностите во општеството се реализираат преку легитимитет на политичката заедница, кој се стекнува преку институционализирани норми на репрезентативниот систем. Социјалната база, во процесот на демократија, влијае преку своите аспирации или барања, градени на основ на солидарност или други форми на поврзување. Самиот процес на креирање на барања, како детерминанти на политичкото претставување, започнува од ниво на аспирации. Важно е да се каже, дека не сите аспирации се трансформираат во барања, и сите барања не завршуваат со имплементирани политики. Процесот на политичко претставување, во својата социјална основа, ги содржи политичката свест и политичкото образование на групите.

Односот помеѓу претставниците на елитата, кој подразбира поседување на определени квалитети, како мудрост и разум, и нивната поврзаност со граѓаните, е дел од теоријата на Бурк (Edmund Burke). Тој апелира на избалансиран однос помеѓу елитата и граѓаните, без разлика на интелектуалните разлики, при што се декларира определена еднаквост помеѓу претставниците и претставените (Burke 1774 (1999)). Еднаквоста забранува било какво потценување на граѓаните. Се прави разлика помеѓу експерти т.е. научници, кои што решаваат конкретни проблеми и политички претставници кој што својот легитимитет го црпат од граѓаните, и за чие дејствување е неопходна консултација со нив. Природата на политичкото претставување во себе содржи дијалектичка димензија, која се однесува на односот помеѓу, присуството и отсуството во претставувањето. Овој однос ја креира тензијата вградена во идејата за претставување која може да се поистовети со фундаментална некохерентност.

Еден од повлијателните политиколози кој што се занимава со политичкото претставување од социолошка перспектива е Хана Питкин (Hanna Fenichel Pitkin). Таа се фокусира на правилата и процедурите преку кои претставниците дејствуваат во име на претставените. Ја анализира корелацијата на социо-демографските карактеристики на претставуваните и претставниците. Корелацијата помеѓу социјалните карактеристики на бирачите и бираните, својата важност ја базира, на тврдењето дека луѓе кои што споделуваат слични карактеристики и искуства, полесно ги разбираат меѓусебните потреби, и веројатноста да дадат приоритет токму на тие потреби е поголема. Ова оди на линија на размислувањата, дека во внатрепартиската средина, се создава поддршка на партиски претставници со слична етимологија (Pitkin, 1967: 226).

Особено, имајќи го во предвид фактот, дека политичкото претставување е резултат на состојбите внатре и надвор од партијата, во рамки на партијата важна е кохезијата и мотивираноста на членството, надвор од неа важна е позитивната јавна перцепција. Успехот на изборите, во голема мера зависи, од уверувањето за адекватно политичко претставување на интересите на електоратот. Питкин тврди дека „историската револуција на либералната демократија, генерира релативно стабилен сет на институционални практики, во кои можат да се приспособат тензиите, својствени за идејата на претставувањето”. Питкин во *Парадоксот на претставувањето* (1968), ја проблематизира природата на политичкото претставување помеѓу „суштинското“ и „описното“. Парадоксот на претставувањето, вака формулиран е во корелација со т.н. парадоксална демократија како производ на парадоксалното претставување (Pitkin,1968: 38-42).

Улогата на политичкото претставување, е детерминирана од видот или нивото на политичката власт, а исто така, тоа е и географски детерминирана со оглед на фрагментацијата на политичката власт. Политичките претставници легитимитетот го црпат од определена изборна единица, или политички простор, чии легитимитет го уживаат. Понатаму различно е претставувањето и темите, поврзани со истото, дали станува збор за локално или централно управување (Heidar и Wauters, 2019: 15-28). Политичките партии

функционираат во институализиран контекст, во управувањето со локалната заедница, државата или нацијата. Затоа во политичките системи се прави поделба на власта, на тој начин и поделба во политичкото претставување. Очекувано е претставувањето да го следи интересот на изборната единица, од која произлегува политичкиот претставник. Постои научен интерес, за анализа на однесувањето на политичките партии, претставувајќи локални или парцијални интереси, нивното мешање со интересите на државата и нацијата. Постојат примери на конфликти, меѓутоа и корелација во политичкото претставување, во зависност од тоа дали се работи за локално или централно ниво.

Во политичката филозофија, но и во институционализиранот политички систем, се прави стратификација по приоритетите т.е. глобалните или државните прашања имаат определен приоритет пред локалните. Обично постои тенденција за синхронизација помеѓу интересите, на делот и целината, и помеѓу нив стои сврзникот и, но во пракса често се среќава сврзникот или. Националното единство која во себе го содржи интересот на локалната заедница за благосостојба, не се содржи само во застапеноста, туку таа континуирано се обновува со активностите на претставниците. Конституентот или гласачот, кој треба да биде претставен, не секогаш е информиран, заинтересиран или политички активен.

Присуството на апатија во политиката е евидентно и денес, и во тој контекст се определуваат прагови за обезбедување на легитимитет на претставниците. Гласањето често е традиционално детерминирано од партиската или идеолошка ориентација. Поврзано со ова, во теоријата може да се сретне дилемата, колку е рационален дијалогот помеѓу избраниот и бирачите. Како на кој начин претставникот се консултира со своите избирачи за своите постапки во политичкото претставување, и во колкава мера на претставувањето влијае неговото субјективно размислување и насоките од електоратот. Врз основа на ова се заклучува дека политичките партии делуваат во мрежа на барања, обврски и притисоци, кои влијаат на неговата улога ( Lane E. R 1959:  298-304).

Самиот факт, што претставникот е избран од поголем број на луѓе, ја комплицира можноста да се дефинираат интересите на колективитетот, во однос на парцијалните интереси. Разликите во интересите на граѓаните, креираат конфликт на интереси, и определена ирационалност на гласачите, која може да резултира и со апатија. Затоа специфична е улогата на политичките партии,  да се однесуваат согласно интересите на своите избирачи, да функционираат во ситуација на присуство на определени лоби групи, или групи на интереси, кои настојуваат нивните приоритети да ги наметнат како приоритетни во претставувањето.

Дополнително е отежната состојбата, кога еднаш добиената политичка доверба треба да се оправда и да се бара нова (Mayo 1960: 102). Комплексноста во односите помеѓу бирачите и изборните претставници, отвара прашања дали политичкото претставување е само фикција, мит или фолклор во општеството. Дали претставничката влада, во суштина е само

партиска влада. Сепак одговорите на овие дилеми, можат да се бараат во размислувањата, дека политичкото претставување не значи однос човек со човек, или однос на претставник со налогодавач, туку на претставникот гледаме како на некој, кој делува во име на поширок и поопшт институционализиран ангажман. Затоа на политичкото претставување се гледа како на јавен ангажман, кој вклучува повеќе луѓе и групи, и функционира на сложен начин. Претставувањето не значи едно изолирано дејство, туку севкупна структура и функционирање на систем, кој вклучува соодветни обрасци во дејствувањето.

Со оглед дека политичките партии делуваат во рамки на репрезентативниот систем, на своите избирачи тие нудат образложенија или оправдувања за нивното поведение. Односот на политичкиот претставник со својот гласач не е билатерален, тој е обременет од повеќе фактори како што се партијата, медиумите, културните обрасци итн. Денес со посредство на масовните медиуми, социјалните мрежи и други форми на комуникација, се гради релацијата помеѓу претставникот и претставените. Јавното мнение како понов политички феномен, е детерминирано од јавниот интерес кој е двигателот на политичкото претставување. Односот на поединецот кон јавниот интерес и јавното мислење, не секогаш може да биде свесен или намерен од страна на поединците.

Демократијата подразбира индивидуална рационалност, и совесно застапување и извршување на јавниот интерес. Затоа, на избраните политички претставници се гледа како на вистински претставници, само ако можат да дадат одговор или образложение на сите свои постапки или делувања. Во парламентарната демократија, политичкото претставување како форма на застапеност на граѓаните, во процесот на креирање на политиките, централна институција која го овозможува претставувањето е законодавниот дом. Бирачите или граѓаните, преку своите претставници во законодавниот дом, влијаат на своите претставници во извршната власт, тоа е Владата. Во анализите на политичкото претставување, претставничката влада зазема посебно место, колку таа de facto или de jure ги претставува интересите на бирачите. Дали нејзината моќ може да ги замени позициите на претставничка власт како неспорен авторитет во општеството.

Различните изборни модели имаат директно влијание на природата на политичкото претставување. Пропорционалниот изборен модел упатува на перцепција, дека избраниот претставник го црпи легитимитетот од целата изборна единица. Мнозинскиот изборен систем, се смета за систем во кој политичкото претставување има поголема непосредност, особено ако постојат механизми за предвремено ревидирање на легитимноста на избраните. Различна е природата на политичкото претставување и на претставувањето во судско-обвинителската власт. Без разлика што и ова т.н. независна власт е еден вид претставување на граѓаните, одлучува во име на граѓаните, има примери на директен избор т.е. е бирана од граѓаните, сепак за овој сегмент од власта присуството на политиката е недозволиво.

Современото поимање на демократијата прави диференцијација во однос на класичното, или теориите на претставничка демократија од самите почетоци на

демократијата. Една од клучните разлики е во независноста и слободата на претставниците во нивното политичко дејствување. Новата теорија, но и пракса, дефинира потреба, од определена дискреција во политичкото дејствување на избраните т.е. претставниците. На политичкото претставување денес, не се гледа како буквално застапување и пренесување на размислувањата, и затоа често доаѓа до конфликт помеѓу претставникот и претставуваните. Се разбира овие конфликти можат да бидат присутни на определено време, во спротивност доаѓа до прекин во трансмисијата на легитимитетот. Во овој контекст, излегуваат на површина мноштво прашања, околу самата природа на прашањата кои треба да бидат претставени, начинот на нивно определување и артикулација, на што свое влијание имаат граѓаните, како и квалитетот на нивните претставници. Претставниците се условени од постојана консултација со своите избирачи со цел интересот на гласачите да биде валоризиран преку легитимитетот (Shapiro и др. 2010).

Најновите предизвици поврзани со политичкото претставување ги исфрлаат на површина темите како што се владеење на олигархијата или корпоративното владеење. Ова особена станува актуелно со најновиот избор на Претседателот на САД Доналд Трамп, чија поддршка беше меѓу другото и од крупниот капитал во оваа земја. Веднаш по изборот започнаа првите анализи за потенцијалното загрозување на демократијата, со тоа и можноста за загрозување на политичкото претставување, и владеење на олигархијата. Во најголемиот дел од европските земји, присутна е темата на т.н. президенцијализација на политичките партии, што е исто така е загрозување на класичното демократско претставување. Постојат и други предизвици кои укажуваат на нови тенденции и состојби во политичкото претставување во денешно време.

Политичкото претставување е една од најважните компоненти за мобилизација на членство и поддржувачи на партијата, како и за нејзиниот имиџ или брендирање. Тие процеси имаат длабока социолошка димензија, затоа што во суштина почиваат на определено социјално дејствување во рамки и надвор од партиите. Без да се определи поимот политичко претставување, неговата социолошка димензија, не може соодветно да се профилира состојбата во политичките партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Елементите или аспектите по кои се профилираат партиите се директно поврзани со нивното политичко претставување. Историската втемеленост на партиите не може да се истражи ако вредности што ги имаат партиите не ги претставуваат во своето дејствување. Идеолошките и програмските аспекти се типично политичко претставување, преку кое овие две партии се одржале на врвот во десницата и левицата овие 33 години. Промените кои се случувале во рамки на партиите или поврзано со нив се евидентни (претставени) појави кои научно се верификуваат. Сегмент кој е надвор од партиите но во директна врска со нив е електоратот. Неговата стабилност или промени е резултат на политичкото претставување кај двете партии. Присутноста или не, на евентуална социјална втемеленост на партите е последица исто така на политичкото претставување на партиите.

## 2.3 Политичка определба (Political affiliation)

Кога зборуваме за политичка определба пред се мислиме на односот на граѓанинот кон политиката генерално, определбата го дефинира начинот како тој ја насочува својата политичка партиципативност. Категоријата политичка определба најчесто се однесува на определба на поединец кон одредена политичка партија или политичко движење. Терминот определба, во науката најчесто се објаснува преку неговите два синоними. Првиот синоним е емпатијата, кога едно лице креира емоции и се идентификува со некоја единка или со определена социјална група. Вториот синоним на поимот определба, е сопствено етикетирање како припадник на определена група. И во двата случаи станува збор за социо-психолошко расудување. Понекогаш се прави разликата во акцентот, каде доминираат причинско-последичните врски, во групата или кај поединецот. Политичката определба ги одразува заедничките политички вредности, ставови, уверувања и преференции во политиката. Тоа подразбира усогласување и идентификување на мислењата и одлуките на поединците со платформата на политичката партија. На тој начин поединците стекнуваат свој политички идентитет.

Поимот идентитет својата етимологија ја црпи од латинските зборови idem што означува истоветност, непроменливост, континуитет, или зборот identidem чие значење се определува како повторено. Аналогно на ова, определувањето на поимот идентитет или политичка определба, упатува на нешто што останува исто во ситуација кога се повторува. Ориентацијата или определбата, имплицира припадност кон определена група или заедница, која што дели определени ставови, уверувања, статус, идеологија итн. Тој го надминува поединечниот идентитет или „јас“ и упатува на заеднички идентитет или „ние“. Потврда за ваквото определување на политичката определба, се наоѓа и во референтната International Encyclopedia of Social Sciences, во која политичката определба се поврзува со чувството на индивидуата за припадност кон групата, доколку таквата определба, влијае на нејзиното политичко однесување ( Sills и др. 1968). За значењето на партискиот идентитет најдобро зборуваат и најновите анализи за причините за поразите на Демократската партија во Америка или Социјалдемократската партија во Германија. Речиси и да нема социолошка или политиколошка анализа која во првите три причини за поразот на овие партии не го вбројува факторот губење на партискиот идентитет. [6]

[6] Види: ( 2024) The Democratic Party’s Identity Crisis, American Enterprise Institute



Слика 8: Определување
Извор: //www.shutterstock.com/search/3d-people-sign

Иако во основа станува збор за психолошка категорија, определувањето не може да се поистовети само со психолошките механизми, тоа претставува дел од определен социјален процес. Политичкото определување подразбира и идеолошко самоопределување, кое отсликува како граѓаните размислуваат за поедини прашања. Самоопределувањето, значи идеолошко етикетирање во односот со останатите, понекогаш занемарувајќи го неговото размислување за поедини прашања. Меѓутоа и овој традиционален метод на определба, во кој левичарите ги застапуваат интересите на сиромашните и работниците, а десничарите се трудат богатите да бидат побогати, е недоволен, со оглед дека на имиџот на партијата влијаат повеќе фактори освен социо-економските. [7]

За политичката социологија, политичката определба е особено важна, затоа што таа ги определува од една страна, во исто време е и детерминирана, од вкупните процеси во општеството. Социологијата на неа гледа како на индикатор, со чија помош може да се разбере определена општествена стварност, да се анализираат причините и предвидуваат последиците. Самата психо-социјална природа на политичката определба, го определува местото и значењето во социолошкиот дискурс на објаснување на оваа појава. Таа

[7] Поврзано со социолошкото профилирање на конзервативната ВМРО ДПМНЕ и Социјалдемократската партија СДСМ, за нивната кадровската профилираност е студијата на група психолози од САД од 2008 година. Студијата е насловена *Тајните животи на либералите и конзервативците: профили на личности, стилови на интеракција и работи што ги оставаат зад себе*. Низ призмата на авторите ова претставува истражување на тамошната десница и левица. Резултатите од истражувањето на 20.000 испитаници даваат наизглед тривијални но интересни сознанија за политичката определба, потврдени и во други слични истражувања. Тие дефинираат црти на личноста типични за едната т.е за другата идеологија. Карактеристика за либералите е отвореност (интелектуална радозналост, истражувачки дух), за конзервативците е содружништво (тежнеење кон стабилност и ред). Останатите три типа на карактерни црти екстровертност, соработка и неуротицизам се присутни и кај двете идеологии, со тоа што кај либералите има мала разлика во поголема екстровертност. По однос на афинитетите кон боите, либералите преферирале повеќе нијанси додека конзервативците неутрални бои. Истиот тест на личност спореден со картата каде победуваат републиканците т.е демократите, потврдува максимална корелација помеѓу профилите на личност и политичката определба. Ова истражување дава референтни сознанија за психо-социјалната детерминација на политичката определба (Carney,Jost,Gosiling and Potter, 2008).

претставува збир од погледи, уверувања, емоции и сл., кои го определуваат поврзувањето во групите, нешто кое е суштина на социолошката наука.

Политичката определба по својата суштина, е диференцијалистички и антагонизирачки модел, кој базира на принципите на еманципација на посебноста, прокламирајќи социјална, економска, политичка и културна автентичност. Тој е неопходен услов за опстој во фрагментирана идентитетска стварност. Неговото определување е детерминирано, од мноштво меѓучовечки и општествени односи, што само по себе алудира на неговата социолошка природа. Определбата во политиката има еволутивна димензија, значи е временски детерминирана и условена од еволуцијата на општеството генерално. Тоа подразбира, влијание на вредносниот систем во општеството, како дел од културните обрасци на дејствување на граѓаните.

Определбата во политиката ја дефинираат неколку димензии: доследност, предвидливост и посебност. *Доследноста,* е форма во која кога се вградени профилот на членови и поддржувачи на партијата, ставовите, политиките, идеологијата, политичкото дејствување итн. Доследноста подразбира, да се одржува континуитет во своите ставови, по однос на определени универзални вредности, од програмски или идеолошки аспект, како и континуитет на персоналниот профил на партијата. Двата сегменти, персоналниот состав и програмската компонента, не се имуни на општествените промени, напротив се условени од истите и се во постојан процес на трансформација. Меѓутоа, интензитетот и времетраењето на промените, укажуваат на релативна стабилност на овие две важни идентитетски карактеристики на партијата (Колаковски, 1964: 125-136).

Втора важна димензија на политичката определба е *предвидливост* во размислувањата и постапките, во определени прилики и контекст, вклучувајќи посебност или автентичност во интра политичкото дејствување. Предвидливоста подразбира, однапред да се предвиди однесувањето во определени околности. Предвидливоста во дејствувањето, влијае мобилизирачки кон граѓаните, и дава смисла на политичката партиципација. Таа претставува гарант за сигурноста и стабилноста на политичкиот систем во општеството. Предвидливоста подразбира споделување на вредности и обрасци на дејствување, кои во поново време е сегмент кој што трпи најмногу критики особено компарирајќи го изборното и постизборното дејствување на партиите (Cerutti 2006: 216).

*Посебноста* е третата димензија на политичката определба, која упатува на поседување определени карактеристики, со чија помош се прави диференцијација од останатите. Таа подразбира дефиниран персонален состав, и програмски идентитет, различен од останатите, како и своја автентичност во политичкото дејствување. Посебноста е форма која не се губи со промените, кои што се константа и се во насока на нејзиното одржување во иднина. Посебноста е императив за политичката определба, посебно што политичкото битисување се одвива во интензивна компетиција, кај што односот со другите не значи да се постане дел од нив. Опстојот и преживувањето во политичката арена, претпоставува

силен интегритет на политичките партии, кој е во корелација со политичката определба. Евентуално поткопување на посебноста, во определувањето на идентитетот на партијата, на краток или среден рок го загрозува нејзиниот опстој на политичката сцена.

Современиот начин на информирање и комуникација во јавната сфера, се поголемата диверзификација на интересите на поединците креираат таканаречени повеќекратни политички определби. Повеќекратните определби значат идентификување со различни групи или политички партии во исто време (Tajfel, 1981: 254-255). Во прилог на повеќекратните определби, оди неолибералното поимање на слободата на определба, кое ги руши традиционалните норми и стандарди на партиската определба. Дополнително со појавата на ад-хок партиски организации и популизмот, класичното поимање на политичката определба, е сериозно поткопана. Најновите анализи на политичката определба, покажуваат големо влијание на информациите кои секако имаат ефект на емоциите кај граѓаните. Оттаму се креираат заклучоци, за значењето на мас медиумите и социјалните мрежи, како средства со чија помош се комуницираат информациите, тема опфатена во следните поглавја.

Политичката определба е различна во зависност од нивото на избори. Постојат многу примери кога еден ист гласач, различно се определува на локални и парламентарни избори. Кај локалните избори до израз доаѓа непосредноста или блискоста на гласачите со кандидатите, некаде се јавуваат роднински или пријателски релации кои можат да влијаат на определбата. Кај избори на централно ниво непосредноста е помала и до израз доаѓаат идеолошките убедувања во определувањето. Причините за ваквиот однос можат да бидат различни, меѓутоа тие секако фундираат на определена психолошка ориентација на граѓаните. Политичката определба за време на изборите, е под влијание и на самата изборна кампања која ги апострофира претходно елаборираните карактеристики. (Niemi и Weisberg, 1993:270).

Кампањата претставува трансмисија на пораки и комуникација помеѓу електоратот и партиите Денес, сите во политиката, ја имаат сфатено нејзината моќ за мобилизација на поддршка, која подразбира и политичка идентификација. Влијанието на мас-медиумите, е една од најважните алатки за креирање на јавното мнение, кое е директно поврзано со определбата на граѓаните. Изборните кампањи имаат особен фокус кон категоријата граѓани без политичка определба, популарно наречените неопределени гласачи, чија што намера е макар и еднократно придобивање на нивната поддршка. Во таа смисла, експертите од областа на комуникологијата, разните пи-ар агенции, во форматирањето на изборните кампањи, креираат диференцирани пораки, за различни сегменти од граѓаните, со дефинирана и недефинирана политичка определба.

Политиката или партиите можат да се доживеат како узурпатори на народната волја, кога управуваат авторитарно, со помош на демагогија и лажни ветувања. Во овој случај може да стане збор за промена на идентитет во политиката т.е. замена на еден идеолошки

идентитет со друг, и манипулација на определбата. Тоа може да се случи, предизборно настапувајќи со еден идентитет и пораки, во пракса во политичкото дејствување покасно, се напушта тој и здобива нов политички идентитет. Во политичката теорија, поврзано со трансформација или прикривање на политичкиот идентитет, кое влијае на определбата, се сретнува поим т.н. кетманство во политиката. Кетманство во политиката е кога политичар или политичка партија го прикрива својот реален идентитет, свесно делува со лажен идентитет кој не го поседува, и манипулира со определбата. Кетманството во политиката значи лажна слика, која се презентира за уверувањата и ставовите на партијата, прикривајќи ја вистинската до моментот на добивање моќ и власт (Милош, 1985: 82-85).

# 3. Политички идеологии

## 3.1 Социолошко определување на поимот идеологија

Не постои научно објаснување на поимот идеологија, кое не тргнува од експликација на самата кованица, од двата грчки збора *идеја* и *учење*. Во тој контекст, првите дефиниции за идеологијата, биле дека станува збор за наука за идеите. Нејзиното профилирање настанало како продукт, на зголемената акумулација на научни сознанија за општествените процеси, кои ги надминуваат дотогашните сознанија, претежно базирани на религиското поимање на општествената стварност. Групирањето на определени уверувања и претстави, за сегашноста и иднината, ги определуваат првите контури на идеологијата. Тие уверувања и ставови, многу често имале фиктивна основа т.е. претставувале заблуда. Ако политичкото дејствување го дефиниравме како свесно и целно дејствување, на база на споделување определени уверувања и ставови, идеологијата можеме да ја дефинираме, како нешто што ја определува смислата и значењето на политичкото дејствување.

Поддршка во дефинирањето на идеологијата, давале и т.н. *идоли,* кои веќе постоеле во општествата и поседувале определен авторитет и моќ во заедницата, кои со дефинирањето на идеологијата, се трансформирале од идоли во идеолози. Маркс го дефинира модерното значење на зборот идеологија, како збир на вредности и уверувања, поврзани со најважните прашања од економска и политичка природа. Тој во својата критика на тогашната германска идеологија, зборува за идеологија со која владеачката класа доминира во општеството. Иако целиот негов опус и критика на тогашната општествена реалност претставува идеологија (Marks & Engels, 1975:18-30).

Од современите теории за дефинирање на идеологијата, ќе се претстави пристапот на американскиот социолог Џорџ Коурветарис, кој во функција на определување на поимот идеологија, дефинира три групи теории. Првата е *ставовско-бихевирална,* која што дефинирањето на идеологиите го базира на ставовите и уверувањата, како клучен аспект на идеологиите. Втората група теории *психо-културните,* идеологијата ја определуваат како збир на претстави, перцепции, културни и емоционални врски, преку кои луѓето се

убедуваат дека нештото е вистинито. Третата група на теории се *структурално-функционалните* теории, кои идеологијата ја определуваат како функционална во однос на дадена општествена структура (Трајковски, 2019/2: 344-346).

Од посочените три типа на теориски пристапи, ставовско-бихевиоралниот, психо-културниот и структурално функционалниот, за социологијата најважен е структурно-функционалниот. Тоа е поради фактот што, есенцијата на структурално-функционалната теорија, е најблизу до фундаменталните теории на социологијата како наука. Општеството во целина, вклучувајќи ја неговата структура, прават определени закономерности на функционирање, кои го определуваат предметот на социологијата. Минатото е сведок, на посилна или послаба идеологизација на општествената реалност и политичките системи, факти кои се емпириски проверливи. Моќта на идеологиите особено во тоталитарните системи е огромна, често манипулирачка во односот со граѓаните. Слична улога од аспект на структурално-функционална природа имаат и партиите во едно општество, кои без разлика што тргаат од партикуларни позиции, се дел и влијаат на функционалноста на општеството во целина.

Поврзано со останатите две теории (ставовско-бихевиоралната и психо-културната), на човекот се гледа како на мислечко суштество т.е. секојдневните свои активности ги прави врз основа на определено размислување, кое меѓу другото подразбира искажување на јавни ставови. Дел од човековите размислувања се политичките идеи, кои во зависност од формата на политичката партиципативност, можат да бидат идеи независни од политичките структури, или ако е дел од политичките структури, и за придобивање поширока поддршка, за реализација на сопствената идеја. Идеологијата влијае на политичкиот живот, на неколку начини. Таа креира перспектива, во која светот се разбира, и објаснува, базирајќи на уверувањето, дека луѓето не го гледаат светот онаков каков што е, туку онаков каков очекуваат да биде. Во тој контекст, идеологијата претставува збир на уверувања и вредности, кои ги детерминира постапките на поединците и групите. Идеолошките вредности и принципи, од друга страна, ги креираат политичките системи, како платформа за сопствена реализација. Или како ќе каже Диркем (Emile Durkhiem), „таа претставува колективна свест, која го сочинува јадрото на општеството“ (Milič, 1965: 271).

За социологијата, особено е важен начинот на развивање на политичките идеи и вредности, т.е. како тие се развиваат, дали се резултат на „природно“ осознавање на новата реалност, или се наметнати со цел да се произведе определена лојалност и општествена контрола (Barnes E. H. 1921: 304-305). Во овој контекст, одат теориите за различни вредности, помеѓу елитата и останатите граѓани во општеството. Често може да се сретне терминот идеолошка манипулација, како механизам за наметнување на сопствена идеолошка перспектива. Идеолошката манипулација претежно се среќава во марксистичката теорија, со чија помош се објаснува состојбата за различниот пристап до средствата.

Анализата на политичките идеологии, подразбира анализа на политичките мисли, идеи, доктрини и теории, кои различните идеолошки традиции ги унапредуваат и развиваат, во рамки на политичката традиција. Затоа е тешко да се формулира општо прифатена дефиниција, што претставува идеологијата. Дел од прашањата кои ја проблематизираат природата на идеологијата, е јазот помеѓу теоријата и праксата, т.е. како определени уверувања и вредности се имплементираат. Втората отежнувачка околност за дефинирање на идеологиите е нивната разноликост, или постоење на повеќе идеолошки матрици, кои со своето меѓусебно конфронтирање влијаат на нивниот интегритет и постоење.

Дефинирање на идеологијата, кое привлекува најголема научна согласност, е дека таа претставува систем на политички уверувања, кои формираат определена политичка идеја или поглед на светот. На ова се додава, дека овие идеи се претежно на владејачката класа или општествена елита, со чија помош се легитимира определен политички систем или режим. Или со други зборови кажано, идеологијата претставува отелотворување на определени класни интереси, преку монополизирање на вистината. Во суштина, идеологијата претставува апстрактен и високо систематизиран збир на политички идеи. Германскиот социолог Карл Манхајм (Karl Mannheim), во своето дело *Идеологија и утопија*, идеологијата ја дефинира како, систем на размислувања кои служат да се одбрани определен општествен поредок, во интерес на владејачката класа. Втора важна карактеристика, која тој ја препишува на идеологијата, дека таа во себе содржи партикуларна димензија, која се однесува на уверувања на поединци и групи, и тотална која ги опфаќа колективните уверувања т.е. постоење на поглед на свет (Mannheim, 1978).

Поновите дефиниции за идеологијата, одат во правец, дека таа претставува збир на идеи, кои луѓето си ги претставуваат пред себе, со чија помош се оправдува индивидуалното и општественото дејствување, независно од тоа дали се потврдува или реконструира определена општествена стварност. Овие дефиниции имаат својата традиција кај повеќе социолози, еден од нив е Талкот Парсонс, кој за идеологиите ќе каже дека претставуваат „ментални модели на поединците во групата, со чија помош споделуваат интерпретација на опкружувањето, како и рецепт како тоа опкружување треба да биде структуирано“ (Parsons, 1968:348).




Слика 9: Идеологии
Извор: https://www.istockphoto.com/photos/political-ideology?servicecontext=srp-relate

Од аспект на конзистентност и кохерентност на идеологиите се гледа како на системи кои допуштаат преклопување едни меѓу други т.е. не се херметички затворени. Во рамките на една иста идеологија, може да се екстрахираат и определени спротивставени гледишта и размислувања. Решението на оваа конфузија, е дека идеологиите претставуваат збир на клучни и периферни поими, со чија помош таа се идентификува. Заедничко за сите идеологии, е дека полагаат право на откривање на определена вистина, околу која се мобилизираат луѓето.

### 3.2. Класификација на политичките идеологии

За нашето истражување од особена важност е општо прифатената калсификација и профилирање на политичките идеологии на левица и десница. Подоцна помеѓу левицата и десницата, свое место утврдува и политичкиот центар. Поделбата на левица и десница се поврзува со периодот на француската револуција т.е. со местото на седење на поддржувачите на кралот, кои седеле на десна страна, додека т.н. радикали на лева страна. До денес, главна карактеристика на овие две најголеми идеологии, е реакционерното и револуционерното. На десните идеологии се препишува карактеристика, која тежнее да го зачува постојниот поредок и традиционалните вредности, на промените се постапува етапно, на база на утврдени причини за истите, додека левицата ја карактеризира револуционерноста и наглост во промените.

Најновите теории го напуштаат концептот на поделба на левица и десница, како што истакнува Гиденс (Anthony Giddens), со појавата на новите политички прашања како што се феминизмот, правото на сексуална ориентација, заштитата на животната средина, се поткопува класичната поделба на левица и десница (Giddens, 1994: 120-121). На денешните современи општества, се гледа како на постмодерни општества, кој својот опстој го реализираат меѓу другото, во процес на интензивна глобализација и брз техничко-

технолошки развој. Транснационалните корпорации, интернетот, брзиот начин на комуникација и движење, го направија светот како мало село, во кој на едни краеви приоритет е религискиот фундаментализам, во други работат на достапност на други планети.

Светот станува мултиполарен и креира судир на различни идеологии. Гледано глобално, неолиберализмот во западните општества, е во постојана трансформација, а комунизмот во кинеското општество станува фактор на глобален план, иако и тој доживува свои промени. Конзервативната идеологија е загрозена од глобализацијата, преку која слабее традицијата и националниот идентитет, а социјалистичката идеја е сериозно поткопана, со опаѓањето на виталноста на економските стратегии.




Слика 10: Политички спектар
Извор: Десковска, и др. (2023) стр. 2

### 3.2.1 Либерална идеологија

Либералната идеологија базира на принципите за индивидуалистички осмислениот општествен договор, на владеење на правото, поделба на власта, слободата на пазарот и економијата, како елементи на функционалната целина (државата). Со оглед дека, овие принципи на еден начин се есенција на денешната демократија, ова идеологија многу често се среќава под поимот *мета – идеологија* и е силно етаблирана во најголемиот дел од земјите во светот. Ова е специфична идеологија, чии што елементи се среќаваат и во други идеологии и го проблематизираат прашањето за нејзината автентичност. Таа се профилира, како критика на тоталитаризмот и идеализмот, а се потпира на демократијата, пазарната економија, приватната сопственост и други елементи својствени за капитализмот. Оваа идеологија допушта идеолошки плурализам т.е. подразбира постоење и на други идеологии, не ја целосно идеологизира општествената стварност. Поради овој факт, либералната идеологија како никоја друга има потреба од силна етаблираност, како би ги задржала и зголемила, своите поддржувачи во однос на останатите конкурентни идеологии.

Оваа идеологија, кога станува збор за човековите права и слободи, има свој експанзионистички поглед. Слободата кај ова идеологија е иманентна, меѓутоа таа се ограничува во граници, да не биде злоупотребена и да не прерасне во анархија, туку да ја одржува функционалноста на општеството. Иако во пракса, на многу места се покажало, дека преку разни механизми, владејачките елити манипулираат со слободата и еднаквоста. Манипулациите одат до таму со политизација на процесите, до мерка во која не постои граница помеѓу државата и партијата (се мисли на владејачката). Анархијата се доживува, како кршење на еден од основните принципи на ова идеологија, тоа е општествениот договор, кој ги определува принципите на функционирање на сите чинители во општеството.

На државата либералната идеологија гледа како на неутрален фактор, чија што задача е да обезбеди еднаквост во слободите и правата, како белег на општествената структура. Државниот интервенционизам е максимално ограничен. Аналогно на ова, фокус на ова идеологија е развојот на индивидуализмот. Со оглед дека ова идеологија го лимитира влијанието на државата, и го развива индивидуализмот, ова идеологија упатува на рационалност, разумност и толеранција во односите.

Денес доминантна идеологија во светот е т.н. неолиберализам, кој по својата суштина базира на принципите на класичниот либерализам, надополнет со социјални и конзервативни идеи. Неговото определување започнува од периодот на т.н. нова десница олицетворена во Маргарет Тачер и Роналд Реган. Главна карактеристика на неолиберализмот е дерегулацијата т.е. повлекување на државата од економијата и целосно препуштање на приватните претпријатија. Неолиберализмот се залага за силен индивидуализам и слобода на пазарот. Ова идеологија форсира целосна приватизација во стопанството, дури и на националните богатства. Трга од премисата дека државата е најлош сопственик, и ги девастира пазарните услови, како еден од основите за праведно и функционално либерално општество. Таа не исклучува тенденција за придобивање на поддршка од приватниот капитал. На индивидуалната слобода, ја придодава индивидуалната одговорност, како антипод на колективната одговорност. Во тој контекст екстрем на неолиберализмот е либертаријанизмот, кој во суштина значи максимизирање на индивидуалните права, а минимизирање на државните.



Слика 11: Знаме на либералите

### 3.2.2 Конзервативна идеологија

Конзервативната идеологија се јавува како реакција на француската буржоаска револуција, мотивирана од ставот дека, промените се допуштени само ако носат прогрес, и дека прогресот базира на надградба на традицијата. Фокус на оваа идеологија, е стабилна општествена структура, без нагли и емпириски непроверени промени, кон кои гради извесна мистификација и недоверба. Промените ги оправдува единствено како резултат на еволуцијата, во кој доброто се надградува, а лошото се менува и на тој начин се одржува прогресот на општеството.

Ова идеологија споделува вредности, како што се еволуција на традицијата и обичаите и несовршеноста на човековата природа. Со други зборови, на прогресот се гледа, како на рационален пристап, имајќи ја предвид лимитираноста на човечкиот ум во даден контекст. Од друга страна, овој недостаток на човековиот материјал, може да биде надополнета со акумулираните знаења и искуство од минатото, кои што се содржани во традицијата и обичаите. Затоа оваа идеологија е против радикални промени, а подржува промени базирани на нови сознанија и нови светогледи. Големо влијание кај конзервативната идеологија има религијата, како систем на вредносни ставови, кои што допринесуваат за кохезијата во општеството.

Конзервативната идеологија, како структура во општеството, претпочита постоење на ред и хиерархија а нееднаквоста во хиерархијата ја објаснува со социјал - дарвинистичката филозофија. Природно кај оваа идеологија е да се очекува кога се апострофира редот и хиерархијата, да се глорифицира авторитетот, кој се појавува во рамки на семејството, заедницата и генерално општеството. Правото на приватна сопственост кај оваа идеологија е императив.



Слика 12: Знаме на конзервативците

### 3.2.3 Социјалистичка идеологија

Социјалистичката идеологија, своите корени ги црпи во постреволуционерниот период, воден од мотивот за похуман свет. Овој тип на идеологија допушта и апелира на радикални промени, не водејќи сметка како ќе влијаат на структурата и функционалноста на општеството, ова е типично за комунизмот. Додека во друг сегмент, размислувањата се дека промените треба да бидат еволутивни, кои што водат до социјал-демократската идеологија. Суштината на социјалистичката идеологија, лежи во критиката на суровиот капитализам и првобитната акумулација на капиталот. Овие два феномени, неминовно довеле до екстремна социјална стратификација, во која најдолу на скалата е позиционирана работничката класа.

Социјалните и економски разлики помеѓу буржоазијата и работничката класа, е суштината на идејата за еднаквост, како една од главните карактеристики на оваа идеологија. Оваа идеологија на разликите помеѓу луѓето гледа, како на катализатор за конфликти. Иако реално, оваа идеологија многу поголем фокус става на еднаков резултат, за разлика од еднакви можности на поединците. Ова го оправдува со позицијата за потреба од солидарност, која може да ја доживее својата полнота, во ситуација на заедничка сопственост. Цел на оваа идеологија е бескласно општество како идеал.

Социјал-демократската идеологија, извира од социјалистичката идеологија, таа својата посебност ја базира, на идејата за урамнотеженост помеѓу индивидуата и општеството, и пазарот и државата, како структура на општеството. Таа посветува соодветно внимание на претставничката демократија. Оваа идеологија допушта постоење на приватна сопственост, наспроти општествената т.е. решенијата ги гледа во микс на двата модели на економија. Карактеристични политики на оваа идеологија, се нерамномерното оданочување т.н. прогресивно оданочување, во кое побогатите плаќаат повеќе од сиромашните, политики со кои го креираат својот егалитарен концепт.

Идеологија, која исто така е поставена лево на идеолошкиот спектар, е комунистичката идеологија, чии што основачи Маркс и Енгелс се сметаат за основачи и на социјалистичката идеологија. Комунизмот е со главна политичка филозофија, борба против класното општество, и реализација на општество засновано на заедничка сопственост. Оваа идеологија ја идеологизира општествената реалност, и не допушта присуство на различно размислување. Најважна разлика на комунистичката идеологија, во однос на социјалистичката и социјал-демократска е непостоење на приватна сопственост. Во комунистичкото бескласно општество, нема место за елитизам, во него главниот збор го има работничката класа т.е. пролетаријатот. За да биде реализирано ова, како политички систем се нуди еднопартискиот систем, во кој се повикани работниците за спроведување на т.н. „диктатура на пролетаријатот“.

Гледано низ призмата на структурално-функционалната теорија, комунизмот е идеологија која се поврзува со тоталитарниот тип на политичкиот систем (комунистички). Комунизмот гради т.н. идеолошки апарати или политички школи, преку кои ги наметнува

своите вредности како единствено референтни, го јакне присилниот апарат како што се полиција и судство, а ги слабее или укинува сите можни извори на алтернативни вредности како што се религијата и сл.



Слика бр.: 13 Знаме на социјалистите

### 3.2.4 Фашистичка идеологија

Помеѓу првата и втората светска војна, се појавува фашистичката идеологија како екстрем во политичките идеологии, која во својата основа ги негува тоталитаризмот со тоа и елитизмот, надополнети со ксенофобија, расизам и милитаризмот. Оваа идеологија е типичен пример за Веберовото поимање на хегемонијата како "природна супериорност". Таа исклучува можност за поинакво размислување, од јавно прокламираната доктрина на лидерот т.е. фирерот. Типично за тоталитарните идеологии, овде целокупната моќ да ја креира и спроведува идеологијата е во лидерот. Соработниците се слепи послушници, народот "хипнотизиран" од моќта на владетелот и беспоговорно ги следат сите негови делувања.

Се во општеството е подредено на лидерот, со максимален степен на верување, стабилноста и успехот на општеството е поврзана со лидерот. Ова идеологија науката ја позиционира како екстремно десно, која на демократското уредување гледа како на неефикасно владеење на елити со лимитиран капацитет. Нивниот концепт за власт е постоење на супер човек како *Фирерот* во Германија или *Ел Дуче* во Италија. Ова идеологија, на државата гледа како на моќен апарат, кој треба да ја задоволи највисоката колективна цел. Разликите помеѓу луѓето ги темели на социјал-дарвинистичката филозофија, за биолошка детерминираност на општествените разлики. Во тој поглед се претпоставува и оправдува, постоењето на супер раси, како дистинкција помеѓу помалку вредните раси.



Слика 14: Симбол на Фашизмот
Извор:https://www.prometej.ba/clanak/prijevodi/robert-o-paxton-sta-je-fasizam-4401

### 3.2.5 Зелена идеологија

Со масовната индустријализација во светот и растот на свеста за значењето на екологијата, се создадоа услови за појава на т.н. зелена идеологија. Оваа идеологија, својата структура ја гради со одредени примеси од останатите идеологии. Како нејзина автентичност е филозофијата за умерен материјализам и инвестиција во духовното, како цел на општеството, кон која е фокусиран секој негов сегмент. На економскиот раст гледа, како на задоволување на потребите на денешницата и обезбедување на ресурси за иднината. Оваа идеологија зборува за т.н. одржлив раст и се потпира на користење на обновливи извори на енергија.

На екологизмот се гледа како на нов стил во политиката, значењето на здрава животна средина, се користи за издигнување како доминантна идеологија, која има право да затвора фабрики во име на својата цел. Карактеристично од социолошки аспект за оваа идеологија е, тоа што реализацијата на нејзините цели ја прави во содејство со други идеологии. Зелените во различни земји коалицираат различно, во смисла со леви или десни партии. Ова укажува на нејзин фокус на главната цел екологијата, додека по други прашања кохабитира со други идеологии. За разлика од останатите идеологии, таа не го става човековите потреби во средиштето на нејзината филозофија, туку природата како мрежа на кревки релации помеѓу животинскиот свет, вклучувајќи го и човекот и животната средина. Една од главните премиси на оваа идеологија, е дека човештвото се наоѓа пред катастрофа, за чие превенирање потребно е итно дејствување. Ова идеологија по својата есенција е глобалистичка т.е. своето поле на дејствување го започнува локално, но се води од глобалната димензија на природата т.е. фактот дека загрозувањето и заштитата на природата не може да се ограничи во национални рамки.




Слика 15: Знаме на зелените
Извор: https://globalgreen.news/european-green-parties-who-will-be-the-next-head-of-the-eu-list/

### 3.2.6 Анархистичка идеологија

Во поновите типови на идеологии се вбројува анархистичката идеологија, која на државата и политичкиот систем гледа како на ограничувачки фактор кој го кочи прогресот. Анархистите предлагаат укинување на законите и власта, кое ќе допринесе за поприроден и суптилен општествен поредок. Ова идеологија е против се она што се перципира како државен апарат и институции, и на нив гледа како на извор на присила. На удар на оваа идеологија се различни вредности, како што се припадност кон религијата, семејството итн. Тие тргаат од премисата, дека човекот е морално суштество, доволно само по себе да го организира своето битисување, и се што претставува закон или институција го доживуваат како ограничување на неговата слобода.

Оваа идеологија има хегемониска премиса, истиснувајќи ги останатите идеологии, можеби за разлика од останатите идеологии, кај оваа идеологија степенот на илузија кај поддржувачите е најголем. Доктрината на ова идеологија, е дека функционалноста на општествата може да се постигне преку контролиран хаос. Анархистите никогаш не успеале да ја освојат власта, сеуште се на ниво на идеологија која мобилизира определени движења. Од аспект на односот на оваа идеологија со политичките партии, важно е да се нотира дека ова идеологија има ригиден став и кон партиите како политички организации.



Слика 16: Симбол на анархистите
Извор: //heritageanarchy.wordpress.com/home/anarchism-anarkismi/

### 3.2.7 Радикално десничарска идеологија

Во науката присутни се дилемите дали радикализмот кој често се поистоветува со национализмот и ултранационализмот е посебна идеологија или не, и дали тој може да се поврзе со една или со двете страни од политичкиот спектар. Многу теоретичари на оваа идеологија гледаат како на збир од повеќе радикализми, пример верскиот радикализам, конформистички радикализам, традиционалистички радикализам итн. Таа често се доживува како контраидеологија, во нејзиното дејствување има реактивни елементи испровоцирани од определени актуелни состојби во општеството. Друго поимање на оваа идеологија е како идеологија на нееднаквоста т.е. таа во голема мера се темели на расизмот, сексизмот, антисемитизмот и сл.

Радикално десничарската идеологија, која по одредени елементи е слична на комунистичката, говори во име на обичниот народ, меѓутоа се залага за непосредна демократија како глас на народот. Ја поистоветува државата со нацијата и креира анти-емигрантска политика. На миграциите ова идеологија гледа како на нешто што ги загрозува националните и културни белези на општеството. Затоа мобилизацијата на поддржувачите ја објаснува како мотив, да се одбрани општеството од туѓи вредности и култури. Секое девијантно поведение на мигрантите се инструментализира т.е. идеологизира во функција на оправдување на сопствената мисија. На глобализмот се гледа како на најголемо зло, кое го подрива националниот идентитет.

# 4. Елементи/аспекти на социолошко профилирање на политичките партии

## 4.1 Идентитет на политичките партии

Втемелувач на партиската идентификација се смета т.н. "Мичигенска школа”, која трга со ставот “голем број граѓани, на психолошка основа, себе се поистоветуваат со една или друга партија, притоа таа идентификација има предвидлив однос со нивните перцепции, проценки и делувања” (Campbell и др. 1960: 90). Всушност, партискиот идентитет се доживува како психолошка идентификација со партијата. Пример, партиските членови се партизирани, меѓу другото, затоа што се убедени во нивната партизираност. Ваквата психолошка убеденост е неопходна, и покрај тоа што гласаат како партизирани, размислуваат како партизирани, и формално се членови на партиите. Преференцијата во определувањето на партиската идентификација, во смисла дека нивната партија е подобра од останатите, не е доволна без самодефинирањето со таа идентификација.

Природата на идентитетот е дијалектичка, таа во исто време идентификува и разликува. Идентификацијата со определена група, не мора да подразбира и членување во таа група. Постојат различни форми и начини, преку кои се дефинира определена поврзаност или идентификација на поединец со група, но и обратно, групите со поединците. Во поглавјето типологија во социологијата, се наведени типовите на групи според идентификацијата. Идентификацијата со групите, или во конкретниот случај со политичките партии, претставува поседување позитивен став во релацијата поединец-група и обратно.

Со оглед на различната природа на групите, и различните критериуми за припадност кон истите, не постојат стриктно определени стандарди, кои ја дефинираат припадноста кон групите. Во основата на односот поединец-група стојат афинитетот и самокатегоризацијата. Припадноста на индивидуата во групата, без разлика на нејзината посебност во однос на другите, е од особено значење, кое оди до ниво да е гарант за нејзиниот опстој (Hantington, 1998: 42). Ваквите не до крај дефинирани стандарди, за членување во група, се од посебно значење за концепцијата на партиска идентификација, во различни политички системи. Иако партиите креираат определени официјални стандарди за членување, кодекси на однесување, праксата покажува определени девијации, кои се во спротивност со посочените стандарди. Овој проблем, посебно доаѓа до израз, со појавата на масовните партии, кај кои, освен што се проблематизира идентитетот, се проблематизираат и идентификаторите. Идентификацијата со политичките партии има повеќе форми, поседување определена симпатија од поединците кон партијата, од тука произлегува и дефиницијата симпатизери на политичка партија, понатаму поддржувачи на партиите, следи активни членови во партиите и носители на партиски позиции.

Партиската идентификација, подразбира корелација со политичките ставови на партијата. Овој однос е двосмерен, од една страна граѓаните се себе самоидентификуваат со политиките на партијата, од друга страна, партиите исто така се идентификуваат со погледите, уверувањата и вредностите на граѓаните, нивни поддржувачи или членови. Идеологијата претставува конститутивен елемент на партискиот идентитет, без разлика дали станува збор за интерен или екстерен (Luebbert, 1986: 53). Партиите своите доктрини и програми во функционирањето меѓу другото ги базираат на очекувањата и поддршката од граѓаните. На тој начин се одржува и јакне врската меѓу граѓаните и партиите. Партиската идентификација на граѓаните, не подразбира идентификација со сите политики на партијата. Таа многу често е во корелација со поединечни, или делумни области од интерес на партијата. Секако, не се исклучува, на определен процент на членови или поддржувачи, нивните уверувања или ставови, да се поклопуваат со сите погледи на партијата. Во тој контекст, многу често во науката, може да се сретне определување на партиската идентификација, како споделување на заеднички вредности, погледи и уверувања по однос на мнозинството прашања во партијата.

Освен што партиската идентификација може да биде поврзана со различни прашања, таа може да биде поврзана и со различни личности во партијата. Постојат примери кога определен број членови и поддржувачи на партијата се поврзуваат со лидерот на партијата, меѓутоа има и примери, каде што идентификацијата не се врзува со лидерот, туку со други влијателни членови на партијата. Партиската идентификација е променлива и од аспект на тајмингот кога таа се гради. Нејзиниот интензитет е флуктуирачки т.е. не е еднаков еднаш засекогаш, подложен е на временска детерминираност. Доказ за ова се реализираните анкети за испитување на довербата на граѓаните во партиите во Македонија. Имено, на самиот почеток од плурализмот, во период на голема политизираност на општеството, процентот на неопределен гласачи е помал од денес. Како спласнуваше почетната еуфорија, растеше демократскиот капацитет на граѓаните, се зголемуваше процентот на неопределени гласачи, што имплицира намалена партиска идентификација. Иако во посочениот пример постои определена корелација помеѓу изборното однесување и партискиот идентитет, во политичката социологија се прави јасна дистинкција помеѓу овие два поими. Партискиот идентитет е автономен од изборното однесување, често се случува граѓани со изградена политичка определба или идентитет да не гласаат за својата партија.

Партискиот идентитет подразбира и континуитет, ова е типично за определен процент на гласачи кои доминантно, или во континуитет се определуваат против власта. Промената на власта, во вакви случаи значи и промена на партиската идентификација, задржувајќи го континуитетот најчесто да се гласа опозициски или про-естаблишмент во земјата. Покрај партиската идентификација во пракса често се среќава клиентелизмот во политиката, како вид на политичка  определба која се поврзува доминантно или исклучиво со владејачката номенклатура. Постојат и обратни примери, каде што граѓаните споделуваат едни исти погледи и уверувања во различни политички контексти, при што постојат примери на промена на партиската идентификација (Sartori,1976: 332). Постојат научни истражувања кои го мереле интензитетот на партиската идентификација во меѓу изборен период, и за време на  избори. Резултатите се експлицитни, дека постои разлика во интензитетот во корист на изборниот период, кога се случува изборната кампања политичката идентификација е поголема, по завршувањето на изборите таа опаѓа. Постои корелација помеѓу политичката поларизираност и партиската идентификација т.е. колку во општествата доминираат политички теми, кои креираат определени политички и социјални расцепи, толку партиската идентификација е се поинтензивна (Beyme, 2005: 37-39).

Кадровскиот состав и програмскиот идентитет, имаат најголемо влијание на профилирањето на партискиот идентитет. Првото подрачје, во кое се креира партискиот идентитет, е во рамки на партијата внатре, во својата структура, која ја сочинуваат членовите организирани во систем или структура на партијата. Кадровската структура во партиите влијае на јавната перцепција т.е. на градење став кон партијата кај останати граѓани, посебно во мали земји како што е нашата, каде се познаваат луѓето помеѓу себе, ги знаат профилите на луѓето. Вториот сегмент излегува од границите на партијата и се однесува на просторот

кој ги опфаќа симпатизерите на партијата и нејзините поддржувачи, неопределените граѓани и конкурентските политички структури. Со еден збор ова е подрачјето, се што е надвор од границите на внатрепартиската структура. Структурата надвор од партијата има независен и покритичен однос кон профилирањето на партискиот идентитет, кој секако е заеднички содржател од кадровскиот, програмскиот профил како и од политичкото дејствување на партиите.

Делот на внатрепартиско определување на идентитетот, претставува збир од идентитети или профили на членовите на партијата, начинот на креирање политики и дејствување во рамки на партијата. Персоналниот идентитет на партијата, го претставува профилот на мнозинството членови, партиските функционери, особено идентитетот на лидерот на партијата. Во определени фази, од идентификација на политичките партии, посебно во периодот кога недоволно бил дефиниран идеолошко-програмскиот идентитет, партиите се препознавале главно преку нивните членови, преку нивните статусни, професионални и социјални карактеристики. Поистоветувањето на поединците со слична статусна или класна положба, е еден од мобилизаторските фактори за активизам или поддршка на политичките партии. Поврзано со персоналната детерминација или идентитетот на партиите е т.н. социјална втемеленост на партиите. Социјалната втемеленост на партиите претставува идентификација на партиите, креиран на основа на социјалните карактеристики на нејзините членови и гласачи. Социјалните расцепи кои се присутни во општеството, исто така влијаат на утврдувањето на партискиот идентитет, согласно нивната природа.

Програмскиот идентитет на партиите, ги опфаќа доктрините и програмите усвоени при нејзиното формирање, како и програмските платформи и манифестации со кои настапуваат на изборите. Во оваа смисла, Владимир Гоати акцентот на определувањето на партискиот идентитет го става на партиската програма. Тој за партиските програми зборува, дека го определуваат дејствувањето на партијата во политичкото поле, дефинирајќи ја нејзината позиција во даден политички простор, преку кој се гради дистинкцијата во однос на другите политички партии (Гоати 2005: 8). Со оглед дека доктрините и програмите претставуваат ставови и верувања на партиите, за општествената реалност и проектирана иднина, во определени теории, на овој идентитет се гледа како на идеолошки идентитет на политичките партии. Идеолошкиот идентитет на партиите, се поклопува со општата идеолошка поделба во политичкиот спектар на левица, центар и десница. Аналогно на ова партиите својот идентитет го определуваат како дел од левицата, центарот или десницата. (Cerutti, 2006: 218)

Определувањето на идентитетот на политичките партии од програмско-идеолошки аспект, во поново време отвара нови предизвици. Предизвиците се однесуваат на амбивалентноста помеѓу идентификација т.е. како себе си се доживуваат членовите и поддржувачите на партиите и каква е јавната перцепција за нив. Субјективноста е секогаш присутна во самоевалуацијата на партиските чинители, која споредена со јавната

перцепција ги дефинира разликите помеѓу нив. Многу често политичките партии мотивирани од интересот за легитимација на нивните политики, дивергираат од идеолошките норми, типични за декларираната идеолошка ориентација. Ваквата програмска контроверзност, дополнително се проблематизира со неконзистентноста помеѓу програмите и политичкото дејствување т.е. имплементација на конкретни мерки и политики во државата. Оваа конфузија и недоследност може да делува негативно да предизвика апатичност во определувањето на поддршката за нив и секако буди интерес за науката да го идентификува и интерпретира. Оваа состојба го сочинува предизвикот за идентификувањето на партиите, и оди на линија на новите т.н. catch all партии кај кои влијанието на кадровскиот и програмскиот профил е второстепен, акцентот е ставен на омасовување на поддршката. Слична е состојбата и кај популистички партии, кои што го надминуваат определувањето на идентитетот погоре опишан, тие настојуваат да ги надминат рамките на партијата и да придобијат форма на општествено движење. Двата типа на партии (catch all и популистичките) градат идентитет, базиран на прагма, главно во насока на придобивање поддршка по секоја цел. Без разлика што станува збор за специфичен профил на партии и тие се подложни на идентитетско определување. Нивната појавност е научно верифицирана, а со тоа и нивната идентитетска реалност (Schworer, 2021).

Поврзано со состојбите внатре во партијата, е нејзиното дејствување во насока на имплементација на програмите. Профилот на владеење или опозициско однесување има свое влијание на определувањето на партискиот идентитет. Овој дел од научен аспект, претставува определен меѓу простор, кој го поврзува внатрепартиското со она што е надвор од рамките на партијата. Сегментот на фактори, кои го определуваат партискиот идентитет надвор од структурите на партијата, ги претставуваат јавната перцепција или јавното мнение за профилот на политичката партија. Од аспект на политичко дејствување партиите, можат да се креираат повеќе идентитети, како што се системски, антисистемски, реформаторски, узурпаторски итн. Овие партиски идентитети се профил на партиско дејствување во зависност од односот на партијата кон постојниот систем, нивната подготвеност да ги менуваат состојбите во општеството како и за нивниот демократски капацитет кога се власт. Идентитет или профил со кој најмногу партиите манипулираат во последно време е реформаторството, затоа подолу за него се посветува поголемо внимание за разлика од останатите.

Масовна појава денес е сите политички партии кога ја преземаат власта или претходно во изборните кампањи да се идентификуваат како реформски. Веројатно водени од сознанијата за интересот и потребата во јавноста за промени. Односот на јавноста во принцип е константно позитивен кон терминот реформа. Иако во суштина определена реформа не мора да значи дека ќе ги подобри состојбите, но жедта за промени секој пат е присутна. Реформаторскиот идентитет, партиите го стекнуваат со нивната подготвеност за темелни промени во општеството, особено во кризни или преломни периоди. Овој профил на политички партии, својот идентитет го демонстрираат, на начин што своите идеи,

уверувања и кадровски потенцијал, го ставаат во служба на државата, се водат од општиот или колективниот интерес. Природата на реформите, најчесто изискува потреба од резови, кои можат да бидат непопуларни и да носат револт кај електоратот. Во тој контекст со цел да се нивелира потенцијалниот револт, партиите понекогаш превентивно за себе градат идентитет како реформаторски, алудирајќи на разбирање и поддршка за нивните политики. Многу почесто се работи за придобивање поддршка отколку разбирање, бидејќи помеѓу реформата и непопуларноста од една страна и комодитетот во владеење од друга страна, партиите најчесто го избираат второто. Ова е моментот кога започнува манипулацијата со реформскиот идентитет. Стекнувањето на реформаторски идентитет, не базира на тоа како партиите сами себе се опишуваат, тој идентитет има своја реална вредност ако е верификуван во перцепцијата на јавноста.

Денес глобализацијата како феномен кој менува, иновира, реактивира, хомогенизира има свое влијание во идентификација на политичките партии. Таа предизвикува т.н. културализација на идентитетот, која претставува фундаментален модел на определување на посебноста. Таа креира состојба на ретрадиционализација и рекултивација на социјален, економски и политички план, што влијае на политичкиот идентитет. Идентитет на нациите и народите трпи промени, што неминовно се одразува и на партиските идентитет, сите денес зборуваме за “новото нормално”. Се поголемата диверзификацијата на личните вредности, уверувања, ставови и сл. кај граѓаните влијае девастирачки на партиската идентификација каква ја познава досега човештвото. Влијанието можеби најмногу се одразува на доследноста како елемент на идентитетот, базирано на новите потреби и брзи промени. Постмодернистичкиот дискурс, упатува на криза на идентитетот, алудирајќи на атрофијата на социјално-економските и идеолошки темели на колективната идентификација. Ова оди во корелација со плуралниот и повеќедимензионален идентитет (Бауман, 1996).

## 4.2 Политичките партии и идеологиите

Политичкиот натпревар помеѓу партиите денес, во плурални прилики, ја наметнува потребата нивните доктрини и програми да се прилагодат, да привлечат што е можно поголем број поддржувачи. Привлекувањето на поддршка од граѓаните, е клучен фактор, со кој партиите ја движат т.е. легитимираат нивната политика, која може да биде во насока на зачувување определен статус, или во насока на предизвикување промени (Mannheim, 1978: 6). Слично на оваа типологизација, се однесувањата на партиите во зависност во каква позиција се наоѓаат дали се власт или опозиција. Владејачките партии стремат да задржат статус-кво состојба, додека опозицијата ја води желбата за промена.

Постојат повеќе начини, како партиите ги постигнуваат целите, еден од нив е преку интернализација на партиските вредности, кое се реализира најлесно преку процесот на социјализација. Ова се т.н. системски аспекти на идеологијата, таа е присутна и на

бихевиорално ниво т.е. на ниво на индивидуални уверувања. Без разлика што партиите се колективни органи, тие се сочинети од граѓани со сопствени уверувања или идеали, важен аспект за секоја партија е индивидуалната мотивација на нејзините членови и поддржувачи. Со еден збор идеологиите претставуваат spiritus movens на партиите, го претставуваат најмоќно оружје во рацете на партиите. Во политичката компетиција тие се мотори на политичкиот живот (Burdeau, 1965:66).

Политичката идеологија во партиите, претставува врзивно ткиво, со чија помош внатре во партијата се одржува кохезијата, надвор од неа се пласираат пораките, со цел придобивање нова поддршка. На единството внатре во партиите, влијае и интензитетот со кој членовите го прифаќаат идеолошкото определување. Внатрепартиското единство, не мора да биде идеолошки униформно, постојат примери на определено идеолошко разидување во рамки на партијата, кое може да резултира со појава на фракции во рамки на партиите или нивен расцеп. Програмите и доктрините на партиите се дел од идеолошката матрица на партиите, разликата е во тоа што програмите претставуваат конкретизација на идеологијата која е апстрактна. Програмите ги содржат мерките и механизмите, со кој партиите ќе ја операционализираат идеологија, во насока на реализација на партиските цели и интереси.

Придобивката на денешницата, како што се масовните медиуми, дополнително ја усовршува комуникацијата на партиите со електоратот. Блиската комуникација на партиите и граѓаните допринесува да се осознаат и нај фрагментираните интереси на гласачите, што битно влијае на креирање на програмите на партиите. Паралелно со тоа, денес идеологиите се секаде околу граѓаните, тие стануваат секојдневие, во кое не може да се направи дистинкција помеѓу она што е идеолошко и она што не е, иако денес постојат теории за т.н. деидеологизација. Денес се наметнува логично прашањето, ако идеологиите претставуваат некаков идентитет, дали сеуште може да се зборува за конзистентност, диференцијација или се релативизира посебноста. Или посебноста за разлика од претходно е со пократок здив, соочена со брзите промени во општествата кои имаат директни импликации на елементите кои го определуваат партискиот идентитет. Ако останува фактот дека единствена константа во општеството се промените, логичен е заклучокот дека тие ќе имаат ефект на партискиот идентитет, кој секако дека не може да исчезне, барем не до период до кој е можна предвидливост, но дека ќе трпи промени повеќе од јасно е.




Слика 17: Идеологија
Извор: https://www.istockphoto.com/photos/political-ideology?servicecontext=srp-relate

Дури и во периодот на 19 век, кога идеологиите биле “во полн сјај”, се наметнувала дилемата околу нивната етаблираност, особено од аспект на довербата на граѓаните во нив. Таа недоверба денес е мултиплицирана, се чувствува некаква форма на изживеаност на идеолошките разлики, во име на приоритетите, зад кои стои висок степен на општествен консензус. Се поголемата фрагментација, на индивидуалните интереси и ориентации, слабеењето на моќта на националните држави, мешањето на различни култури како производ на масовните миграции, глобализацијата и др. ја креираат современоста во која класичните идеологии го губат приматот и немаат соодветен одговор на новите предизвици. Предизвици надополнети со воени конфликти, економски кризи, технолошки скокови, пандемии, нов мултиполарен свет со дијаметрално различни состојби и интереси. Природен траг на ваквата состојба со идеологиите може да биде деидеологизацијата и етаблирање на новата парадигма “слободниот пазар” (Derrida, 2004: 65). Општествата особено оние кои транзитирале од социјализмот или комунизмот т.е. излегле од силна идеолошка контаминација, денес имаат потреба од определена деидеологизација. На тој начин се доживуваат желбите и обидите за деидеологизација на образованието како сегмент на социјализација на идните генерации.

Многумина сметаат дека живееме во време кога државниот суверенитет е неразделен од меѓународните институции, територијалните и политичките граници се предмет на пролиферација на надворешни влијанија, интегритетот на претставничката тела и народниот суверенитет е дискутабилен (McGrew, 1997:12). Популизмот својата моќ ја црпи од се поголемата недоверба кон идеологиите и партиите. Се отвораат нови прашања за претставничката демократија, со појавата на т.н. ад-хок движења, кои немаат класичен идеолошки предзнак. Сето ова допринесува за намалување на моќта на идеологиите.

Гледано во регионални или национални рамки, отсуството на подолга историја на партиско дејствување, малиот континуитет на идеолошко профилирање на партиите, допринесува за пролиферација на нови популистички влијанија. Овие влијанија дивергираат во различни правци, имајќи го предвид хетерогеноста на општествата и

различните интереси на граѓаните. Слабее класичната политичка определба, која има своја социјална, идеолошка и друга детермнираност, а јакне клиентелизмот, како форма на дејствување за реализација на интересите. Присуството на национализмот, во мера која не треба да се потцени, исто така влијае на специфичен однос на партиите со идеологијата во смисла на релативизирање на идеолошките белези наспроти етничките.

Денес, современите политички партии, своето битисување го реализираат во рамки на плуралната демократија, која креира специфични услови за нивен евентуален успех. Нивниот идеолошки предзнак, политички доктрини и програми, главно се насочени во придобивање на довербата од гласачите (Downs, 1957:25). Станува збор за т.н. трговски однос на партиите во политиката, каде идеологијата се "пакува и продава" за освоен глас во изборите. Во тој контекст, уште при креирањето на името на партиите, се детерминира нивната идеолошка одредница и фокус на дејствување.

Нов предизвик за науката, е колку денешните политички партии имаат јасна идеолошка матрица споредено со пред 40 и повеќе години. Особено за општества како македонското, кое ја живее четвртата декада од транзитирањето од социјалистичко и еднопартиско во демократско и плуралистичко општество. Социјализмот како идеологија, претходно бил со интенција за креирање единствен идентитет т.е. сите граѓани биле работници со социјалистичко убедување, со нов национален идентитет Југословени, во што не успеал, граѓаните ја задржале својата национална припадност. Денес тој единствен идентитет е поларизиран по повеќе основи политичка, етничка, социјална итн. што имплицира драстична промена на односот на идеологиите и партиите.

Од аспект на глобализацијата и процесите што таа ги носи со себе, интеграција на партиите во европските идеолошки семејства и сл. забележани се нови состојби и на овој план. Имено, партиите од Македонија со своето основање и декларирање на својата политичка идеологија го започнаа интегрирањето со сестринските партии од Европа. Таа интеграција беше во корелација со интеграција на државата во рамки на европските институции. Процесот на соработка трае, желбата за интеграција сеуште се помага од сестринските партии и нивни блиски организации. Таа соработка освен на организациско ниво, важен акцент става на идеолошкото профилирање.

Повеќе организации се присутни во земјава, но со свои активности доминираат НДИ (NDI) од Америка, Конрад Аденауер и Фридрих Еберт од Германија. Промените во семејството на европската десница, меѓу другото детерминирани од идеолошката поделбата во рамки на Европската народна партија, допринесоа за формирање на нови субјекти во рамките на десницата. Тоа има свое влијание и во регионот и Македонија, преку блиските релации на Унгарската владејачка партија Фидез, со владејачката партијата кај нас ВМРО ДПМНЕ. Општ впечаток е дека за разлика од десницата, состојбите кај европските социјалисти или социјалистичката интернационала се постабилни, т.е. не се евидентирани посериозни поделби по идеолошка основа.

Сумарно, односот на политичките партии со политичките идеологии, има своја динамика која со себе носи определени промени и нови форми. Или како ќе каже Ендрју Винсент (Andrew Vincent) "ние идеологиите ги проверуваме како сопатници, не како неутрални набљудувачи" (Vincent, 1995:20). Останува дилемата, дали е дојден крајот на идеологиите или либерализмот како идеологија е последен (Bell vs Fukuyama). Или ако не станува збор за крај на идеологиите, дали може да се констатира определен замор од идеологиите, благодарение на унифицираниот начин на живот во кој доминира стремежот за материјална благосостојба, надополнет со силна технолошка и комуникациска глобализација, која го намалува значењето на идеолошката парадигма. Предизвик е новиот популизам, кој во одредени теории веќе се поима како идеологија, во други како хибрид од идеологии. Јакнењето на довербата во крајната десница во Европа, меѓу другото како одговор на миграциските движења и загрозување на традиционалните култури, се новиот предизвик на Европа, кој секако има идеолошка компонента.

### 4.3 Партиите како организирана структура

Со оглед дека политичките партии во основната социолошка категоризација на видови на групи, спаѓаат во т.н. формални групи, тоа подразбира дека тие се одликуваат со изградена структура и хиерархија, дејствување во име на определена цел, поседување идентитет во однос на другите итн. На линија на претходното, е дефинирањето на организацијата од страна Вебер дека "организација треба да се нарече трајно дејствување во име на некоја цел, а организирана група претставува збир со управен апарат кој трајно дејствува во име на некоја цел" (Weber, 1976 прв том: 36). Комплексноста на организационата структура зависи од големината на партиите. Големите политички партии, во својата организација опфаќаат повеќе нивоа на организирање, со посебни улоги, задачи и идентитет во дејствувањето. Овие нивоа или степени на организирање поаѓаат од локално и се шират до централно ниво.

Слично на ваквата интерпретација е тезата на Диверже дека, "партијата не е заедница, туку збир на заедници, унија на мали групи, распространети ширум земјата кои се институционално поврзани и координирани" (Duverger, 1954: 17). За разлика од нив, помалите политички партии исто така структуираат определена организација, нивната комплексност, за разлика од големите партии е помала, меѓутоа истражувањата покажуваат дека внатрепартиската кохезија и компактност за разлика од поголемите организации е посилна.

Без разлика на механизмите или ресурсите на кои се потпираат партиите во нивното дејствување како што се медиумите, социјалните мрежи, финансиската моќ итн. Организационата структура на партиите, претставува клучниот и најмоќниот фактор во нивното дејствување. Партиите како организирана структура се предмет на анализа на

науката. Повеќе автори од политичката социологија се имаат вградено во теоријата за организација на партиите, како што се Диверже, Михелс, Панебјанко, Епштајн и други. За социологијата, поврзано со организацијата на партиите, важен е односот на организацијата на партијата со поседување определени ресурси, организациската форма ја одразува понудата на ресурси (Ware, 1996: 94).

Без оглед на бројните референтни теории за структурата и организацијата на партиите, вклучувајќи ги и најновите, сите теории инклинираат околу анализите на организациската структура на таканаречената "масовна партија" како модел. Партиските организации се профилираат, доминантно врз основа на нивната релација со останатиот дел од општеството, а организациската сила на партијата, се поистоветува со бројноста на членството, неговата структуираност и одговорност. Теоријата денес, се повеќе го прифаќа фактот дека масовната партија, не е само модел од претходно, туку останува модел и за иднината. Во тој контекст, внатрепартиската демократија е условена од организацијата, како механизам за одлучување и креирање политики. Начинот како се донесуваат одлуките, односот и влијанијата помеѓу различните нивоа на организирање во партијата, степенот на демократичност во рамки на партијата, концентрацијата на моќ во органите на партијата, ја креира сликата за т.н. партиска бирократија (Katz и Mair, 1995: 4).

Партиската организација во голема мера е дефинирана од изборниот модел т.е. од формалниот начин како се организирани изборите во земјата. Во оваа смисла, во определени земји постои целосно преклопување на организацијата на изборите со партискиот органограм. Државата, својата организациска структура за изборите нормативно ја уредува, слично на неа, партиите најчесто во својот Статут, кој се доживува како партиски устав, ја определуваат и разгрануваат својата организациска структура. Ваквата организираност на партиите, им помага полесно да делуваат во ситуација на локални или централни избори. Од социолошки аспект органограмот не претставува симплифициран шематски приказ, туку тој упатува на "развивање латентни структури, длабоки и делумно различни, чие истражување и анализа го прават едно од суштинските подрачја во социологија на организацијата" (Duverger, 1973: 242). Организациската структура на партиите во минатото и денес ја креира таканаречената пирамидална структура во која во долниот и најширок дел е членството, а на врвот е лидерот. Помеѓу членството и лидерот постојат определени нивоа на организирање, повторно во корелација со организирање на државата.

Најмасовниот дел од организација на партијата претставува *членството*. Како агрегатен поим тоа претставува збир на поединци. Како квалитативен поим тоа значи активност од зачленување во партијата кое што започнува преку потполнување на партиска пристапница, жаргонски кажано се поседува партиска книшка, продолжува со вклученост во разни партиски активности. Членството го претставува јадрото во организирањето на партијата, и нејзин гарант за опстој. Неговата бројност е показател за степенот на партизација на општеството или на пенетрација на политичките партии во граѓанството. Со други зборови тоа го покажува степенот на политизација на општеството, политичка поларизација и сл.

Членството во партиите, од нивниот настанок до денес, има претрпено бројни промени. Од речиси неважно, во фаза на постоење на таканаречените елитни партии во деветнаесеттиот век, членството на партиите транзитирало во главен фактор во организацијата и дејствувањето, во партиите во дваесеттиот и почетокот на дваесет и првиот век. Денес најновата состојба, укажува на повторно опаѓање на неговата важност во рамките на партијата. Особено со појавата на социјалните мрежи кои во определен дел од партиското дејствување го супституираат членството.

Во период кога членството има клучна улога во организацијата на партијата, тоа се смета за базичен орган на партијата, од кого произлегува буквално се, како што се легитимитет и контрола на останатите органи на партијата. Претставува база за креирање на политиките на партијата, ресурс за пропаганда и мобилизација на партијата итн. Членството, посебно кај левите партии, својот политички ангажман го дополнува со соработка со синдикатите, работниците, факт кој алудира на повисок степен на организираност (Beyme, 2002: 97). Посебно пред појавата на масовните медиуми, членството ја имало улогата на дистрибуција на партиските пораки, претставувало механизам за комуникација со останатиот дел од јавноста. Многу важна улога има членството во финансирање на партиите, преку собирање членарина или донации. Членството на партијата е организирано во различни нивоа и степени на организирање во партијата, преку кои го реализира својот активизам. Во различни земји, постојат различни статуси на членство во партиите, воглавно постои дистинкција помеѓу активно и пасивно членство или (ancillary members) или (affiliate members).

Прво ниво, или основна и најмала клетка на партиското организирање, е „изборното место“, во претходниот систем се среќава под назив „основна организација на здружен труд“ или „месни организации“. Тое е местото во кое граѓанинот живее и го остварува своето гласачко право. Уште подалеку во времето на историското ВМРО овие организации можеле да се сретнат под името „келија“ или „тројка“. Тоа најчесто претставува дел од населба или град, дел од поголемо село, помало село, неколку улици, или сл. Во принцип, големината на овие органи просторно е детерминирана од можноста да се организира гласање на населението во еден ден. Поради елементарната важност на изборните места за профилирање на политичките партии, во овој научен труд се прави анализа на типични изборни места, кај што партиите имаат континуирана поддршка, ќе се утврди социјалната втемеленост на политичките партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Второ ниво, гледано кон врвот, претставува организирање на ниво на општина или град. Големината на општинската или градската организација дивергира во зависност од големината на општината или градот. Кај градовите кои се составени од општини, ова ниво е двослојно, општинско ниво и градско ниво. Асоцијација за терминот партиски огранок се првите две нивоа на организирање, месната и општинската организација. Тие за членовите претставува еден вид social club, кај што членовите на партијата се среќаваат, дружат, разговараат на разни теми (Scarrow, 2000: 84). Третото и поголемо ниво кое следи, е организирање на ниво на регион, покраина, област

или изборна единица. Големината на ова нивно на организирање повторно зависи од политичкиот систем т.е. од организирање на државата со нејзиниот изборниот систем.

Следното, четврто ниво е централно ниво или организирање на ниво на држава. Во период помеѓу конгреси, ова ниво се смета за централно т.е. со најголема моќ и легитимитет, овој орган се преклопува со државните граници. Називите на централните органи на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ се разликуваат, кај првите е Централен комитет, кај вторите Централен одбор. Петтото ниво ги претставува раководствата на партијата или извршните органи. Ова ниво на организирање ја има т.н. извршна власт или споредно со централното тело, има поголема оперативност поради помалиот број на членови. Кај некои партии, особено во опозиција, ова тело може да се сретне и со назив “влада во сенка”, неговата структуираност е аналогна на ресорна организација. Овие органи, на централните, предлагаат политики за усвојување од програмски и персонален аспект. Најчесто поврзани со ова ниво на организирање, се партиските комисии, кои се структуираа по области, така се и персонално екипирани, со кадри од соодветната област, заедно со извршните тела дополнително го утврдуваат профилот на партиска влада.




Слика 18: Пирамидална структура на политичка партија

На шестото ниво се наоѓа самиот лидер на партијата, тој претставува многу важен орган на партијата, со оглед на неговата улога при формирањето на идентитетот на партија, формалните надлежности да ја претставува партијата, да предлага разни решенија на извршните, преку нив на централните органи на партијата. Во социолошките и политолошките науки, посебно место заземат анализите на профилот на лидерство, дали постојат елементи за олигархиско владеење, кај што моќта на одлучување се алоцира во извршните органи на партијата и лидерот, или уште повеќе, се концентрира моќта на одлучување во претседателот на партијата т.е. се јавува т.н. президенцијализација на партијата. Последното, (седмо) ниво на организирање на партиите се смета за највисоко,

тоа е Конгресот. Конгресот ја има улогата за избор на Претседател на партија, таму кај што нема поинаков модел на избор на претседател на партија, од страна на членството т.е. непосреден избор. Посредниот или делегатски систем на избор на Претседател на партијата, централните органи, или други форми на организирање, усвојувањето на доктрините и програмите за дејствување на партијата, го прави Конгресот исклучително важен орган на партијата. Социолошкото профилирање на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ опфаќа анализа на целокупното функционирање на партиите, целокупната партиска структура, од најниското ниво месните организации до највисокиот орган на партиите Конгресот.

Посебни органи на партијата, претставуваат пратеничката група и градоначалниците од редовите на партијата. Овие два органи не можат хиерархиски да се позиционираат на кое ниво би биле, најчесто тие комуницираат со извршните и централните тела на партиите. Согласно своето место и улога во политичкиот систем и нивните надлежности, тие ја реализираат партиската политика и легитимитетот добиен на изборите. Најчесто постои одговорна личност за координирање на овие два органи во собранието т.е. во единицата на локалните самоуправи. Пратеничката група и градоначалниците се дел од големата партиска машинерија, заедно со владите (на нив не се гледа како на партиски орган), се институциите преку кои политичките партии ги реализираат своите политики. Институции кои имаат свое влијание на идентитетот или профилот на партијата. Со оглед дека овие институции го преклопуваат своето влијание во партијата и државата, демократското поимање на власта подразбира дистинкција помеѓу партијата и државата. Предизвик, на кој одредени земји не го положиле својот тест, во процесот на владеење се поистоветиле партијата со државата, и се манипулираат демократските вредности.



Слика 19: Партиски механизам или машинерија
Извор: https://www.shutterstock.com/search/3d-people-sign

До сега опишаната структура на партиите претставува т.н. вертикална структура. Структурата по хоризонтала ги сочинува различните организации и форуми, на еден начин специјализирани за организирање на членовите по определени карактеристики како што се пол, возраст, специфична идеолошка димензија, стручна и научна експертиза и сл. Станува збор за организации на младите, организации на жените, организации на највозрасната популација ветераните или пензионерите, понатака органи во кои се мобилизираат

интелектуалците, различни советодавни тимови, патриотски институти, партиско истражувачки аналитички центри и сл. Дел од овие органи на партијата имаат своја се хиерархиска организација, од централно до локално ниво, се до ниво на месни организации. Нивната важност во рамки на партиите е голема, денес партиите не би можеле да се замислат без нивниот придонес. Секој орган во зависност од неговата специфика ја мобилизира и организира специфична категорија граѓани. Понатака креира програмски решенија кои се однесуваат на односната категорија граѓани, кои се составен дел на партиската програма. Во насока на реализација на нивната мисија, организираат различни активности и настани, со интенција за нивна поголема видливост со тоа и поголема мобилизирачка моќ кај граѓаните.

### 4.4 Внатрепартиски систем на дејствување

Комплексноста на политичките партии како организирани структури е специфична, нејзиното опстојување се потпира на "два света" или реалности, тоа се внатрепартискиот "живот" и односот со останатиот дел од јавноста. Со оглед дека тие се клучниот фактор на политичкото организирање на граѓаните, тоа подразбира влијание на различни интереси, статуси, афилијации итн. Затоа голем предизвик е да се опфатат сите детали, од она што се нарекува систем на внатрепартиско дејствување. Во оваа прилика во кратки црти фокусот ќе се стави на елементи од системот на дејствување на партиите кои имаат поголема валидност за нивно социолошко профилирање.

#### 4.4.1 Внатрепартиска демократија, бирократија и централизам

Современите политички партии, функционирајќи во услови на демократија, демократски начела и принципи, претставуваат императив во рамки на нивната организација. Демократскиот начин на креирање политики подразбира политики и начин на дејствување детерминиран од членството или базата на партијата. Ако во државата, демократијата значи владеење на народот, во партиите демократијата значи владеење на членството или жаргонски кажано базата. Во претходниот наслов беше елаборирана партиската структура и организација, која низ призмата на внатрепартиската демократија, се доживува како внатрепартиска мрежа на органи и тела или таканаречени партиски институции. Сложената организација во партиите, подразбира постоење на партиска бирократија, имајќи ја во предвид нејзината пирамидална поставеност, најчесто инклинира кон централизам.

Партиските органи и тела, како внатрепартиски институции, претставуваат канали на комуницирање и креирање политики. Правецот како одат идеите, или утврдувањето на

ставовите и политиките во партијата, дали од базата кон врвот или обратно, авторитетот и моќта на органите на партијата, го прави социолошкиот профил на партијата, како демократска или не, централизирана или децентрализирана. Демократскиот начин на креирање политики, подразбира предлозите и идеите да тргнуваат од базата, и преку останатите партиски органи тие да доживеат своја верификација. Патот на предлозите и идеите, од базата до раководството, или обратно, вклучуваат ангажман на многу органи на партијата, уште повеќе луѓе, го сочинуваат бирократскиот апарат на партијата. Слично како во државата и во партиите, односот помеѓу елитата и масата, го конфигурира степенот на демократија, како и механизмите и влијанијата при одлучувањето. Партиската бирократија, претставува најголем непријател на индивидуалната слобода, и чесното и рационално внатрепартиско политичко уверување. Бирократскиот дух во партиите креира преварантско уверување, лактање, безобзирно напредување во хиерархија, заповеднички однос кон подредените, а понизно улизување кон претпоставените.

Монолитноста на партиите, или нивниот униформен карактер, се една од најчестите тенденции во рамките на партиите, појави многу лесни за манипулација т.е. за ограничување на внатрепартиската демократија. Многу често, на различните размислувања, во рамки на партијата, се лепи анатемата дека тоа ја загрозува внатрепартиската кохезија и единство. Ваквото поимање и однос кон слободата на размислувањето и дејствувањето, во рамки на партијата, го креира и јакне централизмот како механизам на дејствување. Централизмот подразбира, концентрација на моќта на одлучување во повисоките органи во партијата, особено лидерот. Концентрација на неограничена моќ во лидерот на партијата во современата наука се дефинира како **президенцијализација на партијата**. Ова е појава кога политичките партии се соочуваат со криза на легитимноста, како резултат на ерозија на нивните традиционални општествени потреби, слабеење на влијанието кај бирачите, атрофија на партиската структура и демократски принципи на креирање политики, во рамки на партијата. Во ваква состојба, партиските лидери преземаат иницијатива за директна комуникација со своите членови, но и со пошироките избирачко тело.

Антипод на поимот централизација, како концентрација на влијанијата во највисоките органи на партијата е децентрализацијата т.е. таканаречено спуштање на нивото на одлучување на базата т.е. членството на партијата. Борбата помеѓу процесите на централизација и децентрализација во партиите е присутна од нивното формирање до денес. Таа борба се доживува, како борба помеѓу партиската олигархија и партиското членство. Интензитетот на случувањата на општествено-политички план, условува определена брзина во креирањето на ставовите и политиките на партијата, факт кој не оди во прилог на одлучување на членството. Често во партиите во име на навремено донесување одлуки одлучува определено малцинство. Без разлика што одлуките се во име на партијата, истите можат да бидат и иницирани и лобирани од шака членови.

Пораките дека на раководството на партиите и е важно мислењето на базата, се сметаат само за тактика во владеењето во партијата, имајќи ја во предвид елитистичката теза за

природата на човекот т.е. потребата едни да владеат а други да бидат владеани. Особено порано, во време кога не биле развиени комуникациите, консултацијата на членството била отежната. Со оглед дека големите партиски собири зависат од присуство на определен авторитет или говорник, во пракса е тешко изводливо мобилизирањето на базата или мнозинството од нив, и одлуките пак се сведуваат на определен број на луѓе. Бидејќи постои само изборно право, во најголемиот дел од земјите не постои изборна обврска, со исклучок на некои кај што е обврска, вистинска мобилизација на членството и демократско управување со партиите е речиси невозможно. Незаинтересираноста на членството, дополнително остава простор на олигархијата во партијата за апсолутно владеење.

Современиот клиентелизам, како една од филозофиите во партискиот активизам, е на линија со постарите психо-социјални теории, за потребата на масата да биде водена, како и мотивот за реализација на личните интереси. Во тој контекст, денешното време креира таканаречени професионални лидери и раководства, кој својот профил на дејствување го темелат на малиот интерес на членството за учество во партиските политики, и на злоупотреба на демократските принципи, во име на ефикасноста и монолитноста. Критичкото размислување во партиите, само декларативно се доживува како квалитет во партиите. Неговото место, се повеќе го зазема благодарноста на членството кон партиската олигархија. Политичката определба, меѓу другото, базира на уверувања до ниво на обожување и фанатизам, што дополнително го намалува демократскиот капацитет на базата. Лидерите на партиите се доживуваат како месии, кои беспоговорно треба да се следат, поддржуваат и величат.

### 4.4.2 Современите демократски партии како милитантни структури

Неретко, современите политички партии, се доживуваат како борбени организации, на што алудираат единството во управувањето, хиерархијата и дисциплината. Нејзиното дејствување подразбира, примена на определена тактиката како да се „освои" определен простор или гласачи. Успехот на партијата, меѓу другото се темели на нејзината „убоитост" или мобилизирачка моќ. Цврстата хиерархиска организација, и малата политичка флексибилност наликуваат на воените формации. *Цезаризмот* како феномен во политиката, кој е асоцијација за брзо и точно извршување на командите, е присутен во политичките партии, без разлика на нивната идеолошка матрица. Верноста на членството на партиските водства, и слепо извршување на партиските насоки или задачи, ја креира сликата како се обезбедува внатрешната кохезија и субординација. Сличноста на партијата со воените организации, е присутна и во најтривијалните изрази или жаргони кои се среќаваат во касарните и во партиите, како на пример „нашите" или „непријателот", "неосвоив бастион" „црвени" или „плави", (армиите организираат вежби со идентитети базирани на определена

боја). Односот на партиите, кон другите партии, исто така на површина ги исфрла милитантните карактеристики на партиите.

Речиси и да не постои партија, кај која определени поединци од повисоките ешалони, на власта не гледаат како на нешто наследно. Тоа се поединци, кои сметаат дека нивната општествена, партиска позиција или статус треба да ја предадат на своите поколенија. Ова е состојба, кога општествениот поредок се поистоветува со семејната традиција, за што одамна има пишувано Гаетано Моска (Gaetano Mosca), денес се нарекува непотизам (Mosca, 1903: 22). Непотизмот претставува екстремен облик, на нагон за самоодржување и оставање наследство. Филозофијата за наследство во политичката моќ, во минатото базирала на класниот статус, нешто што денес ја задржало суштината, само се јавува под името капиталистичко или корпоративно наследство. Во насока на задржување на таа моќ, партиите понекогаш не бираат средства и начин за елиминирање на конкурентите. Кога се на власт ја узурпираат власта користејќи секакви средства во партиски цели меѓу кои системите за безбедност. На слична основа функционираат определени партии во тоталитарни системи, кај дел од нив прв човек во земјата е командант или воено лице.

Уште една карактеристика денешните партии ги поистоветува со воените формации, тоа е тежнеење да се биде партија со најголем број на членство и поддржувачи. Без разлика што партиите тргнуваат од определени партикуларни интереси, тие често на нив им препишуваат определена универзална вредност. Тие секогаш делуваат во име на добро за сите (Pareto, 1902: 59). Посебно партиите од левиот спектар, експлоатираат термини како што се цивилизацијата, човештвото, широки народни маси итн. Повеќепартиските системи и претставничката демократија, подразбираат легитимитет или плебисцит, кој полесно се добива ако зад него стои поголем бројот на партиското членство. Постојат различни истражувања, кои ја поврзуваат бројноста на членството во контекст на јавната поддршка, истражувања чии резултати се контрадикторни. Во поголемиот дел ситуации постои корелација помеѓу бројноста на членството и поддршката на граѓаните, во други односот е поинаков. Затоа партиите освен што водат борба за поддршка во јавноста, водат борба и за регрутација на нови членови или подмладок кој обезбедува перспектива на истата. Партиската пропаганда, освен што е присутна, во изборениот период, помеѓу изборите своја цел има во одржувањето на членството на партијата.



Слика 20: Партиите како воена формација
Извор: https://mod.gov.mk

Елементи за милитантност можат да се препознаат во анализираните политички партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Од аспект на внатрепартиски ред, хиерархија и цврсто управување кај ВМРО ДПМНЕ можат да се издвојат елементите на модел на управување "цврста рака", високата мотивација и фанатизам кај членството на почетоците на плурализмот, надополнет со иконографијата на носење црвени беретки и визуелно оставаше впечаток на воена формација. СДСМ исто така како наследник на комунистите во почетоците имаше силна хиерархија, дисциплина и фанатизам во дејствувањето. Диверзијата со бугарските летоци во 1994 година, кои тие ги креираа сакајќи да припишат бугарофилска нота на ВМРО ДПМНЕ е типичен милитантен метод. Заедничко за двете партии се скандалите со злоупотреба на системите за безбедност преку нелегално прислушкување. Во двете партии може да се сретнат по неколку примери кај што првите оперативци т.е. Генерални секретари се со професионален бекграунд од министерството за одбрана или внатрешни работи. Кај двете партии може да се слушне терминот партиска војска за своето членство. Постојат и други примери кај што може да се сретне милитантниот карактер на анализираните партии.

### 4.4.3 Правила на ангажман и селекција на кадри во рамки на партијата

Членувањето во партиите, отсекогаш било форма граѓаните да ги искажат своите ставови, да бидат политички ангажирани. Во најголем дел од земјите, членувањето во партиите е на доброволна основа, во тоталитарните системи доброволноста е проблематична, најчесто стимулирана од определен бенефит или ограничувања ако не е припадник на партијата. Партиите имаат различни пристапи како да се поврзат со членовите, како ги мобилизираат. Партиите креираат определена формална процедура, како се станува нејзин член, кои се неговите права и обврски. Без разлика дали станува збор за електронско или физичко пополнување на пристапница за зачленување, тоа е најчестата форма за зачленување во политичките партии. Кај определени партии, постои т.н. пробно

членство, членство со определен рок, гостин или т.н. *лајт* членство (Scarrow 2015). Членството во партиите во определени земји подразбира обврска за плаќање членарина, некаде не е стриктно условено. На членувањето во партиите, имаат влијание повеќе фактори, идеолошки, статусни итн. Кај најголемиот дел од членството е присутно очекувањето на определена привилегија.

Персоналната политика во политичките партии, покрај програмскиот дел, е еден од двата најзначајни фактори во партиското функционирање. Неговото влијание има големи демократски импликации посебно што “партиите се главни архитекти на парламентарното претставување” (Lilliefeldt 2012: 194). Во парламентарната демократија, за да се добие номинација за член на парламентот или определен функционер во локалната самоуправа, е неопходна партиската поддршка. На овој начин, партиите ги обликуваат опциите, за кои гласачите можат да гласат. Без разлика што современата демократија подразбира, учество во политички натпревар и од непартиски институции и форми, сепак партиите го имаат монополот во регрутација на државните функционери.

Со регрутацијата на кадрите, партиите индиректно влијаат на профилот на политичките одлуки, кои секако треба да биде во интерес на граѓаните. Оттука партиската селекција и регрутирање на кадри претставува една од клучните врски помеѓу партиите и електоратот. Затоа партиите применуваат различни механизми за инклузивност на електоратот во селекција на кандидатите. Дел од тие механизми се консултација на својата база или членство, за определени кандидати, како и анкети за проверка на поддршката кај граѓаните на евентуални кандидати за партиски или државни позиции. Сепак постојат разлики, од партии до партии, во степенот на централизација при процесот на селекција на кандидати. Дел од партиите, преферираат децентрализиран систем на селекција, во која базата има значително влијание, кај дел кадровската политика им е прилично централизирана т.е. на предлог на лидерот или раководството. Начинот и механизмите на водење кадровска политика во ВМРО ДПМНЕ и СДСМ е дел од истражувањето, преку кое се согледаа нивните специфики во делот на регрутација на партиските кадри.

При селекција на кандидатите партиите водат сметка за репрезентативноста, од аспект на пол, етничка припадност, верска припадност, професионални разлики, место на живеење итн. Без разлика што тенденцијата за репрезентативност партиите ја објаснуваат како квалитет на понуда, во суштина зад тоа стојат прагматични цели, детерминирани од квантумот на јавната поддршка. Внатрепартиската демократија потенцира два елементи, тоа се учеството на членовите на партијата во креирањето на политиката, и застапеноста во партиските органи или државни позиции. Затоа во определени политички системи постојат прелиминарни избори, во рамки на конкретната партија, за селекција на кадри, кои понатаму би се натпреварувале со кандидатите на другите партии. Овие прелиминарни избори го креираат профилот и идентитетот на партиските кандидати, што е од пресудно значење за нивниот натпревар со кандидати од друга партија, откако претходно ќе го добијат легитимитетот од сопствената.

Популарната *gender* политика, има свој импакт во селекцијата на партиските кадри, во зависност од нивниот пол, и најчесто решенијата за адекватна застапеност на жените, се решава со квоти за задолжителна застапеност (Childs 2013: 90). Слично со состојба за застапеноста на жените во партиите, е и со младите и нивното присуство во партискиот живот, кое партиите го негуваат преку партиските подмладоци и регрутација на млади луѓе на партиски и државни позиции. Колку селекцијата базира на професионални квалитети на поединците, колку на нивниот активизам во партијата и верност на партиската олигархија, се актуелни прашања во процесот на селекција на кадри во партијата. Посебно технократското владеење во политиката, подразбира ставање акцент на професионалниот капацитет на кадрите, меѓутоа во пракса, довербата кај партиското раководство, е фактор со не помало значење од професионалните перформанси.



Слика 21: Партиска селекција
Извор: https://www.shutterstock.com/search/3d-people-sign

Партиите се инвентивни во осигурување на лојалноста на нивните селектирани кадри. Во зависност од политичкиот систем, и степен на демократија, има различни форми, од крајно рестриктивни односи, до полабав или прагматичен начин на регулирање на лојалноста. Степенот со кој партиските организации се поврзуваат со социјалните групи, е важен индикатор за подготвеноста на партиите да ги идентификуваат релевантните општествени интереси. Овде под “социјални групи” се мисли на организирани интереси, независни од партиите, или во определена формална врска со нив (Poguntke, 2002: 53). Ваквата поврзаност има своја традиција, во зависност од идеолошкиот профил на партиите, различни групи од интерес се поврзувале со различни партии. Бројни се примерите на поврзаност на одредени синдикати, или работнички движења со социјалистичките или социјалдемократските партии (Panebianco, 1988: 89). Понатака, конекцијата на католичкта црква со демохристијанските или народните партии. Земјоделските афилијации, со партии со слична идеолошка определба итн.

### 4.4.4 Финансирање на партиите

На почетокот, при настанокот на партиите, определени автори во набројувањето на најважните предуслови за успешно функционирање на партиите ги набројувале членството, програмата и финансиите. Оваа состојба, помалку или повеќе, не е променета и до денес. Финансирањето на политичките партии, на почетокот започнало како добротворни прилози или членарина на нејзините членови. Понатаму особено во капитализмот, до израз доаѓаат таканаречените донации на крупниот бизнис, па се до решенија кои финансирањето на партијата го обезбедуваат од страна на државата. Финансирањето на партиите, не треба да се гледа само преку нивната економска или финансиска природа, тоа има длабока социолошка димензија, со оглед дека станува збор за односи или облигации помеѓу поединци и групи. Еден од најголемите предизвици на современата демократија е експлицитната поделба помеѓу партиите и државата. Согласно размислувањата на Кац и Мер (Katz и Mair, 2009), партиите постигнаа успех во одвојувањето од општеството, но не и од државата, токму поради нивното финансирање од државата.

Достапноста на партиите до директни државни субвенции, ја јакне зависноста на партиите од државата, а ја слабее врската со општеството. Во овој контекст беа измените во нашето законодавство и воведувањето на финансирање на македонските политички партии од државата врз принцип на добиени гласови. Согласно ова, најмногу средства од државата добиваат ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Ваквата состојба ја слабее потребата од финансирање на партијата од страна на членовите и приватните донации. Од социолошки аспект, ова значи намалување на поврзаноста на партијата со членството или донаторите. Меѓутоа, и другата крајност има своја жестока критика, финансирањето на партиите од страна на донатори, се смета за трансмисија на влијанија, од страна на донаторите врз партијата. Ако на државното финансирање, се гледало како на тенденција на слабеење на мотивот на партиите да регрутираат и мобилизираат членови, со ова се проблематизира примарната функција на партијата како претставнички орган во политиката.

Финансирањето од страна на донатори може да влијае на приоритетите на партиите, повторно оддалечување на партиите од општеството, во овој случај и од државата, и креирање релации на зависност од донаторите. Оваа состојба, има свој импакт и на довербата на граѓаните кон партиите, т.е. сомнеж чии интереси претставуваат тие. Интегритетот на претставничката улога на партиите, во голема мера е зависна од начинот на нивното финансирање. Без разлика што државното финансирање најчесто базира на процентот јавна поддршка за партиите, додека финансирањето преку членарина и донации во најголем дел не е ограничено. Науката е единствена во перцепцијата, дека финансирањето на партиите влијае на нивната позиционираност во рамки на општеството, влијае на јавната перцепција за нив, и на нивните политики генерално.

## 4.5 Имиџот на политичките партии како мобилизирачки фактор

Јавниот профил на политичките партии, денес во научната мисла, е еден од најексплоатираните термини. Него го сочинуваат или на него влијаат сите атрибути, научно определени, меѓутоа и како светоглед на јавноста. Научното профилирање на политичките партии, најчесто е во корелација со јавната перцепција за истите, но постојат и примери на сигнификантни разлики помеѓу науката и јавната перцепција. Научниот пристап базира на детализирање во анализите, јавната перцепција по правило се гради на принцип на генерализација. Меѓутоа, ниту една сериозна научна анализа на политичките партии, не може да го екстрахира влијанието на јавноста, во профилирањето на партиите. Генерализациите во јавната перцепција често се во корелација со стереотипите, силно етаблирани во јавното мнение.

Често користен синоним за терминот „јавен профил“, е терминот имиџ. Тој доминантно инклинира кон подрачјето на економскиот маркетинг, меѓутоа се поистоветува со профилирањето на политичките партии, како начин на определување на квалитет и содржина. Јавниот профил или имиџот, етимолошки најлесно се определуваат преку латинскиот збор imagio, што значи слика или прилика, како определен субјект се претставува во мислите, идеите кај граѓаните. Без разлика дали станува збор за економски или политички маркетинг целта е иста, привлекување на поддржувачи во политиката или корисници во економијата. Значењето на профилот на политичката партија, е од огромна важност за легитимитетот во дејствувањето и креирањето политики. Тој во суштина е психо-социјална категорија, која ги агрегира сите претстави на поединците. Како и во економскиот маркетинг што е важен квалитетот, неговото обликување, пакување, претставување пред купувачите. Така и кај политичките партии се важни процесите на обликување, етаблирање, комуникација со јавноста и нејзино презентирање, со крајна цел зголемување на јавната доверба.

Сличен термин на имиџот или јавен профил е брендирањето. И за овој термин можеме да кажеме дека доминира во економскиот маркетинг, меѓутоа е многу чест и во политиката и политичките партии. Политичката мобилизација не може да се реализира без прифаќање на партиите како определен бренд кој ги задоволува барањата на членството и електоратот. Брендирањето е клучна компонента за успешна кампања, особено денес кога луѓето се преплавени со информации. Брендирањето на политичките партии претставува сублимат на искуства врз основа на кои се интерпретира идентификацијата со партијата. Брендирањето најмногу почива на комуникативниот дел на партиите, како што се нивните политики, секојдневно испраќање пораки, реторика, изборни кампањи, пропаганда, спинови и сл. Да се постигне брендирањето потребен е период и конзистентност во дејствувањето, со што се постигнува определена автентичност. Брендирањето е процес на креирање единствен и привлечен идентитет кој опфаќа вредности, уверувања и визија на партиите. Силниот

политички бренд инспирира доверба и гради лојалност, го поттикнува ангажманот на гласачите, и може да биде одлучувачки фактор на изборите.

Во минатото определени размислувања оделе на линијата „за квалитетот не треба пропаганда“, денешните социолошки, политиколошки и комуниколошки теории, се обединети во глорифицирањето на презентацијата на партиите пред граѓаните. Едноставно, и најдобро организираните и етаблирани политички партии, со силна поддршка во јавноста, не ризикуваат со импровизирање во секојдневна комуникација со јавноста, тестирајќи ја нивната мобилизаторска моќ.

Еден од првите кои го анализирале јавното мнение, во определена литература може да се сретне како „таткото на јавното мнение“ е Волтер Липман (Walter Lippmann), тој за јавното мислење ќе каже: „Повеќето ствари не ги гледаме прво, па потоа да ги дефинираме, туку прво ги дефинираме па тогаш ги гледаме. Во богатата и комплексна конфузија на надворешниот свет, ние го прифаќаме само она, што нашата култура веќе го дефинирала, и тежнееме доживеаното да го гледаме преку стереотипните форми на нашата култура“ (Lippmann, 1965: 81). Влијанието на стереотипите во профилирањето на политичките партии и нивната мобилизаторска моќ, науката го дефинира како знаење, кое не базира на вистината и аргументите туку на емоциите. Тие настануваат најчесто спонтано во релациите во и помеѓу групите, кои што со помош на традицијата, после определено време стануваат „вистина сама по себе“.

Односот помеѓу јавниот профил на политичките партии, и нивната мобилизаторска улога, базира во препознавањето на партиите од страна на граѓаните, т.е. колку партиите ги акцептираат нивните интереси, заложби, или идеологија. Мобилизацијата партиите не можат да ја реализираат, без градење на доверба, која е временски детерминирана, се гради извесно време, меѓутоа може да се изгуби многу брзо. Факторот време, влијае да се дојде до констатацијата, дали определена партија го оформила својот профил. Имено, ако сите или мнозинството луѓе, на долг рок, исто ја доживуваат партијата, тоа значи дека нејзиниот профил е формиран (Weber, 1950: 50-51). Различните програми, креираат различни профили, кои секако не се еднаш за секогаш зададени, туку имаат променлив карактер. Различните профили го определуваат политичкиот плурализам т.е. различната политичка понуда.

На јавниот профил на политичките партии најмногу влијаат три фактори, тоа се идеолошката ориентација која ги опфаќа програмите и доктрините на дејствување. Понатаму битно влијание на профилот на партијата има персоналниот состав на партијата, особено профилот и карактерот на лидерот на партијата. И третиот фактор се однесува на имплементација на политиките т.е. политичкото дејствување кое ја гради традицијата во дејствувањето на партијата како битен фактор во нејзината мобилизирачка улога. Поврзано со овие фактори е комуницирањето на партиите со јавноста. Со цел „вбризгување“ во нивните глави, тези дека довербата треба да ја базираат на програмите и предложениот

кадровски потенцијал, кои споредено со сите останати „се најдобри“, и претпостават реализација на „најквалитетни“ политики.

Определени теории во политиката и социологијата, јавниот скептицизам за партиите го дефинираат како норма во демократијата. Без разлика, што тој подразбира негативен став кон политиката и политичките партии, и негативно влијае на мобилизацијата. Скептицизмот е присутен особено во период помеѓу избори, но и за време на изборите, претставува главна филозофија на таканаречените неопределени гласачи. На скептицизмот не смее да се гледа, како на нешто што ќе стави крај на политичките партии. Секогаш кога се мислело, дека е време да се напише некролог на политичките партии, наредните избори покажувале висок процент на политичка определба и мобилизација. Скептицизмот и политичката партиципација функционираат заедно, тие влијаат на профилирањето на партиите, а тоа пак влијае на мобилизација на гласачите. Како резултат на ова, мобилизацијата или политичката партиципација, претставува променлива амплитуда, детерминирана од актуелните предизвици на општествено - политички план.

Посебен сегмент во партиското живеење, е методологијата и начинот на комуникација за време на избори и изборни кампањи. Денешните политички партии, во период помеѓу избори, подразбираат функционирање на посебни пи-ар тимови, чија улога доминантно е мобилизаторска. За време на изборни кампањи, се користат услуги од специјализирани пи-ар агенции, чија цел е мултиплицирање на мобилизаторската моќ на партиите. Комуникацијата на дневна основа го гради профилот на партијата. На јавниот профил на партиите треба да се гледа како повеќедимензионален, при што секоја димензија ја изразува перцепцијата на јавноста за позицијата на партијата кон одреден проблем. Во тој контекст, интензитетот на мобилизацијата, или регрутација на членството и поддржувачите, е дефиниран од степенот на идентификување на индивидуалните потреби со концептот на партијата.



Слика 22: Мобилизација
Извор: https://depositphotos.com/photo/magnet-attracts-people-165390276.html

Комуникацијата и соработката на членството и поддржувачите, во рамки на партиите е условено од определена сатисфакција кај нив, која ги надминува рамките на раководството. Наградите од партиите или сатисфакцијата, многу често се доживуваат, како помош дадена од „партиските шефови“ (Merton, 1965: 72-82). Во пракса, без разлика што партиите стремат да задоволат определени колективни потреби, тие многу често се сведуваат на задоволување на индивидуални потреби. Со задоволувањето на определени потреби на граѓаните партиите го креираат т.н. „инструмент на задоволство“. Екстремно профилирање на партиите, во контекст на креирање на определено задоволство на членовите и поддржувачите, е профилирање на партиите, како инструмент за задоволување на нечии потреби. Тука базира диференцијација помеѓу идеологиите, затоа што креирање определено задоволство кај една група, може да значи креирање незадоволство кај друга.

Поедноставено, мобилизацијата базира на размена на задоволства помеѓу партиите, членството, поддржувачите и јавноста. Размената вклучува поддршка за партиите, базирана на реализација на индивидуални и колективни потреби. Потребите и задоволствата по својот интензитет и приоритет се различни едни од други. Тие ги определуваат т.н. преференции на електоратот, со чија помош се прави приоретизирање на колективните потреби на граѓаните. Потребите не се единствен фактор кои што влијаат на мобилизацијата, на нив се надоврзува и самоидентификацијата т.е. како себеси се доживуваат и каде се препознаваат граѓаните во социјалната стратификација.

Политичката јавност или изборното тело, не е хомогена популација со исти потреби, интереси и очекувања. Политичките партии застапуваат интереси на сегментирана популација, со нивни специфични социјални и политички потреби (Sartori, 1990:155). Јавниот профил на партијата алудира на решавање на конкретните потреби и барања. Не секојпат мобилизацијата подразбира реализација на определени потреби, профилот на партијата базира на предвидените решенија за мноштвото потреби, преку кои партискиот избор се легитимира.

Денес изборниот процес, или самиот чин на гласање, се определува како критичен момент, каде што поединците прават сметка за извесноста, во реализација на нивните политички ставови или преференции. Личните потреби на поединците не значат исклучување на прашања од колективен карактер, или актуелни прашања кои што се специфични за општеството. Во анализите или испитувањето на јавното мнение, експлицитно се детектираат преференциите на граѓаните, често т.н. ад-хок или популистичките партии, својата стратегија за мобилизирање на гласачите ја базираат исклучиво на нивните преференции.

Денес, се поголемата диверзификација на личните афинитети, уверувања и вредности кај граѓаните, ја гради комплексноста на профилот на партијата како мобилизирачки фактор. Ова претставува основа за определени промени кај класичните партии, појава на нови форми на политички партии, и таканаречени социјални движења, која својата

мобилизаторска улога ја базираат на решенијата за потребите. Комплексноста при определувањето на јавниот профил или имиџот на партијата се решава со нејзина симплификација, т.е. определување на позитивен или негативен јавен профил на партијата.

Еден од современите механизми, кој што го применуваат политичките партии, со цел да ја зголемат својата мобилизирачка моќ, и прикријат своите недостатоци, е креирањето коалиции со други политички партии. Коалициите имаат за цел, да го прошират опсегот на популација, кои решенијата за своите потреби ги гледа токму во таа коалиција. Коалициите се практични и од аспект на надополнување на идеолошката и програмска понуда, кон луѓе со различни преференции. Новите форми на коалиции, особено на европско тло, доближувајќи ги социјалдемократските со народните или конзервативните партии, од една страна, од друга страна, појавата на соработка помеѓу екстремната левица и десница, отвара нови теми, за влијанието на политичкиот профил како мобилизирачки профил. Ваквата динамика денес, дополнително ја усложнува, и на еден начин ја прави колоритна анализата за влијание на јавниот профил како мобилизирачки фактор.

Имиџот, јавниот профил или брендирањето претставуваат клучни елементи за социолошкото профилирање на политичките партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Со оглед дека влегуваат во четвртата декада од своето постоење и дејствување, во оваа истражување се опфатени аспектите на јавниот имиџ или бренд на партиите. Се утврдува дека тие имаат оформено препознатливи карактеристики, кои го сочинуваат нивниот имиџ или бренд. Двете партии во изборните кампањи, ангажираат сериозни пи-ар агенции кои работат на нивниот имиџ и брендирање, со цел придобивање поголема поддршка од гласачите. Посочените партии од основањето до денес соработуваат со странски фондации од сродни (сестрински) политички партии со цел подобро “пакување” на брендот ВМРО ДПМНЕ и брендот СДСМ. Адекватна реакции на досега оформениот имиџ на партиите има од јавноста, во истражувањето претставено како јавна перцепција за двете партии одделно.

## 4.6 Социјална втемеленост на политичките партии

Како луѓето ги донесуваат своите политички одлуки? Врз основа на што ги градат нивните преференции кога гласаат на изборите? Ова се само дел, од прашањата кои укажуваат на влијанието на индивидуални вредности, социјалниот статус, очекувањата, перцепциите и влијанието на средината во политичкото определување. Луѓето влијаат еден на друг, и секоја нивна одлука, одговара на миксот на ставови, во социјалната мрежа на една личност. Социолошкиот пристап, во анализата на карактерот на поделбите и разликите во општеството, се фокусира на неговата суштина, која упатува на веројатноста, дека индивидуите со посебни општествени карактеристики, ќе поддржат една или друга политичка партија. Социологијата на разликите, поделбите, и конфликтите во општеството

гледа, како на нешто што е вкоренето во историското искуство на едно општество, дека влијае на повеќе генерации, врз вредностите и преференциите на граѓаните.



Слика 23: Изборно определување
Извор: https://kanal5.com.mk/vo-centar-zhupa-za-glasanje-dostaveni-29-baranja-od-bolni-i-iznemoshteni-lica/a542375

Граѓаните имаат повеќе или помалку, трајни социјални карактеристики, како што се класа, слој, образование, професионален статус итн., што ги наведува да се идентификуваат со одредени политички партии, а не со други. Едно од најзначајните дела, во областа на политичката социологија, која ја обработува социјалната база на политиката, е делото на Липсет *Политички човек* ( Seymour M. Lipset, Poltical Man: The Social Base of Politics, 1960). Самиот автор, на почетокот на ова дело, прави ретроспектива на теории на Аристотел, за социјалната и политичката природа на човекот. Ова се потенцира, без намера да се занемари значењето на Аристотел во науката, напротив, да се направи паралела, дека и после толку поминати векови еволуција на човекот, социјалната база или димензија во политиката, е една од суштинските карактеристики. Липсет, стабилноста на демократијата, ја поврзува со економскиот развој и ефективноста и легитимноста на политичкиот систем. На ефективноста гледа како на задоволување на интересите на поединците, групите и населението генерално. Понатаму стабилноста и легитимноста на политичкиот систем, се поврзува со пристапот на општествените групи во политичкиот процес (Lipset,1960: 77-90).

Класната или социјална диференцијација во општеството ги профилирала различните категории на граѓани, без разлика дали станува збор за индустриски работници, селани, граѓани, државна администрација, лекари, професори итн. Сите овие социјални категории на граѓани, во својата политичка партиципација, дали како членови на партии, поддржувачи или обични гласачи, имаат интерес за контрола над системот, лесен пристап до политичките институции, со цел задржување или промена на сопствениот статус. Во минатото постоела рестриктивност во пристапот до политичките ресурси, во зависност од социјалниот статус. Денес во услови на демократија правото за организирање и политичка активност ги опфаќа сите категории на граѓани, без разлика на нивниот социјален или друг статус. Историјата бележи примери, во кој освен социјалната втемеленост на политиката, присутна била и

расната, нешто што резултирало со револуции и граѓански војни, за да се дојде до денешниот профил на современ политички систем, инклузивен за сите граѓани, без разлика на нивните карактеристики (Duverger, 1951).

Процветот на политичките партии во Европа, во време на индустријализацијата, особено појавата на партии кои што ги застапуваат работничките интереси бил детерминиран со изразита социјална втемеленост. Таа се гледала преку зголемениот интерес за политичко организирање и активизам на работниците. Тоа не било случај во Америка, затоа што класните разлики во истиот период таму биле помали. Ова повлекува заклучоци, за помал степен на социјална детерминираност во американското општество. Науката забележува и други примери, кога општествата се соочуваат со определени кризи, кои предизвикуваат промени на социјален, економски или политички план, електоратот покажува поголем интерес за политика. Меѓутоа ова не важи секогаш и не е правило, во услови на големи социјални кризи, политичката партиципација особено кај сиромашните, невработените и селаните, може да покаже ниска стапка на активизам.

Различниот пристапот до информациите, или различниот интелектуалниот капацитет на поединците, креираат состојба за различен удел во политиката. Отсекогаш, интенцијата на државниот апарат била да влијае на владините политики, гледајќи сопствен интерес, бизнисмените ги интересирало даночната политика, земјоделците аграрната политика и субвенции, факти кои ја нагласуваат социјалната детерминација на политиката. Односот помеѓу професиите и политичкиот ангажман, се гледа и преку селекција на лидерите во разни политички организации. Бројни се примерите кога во раководствата на левите партии, влегувале луѓе на синдикатите, за разлика од раководствата на десните партии кои кооптирале претставници од буржоазијата или бизнисот. Во прилог на ова, се истражувањата за изборната поддршка, на партии кои определени групи или слоеви ги доживувале како блиски. Постојат доста примери, кај што жителите на работничките квартови на избори својата поддршка ја адресирале кон левите партии.

Општествениот статус или положба е детерминирачки во политиката, поради социјалните врски, кој што првенствено се одвиваат во средините на живеење и дејствување. Во тој контекст е и претпоставката на тезата на Маркс, дека земјоделците кои што живеат во изолирани села поради нивната работа, не можат да развијат политичка свест еднаква како работниците, кои што живеат во градовите, кои што полесно можат да станат свесни за нивните заеднички интереси, и полесно да се политички организираат.

Присутноста на социјална втемеленост на политиката, во бројни истражувања се детектира и како општествен притисок или внатрешно чувство како социјална обврска. Различните варијации во однесувањето при гласањето, социјално детерминирани, може да се поврзат со различните степени на усогласеност на доминантните норми во општествата. На општествените норми може да се гледа, како на брзи и „штедливи“ механизми на однесување, кои не дозволуваат индивидуални пресметки за корисноста од нештото при

донесувањето на одлуките (Gigerenzer и Selten, 2001: 9-10). Анализите на социјалните однесувања, покажуваат висок степен на корелација помеѓу социјалниот статус и општествените норми на однесување.

Социјалната детерминираност, се препознава и преку анализите кои укажуваат дека новодојдените во определена заедница, имаат помал интерес да гласаат, од долгогодишните жители. Состојба која се објаснува дека е резултат на недоволно организираниот социјален живот на оваа заедница. Спротивно од ова, се примерите кога определени групи повикуваат на бојкот или апстиненција на изборите, како одговор на незадоволство од сопствениот социјален статус. Истражувањата покажуваат, дека позади одлуката за апстиненција, стои силна социјална детерминираност. Како и зад изборната излезеност на образованите и граѓани со повисок статус, кој што учествуваат со повисок степен на партиципативност во политиката. Евидентно е, дека општествените околности во кои живеат луѓето, влијаат на нивните уверувања, и на нивните делувања во политиката. Бихевиоралниот пристап во науката, кој многу социолози го применуваат во своите теории, ја ставаат психо-социјалните мотиви во политиката како примарен фактор во политичката определба.[8] Социјалната втемеленост како резултат на интеракцијата помеѓу граѓаните, има првостепено значење, а во втор план ги става личните уверувања, знаења, вредности итн. Во теоријата за психо-социјалната природа на политиката, е етаблирана тезата, дека луѓето намерно или ненамерно, испраќаат политички пораки преку кои влијаат на другите или се под влијание од другите.

Интензитетот на комуникациите помеѓу луѓето, влијае колку повеќе се испраќаат и примаат пораки, нивното споделено влијание да се зголемува. Нивото на споделена доверба влијае на квалитетот на политичката комуникација. Таа започнува од семејството, и ги опфаќа сите сфери и социјални релации, во кои поединецот дејствува. Овие процеси се поврзани со општествените структури и образци на политичка мобилизација. Овие односи се веројатности, неможе со потполна сигурност да се предвидат, се подложни на модификација, не се трајно определени. На поединечните ставови, не се гледа како на конзистентни ставови, водени од личните потреби, туку личното и субјективното расудување ставено во контекст на социјалните релации. Теоријата на ирационалност во социологијата, дава свое објаснување и во делот на социјалната детерминација во политиката, тврдејќи дека луѓето се однесуваат онака како што сметаат дека е исправно, по цена да не успеат, дури и ако одлуката не е објективно точна (Simon 1957, 1999).

Науката на преференциите гледаат како на внатрешни психо – социјални фактори кои ги детерминираат изборното однесување и политичката определба. Определени теории сметаат дека луѓето донесуваат одлуки кои се широко користени т.е. поведени од масата, или имаат однесувања нетипични за нив споредено со претходно. Овие теории за

[8] Од досегашното работење на Columbia school, за Изборна социологија, се обезбедува бројна литература за современите општествени науки; види Lazarsfeld ( 1968 ), Walsh (2004 ), Huckfeldt и др. (2005), Zukerman и др. (2007) и др.

преференциите зборуваат како за нешто што не е субјективно и независно од опкружувањето, туку се обликувани од економските и социјалните интеракции на секојдневниот живот. Но постојат и теории кои зборуваат дека луѓето ќе бараат да ја донесат објективно најдобрата одлука, базирано на субјективно расудување, независно од надворешните влијанија (Henrih и др., 2001: 79).

Во анализата на Цукерман и Турко (Zukerman и Turko, 2006) опишувајќи го влијанието на социјалните мрежи, тие тврдат дека идентитетот е дефиниран како „конзистентност во поставувањето", тој не претставува само референтен избор, туку одговара на одлуките на публиката со што се потврдува дека публиката го дефинира идентитетот на една личност. За влијанието на социјалната детерминација пишува и Сартори (Giovanni Sartori), кој прави корелација помеѓу модерната хетерогена структура на бирачите и партиските членови, со политичкото определување, при што партиите ги дефинира како „политички репрезенти на одредена класа или социјална група" (Sartori 1990: 155). Дали ваквата состојба, покрај теориите во Европа и Америка досега елаборирани, може да биде применета и во регионот пишува Владимир Гоати. Тој во своите бројни истражувања, поврзани со политичките партии, го промовира сознанието дека "најмногу што може да се заклучи од тие истражувања е дека поедини класи и слоеви инклинираат кон одредена партија" (Goati 2007: 46).

Развојот на современите комуникации, влијанието на мас-медиумите и социјалните мрежи, вршат влијание и креираат средина која ја зголемува инклузивноста во политиката. Денес не постои разлика во степенот на политичка партиципација, во зависност од социјалниот статус, напротив сите социјални категории пронаоѓаат канали и врски за влијание во политиката. Меѓутоа науката утврдила врска помеѓу социјалниот статус и политичката определба, детектирала социјална втемеленост на политичката партиципација. Растот на економијата, со тоа и порастот на животниот стандард, како и развојот на масовните медиуми, придонесува определени политички партии да комуницираат со целото население. Денес степенот на општествената поврзаност не е иста, со што се створаат услови за придобивање поддршка од различни социјални групи.

Додека во минатото застапувањето на интересите на определена група претставувало императив во политичкото дејствување, кај современите политички партии, се повеќе, декларативно, веројатно од лукративни причини, се нагласува неутралниот однос кон интересите на групите, а се истакнува државничкиот карактер. Дури и идеолошките пораки се адаптирани, на начин да стигнат и да ги заинтригираат сите граѓани, независно од определена традиционална втемеленост. Социјалните мрежи кои овозможуваат двонасочна комуникација, и брза реакција во политичките случувања, како од страна на граѓаните, така и од страна на партиите, дополнително влијаат за намалување на социјалното групирање околу политичките партии. Тие на еден начин, групирањето на определени мислења, во рамки на социјалните групи, го преземаа кај нив на отворените мрежи (Swigger, 2013).

Политичките партии сеуште се формите во кои определени социјални групи, прво ги агрегираат, потоа и артикулираат своите интереси. Новите состојби, во делот на определување на место на живеење како социјална карактеристика, покажуваат промени во однос на минатото. Се поголем е интересот на луѓето од руралните средини за живот во градовите и обратно постојат појави каде што богатите слоеви во општеството мигрираат од градските средини во периферијата. Ваквата состојба, прави промени во поврзаноста помеѓу место и квалитетот на живеење, со политичка идеологија или активизам. Се поголемата диференцијацијата на интересите кај граѓаните, новиот начин на себеидентификација, со голема брзина ги менува состојбите со социјалната втемеленост на политиката. Во таков случај многу теории во науката се враќаат на класичното определување на социјалната детерминираност на политиката, базирајќи на врската помеѓу класата или социјалниот слој и политичката определба.

Решението за определувањето на социјалната втемеленост на политичките партии, во услови на силна диверзификација на интересите на поединците, се гледа во класичната лева и десна социјална детерминација. Детерминираност која се објаснува со класичните теории за лева и десна идеологија како збир на идеи, уверувања, класи, статуси и сл. Или со други зборови кажано, мнозинството граѓани од пониските слоеви, со помали примања и пониско образование инклинираат кон левите партии, граѓаните од средниот или високиот слој, со повисоки примања и повисок степен на образование, кон партиите од центарот или десните партии. Бројни истражувања сериозно ја демантираат егзактноста на ваквите тврдења, и упатуваат на заклучоци за дивергентност на социјална втемеленост на политичките партии, различна од случај до случај. Сознанијата добиени во оваа истражување зборуваат за промени во присуството на социјалната втемеленост на политичките партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Тие промени се условени од пристапот до влијание и моќ во земјата што само по себе зборува за социјалната детерминација на овие партии, која денес за разлика од почетоците на плурализмот го губи своето влијание.

## 4.7 Социолошки аспекти на јавна перцепција за политичките партии

### 4.7.1 Јавност

Поимот јавност доаѓа од латинскиот збор „publikus", што значи јавно, или од зборот „populus" што значи народ. Бидејќи поимот јавност претставува хомонимија, тој базира главно на двете негови поимања, *јавност на политиката,* означува транспарентност на политиката, увид во јавните работи од страна на граѓаните и второто значење *политичка јавност,* како посебна политичка појава, дел од политичката стварност. Тој се развивал преку различните форми на групирање на граѓаните и унапредување на слободата на изразување на граѓаните во општеството. Хабермас (Habermas) е еден од социолозите кој во својот опус се занимавал со јавноста. Во неговото капитално дело *Структурните*

*промени во јавната сфера* (1989), јавноста ја дефинира како област на посредување меѓу граѓанското општество и државата. Тој при определување на поимот јавност акцентот го става на групирањето на граѓаните во публика, објаснувајќи ја дистинкцијата помеѓу приватната и јавната сфера. Јавноста е различна област од приватноста, тоа е оној дел кој припаѓа на луѓето, но е поврзаното со јавната сфера т.е. со заедницата, поврзувањето е врз основа на определен заеднички интерес.

Во науката под јавност се подразбираат сите граѓани, организирани или групирани во разни организации кои комуницираат и размислуваат во рамки на општеството, од оваа интеракција произлегуваат определени ставови кои јавно ги застапуваат. Интеракцијата помеѓу луѓето акумулира поединечни ставови поврзани со конкретна појава, ставовите можат да бидат исти, слични но и различни. Поимот јавност, не мора да значи дека е исклучително врзан за политичките партии. Во секојдневниот живот често ќе сретнеме поими културна јавност, спортска јавност, светска јавност итн. Ваквото често среќавање на поимот јавност, поврзан со конкретна област, упатува на таа конкретна појава. Најексплоатираниот поим јавност, во општа смисла на зборот, упатува на тоталитет кои ги опфаќа различните сегменти од јавната сфера. Секоја партија креира сопствена јавност, таа е групирана околу дејствувањето на партијата, се разликува од јавноста на другите политички партии. Неутралната опсервација на партиските јавности ќе забележи дека наликуваат на различни светови, во кои се комуницираат различни вредности и уверувања. На јавноста се гледа како на поширок поим од поимот јавно мислење, мислењето е производ на јавноста. Затоа границите на поимот јавност се поистоветуваат со општеството во кое се креира јавното мислење.



Слика 24: Јавност
Извор: https://www.westend61.de/en/photo/NDF01631/fans-filming-and-photographing-with-smart-phone-at-live-music-concert?utm_source

За многу автори, темата јавност била научен предизвик, при што неговата функција ја определувале, како критичка опсервација на функционирањето на државната власт. Посебно со воспоставување на демократските и повеќепартиски системи, како и појавата на мас медиумите и социјалните мрежи, јавноста претставува моќен фактор кој дава или одзема легитимитет, на се што се случува во јавната сфера, вклучително на партиското дејствување.

Поврзано со легитимитетот на власта се размислувањата околу определување на поимот јавност, каде акцентот треба да биде ставен на информираноста на луѓето. Во овој контекст јавноста се определува како вкупност на информирани и знаечки луѓе кои го обликуваат јавното мислење. Ова упатува на заклучок за постоење на различна јавност од аспект на информираност и знаење. Се смета дека јавноста на елитите ја одржува или злоупотребува моќта во однос на останатите граѓани. Се прави дистинкција помеѓу елитите и граѓаните, првите со помош на медиумите, различни лобија и сл. понекогаш од јавноста прават демократски фолклор манипулирајќи ги вторите.

### 4.7.2 Јавно мислење

Јавноста и јавното мислење се сложени повеќезначни и комплементарни поими, меѓутоа не се истоветни. На јавноста се гледа како на определен колективитет, на некој начин, има пошироко значење од поимот јавно мислење, кое е ограничено во сферата на медиумската јавност или во форуми во кое се јавно искажува. Појасна дистинкција помеѓу јавност и јавно мислење, може да се креира на начин, со кој јавноста се дефинира како „чинители кои излегуваат од своето приватно опкружување", јавно мислење е нивниот договор „за прашања од општ интерес". А јавна сфера е просторот каде публиката се разбира и креира јавно мислење. Хегел, јавната перцепција или мислење, ја дефинира како „непосредно вкупна вистина и бесконечна заблуда" па затоа „заслужува да се почитува но исто така и да се презира" (Hegel, уредил Brod,1992).

Американскиот социолог Чарлс Хортон Кули (Charles Horton Cooley), јавното мислење го дефинира како „процес на интеракција и взаемно влијание, наместо состојба за широка согласност". Креирањето на јавното мислење како кај поединците, така и кај партиите, се одвива под влијание на рационални и ирационални сили. Секое индивидуално мислење, базира на одредени ставови, или систем на вредности, кои ги поседува поединецот, додека јавното мислење базира на политички вредности. Вредностите во општеството, луѓето ги здобиваат преку процес на социјализација, во кој луѓето стануваат свесни за политиката, учат за неа, и ги обликуваат политичките вредности. Јавното мислење претставува збир на мислења, или ставови, спрема конкретен општествен проблем или ситуација, добиени во процесот на комуникација, креирана со помош на медиуми и граѓани.

Главна разлика помеѓу социолошкото и политиколошкото толкување на поимот јавна перцепција е во акцентот, што се нагласува во неговото определување. Ако политиколозите го нагласуваат јавното мислење, поврзано со владата и владините политики т.е. еквивалент на националната волја (Види Lippmann или Neumann). Социолозите јавното мислење го определуваат, како производ на социјална интеракција и комуникација. Социолошкиот дискурс на определувањето на јавната перцепција за политичките партии, подразбира комуникација на јавноста помеѓу себе (Види Berger или Luckmann). Комуникацијата е

неопходна, без разлика дали станува збор за слични или различни партиски размислувања. Таа се легитимира како јавно мислење, искомуницирана, без разлика преку која форма на јавна комуникација. За разлика од политиколозите, социолозите имаат интерес за секој облик на јавно мислење, дури и за тие кои немаат никаква врска со владата или владините политики.



Слика 25: Јавно мислење
Извор: https://www.istockphoto.com/vector/people-talk-using-speech-bubble-gm2189297805-607763827

Самата слободна дискусија, за проблеми од јавната сфера, за Хабермас, претставува јавно мислење. Меѓусебната комуникација подразбира, дека базира на размена на аргументи, при што се нивелира ирационалноста т.е. се тежнее кон рационални ставови. Синоним за јавното мислење, е поимот публицитет, кој својата посебност во однос на јавното мислење ја гради како техника/дејство кое придонесува определено јавно да биде видливо за поголема популација, со други зборови мислењето да го доживее светлото на денот. Не секое јавно мислење, е со ист интензитет присутно во јавноста. Неговото ширење помеѓу јавноста, привлекувањето на вниманието, го прави со помош на публицитетот. Функционирањето на политичките партии денес подразбира секојдневна потреба определени нивни пораки или политики да добијат публицитет. Современата демократија, во својата есенција го негува т.н. критичко размислување, или перцепција, преку кои се искажуваат реакциите на граѓаните, за се што тие сметаат дека заслужува јавен публицитет. Јавното мислење во партиското дејствување, подразбира плурализам на јавни мислења. А слободата во изразувањата на различни јавни мислења, е недвоива карактеристика на демократските политички системи.

### 4.7.3 Масовни медиуми и социјални мрежи

Со подемот на интернетот, во раните деведесетти години на минатиот век, масовните и социјалните медиуми, станаа животен факт на општеството, ширум светот. Комуникацискиот пејзаж стана покомплексен и партиципативен, граѓаните добиваат пристап до информации и повеќе можности за јавност и преземање колективна акција. Употребата на бенефитите кои што ги нудат социјалните мрежи, како што се текстуални пораки, електронска пошта, споделување фотографии, социјално вмрежување итн. ги принуди науките меѓу кои и социологијата, во својот предмет и интерес на изучување, меѓу другото, да ги анализираат влијанието на овие моќни фактори во општеството. Масовните медиуми и социјалните мрежи, се дел од алатките на глобализацијата, играат улога на механизми за комуникација на различни нивоа, тргајќи од непосредното опкружување на поединците до светско ниво (Чукалевска Д. Марија и др. 2019).



Слика 26: Масовни медиуми
Извор: https://www.dreamstime.com/photos-images/camera-press-conference.html

Социјалните медиуми имаат неколку карактеристики, кои што ја креираат нивната моќност и неопходност во партиското дејствување. Првата карактеристика, е можноста за анонимна комуникација или комуникација со лажни профили, прекари или псевдоними. Анонимноста им дава максимална слобода на луѓето, да комуницираат, на било која тема, и со било која личност. Втората карактеристика, е богатството на разновидни информации. Корисниците повеќе не зависат од еден извор на информирање, тие можат да бираат, согласно своите афинитети, од кои медиуми ќе црпат информации. Третата карактеристика е сеприсутноста, која ги сруши границите помеѓу приватниот и јавниот живот, на влијателните личности во општеството т.е. се стана јавно. Четврта карактеристика е брзината во комуникацијата, вестите и информациите се шират многу побрзо од претходно, нешто што може да го доведе во прашање кредибилитетот на информациите. Петтата карактеристика е мноштвото улоги што ги преземаат корисниците. Во ситуација на недоволно нормиран простор, поединци си преземаат различни улоги. Шеста

карактеристика е односот објективност-субјективност, со појавата на таканаречени меинстрим медиуми, се гуши еднаквоста во плурализмот, и се наметнува нивното мислење како доминантно. Следна ( седма ) карактеристика е можноста да се снимаат и комбинираат разни содржини преку текст, слики, аудио, видео, анимација или се ова комбинирано. Осмата и последна карактеристика е слабата регулираност, дури и во ситуација да бидат забранети определени содржини, тие бргу наоѓаат пат да го доживеат светлото на денот. Масовните медиуми и социјалните мрежи се главните канали во креирањето на современото јавно мислење или перцепција за политичките партии. Овие средства за комуникација овозможуваат брз проток на информации, и комуникација со широка публика. Денес дејствувањето на политичките партии не може да се замисли без масовните медиуми. Во тој контекст современите партии формираат посебни органи во рамки на партиите за медиумска комуникација т.н. прес центри (Schafer, 2011).




Слика 27: Социјални мрежи
Извор: https://wallpapers.com/picture/social-media-pictures-n023p9cxfzvcdrz1.html

### 4.7.4 Испитување на јавното мислење

Испитувањето на јавното мислење е едно од поновите научни и репрезентативни истражувања наменето за откривање и мерење а ставовите на определена група. Испитувањето на јавното мислење се реализира со цел да се проверат ставовите на одреден број граѓани кои претставуваат истражувачки примерок и ги отсликуваат ставовите на сите граѓани во земјата. Постојат критериуми како се определува истражувачкиот примерок, меѓу другото тој треба да е доволно голем и случаен. При соопштување на резултатите од испитувањето на јавното мислење, се даваат информации за големината на примерокот, начинот на собирање на податоците и додаток дека е репрезентативен. Тоа може да даде точна анализа, за распределба на мислења, поврзани со одредени прашања, на дадена популација. Од анкетите, може да се дефинираат мислења на јавноста, за различни прашања, како и причините, што стои зад тие мислења. Испитувањето на јавното мислење своја примена наоѓа во сите области на општествено живеење, многу често е користено во креирање на партиските политики. Истражувањето на јавното мислење со примерок во

политиката го воведува американскиот истражувач на јавно мислење Џорџ Галуб (George Gallup), во 1935 година.



Слика 28: Испитување на јавно мислење
Извор: https://pngtree.com/freepng/3d-colorful-pie-chart-and-bar-graph-illustration_16485839.html

Политичките партии испитувањето на јавното мислење го користат во различни ситуации, започнувајќи од детектирање на главните политички проблеми, како навигација за изработка на партиските програми. Понатаму испитување на рејтинг на кандидати за определени позиции итн. Испитувањето на јавното мнение, кај партиите често има и манипулативна цел. Имајќи во предвид дека при определувањето на неопределените гласачи, поголема е можноста да гласаат за победникот, партиите креираат и нереални испитувања на јавното мислење, прогласувајќи лажен победник со цел насочување на гласачите. Преку фингирани анкети, вештачки се креира победничка атмосфера, со цел мобилизација на гласови. Хиперпродукцијата на компании кои што се занимаваат со истражување на јавното мислење базиран на финансиска претпоставка, се нивелира најмногу преку критериумот кредибилност, која се добива со континуирана точност во истражувањето на јавното мислење.

### 4.7.5 Јавна перцепција за политичките партии

Аналогно на претходните елаборации, за определувањето на поимите јавност и јавно мислење, лесно е да се заклучи дека јавната перцепција за политичките партии, е сегмент од општото јавно мислење, определен за или околу работата на политичките партии. Во теоријата често може да се сретне формулација за јавната перцепција за политичките партии како континуирана сила во државата (Види Rousseau, Habermas). Јавната перцепција за партиите има дијалектичка природа, освен што претставува градење на ставови, погледи, уверувања на јавноста за партиите, тоа претставува моќна алатка преку која партиите ги детектираат размислувањата и преференциите на граѓаните. Во последно време можат да се сретнат примери на изработка на изборни програми на основ на испитувања на јавната

перцепција т.е. утврдување на приоритети содржани во неа (пример – АНКЕТА Проблеми и приоритети на жителите на општина Центар, https://nvoinfocentar.mk/problemi-i-pripriteti-na-zitelite-vo-centar/) .

Јавната перцепција на граѓаните за партиите, се гради во секојдневната комуникација помеѓу граѓаните. Таа може да биде директна или преку мас медиумите или социјалните мрежи, како и други форми, каде што се разменуваат перцепциите на граѓаните за партиите. Не треба да се потцени моментот на влијание на партиите за наметнување слика кај граѓаните за себе, креирајќи позитивна слика за себе, и негативна слика за своите конкуренти. Успехот на партиите, во наметнувањето слика за нив каква им одговара, зависи од нивото на политичка свест на јавноста, достапност до информациите, и слободата во интеракција, во која субјективното се порамнува кон објективно. Во насока на подобра перцепција на граѓаните за партиите, партиите организираат посебни тела или таканаречени пи-ар тимови, со цел креирање позитивна слика за себе. Тие на дневна основа ги комуницираат партиските ставови на актуелни теми или партиски политики (Mazzoleni и Schulz, 1999).

Критичката јавност, подразбира селективно примање на она што партиите ќе го пласираат за себе и градење на сопствена, автентична перцепција на граѓаните за партиите. Јавната перцепција на граѓаните за партиите, е детерминирана од нивните субјективни ставови, уверувања, статусна положба, преференции или очекувања. Затоа постојат разлики во перцепцијата на граѓаните за поединечни прашања, опфатени со партиските програми или доктрини. Јавната перцепција влијае во сите фази на дејствување на политичките партии. Сериозни и организирани политички партии вршат често испитување на јавната перцепција со тоа се утврдуваат преференциите на граѓаните кои пак претставуваат навигација во креирањето на програмите и политиките. Јавната перцепција за партиите во случај да е негативна тоа може да предизвика корекција на политиките, овогодишниот пример со повлечената концепција за средно гимназиско образование во Македонија, по реакциите во јавноста и науката ја потврдува тезата за влијанието на јавната перцепција врз политиката. Влијанието е присутно од фазата на креирање на нивни приоритети, креирање решенија за проблемите, до начинот и имплементацијата на решенијата. Јавната перцепција за партиите е факторот, кој што врши постојан притисок, за спроведување на политиките кои што ги ветиле партиите во изборите (Mair, 2008).



Слика 29: Јавна Перцепција
Извор:https://www.shutterstock.com/search/people-bird-watching?utm_source

Проучувањето на изборните преференции на граѓаните и нивната јавна перцепција за определени политички теми, добива нови размери во науката. Меѓутоа бројните истражувања покажуваат силна традиција во ваквиот однос. Ваквата состојба, доведува до ситуација партиите понекогаш да ја напуштат класичната и автентична идеологија и да се водат исклучиво од преференциите на електоратот (Lesschaeve, 2017).

Денес, многу ретко партиите заземаат позиции спротивно од јавната перцепција, свесни дека тоа ќе се одрази на нивниот рејтинг. Ретки се примерите кога партиите креирале политики спротивни на јавната перцепција и очекувања, во име на определени таканаречени реформи. И тогаш, кога има вакви случаеви, најчесто партиите „ја плаќале цената“, да се делува спротивно од јавниот интерес и перцепција. Јавната перцепција политичките партии ја кристализираат преку секојдневна комуникација со гласачите, изјави на претставници на партиите на различни нивоа и сл. Професорот Дјуи (John Dewey), како главен услов за поефективна јавна перцепција го смета народот да поседува знаење и увид во процесите. Целта на ова тврдење е да се потенцира значењето на јавната перцепција, во различни сегменти на партиското дејствување (Dewey 1927: 166). Денес ретко која партија кандидира кандидати за градоначалници или пратеници ако претходно не ја провери јавната перцепција за нив. Политичкото рекламирање меѓу другото се смета како влијание или креирање на јавната перцепција. Пропагандата или рекламирањето се алатки на политиката за обликување на јавната перцепција.

Идеите за институционализирање на јавната перцепции одамна се присутни. Еден од иницијаторите е Волтер Липман, кој предложил формирање на Врховен суд на јавно мислење, кој ќе биде екипиран со високо обучени експерти, чија должност би била, да ги толкуваат работите во корист на обичниот човек. Оваа институција би била независна и конкурентска на новинарството. Опасноста од застранување на оваа институција и трансформирање во Агенција за пропаганда стоела, а предизвик било со колкав интегритет ќе работи, во ситуација на жесток одговор од политиката (Lippmann, 1922). И други автори, од сферата на јавното мислење, имаат свои креативни решенија за формирање на Агенции за информации или слично, кои би биле во функција на поквалитетна јавна перцепција.

Јавна перцепција за партиите не е можно без соодветна политичка едукација, дел од општата култура на денешниот граѓанин. Ако гласачите не можат да разберат што прават партиите или владата, мала е можноста на квалитетен начин да ја контролираат, и ги исполнат демократските начела на владеење. Во тој контекст во Европа најдолга традиција има во Англија, каде политичките партии преку разни форми, реализираат истражувања и ја комуницираат јавноста, со цел да креира критичка перцепција за нивната работата. Тоа го прават свесно и убедени во фактот, дека критичка јавност, и адекватна јавна перцепција, е од корист и на самите партии, демократијата и општеството генерално. Ваквиот начин на организирање на партиите допринесува, да уживаат во лојалноста на огромен број гласачи. Ваквиот однос допринесува да  не трошат средства на посебни агенции кои ќе ја работат на оваа проблематика, постојано ќе одржуваат позитивен став за нив во очите на јавноста. На ваков начин партиите ги надминуваат предрасудите и стереотипите во јавната перцепција за нив.

Денес, јавната перцепција за политичките партии, е неотуѓив дел од вкупниот политички амбиент. Постојат бројни компании кои што се занимаваат со ова проблематика и нудат услуги на политичките партии. Но постојат примери, кај што партиите посветуваат сериозно внимание на јавната перцепција, со сериозно екипирање и организирање на сопствени тимови за оваа проблематика. На зголемувањето на влијанието на јавната перцепција за партиите во минатото, денес, а веројатно и во иднина ќе влијаат квалитетните извори на информации, и развојот на подобар начин за изразување на јавната перцепција.

## ТРЕТ ДЕЛ - МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# Вовед

Есенција на социолошката наука е да се истражува социјалната диференцијација во општеството, како и процесите и вредностите кои ја детерминираат истата. Денес, нашето општество го живее постранзицискиот период, во кој се одвиваат доста турбулентни процеси, кои суштински ја менуваат социјалната диференцијација и стратификација. Ставовите и убедувањата кај граѓаните креираат идеи за иднината. Структуирани во политички партии, идеите се основа за креирање на концептите т.е. идеологиите на партиите како мобилизирачки фактор. Политичките партии, не можат да се анализираат сепаратно од општествената состојба, напротив тие се дериват на севкупните општествени состојби. Во прилог на ова оди ставот на политичките социолози дека државата е само една од многуте политички институции, а дека политичките институции, се само еден од општествените кластери. Односот на политичките институции, со останатите институции е област на социологијата.

Истражувањето на политичките партии, од аспект на нивниот социолошки профил, кој подразбира анализа на партиите идеолошки, програмски, кадровски и изборни, дава научни резултати за состојбата во општеството. Почетокот на четврта декада на плуралистичка демократија кај нас е соодветен период да се даде одговор дали македонското општество го заврши транзицискиот период на политички план. Дали наспроти претходниот еднопартиски систем, сега имаме изградено повеќепартиски систем, со дефиниран идеолошки спектар на политички партии, и согласно тоа соодветна идентификација на електоратот.

Потврда или отфрлање на претпоставката за социјалната втемеленост на гласачкото определување за едната или другата партија дава слика за степенот на еволуција на политичкиот систем во земјата. Со оглед дека трудот се пишува во период кога главните обвинувања помеѓу десницата и левицата се „патриоти – предавници“, може да се претпостави интензитетот на разликите и конфликтите помеѓу двете најголеми партии во земјата. Конфликт кој е исцртан до микро ниво, помеѓу граѓаните во маалото или во зградата кај што живеат. Резултатот од ова истражување дава научна перспектива за вредносните ставови на граѓаните на што го базираат континуитет во политичката определба. Особено што либералното општество, подразбира менување на доверба во партиите, т.н. рационално гласање предвидува изборот при гласањето да не мора секогаш да е за иста партија.

Самиот процес на обезбедување податоци да се анализираат претходно споменатите претпоставки, посебно од Државната изборна комисија, детектираше загрижувачка состојба. Особено во однос на прашањето како државата или системот со своите институции се однесуваат кон обврски кои им се надлежност. Имено, почетните интенции да се анализираат сите парламентарни циклуси за кои е можно да се обезбедат податоци, беа

сведени на пет изборни циклуси т.е. на парламентарните избори во 2011, 2014, 2016, 2020 и последните парламентарни избори во 2024. Тоа беше максимумот на податоци кои ги поседуваат во ДИК  во форма која со определено техничко средување би биле научно употребливи. Пет парламентарни циклуси, во период од тринаесет години, апсолутно претставуваат научно релевантен период. Овој период беше исполнет со политички промени, предизвикани од големи политички тензии и силна политичка поларизација во земјата, чија социолошка проверка би имала општествена корист.

## 1. Определување на работни хипотези и тези

Дисертацијата беше насочена кон испитување на претпоставката, хипотезата дека двете политички партии имаат специфични социолошки профили и дека тие профили, предмет на промена во минатото, се одраз на новите социјални белези на нивните членови и гласачи. Со оваа хипотеза се апострофираше социјалната втемеленост на политичките партии, односно на нивните социолошки профили во целина и во одделните специфични димензии на истите како што се :

- Историската втемеленост;
- Идеолошкиот профил;
- Организациската структура и профил на нивните членови;
- Степенот на внатрепартиска демократија;
- Социјалниот профил на нивните гласачи;
- Промените кои се случувале во партиите поврзани со претходните белези;
- Јавната перцепција за профилот на партиите.




Слика 30: СДСМ наспроти  ВМРО ДПМНЕ
Извор:  https://www.mktoday.mk/2025/01/24/сдсм-и-вмро-дпмне-разменија-обвинувањ/

Врз основа на направената анализа во истражувањето е утврдено дека политичките партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ имаат историска втемеленост која во еден дел се поклопува. Имено и двете партии се повикуваат на корени од историското ВМРО. СДСМ експлицитно алудира на левицата т.е. социјалистите во револуционерното движење, кај ВМРО ДПМНЕ не се приметува ваква идеолошка дистинкција на историското ВМРО, туку се прифаќа во целина преку неговиот синоним како идеја за самобитност. ВМРО ДПМНЕ е посилно етаблирана од СДСМ кај Македонците, СДСМ има повисок процент на членови од другите етнички заедници. ВМРО ДПМНЕ типично за десна партија има цврста внатрепартиска хиерархија, СДСМ со непосредните избори за Претседател на партијата и почесто одлучување на ниво на Конгрес покажува поголема отвореност кон членството. Дејствувањето на партиите до денес креира во јавноста специфични карактеристики на нивниот јавен профил. Граѓаните ВМРО ДПМНЕ ги доживуваат како суверенисти, СДСМ како интегративци. Утврдени се елементи на социјална втемеленост на партиите во зависност од местото на живеење. ВМРО ДПМНЕ доминира во повеќето села и градови, во повеќето општини на Градот Скопје освен централните, СДСМ доминира најмногу во централните општини на Градот Скопје, организирана е во другите градови и села.

## 2. Методи и техники на истражувањето

Ова научно истражување се водеше од начелата на типолошко истражување, познато во социолошката наука, посебно во делата на социолозите Макс Вебер и Жорж Гурвич. Веберовиот концепт на “идеален тип” е основен метод на компаративно проучување. Овој метод, ги претставува најистакнатите карактеристики на феномените што се испитуваат, и својата основа ја фундира на тезата дека човековото дејствување мора да има смисла (Weber, 1949). Слично на ова гледање е пристапот на Жорж Гурвич во неговата “диференцијална типологија на групите”, која ги проучува типовите на групирања кај луѓето, внатрешните односи во рамки на групите како и влијанијата и релациите генерално во општеството. Гурвич во класификацијата на групите ја гледа оправданоста на нивното постоење во општествената реалност, која е социографски нотирана (Gurvič Ž. 1965 ).

За детектирање и анализа на типолошките карактеристики на предметните политички партии беа применети методите и техниките на *квалитативна* и *квантитативна* анализа. Програмските документи на партиите како што се доктрините, програмите и декларациите беа анализирани со методите на *анализа на содржина*, *класификација* и *компарација*. Поставеноста на партиите се компарираше со најновите научни позиции за двете идеологии конзервативната и социјалдемократската. За таа цел беше користена домашна и странска литература. Видот на анализа е на *дескриптивно* и *типолошко* ниво на партиските документи, на двете партии како и други достапни извори на информации. Податоците за

населението се црпеа од последниот попис на населението во 2021 година реализиран од Државниот завод за статистика, додека како податоци за изборните резултати се користеа официјалните податоци на Државната изборна комисија.

Предмет на анализа на предложената докторска дисертација е социолошкиот профил на македонската левица и десница, преку анализата на нивните типични и најзначајни репрезенти политичките партии СДСМ и ВМРО ДПМНЕ. Анализата е направена со компаративно типолошка анализа на програмскиот идентитет на двете партии и компаративно типолошка анализа на индикаторите за социјалната структура, на примерок од типични избирачки места, кај што овие партии имаат во континуитет поддршка на сите пет парламентарни циклуси до денес.

Елементите или аспектите на социолошкото профилирање, историската и идеолошката втемеленост се анализираат преку нормативните документи како што се Статутот и актите за организација вклучително и програмските документи на партиите како што се доктрините, програмите, декларациите, резолуциите итн. Аспектите на организациска поставеност, начин/стил на внатрепартиско дејствување освен што се анализираат преку актите на партиите, се анализираат и преку интервјуата на Генералните секретари, како примарен извор на информирање. Мобилизирачки фактор кај партиите се анализира преку карактеристичен профил во нивното дејствување, креиран од основањето на партијата до денес. Последователно со анализата на типичен мобилизирачки фактор на партиите, е анализата на јавната перцепција за истите, која е во корелација со нејзиниот мобилизирачки профил. Врската на партиите со електоратот и анализа на профилот на електоратот се прави преку сознанијата за социјалните карактеристики на типични избирачки места. Тоа се избирачки места во кои предметните партии имаат континуирана поддршка во петте парламентарни циклуси, т.е. се етаблирале како т.н. ,,бастиони”. Нивната анализа дава одговор на прашањето дали постои социјална втемеленост на гласачкото однесување и ако постои каква е таа. Законски определениот список на избирачки места е вкупната популација на избирачки места од кои се изведе примерокот од две типични места, со цел да се одговорат поставените истражувачки прашања. На тој начин се проверува општата претпоставка за социјалната условеност на профилот на двете компаративно типолошки анализирани политички партии. Оваа анализа ја потврдува социјалната условеност на партиите. Анализата на сите претходно споменати елементи го прави денешниот социолошки профил на двете најголеми партии во државата, предводници на двете најголеми идеолошки семејства десницата и левицата.

Најголеми предизвици во истражувањето беа релативната затвореност на партиите за информации поврзани со нивната структура и начин на делување како и затвореност на институциите за податоци кои претставуваат микро анализа во нивната главна мисија. Иако ние граѓаните како даночни обврзници сме финансиери на институциите, вклучувајќи ги и трошоците за реализација на попис, користењето на податоци за научни цели е на комерцијална основа, што само по себе фрла сенка на целисходноста на оваа статистичка операција.

## ЧЕТВРТ ДЕЛ - СОЦИОЛОШКОТО ПРОФИЛИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВМРО ДПМНЕ И СДСМ: МАКЕДОНСКАТА ДЕСНИЦА И ЛЕВИЦА

# 1.Трансформација на политичкиот систем во Македонија

### 1.1 Падот на социјализмот

Крајот на дваесеттиот век, навестувал драматични политички промени во Западна Европа и бившиот СССР (денес Русија). Комунизмот или социјализмот кој бил присутен или доминантен на овие два геополитички континенти за кратко време од неговото етаблирање ја губи јавната поддршка. По речиси педесет години од неговото етаблирање, по завршувањето на втората светска војна, тој го изгуби своето влијание во вредностите и уверувањата кај граѓаните, како идеологија, која може да ја креира иднината. Овој период, се поклопува со периодот на крајот на индустриската револуција, и започнување на период на постиндустријализмот. Желбата да се напушти тоталитарниот политички систем и да се живее во услови на  либералната демократија била надополнета со стремежот за формирање национални држави, визави тогашните федеративни или конфедеративни социјалистички уредувања.

Ваквата состојба на глобален план имаше свои импликации кај единствената партија која управуваше со овие држави, Комунистичката партија или сојузот на Комунистите во рамките на СФРЈ. Ако се следат конгресните или други одлуки на партијата, ќе се види еволутивниот пат на оваа идеологија, од нејзиниот почеток и процвет, до периодот на криза и распад. Ваквата состојба е отсликана во дејствувањето, на сите комунистичките партии, во земјите од Источна Европа и СССР. Губењето на мобилизирачката моќ на комунистичките партии, се поголемото незадоволство кај номинално доминантната класа, работниците, на долг рок, се покажа како неодржлив. Помеѓу народите владееше несигурност, поттикната од се полошите состојби на економско и социјален план.



Слика 31: Падот на Берлинскиот ѕид
Извор: https://plusinfo.mk/9-noemvri-denot-koga-padna-berlinskiot-id-datum-so-posebno-znache-e-vo-germanskata-istori-a/

Определбата за социјална еднаквост, беше сериозно поткопана, со евидентното богатење на слоевите кои управуваа со политиката и стопанството. Од друга страна, урамниловката која се форсирала помеѓу работниците, предизвикувала фрустрации, бидејќи била апсолутна нереална. Продуктивните работници, не можеле да се помират со фактот дека се еднакво наградени, со нивните колеги со многу помала продуктивност. Високите општествени слоеви, додека зборувале во име на еднаквоста и солидарноста, се претвориле во буржоазија фокусирана на приоритетот за самозадоволство. Верските организации и мрежи, претходно прилично авторитетни и етаблирани помеѓу народот, моментално потиснати во нивното дејствување, гледале шанса за нивно воскреснување, со евентуалниот распад на социјализмот и развој на демократијата.

Во рамки на нашето општество, од социолошки аспект, едно од поважните прашања, кое имало импакт на општествен план било носењето на новиот Устав на Југославија од 1974 година. Новиот устав, бил резултат на нагласената волја за рамноправност, помеѓу сите народи и народности кои ја сочинувале таа федерација. Ваквата волја, базирала на уверувањата за нееднаквост, во уредување во кое еднаквоста е еден главните принципи на функционирање. Решението за нивелирање на нееднаквоста се гледало во децентрализација во носењето федеративни одлуки и јакнење на самостојноста на републиките и покраините.

Една од главните цели на новиот устав, била трансформација на диктатурата на пролетеријатот во самоуправна демократија на работничката класа (Јанчева, 2012: 54). Со овој устав, биле имплементирани решенија кои упатуваат на претставничка демократија, воведувајќи делегатски избор на претставници, во определени работни тела на партијата и државата. Биле креирани решенија, чија главна цел била, справување со се поевидентната меѓуетничка нетрпеливост и појава на национализмот. Исто така, биле вградени одредби во Уставот, кој со помало или поголемо екстензивно толкување, давало основ за сепаративни политики т.е. можност за отцепување од федерацијата и формирање нови независни држави.

Новото нормативно уредување на Југословенското општество кое попримило определени либерални размислувања, надополнето со смртта на неприкосновениот лидер Тито, претставувало катализатор на распадот на тогашниот политичкиот систем. Овде не случајно се нотира смртта на водачот, со оглед на профилот на ваквите тоталитарни системи, во кои улогата на водачот е од круцијално значење. На ваквата комплексна состојба се надоврзува и кризата во економијата, која се јавува помеѓу осумдесеттите и деведесеттите години на минатиот век, која доведува до се поголемото класно раслојување. Излезот од ваквата состојба се гледал во демократијата и капитализмот како уредување.

## 1.2 Воведување на повеќепартискиот систем

Крајот на деведесеттите, бил период на идеолошка диференцијација во рамки на СКМ, диференцијација во која т.н. либерално крило, во кое биле Милосавлески, Чокрески и Мирчев (првите двајца социолози, а третиот политиколог и професор по политичка социологија) и други, добивале тајна или јавна поддршка од други влијателни партиски членови. Иницијативите од оваа група, како и бранот промени кој неминовно надоаѓал, резултирале со носење нормативни решенија кои ги удираат темелите на плурализмот. За клучна пресвртница, се смета X Конгрес на СКМ, одржан во декември 1989 година. На овој конгрес, се проектира новиот политички систем, како демократски, граѓански и државата како социјална држава. Самиот Милосавлески ќе истакне дека тоа претставува „пресвртна точка во поновата (најновата) политичка историја на Македонија" (Милосавлески, 1993: 139). Истиот автор ќе продолжи, дека од партиски аспект важен е успехот за „трансформација на СКМ од болшевички тип, во демократска партија, со социјалдемократска варијанта" (исто, стр. 146). На конгресот, во функција на квалитетна имплементација на демократските и плурални цели, се формирала Комисија за општествени реформи, како носител на политичката транзиција и трансформација.

Случувањата на републичко ниво во Македонија, и на федеративно ниво, имале определена комплементарност. Условно кажано, демократските бенефити од новиот југословенски Устав ги користела и Македонија. Иако, за храброста, подготвеноста и темпото на промените во земјава има поделени мислења во науката. Во тој контекст професорот Мојаноски ја опишува Македонија како ,,уплашена република" или ,,конзервативна средина, неприемчива за новите идеи за промени" (Мојаноски, 2000: 3). Имплементација на повеќепартискиот систем во Македонија не одела лесно. Бил евидентен притисокот од СКМ, кој во своите раце ги имал сите државни ресурси да се креираат решенија со кои би се задржало влијанието или владејачката позиција. Разни неиздржани и сурогат решенија се нуделе, за новото политичко уредување, поттикнати од стравот за губење на позициите кои генерации ги уживале. Некои од тие ,,решенија" биле ,,непартиски плурализам" понатака т.н. ,,државна партија" и сл.

Отпорот кон промените не може да се ограничи само во рамки на владејачката СКП-ПДП (нов назив), тие имале длабоки општествени корени. Биле силно етаблирани во вредносниот систем кај граѓаните. Вредносен систем кој секако се менувал, но менувањето не одело со брзина како во другите општества. Самиот Петар Гошев, во неговите сведочења за процесот на трансформација на СКМ, укинувањето на еднопартизмот и воведувањето на плурализмот, по прашањата за промената на името на СКМ во СКМ-ПДП и промена на знамето со петокраката ќе констатира ,,И тоа не само во повисоките ешалони на партијата, туку и кај просечните членови. Сфатив дека идеолошкиот товар од минатото е голем, дека битката за промена на идеологијата и навиките де факто ќе трае многу подолго. Тие отпори

не беа само знак за количеството конзервативна свест во партијата, туку и во општеството во целост“ (Гошев, 2001: 67).


НОВА МАКЕДОНИЈА

САБОТА

ЈУГОСЛАВИЈА

# Последниот круг на монизмот

СЕГА И ПАРЛАМЕНТАРНА КРИЗА?

● Во нашата земја завршува ерата на еднопартискиот систем, кој сепак ќе остави такви траги кои не ќе можат да се избришат преку ноќ. – Од резултатите на изборите во четирите републики ќе зависи како ќе се одвиваат настаните пресудни за иднината на земјата

Слика 32: Новиот политички систем во медиумите
Извор: Нова Македонија од 10.11. 1990

Промените кои започнале на републичко ниво, полека добивале верификација и од федеративно ниво. На XIV-от Конгрес на СКЈ, одржан 20-22 јануари 1990 година, прв пат се отвораат теми за премин во повеќе партиски систем, се олабавуваат стегите на тоталитарниот систем, се зголемува почитувањето на човековите права и сл. Големите разлики во ставовите помеѓу претставниците на републиките, по однос на предложените теми, допринесуваат за напуштање на Конгресот, од страна на претставници на Словенија, Хрватска и Македонија. Неуспехот на Конгресот, значел дефинитивен распад на Југославија, чија имплементација се реализирала, со наредните чекори од правно-нормативно и социолошки аспект.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за општествени организации и здруженија на граѓани и интервенција во Уставот на Социјалистичка Република Македонија од 20. 09. 1990 година се ставаат темелите на повеќепартискиот или плурален систем кај нас. Со овие измени на Уставот на СРМ, политичкиот систем во земјата доживува битна трансформација. Од социолошки аспект важна новина е делот кој регулира дека „Граѓаните се носители на власта, што ја остваруваат преку претставници во Собранието на Републиката, на општината, односно на градската заедница, со референдум, на собири или други форми на лично изјаснување” (Сл. весник бр.28, 1990 год.). Исто е предвидено, дека Собранието на Социјалистичка Република Македонија го сочинуваат 120 пратеници. Од секоја општина се избира најмалку по еден пратеник. Сите претпоставени нормативни акти биле донесени за отпочнување нова ера во политичкиот систем на земјата, а тоа е плурализмот

### 1.3 Организирање на првите повеќепартиски избори

Со оглед дека биле создадени сите неопходни предуслови, за организирање на првите повеќепартиски избори, Претседателот на Собранието Вулнет Старова на 24 септември 1990 година ги распишува изборите, со ден на одржување на 11 ноември 1990 година. На овие избори од регистрирани 19 партии учествувале 16, како и 43 независни кандидати. Битен момент кој треба да се нотира, има суштинско влијание на изборите, е дека на овие парламентарни избори, апсолутна контрола и доминација во нивното организирање, имала дотогашната власт, на сите нивоа, и во сите органи вклучени во организација на изборите. Клучните органи за организирање на изборите, вклучувајќи ги и избирачките одбори, биле креирани од дотогашните локални власти, од истата политичка структура. Со други зборови контролата на изборниот процес на првите парламентарни избори, била најмала за разлика од сите подоцнежни избори.

Самата кампања, во пресрет на изборите, бил првиот тест во практикувањето на плуралната демократија. Организирањето на првите повеќе партиски избори, многумина ги опишуваат како првите породилни болки на македонскиот плурализам. Во состојба на никакво дотогашно искуство во повеќепартиско живеење, без јасна идеолошка и социјална диференцијација, пораките од партиите биле прилично симплифицирани т.е. обединети околу една, до најмногу две или три теми. Нај доминантна тема, очекувано било, дискусијата дали Македонија својот пат треба да го продолжи како независна држава, или како дел од некоја скратена верзија на Југославија. Затоа што било очигледно, дека тогашниот формат на држава е минато. Надоврзани на оваа тема, биле темите за демократската транзиција и трансформација на општествениот капитал.

Политичката поларизираност била максимална, жарот и емоциите кои биле внесени во изборите, влијаеле на рационалното, демократско и плурално поведение. Неизбежни биле конфликтите, на различни нивоа, дури и помеѓу семејства и роднините. Во таква рудиментирана плурална демократија, лидерите на партиите, аналогно на лидерот од минатото, биле олицетворение на партијата и нејзината програма. Станува збор за харизматски профил на лидери, на кои не им било проблем да ги преполнат плоштадите, нивните говори да бидат следени од почеток до крај, со големо внимание, жар и фанатизам. Левицата освен големото искуство, етаблираната партиска мрежа, акумулираното политичко искуство, била претставена од поискусен лидер Петар Гошев. Додека десницата, штотуку формирана, без никакво партиско искуство, со млад лидер Љупчо Георгиевски, „јавала" на духот на македонскиот романтизам.

Изборната атмосфера, не ретко била нарушувана од определени инциденти, и инволвирање на институциите задолжени за редот. За прв пат се применувале правилата за еднаква медиумска застапеност на партиите во тогашните медиуми, и непристрасното информирање за изборната кампања. Главна разлика помеѓу левицата и десницата по однос

на изборните правила, и генерално изборната атмосфера, е во нивната перцепција за изборите. За едните (левицата) изборите се одвивале во фер и демократска атмосфера, пружале еднакви шанси, за другите (десницата) изборната атмосфера била не фер и недемократска, со силно влијание на државниот апарат.



НОВА МАКЕДОНИЈА

СКОПЈЕ, НЕДЕЛА 11 НОЕМВРИ 1990 ГОДИНА

ПРВИ ПОВЕЌЕПАРТИСКИ СЛОБОДНИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКАТА

# Денес Македонија гласа

*Изјаснувањето на граѓаните е непосредно и тајно. – Во борбата за 120-те пратенички места за Републички парламент учествуваат 1.156 кандидати од редовите на 16 партии и независни кандидати. – Првичните резултати од изјаснувањето ќе бидат познати утре навечер а конечните по 15 ноември*

*Денес е ден што влегува во историјата. Македонија гласа на слободни, тајни, повеќепартиски избори. За прв пат од своето постоење, граѓаните на Македонија ќе изберат свои претставници во кои веруваат дека најмногу ќе придонесат за прогресот и за подобра заедничка иднина.*

*Денес граѓаните на Македонија гласаат за демократија, избирајќи го првиот демократски повеќепартиски Републички парламент и новите еднодомни општински собранија. Граѓаните на Скопје ќе ги изберат и одборниците за идното еднодомно градско собрание.*

Слика 33: Први повеќепартиски избори во Македонија
Извор: Нова Македонија од 11.11. 1990

По завршувањето на третиот круг на гласање, поради одредени прегласувања, резултатите изразени во пратенички мандати биле следни:

- ВМРО ДПМНЕ -38
- СКМ-ПДП – 31
- ПДП – 17
- Сојуз на реформски сили на Македонија – 11
- Коалиција СРСМ-МДСМ – 6
- Коалиција ПДП-НДП – 5
- СПМ – 4
- Странка на Југословените – 2
- НДП - 1
- ПЦЕР – 1
- Коалиција СПМ-СРСМ-МДСМ – 1
- Независни кандидати – 3

Важна социолошка констатација, поврзана со расположението кај граѓаните на првите парламентарни избори, дава професорот Димитар Мирчев. Во неговата компаративна анализа на промените кои се случувале во средноисточна Европа, Балканот, Југославија и Македонија, ќе констатира уште една посебност на македонските прилики. Имено, промените секаде во постсоцијалистичките земји оделе „кон десно”, за разлика од Македонија, која сеуште не била подготвена за подлабоки и суштински промени. Промени, налик на промените во останатите постсоцијалистички земји, кои претставувале буквално кршење на претходниот систем, и градење на нов со јасен дисконтинуитет. Тој тогаш на Македонија гледа како на „неначната, комунистичка тврдокорна лева средина“ (Мирчев, 1991: 157).[9] Резултатите од првиот круг на изборите, во кој води СКМ-ПДП, ја потврдуваат тезата на Мирчев, дека нашата земја во тој период можела да се доживее, како конзервативна средина, која пружа отпор на промените кои доаѓаат. Од друга страна победата на ВМРО ДПМНЕ во вториот круг сепак било знак дека општеството има потреба од промени.


НОВА МАКЕДОНИ

СКОПЈЕ

Год. XLVI – БРОЈ 15683

СКОПЈЕ, ПЕТОК 21 СЕПТЕМВРИ 1990 ГОДИНА

ВО СОБРАНИЕТО НА СРМ ПРОГЛАСЕНИ УСТАВНИТЕ АМАНДМАНИ

Македонија повеќепартиска држава

● Се востановува таков политички систем што овозможува збогатување на демократските односи, напуштање на едноумието, ослободување од политичките монополи и идеологијата. – Граѓанинот основен субјект на системот и носител на власта

Слика 34: Прво повеќепартиско Собрание во Македонија
Извор: Нова Македонија од 21. 09. 1990

[9] Не може да се исклучи определено идеолошко влијание, во погледот на Мирчев, и оправдани лични фрустрации, поради односот на комунистите кон неговите размислувања, поврзани со перспективите на македонскиот политички систем.

## 1.4 Прогласување на независноста

Одржувањето на првите повеќепартиски избори, било предвесник на случувањата на општествено политички план кои следувале. Додека пак резултатите од изборите, дополнително го осигуриле и трасирале патот за независна и самостојна држава. Конститутивната седница, на првото повеќепартиско Собрание на Македонија е одржана на 08.01.1991 година. Силата на отпорот кон промените, потенцирана во претходните поглавја, сликовито се гледа преку првата кавга во Собранието, која химна да биде интонирана на почетокот на седницата. Пројугословенските сили биле за интонирање на југословенската химна, додека партиите со суверенистичка ориентација, биле за интонирање на македонската химна. Компромис е постигнат со интонирање на двете химни. Истата ситуација била и со иконографијата во салата во која се одржувала седницата, покрај поголемата слика на Тито, се поставиле две помали на македонските револуционери Гоце Делчев и Никола Карев. Ваквите случувања симболично и суштински ја отсликувале политичката поларизација.

За прв Претседател на Собранието е избран Стојан Андов. Два дена по конституирањето на Собранието, на предлог на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ е доставена, Декларација за сувереност и независност на Македонија. По однос на предложената Декларација, следеле преговори помеѓу релевантните политички партии, преговори во кои уште еднаш се покажала поларизацијата помеѓу двете најголеми политички партии ВМРО-ДПМНЕ и СКМ-ПДП. Постигнат е компромис, веќе практикуван за слични разлики, да се подготват два документи, Декларација за сувереност и независност и Платформа за разговорите за иднината на Југославија. Биле формирани две работни групи, очекувано, групата за Декларацијата за сувереност ја предводел пратеник од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, а Комисијата која требало да го изготви текстот за Платформата, пратеник од пратеничката група на СКМ-ПДП.

На седницата одржана на 25.01.1990 година, после бурна и обемна расправа, Собранието со акламација ја усвојува Декларацијата (Андов, 2003: 213-217). Следело избор на прв Претседател на државата, со избор во Собранието, на кој е избран Киро Глигоров. Бидејќи ниту една партија или коалиција, немала апсолутно мнозинство во Собранието, низ процес на преговори помеѓу партиите, постигнат е договор за избор на експертска Влада, предводена од Никола Кљусев. На 06.08.1990 година, Собранието ја донело одлуката за распишување на референдум за осамостојување. За датум на одржување на референдумот е одреден 8 Септември 1991година, а референдумското прашање гласело: „Дали сте за суверена и самостојна држава Македонија, со право да стапи во иден сојуз на суверени држави на Југославија“. Бил дефиниран начинот на изјаснување на граѓаните со „ЗА“ или “ПРОТИВ”. Бил издаден проглас до граѓаните за учество на референдумот.

На референдумот право на глас имале 1,495,807 граѓани, од кој своето право на глас го искористиле 75,75%  или 1,132,981 граѓанин. Од нив „ЗА“ гласале 1,079,308 граѓани или 95,26%, а „ПРОТИВ“ гласале 39,639 граѓани или 2,65%, а неважечки ливчиња биле 14,034 ливчиња или 1,24%. Следела општонародна веселба на плоштадот во Скопје за прогласување на резултатите од референдумот.  На 17 септември истата година, Собранието ја усвојува Декларацијата за независност, во која се содржани главните одредници на Македонија како независна и суверена држава. Друг важен датум од осамостојувањето на Македонија, е донесувањето на Уставот на 17 ноември 1991 година. Зад сите споменати настани и одлуки постојат безброј информации, кои ја опишуваат поделбата помеѓу партиите во процесот на осамостојување. Поделби кои траат до ден денес, но на други теми, бидејќи денес независноста е апсолвирана тема, дури има обиди, определени тогашни поведенија на партиите да се претставаат во друго светло.




Слика 35: Прогласување на независноста на Македонија
Извор: https://lider.mk/retrospektiva-kako-se-odvivashe-referendum-za-nezavisnost-na-makedonija-vo-1991-ta-godina/

# 2. Формирање на првите политичките партии во Македонија

## 2.1 Македонската политичка пролет

Интенција на овој наслов е да се даде слика за формирањето на првите политички партии во Македонија, како момент на премин од еднопартиски во повеќе партиски систем. Преку елаборацијата на оваа тема, тогашната општествена состојба, сегрегација и стратификација на индиректен начин ќе се расветли, преку организирањето на граѓаните во политичките партии. Преку утврдување на карактерот на новиот политички систем, како и преку идеолошко програмскиот профил на прво основаните партии, ќе се добие претстава, на што фундира денешниот политички систем во земјава. Социолошкото профилирање на политичките партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ го опфаќа периодот од формирањето на овие партии до денес. Периодот на формирање на партиите е важен за утврдување на промените кај овие партии во кадровскиот профил, јавната перцепција за нив, како и за еволуцијата на нивната социјалната втемеленост.

Бројот на политички партии во периодот од 1990 година до денес флуктуира, нивниот програмски и идеолошки профил исто така трпи одредени промени. Интенцијата на насловот не е водење евиденција за сите партии до денес, туку социолошка анализа, како е креиран плуралниот систем во земјата како фундамент на денешниот систем. Во голем дел неговата еволуција до денес ќе се отслика во понатамошната елаборација. Очекувано, после период на социјализмот кој гушел секаква иницијатива, различна од тогашната идеологија и владејачка партија, во 1990 година во Македонија, настапил период на експлозија на иницијативи за организирање на граѓаните со различни цели или основи. Почнале да никнуваат групации со еколошка, стопанска и друга афилиација, но и иницијативи за формирање на првите политички партии, освен СКМ која веќе постоела. Иницијативите биле различни по обем и место на појава. На почетокот, се јавувале по различни градови т.е. биле на ниво на градови, во кој се вклучувало лимитиран број на граѓани и биле со различни имиња и цели. Такви организации биле со определени еколошки, земјоделски иницијативи, понатака организирање на невработените и сл.

Слободата во здружувањето веќе била неприкосновена, таа била движечката сила и на новото претприемништво и приватна сопственост, како новина наспроти претходната државна т.е. колективна сопственост. Нов носител на суверенитетот бил граѓанинот, за разлика од минатото класата. Во Македонија за разлика од другите југословенски републики, немаше случај за возобновена партија, од пред втората светска војна. Факт кој отвара бројни дилеми и прашања зошто се издвојуваме во однос на останатите и на што се должи ваквата состојба. Само во 1990 година се формирале околу 20 политички партии. Споредено со големината на земјата, несомнено говори за солидна политичка понуда, или состојба на квалитетна политичка алтернативност. Формирањето на политички партии во тој период почнало да поприма белег на помодарство, со декларативни идеолошки заложби,

без емпириска верификација. Мојаноски за амбиентот и политичкото опкружување во период на основање/формирање на првите политички партии во земјата ќе истакне:

**"Изградувањето на партиската структура, во Република Македонија, несомнено е автентичен процес, израз на потребите и барањата на социјалните групации, кој настануваат во процесот на структурирањето на економските, урбаните и други сегменти на животот. Во таа смисла република Македонија, нема наследство, кое ќе се базира, на традиционалниот развој на повеќепартиското организирање. Македонскиот народ и граѓанството на Република Македонија, низ историскиот развој, познаваат одредени облици на политичко и партиско организирање, но секако, тоа е далеку од сегашните партиските облици на дејствување. Историјата на политичко организирање во Република Македонија, е врзана за разните облици на доминација на одделени политички режими на овој простор и како постојана борба за сопствена слобода и самобитност" (Мојаноски, 1996: предговор)**

Табела 1.

*Преглед на прво формираните политичките партии во Македонија во 1990 година, по датум на основање.*

| Бр. | Политичка партија | Датум на основање |
|---|---|---|
| 1 | Движење за семакедонска акција МААК | 04. 02. 1990 |
| 2 | Лига за демократија | 11. 02. 1990 |
| 3 | Партија за македонско работничко обединување | 04. 03.1990 |
| 4 | Социјал-демократска партија на Македонија | 18. 03. 1990 |
| 5 | Народна партија на Македонија | 12. 04. 1990 |
| 6 | Демократски сојуз-партија на земјоделците | 16. 04. 1990 |
| 7 | Партија за демократски просперитет на Македонија | 15. 04. 1990 |
| 8 | Народна демократска партија | 23. 04. 1990 |
| 9 | Странка на Југословените | 26. 05. 1990 |
| 10 | Демохристијанска партија на Македонија | 09. 06. 1990 |
| 11 | ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство | 17. 06. 1990 |
| 12 | Работничка партија | 26. 06. 1990 |
| 13 | СКМ-Партија за демократска преобразба | 03. 07. 1990 |
| 14 | Млада демократско-прогресивна странка на Македонија | 12. 07. 1990 |
| 15 | Социјалистичка партија на Македонија | 13. 07. 1990 |
| 16 | Партија за човекови права | 20. 07. 1990 |
| 17 | Партија за целосна еманципација на Ромите | 12. 08. 1990 |
| 18 | Сојуз на реформски сили на Македонија | 05. 09. 1990 |
| 19 | Политичка партија на невработените | 12. 09. 1990 |
| 20 | Работничко – земјоделска партија | 15. 09. 1990 |
| 21 | Демократски сојуз на Турците | 22. 09. 1990 |
| 22 | Демократски сојуз на просветните работници | 15. 11. 1990 |
| 23 | Балканска федерација- Балкан без граници | 15. 12. 1990 |

Извор: Основен граѓански суд Скопје

Од програмско идеолошки аспект, првите политички партии во Македонија како што е споменато и претходно се делеле воглавно од аспект на нивните ставови по прашањето за идното дејствување на републиката, дали како независна или во склоп на одредена федерација. Без разлика што во нивните основачки акти, и први доктрини и програми ја определувале својата идеолошка ориентација, политички вредности и уверувања, сепак во тој момент таквите заложби можеле единствено да се перципираат како декларирана ориентација. Фокус во анализата, на програмско идеолошкиот аспект на партиите, ќе се даде на пет политички партии, од списокот партии основани на почетокот на плурализмот.

Критериумите по кој ќе бидат селектирани политичките партии се:

- Прво основаната партија,
- Најголемата партија во албанскиот блок,
- Партијата која најсилно се залагала за останување во состав на Југославија,
- СКМ-ПДП како најголема партија во левицата,
- ВМРО ДПМНЕ како најголема партија во десницата.

Прва политичка партија основана во Македонија, е Движењето за семакедонска акција МААК. Нејзиното основачко собрание се организирало на најстариот факултет во земјата Филозофскиот факултет, на 4 февруари 1990 година. Општиот впечаток во јавноста, бил дека станува збор за политички субјект на чие чело застануваат познати македонски интелектуалци, писатели и сл. Претседател на МААК бил Гане Тодоровски. Веднаш по формирањето во оваа партија пристапуваат голем број граѓани, претендирајќи да прерасне во најголема партија покрај СКМ. Во својот Статут оваа партија себе си се профилирала како „**движење и татковинска партија на сите Македонци и на сите граѓани на Македонија без разлика на нивната социјална, национална и верска припадност“.**



Проф. Гане Тодоровски зборува на Основачкиот собир на МААК

ОСНОВАЧКИ СОБИР НА ДВИЖЕЊЕТО ЗА СЕМАКЕДОНСКА АКЦИЈА (МААК)

**Движење за радикални промени**

**МААК е движење за радикални преобразби на македонското и југословенското општество. – Во Движењето имаат пристап сите, без разлика на политичка, верска или национална припадност**

Движењето за семакедонска акција (МААК) вчера одржа основачки собир во големиот амфитетар на Филозофскиот факултет во Скопје.

Тоа практично значеше и почеток на работата на движењето кое

жот на татковината. Тој ја истакна и дилемата на иницијаторите во однос на името на движењето и рече дека без разлика на тоа, во него има места за сите и за Македонците, Албанците, Турците, Србите, Вла-

те сврзани со сè уште нерешеното прашање на Македонците во соседните земји. И покрај низа емотивни истапувања, можеа да се слушнат доста сугестии и предлози за концепирањето на политичката програма

Слика 36: Основачко собрание на МААК
Извор: Нова Македонија од 05. 02. 1990

Главна цел на ова движење била „**неодложен брз и сеопшт економски развиток на Македонија, на сите нејзини материјални и човечки потенцијали, слободен проток на идеи, знаења и искуства“.** Ова партија по прашањето за определување на иднината на Македонија се залага за „**слободна, самостојна и суверена држава Македонија**”. МААК се определува „**за целосно духовно обединување на Македонците, независно од нивното место живеење“.** Самата иконографија од основачкото собрание на МААК, прикажувајќи ги трите дела на Македонија упатувала на ставот дека оваа партија се залага „**да ги одбрани интересите на македонскиот народ од Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија, на Македонците кои живеат во Албанија и во сите други земји и континенти**“.

Важно е да се спомене, дека оваа партија државата ја гледала како парламентарна демократија, и дека прокламираните заложби треба да се реализираат по мирен и институционален пат, никако да се влегува во војни или конфликти. Во делот на граѓанските слободи и права се залагале за **„подеднакво внимание на државата и кон христијанството и кон исламот“.** По однос на прашањата од економијата и стопанството МААК прокламирала воспоставување на „**пазарно стопанство“** и „**слободен пазар на стока, труд и капитал**“. За релативно кратко време, истата година со основањето на другите политички партии, и појавата на побогата понуда, членството на оваа партија мигрирало во другите партии.

Во исто време се формирале партии од т.н. група на партии кои ги претставуваат македонските малцинства (тогашна формулација). Кај албанскиот блок биле формирани партиите Партија за демократски просперитет ПДП, и Народната демократска партија НДП. Партијата за целосна еманципација на Ромите се формирала како претставник на Ромите, а Демократскиот сојуз на Турците како претставник на Турците. Ваквите политички

определби, се мисли на национални определби, биле можни благодарение на претходната либерализацијата на политичкиот систем.

Доминантна партија во албанскиот блок била Партијата за демократски просперитет (понатака ПДП). Таа за кратко време од своето основање го придобила најголемиот дел од Албанците во државата. Таа се определува како политичка партија на слободни граѓани, со заложба за граѓанска демократија и национална рамноправност. Интересен е фактот што во основачките акти ПДП се определувала како граѓанска а не како национална партија. По прашањето за статусот на Македонија како независна или дел од Југославија оваа партија била со ставот „**за иднината на Македонија и на Југославија да одлучат сите колективитети што живеат на овие простори“.**


НОВА МАКЕДОНИЈА
СОВРЕМИЕ САБОТА САБОТА 14 ЈУЛИ 1990 ГОДИНА • СТРАНИЦА 15
РАЗГОВОР СО НЕВЗАТ ХАЛИЛИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПАРТИЈАТА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТЕТ ВО МАКЕДОНИЈА
# Респект кон сите посебности

Слика: 37 Разговор со Невзад Халили Претседател на ПДП
Извор: Нова Македонија од 14. 06. 1990

Како ПДП ја доживувала државата т.е. нејзиното државно уредување говори следниот цитат **„Македонија е заедничка држава на сите народи, односно на Македонците, Албанците, Турците, муслиманите, Власите, Ромите и другите“.** Како политичкото лидерство предлагале „**Претседателство на земјата“** кое треба да го сочинуваат пет членови избрани од граѓаните на избори. ПДП се залагала за „**национална рамноправност на сите народи во Македонија**“, понатака граѓаните да имаат целосна слобода да го „**изразат својот национален идентитет, да ги негуваат јазикот и културата, да се школуваат на сите нивоа на својот мајчин јазик, да го употребуваат и да се информираат пред органите на власта на сите нивоа на својот мајчин јазик”**. Во однос на употребата на симболите и обележјата ПДП се залага за „**да ги употребуваат своите национални симболи и слободно да ја користат својата топонимија, односно именувањето на местата“.** Во однос на темите поврзани со образованието ПДП се залагала за образование финансирано од државата, како и уставна гаранција за школување на мајчин јазик. Во делот на економијата се залагале за **пазарна економија** и **приватна сопственост**.

ПДП во контекст на поделбата левица-десница себе се позиционирала како политички центар.

Во групата позначајни партии, кои биле со определба да се остане во југословенската федерација (имало разлики помеѓу нив, во каква форма да се остане) биле партиите, Странка на Југословените предводена од Милан Ѓурчинов и Социјалистичката партија на Киро Поповски.  Слични ставови со нив делеле и СКМ- ПДП предводена од Петар Гошев, Социјалдемократската партија предводена од Славко Милосавлески и Лигата за демократија предводена од Ѓорѓи Марјанович. Овие три партии во своите програмски определби ги содржеле и двете опции, независна и суверена држава со можност да стапи во конфедерација со останатите републики.

Партија која најсилно се залагала против распадот на југословенското општество и задржување на статусот на Македонија како дел од Југославија, е Странка на Југословените. Оваа партија во својата изборна прокламација се дефинира како „**политичка организација која ги обединува сите граѓани коишто се изјасниле или се чувствуваат како Југословени, сите оние кои имаат чувство дека му припаѓаат на југословенското општество, без оглед на националната и верската припадност“.** Нејзината определба од научен аспект не претставува наднационална, туку партија на сите националности, која ги обединува нивните политички, економски и културни интереси. Оваа партија споделувала и погледи на граѓаните кои, припаѓајќи на својата нација во етничка смисла, истовремено и припаѓаат на Југославија.

Странката на Југословените на процесот на сецесија гледала како на „**анахронизам**“, **„исклучително штетен и опасен“.** Перспективата и животот во иднината го гледаат во држава **„во која нема место за исфорсирани парцијални интереси на одделни народи или народности, без оглед на нивниот број или територијална распространетост“.** Во делот на меѓународните интеграции, оваа партија се залагала за членство на Југославија во Европската Унија. Граѓанските слободи и права се загарантирани во **„заедница во која човекот како припадник на еден народ или народност има природно и суверено право да го почитува, негува и заштитува своето културно и традиционално наследство и да го развива сопствениот јазик, писмо, култура и уметност, во која никој нема право да ја загрозува автономноста и идентитетот на другиот граѓанин и човек“.** На темите од областа на економијата и стопанското уредување, оваа партија прокламирала еднаквост на сите облици на економија и економско стопанисување.

Левицата во Македонија ја претставувале СКП-ПДП, Социјалистичката партија, Странка на Југословените и др. Монополот во политичкото организирање во социјалистичка Македонија го имал Сојузот на комунисти на Македонија (понатаму СКМ) како составен дел од Сојузот на комунисти на Југославија, основана 1919 година како Социјалистичка работничка партија (комунисти). Идеолошкиот профил на социјализмот или комунизмот, не дозволувал присуство на друга партија. Единствен легитимен политички претставник на

доминантната класа на работниците бил СКМ. Во однос на прашањето за иднината на Македонија, СКМ-ПДП го застапувала ставот дека **„се определува за Југославија како демократска заедница на рамноправни народи“**, што претставува „**разумна определба**“. Меѓутоа политичкото искуство на оваа партија, можело да ги превиди текот на движењето на промените на општествено-политички план, и како втора опција, декларирана во нејзините програмски определби била независноста.



2 СТРАНИЦА ● НЕДЕЛА 25 ФЕВРУАРИ 1990 ГОДИНА

ДНЕВНИК

СЕДНИЦА НА ЦЕНТРАЛНИОТ КОМИТЕТ НА СКМ

УВОДНО ИЗЛАГАЊЕ НА ПЕТАР ГОШЕВ

# Промените – услов за опстанок

● Никој не може да не наведе на подаништво. – Вклопување на СК во правилата на парламентарната игра. – Секој избрзан потег може да има непоправлива штета за СКЈ

Слика 38: Петар Гошев на седница на ЦК на СКМ
Извор: Нова Македонија 25.02.1990

СКМ - ПДП, во својата изборна програма се дефинира како модерна политичка партија, односно како „**партија што ја започна демократската преобразба на македонското општество“.** По прашањето за идното државно уредување оваа партија се залагала за **„парламентарна демократија:** како политички систем во кој има експлицитна **„поделба на власта“.** СКМ-ПДП на еден начин градела граѓански профил, особено со носењето на *Декларацијата за меѓунационалните односи*, изразувајќи еднаквост помеѓу сите граѓани кои живеат во земјата. Ова партија се позиционирала во левиот центар како социјалдемократска партија, залагајќи се пазарна економија. Доктрината на ова партија, почивала врз определбите „**за демократски социјализам, целосна национална рамноправност и модерна сојузна држава“**.

Десницата во Македонија на самиот почеток од плурализмот ја претставувале ВМРО ДПМНЕ, Народната партија на Македонија, Демохристијанската партија и др. Најголемата партија претставник на десниот центар е ВМРО ДПМНЕ. На иницијатива на македонскиот дисидент Драган Богдановски, на 23 јануари 1990 година, во Стокхолм, Шведска, е формирана Демократската партија за македонското национално единство. Во програмски одредници на оваа политичка партија, како планира да ги реализира своите приоритети се определува „**за победа на вистинската демократија во Македонија“** и практикување на

власта ,,**обезбедена преку парламентарната демократија“.** Покасно оваа иницијатива се спојува, со друга иницијатива за формирање на партија ВМРО во Македонија и финишира со основање на ВМРО ДПМНЕ.

Прва и препознатлива програмска заложба на оваа партија е ,,**независна и суверена Македонија“.** Духовното обединување на македонците од трите дела на Македонија го гледала во евроинтегративните процеси т.е. Македонија како земја членка на ЕУ и НАТО. Својот почетен наратив оваа партија го базирала на антикомунизмот т.е. демократијата. Со овие ставови оваа партија алудирала на слободното изјаснување на избори, како едно од врвните начела на демократијата ,,**секој граѓанин да има право да бира и да биде биран“.** Позната била тезата на оваа партија, за уредување на Македонија како Швајцарија на Балканот, како модел во кој е гарантирана еднаквоста на сите националности што живеат во неа. Во делот на економскиот систем оваа партија се залагала за ,,**пазарна економија”**, и ,,**приватизација на општествениот капитал“**.



10 СТРАНИЦА ● СРЕДА 4 ЈУЛИ 1990 ГОДИНА

**ВМРО – ДПМНЕ – енигма**

**● (Повод: Формирањето на новите партии и нивните програми за дејствување во општествено-политичкиот и во културниот живот)**

Во македонската јавност, со право, се поставува прашањето – што е тоа ВМРО – Демократска партија за македонско национално единство? Енигма е и името и програмските цели.

Името ВМРО во историјата на македонскиот народ, во различни периоди, претставувало две сосема различни движења: ослободително и поробувачко.

Гоцевата ВМРО беше национално-ослободително движење на македонскиот народ, а ВМРО на Тодор Александров, на генералот Протуѓеров и на Ванчо Михајлов е врховистичка организација, која со фашистичко-терористички методи ги испотепа речиси сите соборци на Гоце Делчев и се стави во служба на бугарскиот двор за остварување на големобугарските санстефански идеали.

Македонија за време на Граѓанската војна во Грција, но, за жал, македонскиот народ во таа борба не се здоби со национална слобода. Создадената македонска држава им помагаше и на Македонците од Пиринска Македонија да ја крунисаат својата борба во текот на втората светска војна со успех. Преку договорот Тито-Димитров, пиринските Македонци се здобија со културна автономија, а се подготвуваше терен да се создаде и федерација со Бугарија, во која пиринските Македонци би се приклучиле на својата матична држава – СРМ. Според тоа, Гоцевата ВМРО имала свој доследен наследник во КПМ, КПЈ и македонските партизани. Дали сега некој друг може да се прогласува за наследник на Гоцевите идеали?!

И програмските цели на

сите осамостоени југословенски републики.

На вакво размислување ме наведуваат уште две работи од програмските цели на оваа партија.

Во нив се говори за „трајна грижа за македонскиот народ во незаконито присвоените делови од Грција, Бугарија, Србија и Албанија“. Со ова ми се чини како да се заборава дека во некогаш „присвоениот дел на Македонија од Србија“, во текот на НОБ е создадена слободна македонска држава, која што се грижи за судбината на македонскиот народ не само во овој дел од Македонија, туку и во другите. Дали се работи тука само за заборавеност или за нешто друго – непризнавањето на СРМ како држава на македонскиот народ?

Слика: 39 Појавата на ВМРО ДПМНЕ непознаница за јавноста
Извор: Нова Македонија 04. 07. 1990

## 2.2 Улогата на меѓународните фактори во профилирањето на политичките партии во Македонија, и нивното етаблирање во сестринските организации

Со осамостојувањето на Македонија, и воспоставувањето на дипломатски односи со земјите од Европа и Америка, се удриле темелите за соработка помеѓу македонските партии и сродни партии и фондации, од земји партнери на Македонија. Националните приоритети за членство во Европската унија и НАТО, природно ги наметнале токму овие земји и нивните политички партии, за соработка. Очекувано, периодот на досегашна меѓупартиска соработка, покажа дека македонските партии, приоритетно градеа меѓународната соработка со партиите од Европа, со помал интензитет бележат соработка со партиите од Америка. Младата македонска плурална демократија, имаше насушна потреба од поддршка во

профилирањето на новооснованите политички партии во Македонија. Не само на новооснованите, туку и на Социјал-демократски сојуз на Македонија, единствена партија која има континуитет во своето постоење, како наследник на Сојузот на комунисти на Македонија.

Практикувањето на повеќепартизмот во Македонија, имплементација на демократските начела и принципи како и идеолошката алтернативност, не можела да биде замислена без соработка со партии, меѓународни организации и фондации од други земји. Соработката со непартиски организации и фондации, и партиите во Македонија претставувало надополнување на соработката помеѓу партиите, билатерално или мултилатерално во рамки на организации кои поврзуваат политички партии со иста или сродна политичка ориентација. Бидејќи фондациите претставуваат приврзоци на партиите, после воспоставувањето на меѓупартиската соработка, следело и воспоставување на соработка помеѓу партиите од Македонија и фондациите од партнерските земји.

Во понатамошната елаборација, освртот е на соработката на партиите ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, со сестринските партии од Европа, и меѓународните организации или фондации поврзани со нив. Соработката на македонската десница беше насочена кон европската десница и обратно соработката на македонската левица е адресирана кон европската левица. Во зависно од интересот на европските земји за регионот така е градена соработката. Досега најблиска меѓупартиска соработка со земји од Европа се изградени со Германија, Англија и други. ВМРО ДПМНЕ градела блиска соработка со партијата (CDU) од Германија. Додека СДСМ својата соработка ја градела со германските социјалдемократи (SPD). Соработка е забележана и помеѓу Англиските лабуристи и СДСМ, како и соработка помеѓу ториевците и ВМРО ДПМНЕ. Меѓупартиската соработка е присутна и на регионално ниво, помеѓу десницата и левицата од Словенија, Хрватска, Србија и други земји од регионот, со македонската десница и левица. Најновиот период го одбележува блиска соработка помеѓу ВМРО ДПМНЕ и Унгарската владејачка партија ФИДЕЗ.

На европско тло, чадор организации или партиски семејства, во кои се одвива соработката, се семејството на политички партии од десниот центар или Европската народна партија, и политичката групација на социјалдемократските и социјалистичките партии т.е. семејството на европските социјалисти. ВМРО ДПМНЕ е со статус на асоцијативна членка во ЕНП, учествува редовно во работата на нејзините поважни состаноци, самити и конгреси. Асоцијативното членство е поради фактот што Македонија сеуште не е членка на ЕУ. На глобално ниво оваа партија е дел од Меѓународната демократска унија (IDU).

СДСМ е членка на семејството на европските социјалисти (PES), активно учествува и работи во рамки на ова политичко семејство. Во еден период, Радмила Шекеринска како член на СДСМ, ја извршува функцијата Потпретседател на европските социјалисти. На глобално ниво оваа партија е дел од Прогресивната алијанса на социјалисти и демократи (S&D). Меѓупартиската соработка главно се одвива во рамки на размена на размислување

и ставови на актуелни теми кои ги поврзуваат партиите, соработка во изборни кампањи, организирање на разни обука на нивни членови итн. Членувањето во европските семејства на сестрински партии подразбира и програмско и идеолошко усогласување или компатибилност. Постојат повеќе примери, за клучни прашања, предмет на еволуцијата во ставовите на големите европски семејства, се адаптирале македонските политички партии.

Непосредната соработка помеѓу партиите од Македонија и странство, се надополнува со соработка со фондации кои орбитираат околу партиите, и имаат свои канцеларии во Македонија. Самата присутност во земјата на овие фондации значи посилна операционализација на соработката помеѓу партиите од Македонија и Европа. Во овие триесет и повеќе години од независноста на Македонија, свој интерес за присуство во земјата, и контрибуција во политичкиот живот покажале неколку меѓународни организации. Како што напоменав претходно, особено активност покажуваат германските фондации Конрад Аденауер (KAS) и Фридрих Еберт (FES), Фондацијата за демократија на Вестминистер од Англија, Меѓународниот републикански институт (IRI), Националниот демократски институт (NDI), и Фондацијата Отворено Општество (FOS) од Америка и други.

Соработката на ВМРО ДПМНЕ е концентрирана со Фондацијата Конрад Аденауер, Меѓународниот републикански институт и Националниот демократски институт. Во своето претставување Фондацијата Конрад Аденауер како свои главни принципи во работењето ги определува слободата, правдата и солидарноста (идентично со левичарската Фридрих Еберт). Ова фондација е во тесна врска и соработка со партијата Христијанско-демократска унија на Германија (CDU). Фондацијата го носи името на еден од основачите на ЦДУ, и прв канцелар на Германија Конрад Аденауер (1876-1967). Оваа фондација како свои фундаментални идеолошки вредности ги негува христијанско-социјалните, конзервативните и либерални вредности. За себе оваа фондација прокламира, дека нивна суштина на дејствување е човекот со неговите права и обврски во име на постигнување социјална правда и демократска слобода.

Оваа фондација, својата канцеларија во Македонија ја има отворено на 01.06.2000 година. Оттогаш наваму има реализирано голем број настани, на разни нивоа во ВМРО-ДПМНЕ. Има организирано разни обуки на кандидати за пратеници и градоначалници, понатаму избрани пратеници и градоначалници и други функционери. Интензивно работи со Унијата на жени на ВМРО ДПМНЕ, Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ, во насока на споделување на конзервативните вредности и најнови погледи поврзани со конзервативната идеја. Бројни се публикациите кои се издадени од нивна страна, како резултат на анализи и истражувања на теми од политичкиот систем. Соработката помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и оваа фондација главно се одвива преку работилници, семинари и конференции организирани во соработка со Партискиот истражувачко-аналитички центар „Љубиша Ѓорѓиевски“.

Меѓународниот републикански институт (IRI) од неговото основање во 1983 година, до денес ја има развиено својата мрежа во повеќе од 100 земји. Работи на зајакнување на граѓанското општество, политичките партии и други сегменти од сферата на демократското владеење. Овој институт работи на поддршка на демократските институции, вклучително политичките партии, со цел подобрување на нивните капацитети. Организираат обуки, работилници и програми за млади, и инклузија на жени во политичките партии. Препознатливи во Македонија се по испитувањето на јавното мислење на различни теми, активност од големо значење за партиите.

Националниот демократски институт (NDI), својата активност во Македонија ја реализира од 1993 година со цел креирање успешна мултикултурна демократија. Од 2010 година наваму оваа фондација го поддржува основањето на Парламентарниот институт како форма на соработка со политичките партии во рамки на Собранието. НДИ на политичките партии гледа како на суштински демократски институции, кои овозможуваат граѓаните да се организираат околу заедничките интереси, да избираат политички лидери и да развиваат партиски политики. НДИ во Македонија развива платформа „Победи со интегритет“, чија главна цел е креирање на партискиот интегритет препознатлив од граѓаните. И оваа меѓународна организација има солиден број на активности во земјата, како обуки, семинари, истражувања поврзани со претставничката демократија. Нејзини главни мисии се изборната демократија, владеење на правото, инклузивноста и компромисот во политиката. НДИ својата соработка со партиите, особено ја реализира во рамките на законодавниот дом со пратеничките групи, поддржувајќи го плурализмот, промовирањето на жените во политиката, младинското лидерство и маргинализираните групи.

СДСМ својата меѓународна соработка со сродни фондации од Европа ја реализира со германската фондација Фридрих Еберт основна 1925 година. Таа го носи името на првиот демократски избран германски Претседател. Оваа Фондација е блиска со германските социјалдемократи (SPD). Во своето претставување, оваа фондација се дефинира како фондација која што ги споделува вредностите на социјал-демократијата слобода, правда, солидарност. Соработката помеѓу СДСМ и ФЕС главно е во насока на креирање образовни програми, со кој се јакне политичкото образование и моделот на граѓанско општество. Програми кои овозможуваат мотивација за вклучување во политиката, обуки за носење одлуки, и политички активизам како што се социјални дебати и дискусии. Ова фондација има бројни анализи на јавните политики, и развивање стратегии по однос на националните приоритети. Соработката со партијата СДСМ е организирана на различни нивоа. Бројни се обуките и семинарите организирани со Форумот на жени и млади на СДСМ, како и со кандидати или веќе избрани или именувани функционери на партијата.

СДСМ покрај соработката со Националниот демократски институт (НДИ) и со Меѓународниот републикански институт (ИРИ), соработува со Фондацијата отворено општество (ФООМ) и Фондацијата Вестминистер. Фондацијата отворено општество - Македонија е основана од Џорџ Сорос, своја канцеларија во земјата има од 1992 година.

Оваа Фондација во Македонија има најголемо влијание во невладиниот сектор, со оглед на големата финансиска моќ, преку која влијае на вкупните политички процеси, финансирајќи разни проекти на невладиниот сектор. Доскорешниот директор на оваа Фондација е нов Потпретседател на СДСМ. Актуелни се дискусиите покренати во Америка, за улогата и влијанието на оваа организација во земјите каде е присутна.

Фондацијата Всетминистер (ВФД) е спонзорирана од Министерството за надворешни работи на Велика Британија, чија специјалност е парламентарно зајакнување и развој на политичките партии. Своите цели главно ги реализира преку асистирање во развојот на парламентите, користејќи експертиза од членови на Британскиот парламент и експерти од различни области. Оваа фондација во Македонија е присутна од 2008 година и својот фокус го става на парламентарната реформа. Работи на јакнење на капацитетот на собраниските служби, финансира истражувања во функција на пратениците.

Сумарно, веројатно сосема поинаков ќе беше патот на македонските партии без соработка со сестринските партии, без нивна меѓународна етаблираност, како и без соработката со сродните фондации. Контактите со сестринските партии во Европа и кај двете партии се помогнати од нивните фондации во земјата, тие навистина претставуваат мост помеѓу партиите во земјата и Европа. Ако се споредат ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, нивните профили во почетоците од основањето и денес ќе се види голем прогрес во нивното идеолошко профилирање, брендирање, начин на дејствување, вештини и способности на партиските функционери итн. На почетокот единствен и доминантен елемент на конзервативна идеја кај ВМРО ДПМНЕ била традицијата, поврзување со историското ВМРО, покасно оваа партија ги потенцира и останатите елементи оформувајќи современ конзервативен профил. Слична е состојбата и кај СДСМ, во нивните почетоци социјалдемократските вредности во документите на оваа партија биле делумно застапени, и тоа што може да се најде како вредност е во определена рудиментирана форма, денес е видлив прогресот и кај оваа партија на идеолошки план. За двете партии важен е придонесот на сестринските партии и фондации во јакнење на капацитетите за организирање на партите, односите со јавноста, изборни кампањи итн. Обуките на актуелни функционери и кандидати за функции реализирани со помош на партнерските фондации се секојдневие на партиите, што значи дека нивниот придонес во она што денес значи програмски и кадровски перформанс на партиите е голем.

## 3. Социолошкиот профил на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ како политички партии во развој

Македонија навлезе во четвртата декада од својата самостојност, желбите и визиите на претходните генерации за демократско и повеќепартиско општество се реализирани. Како дел од Европа, природно ги споделуваме заедничките вредности за слободно политичко организирање на нашите граѓани. Идеите или концепциите кои во минатото на различен начин и форма егзистирале на македонскиот простор, денес свое место најдоа во политичките партии. Изминатите триесет и три години, речиси подеднакво управуваа со земјата, и го мобилизираа најголемиот дел од граѓаните две политички партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Двете политички партии градеа свои автентични профили. Двата различни профили фузирани, го сочинуваат ликот на македонскиот плурализам. Лик со препознатливи црти на десница и левица, налик на европската конзервативна и социјалдемократска идеологија.

Секоја партија својата посебност ја градеше на свој автентичен начин. Длабоките концепциски корени ги држеа стамено во силните предизвици со кои се соочуваа во периодот подоцна. Двете партии изградија сопствена организација, структура и начин на делување типичен за нивната идеологија. Партиската структура, начин на делување и препознатлива идеологија го оформи имиџот и брендот на овие партии, препознаен во јавноста како суверенисти и интегративци. Социјалната втемеленост на двете партии дополнително ја засилува нивната посебност. Народниот профил кај ВМРО ДПМНЕ меѓу другото се гледа по картата кај се етаблирани, претежно во периферните општини на Градот Скопје, останатите градови во земјата и во селата. Нивната поддршка е стабилна и е кај граѓани кои доминантно живеат во куќи т.е. се тип на население кое со генерации живее на тие адреси. СДСМ својата сила ја црпи од централните општини на Градот Скопје, има своја структура во останатите градови и села во државата но од анализата во ова истражување има релативно послаба и понестабилна организација, споредено со македонските народњаци. Веројатно поведени од нивното минато како комунистичка партија, денес имаат многу инвестирано во имплементација на демократски механизми во внатрепартиското дејствување и со право го носат епитетот плуралната левица.

## 3.1 ВМРО ДПМНЕ - народна партија

### 3.1.1 Политичкиот идентитет на ВМРО ДПМНЕ како наследник на историското ВМРО

Во претходните поглавја беше потенциран фактот дека на почетокот на демократската транзиција Македонија немаше силна повеќепартиска традиција, за разлика од останатите земји од регионот, кои во периодот пред комунизмот и покасно пред воведувањето на демократијата живееле повеќепартиски. Меѓутоа, на ниво на идеја или определени движења, сепак може да се констатира присутна мобилизација и агрегација на определени ставови или уверувања околу кои се групирале поединци. Познавачите на политичката историја посочуваат одредени политички и партиски организирања и дејствувања на територијата на Македонија, за време на Отоманската империја, балканските и двете светски војни.[10] Но единствена форма на политичко организирање и дејствување која има континуитет од отоманскиот период до денес е идејата за/на ВМРО. Оваа идеја не згаснала со балканските војни и распадот на отоманската империја. Таа продолжила да мобилизира и во периодот на балканските војни, првата и втората светска војна и за време на комунизмот. Формата или имињата на организациите кои биле бројни и различни, како и поединците кои биле дел од нив, го држеле жарот на ВМРО неизгаснат. Особен придонес да се зачува идејата, дала емиграцијата, која по втората светска војна живеела во демократски системи.

Со воведувањето на демократски плурализам во Македонија беа срушени стегите или бариерите од минатото. Настапило време кога отворено може да се делува под името ВМРО. За упатените кои го следеле политичкото организирање на Македонците, очекувано и природно било да се појави политички субјект со префикс или идејата на ВМРО. Есенцијата на ВМРО или нејзиниот spiritus movens самостојна Македонија, била сериозна мобилизаторска сила која привлекла голем број од граѓаните да се приклучат во ново формираната политичка партија ВМРО-ДПМНЕ. Токму тоа е спојот помеѓу двете

---

[10] За присуство на партиско-политичките групирање во македонска средина, за период 1908-1912 година пишува Д-р Маноил Д. Пандевски во неговото дело *Политичките партии и организации во Македонија ( 1908-1912),* издадено во 1965 година од издавачот Култура – Скопје. Сознанинајата за партиското организирање се прибирани од архивот на Македонија и Србија, како и од пишувања во весниците од земји кои имале свои дипломатски претставници (конзули) во Македонија.Во суштина тоа е периодот на младотурската револуција во отоманската империја. Доминатна естаблишмент партија била младотурската партија "Обединение и напредок". Најголема партија во која биле организирани Македонците е "Народната федеретивна партија", со главна цел национало и политичка борба на Македонците за ослободување. Главни програмски приоритети на оваа партија биле самобитноста на македонскиот народ, признавање на посебноста на неговата култура и јазик. НФП најголем дел од енергијата ја трошела во борба со политичките структури на Србија, Бугарија и Грција кои исто така постоеле на македонскиот простор и претставувале организирани формации на нивната пропаганда. Покрај оваа партија, Македонскиот народ бил организиран во „социјалистички организации, кои повеќе или помалку ги содржеле особините на тогашната балканска социјалдеократија". Авторот поентира дека станува збор за рудиментирано ниво на партиско организирање, во услови на окупирана територија, подложена на исклучително силни влијанија на соседите.

претходни одделни иницијативи за формирање на партиите ВМРО во Македонија и Демократската партија за македонско национално единство во емиграцијата.

Иницијативата за формирање нова партија во Македонија се раѓала кај Љупчо Георгиевски како тогашен член на МААК, Борис Змејковски, Костадин Динев - Динката и уште неколку истомисленици. Георгиевски согледал дека МААК немала доволно храброст и оперативност за нејзините идеи, веројатно меѓу другото бидејќи станува збор за академски профил на партија. Затоа започнува разговори со истомисленици за формирање на нова партија, размислување кое многу бргу се поврзува со иницијативата на дијаспората за формирање на партија. Идејата за самостојна и независна Македонија ги мобилизирала и обединила граѓаните во земјата и дијаспората, каде со својот ангажман се истакнале определени дисиденти од претходниот комунистички режим, најистакнат помеѓу нив бил Драган Богдановски.




Слика 40: Драган Богдановски, прв Конгрес на ВМРО ДПМНЕ ( 6-7 април 1991, Прилеп )
Извор: Звонко Станковски, прв тех. секретар на ВМРО ДПМНЕ

Богдановски во функција на континуитетот на ВМРО со ВМРО-ДПМНЕ, на првиот Конгрес на ВМРО ДПМНЕ, одржан во Прилеп на шести и седми април 1991 година ќе истакне „Денес над Македонија се раѓа ново сонце на слободата. Каква слобода и по која цена во 1949 година, младата македонска крв го постави прашањето и посака тоа низ својата ВМРО-овска определеност да го постави конгресно, во некој од околните манастири во Прилеп. Не успеа. Слугите на УДБА побрзаа да ги впрегнат во ешалоните – маченици на југословенскиот гулаг – мермерниот Гол Остров“ (Трајковски Т, Прв Конгрес на ВМРО ДПМНЕ- видеоматеријал). Не само во говорот на Богдановски, историското ВМРО и неговите дејци биле најчесто споменуваните во говорите на сите говорници на конгресот без исклучок, со што недвосмислено се пратила пораката за континуитетот. Меѓу нив бил и говорот на Љупчо Георгиевски во кој како главната водилка или причина за формирањето на партијата било „да се воскресне идејата за Македонија“.



СОБРАНИЕ НА ГРАД СКОПЈЕ
ГРАДСКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
УП бр. 90
19 год.
С к о п ј е

Врз основа на член 16 став 2 од Законот за општествена организација и здруженијата на граѓани ( "Сл.весник на СРМ" бр.13/90 ), а согласно член 202 од Законот за општа управна постапка ( "Сл.лист на СФРЈ" бр.47/86 ), Градскиот секретаријат за внатрешни работи го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

ВМРО-Демократска партија се запишува во регистерот на општествените организации и здруженија на граѓани 1208 03.08.1990
под реден број партијата од година.
Седиштето на Горно Нерезе 122 Скопје
на ул. , а подрачјето на дејност во Македонија
заради развивање на партијата
дејности - активности.
СО денот на запишувањето во регистерот
се стекнува со својство на правно лице.

О б р а з л о ж е н и е

31.07. 90 ВМРО-Демократска партија
за Македонско - национално единство
поднесе барање до овој Секретаријат за запишување на истото во регистерот на општествените организации и здруженија на граѓани.

Кон барањето таксирано со 6,00 дин. административни таксени марки, ги поднесе следните списи во два примероци:

1. Правилник одлука,
2. записник и
3. статут
4.
5.

Ценејќи ги наводите во барањето со приложените списи, ГСВР-Скопје утврди дека се исполнети условите за запишување во регистерот на општествените организации и здруженија на граѓани.

Поради горенаведеното се реши како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку Градскиот секретаријат за внатрешни работи - Скопје, до Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ - Скопје.

Жалбата се таксира со 5,00 дин. административни таксени марки.

Примил на: 6. VIII - 1990 г.
Георгиевска

Н А Ч А Л Н И К

Слика бр.: 41 Решение за запишување во регистарот на ВМРО ДПМНЕ
Извор: Граѓански суд - Скопје

Имало примери дури кога се инсистирало терминологијата од ВМРО да се задржи во ВМРО ДПМНЕ, таков е предлогот на Крсте Поп Стефанија од Словенија, наместо *Статут* на партијата да стои *Устав* (по примерот на историското ВМРО). Духовното обединување на сите Македонци од поделена Македонија, било едно од главните цели и на новоформираното ВМРО-ДПМНЕ. Визуелно тоа било претставено преку изгледот на првите партиски членски книшки, на кои била отпечатена картата на етничка Македонија. Дел од дискусиите на конгресот биле како да се интегрираат Македонците со исламска вероисповед. Во усвоената конгресна резолуција се настојувало на места да стои ВМРО наместо целосното име на партијата, таков е случајот со ставот:
„ВМРО се противи на југословенството и иднината ја гледа во самостојна македонска држава“ (Резолуција, Прв Конгрес на ВМРО ДПМНЕ).

Еклатантен доказ за значењето на континуитетот помеѓу историското ВМРО и политичката партија ВМРО-ДПМНЕ е нумерирањето на конгресите. Имено, после одржувањето на првиот Конгрес на ВМРО ДПМНЕ, 1991 година во Прилеп, било донесено одлука, во име на континуитетот, наредниот Конгрес наместо втор да биде десетти, како продолжение на деветте конгреса на ВМРО. Па така на шести и седми мај 1995 година во Кичево се одржува Десеттиот Конгрес на ВМРО ДПМНЕ.

Носењето на префиксот ВМРО покрај позитивната страна која влијаела мобилизирачки, креирала заедничките ставови и уверувања, носела и негативни последици. Кај дел од граѓаните се чувствувала психоза поврзана со траумите од минатото. Не било лесно да си етикетиран како поддржувач на идеите на ВМРО во социјализмот, по дифолт на тоа се гледало како на антидржавен елемент. Проблемите кои со себе ги носела организацијата на ВМРО од претходно, како што се експлицитните идеолошки разлики и разногласие на нејзините видни членови, како и каде ја гледаат Македонија, кои не ретко завршувале со ликвидации, се појавиле и во ВМРО ДПМНЕ. Евидентно било разногласието по клучни теми во оваа партија, особено што немала претходно политичко искуство, ниту се водела посебна персонална политика, со која ќе се држи монолитноста, туку приклучувањето па и заземањето позиции во неа било речиси стихијно. (Георгиевски Љ, 2024). Ваквата ситуација, надополнета со субверзивни влијанија од власта преку тајните служби, за што сведочат бројните досиеа на членови на ВМРО ДПМНЕ, придонесувале за чести напуштања, фракции и диверзии во работењето на партијата (Зошто го напуштивме раководството на ВМРО ДПМНЕ, Нова Македонија 24. 08. 1990).

Од социолошки аспект, идејата на ВМРО за самостојност и независност и новата заложба за демократија, националното единство и меѓународна интеграција се политичката суштина и главниот идеолошки профил на ВМРО ДПМНЕ до денес. Во прилог на ова, одат сознанијата за профилот на членството кое прво пристапило во оваа партија. Дел од членството на оваа партија, во почетниот период па и подоцна, биле семејства на репресирани од претходниот систем по било која основа. Имало доста кои биле репресирани заради идејата за самостојност, други како опоненти на колективизацијата како еден од идеолошко инвазивните методи на комунизмот итн. Дел од членството може да се поврзе и

со т.н. граѓанска десница, која опфаќала ситни претприемачи од периодот пред комунизмот, чиј имот потоа бил национализиран, а дејноста забранета. Понатака кај членовите можело да се определат т.н. анти-естаблишмент настроени поединци. Заедничка нишка која сите овие категории граѓани која ги поврзувала била независна и демократска Македонија. Со тоа биле поврзани и прашањата за трансформација на економскиот модел и меѓународната интеграција на земјата.

Симбиозата на идејата за историското ВМРО со иницијативата за формирање политичка партија ДПМНЕ, од почетоците на плурализмот до денес, ја држи отворена темата за демонополизација на историскиот предзнак ВМРО. Често може да се слушне тезата дека местото и значењето на ВМРО припаѓа во историјата на целиот македонски народ, не само на една политичка партија. Дека партиите треба да го тргнат тој префиксот од нивните имиња. Речиси без исклучок, сите политички партии кои поради определени разлики произлегоа од ВМРО-ДПМНЕ, го носеа предзнакот ВМРО. Како по правило, секогаш нападите помеѓу партиите со предзнак ВМРО биле во насока дека се напуштиле принципите на ВМРО. И во најновите јавни настапи на првиот Претседател на ВМРО ДПМНЕ Љупчо Георгиевски, сега Претседател на ВМРО – Народна партија, главна теза е дека ВМРО-ДПМНЕ ги напуштила принципите на историското ВМРО.

Државните прослави или доделувања награди поврзани со ВМРО, или со некој од неговите основачи, завршуваат со обвинувања за партизација на настаните, често биле и бојкотирани од претставниците на левицата во земјата. Оваа дискусија има и друга страна која ја застапува ВМРО-ДПМНЕ, а тоа е дека ВМРО е нераскинлив дел од неа, нејзина главна водилка до денес. Дека не се работи за монополизација туку афирмација на идејата и вредностите на ВМРО. На тој начин се држи идејата жива, во која се вградени генерации преку нивниот идеализам и пожртвуваност за Македонија. Затоа на ВМРО не треба да се гледа како на историја, туку на сегашност и иднина, идеја која ја одржува македонската државност. Аргументите кои одат во прилог дека не треба да се проблематизира користењето на префиксот базираат на дистинкцијата помеѓу префиксот и името на партијата. На префиксот се гледа како на определена историска околност или контекст, особено делот на револуционерноста кој асоцира на определен радикализам, додека името на партија зборува за нејзиниот профил.

Симбиозата помеѓу историското ВМРО и политичката партија ВМРО-ДПМНЕ денес, е потврдена во најновата **Доктрина** на оваа партија, усвоена на последниот Конгрес во 2021 година Скопје. Првите ставови од доктрината, кои се на некој начин нејзин воведен дел, се ставовите што директно упатуваат на наследството на историското ВМРО:

- Тргнувајќи од континуитетот на историското ВМРО, како зачетник на организираната борба за слобода на Македонија;
- Изразувајќи благодарност на генерациите борци за создавање на сопствена, слободна и независна држава;
- Почитувајќи ги документите на револуционерните движења на македонскиот народ во минатото;

- Потпирајќи се на идејно-политичката основа на големиот Илинден, и уважувајќи ги заложбите за слободна држава втемелени во актите на АСНОМ.

Еден од најистакнатите претставници на партијата ВМРО-ДПМНЕ, во 1994 година нејзин кандидат за Претседател на државата, покојниот Љубиша Георгиевски, во документарниот филм со наслов „Македонија пред се – патот на ВМРО-ДПМНЕ 1990 - 2017“, ќе истакне: „ВМРО не е ни политичка партија, ни политичко движење, туку би рекол дека е еден трансисториски генетски запис на македонецот. Тој генетски запис е резултат на сознанието на македонецот дека историјата му е непријател“.

### 3.1.2 ВМРО ДПМНЕ како конзервативна партија

Кога станува збор за идеолошкото профилирање на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, важен момент е да се спомене дека на самиот почеток, во првите партиски документи, освен определувањето како „национална“ партија, верна на традицијата не е декларирана појасна идеолошката ориентација. Таа може на индиректен начин да се дефинира преку определени заложби или вредности, типично идеолошки. Анализата на првите четири документи на оваа партија, објавени во јануари 1990 година, двата текста на Програмата на партијата (за домашна употреба и за дијаспората), Прогласот за основање на ДПМНЕ за Македонија и Меморандумот на партијата за странство, ја потврдува тезата за отсуство на експлицитно идеолошко определување на партијата, освен традицијата како вредност, главна идеја тогаш била независна Македонија и духовно обединување на македонците (Синадиновски, 2012: 208-2019).

Во периодот помеѓу првиот и вториот Конгрес на ВМРО ДПМНЕ започнува меѓународна комуникација по разни линии и контакти. Еден од каналот за комуникација со Европската народна партија бил преку Паневропската унија во која се приклучуваат функционери на оваа партија. Започнуваат да разменуваат разговори за идеолошко профилирање, размена на искуства во креирање на доктрините и програмите. Дури се преземаат обиди за брендирање на партијата како партија со изразита европска ориентација. Еден од примерите за брендирање е посетата на Македонија на Ото фон Хазбург еден од основачите на Паневропската унија на Европа и важен функционер на Германската Христијанско Социјална Унија. Како резултат на размената на искуства од сестринските партии и приклучување во партијата на интелектуалци упатени во идеологиите, на вториот Конгрес одржан во Кичево 1995 година, оваа партија го дооформува својот идеолошки профил како конзервативна партија со сите неопходни елементи на конзервативизмот.[11]

[11] Во функција на пренесување автентични сведоштва на тема идеолошко профилирање на ВМРО ДПМНЕ денес релевантен соговорник е Марјан Ѓорчев. Тој е веројатно единствен кој има континуитет во придонесот за идеолошкото профилирање на партијата, од нејзиниот почетокот до последниот Конгрес во 2021 година. Тој ја потврдува мојата теза за влегување на луѓе во партијата со разлики во уверувањата. Поврзано со разликите и идеолошкото профилирање кажува „Имаше сериозни конфротации околу улогата на

Денес определувањето на конзервативната идеологија на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, ќе се анализира во одредбите на најважниот документ **Статутот**, понатака **Доктрината на политичката партија ВМРО-ДМПНЕ**, усвоена на последниот Конгрес 2021 година во Скопје, и преку анализа на изборната програма од последните парламентарни избори во 2024 година со наслов **Платформа 1198 - луѓето на прво место**. Определувањето на конзервативната идеологија на оваа партија ќе се направи по теми, типични за конзервативната идеологија. Практично ќе се реализира преку поврзување на партиските вредности, уверувања и погледи со општите конзервативни вредности како што се:

- Почитување на традицијата
- Одржување на редот и поредокот во општеството
- Патриотизмот како modus vivendi
- Значењето на авторитетот во организацијата или заедницата
- Религијата како филозофија на делување
- Значењето на организацијата во однос на индивидуата

**Традицијата** значи зачувување на веќе воспоставените обичаи и правила на однесување, како и предрасудите кон промените, се една од најважните карактеристики на конзервативната идеологија. За конзервативците, минатото ја детерминира иднината, затоа што тоа претставува збир на искуство и емпирија, без кое не може да се гради перспектива. Оваа идеологија на развојот гледа како на континуитет во кој промените се етапни, првенствено во области во кои промените со сигурност ќе донесат позитивен ефект. Глорифицирањето на континуитетот помеѓу историското ВМРО и политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, во себе содржи елементи од македонската традиција и историја. Традиционалните вредности и култура, како еден од основните елементи во сите програмски документи на ВМРО-ДМПНЕ, упатуваат на нејзиниот конзервативниот профил.

---

Претседателот, Генералниот секретар (тогаш почна судирот Змејковски-Димовска). Разлики постоеа и во начинот за прифаќање на историското ВМРО, економската политика, околу елитизмот и демократските принципи во работењето на органите. Тоа беа времиња на постепено јакнење на авторитарноста на двоецот Георгиевски – Димовска, иако Георгиевски имаше афинитети кон демократско раководење, авторитарноста на Димовска надвладеа“.




Слика бр.: 42 Изборна програма на ВМРО ДПМНЕ, 2024 година
Извор: ВМРО ДПМНЕ

Акт на секоја политичка партија, со која се уредува нејзиниот профил и начин на делување е Статутот. Во Статутот на ВМРО-ДПМНЕ членот 2 гласи:

- ВМРО-ДПМНЕ е народна, државотворна, демократска партија со конзервативна идеологија, која што ги застапува и штити македонските национални интереси, негува европски, демохристијански традиции и промовира универзални хуманистички вредности.
- ВМРО-ДПМНЕ ги прифаќа и споделува принципите, вредносните определби и практики на Европската народна парија.

Во членот 3, став 3 од истиот акт, оваа партија го потенцира значењето на традицијата преку формулацијата:

- Првиот дел од името, ВМРО (Внатрешна македонска револуционерна организација) ја изразува вековната традиција и континуитет на идеолошка и политичка борба на македонскиот народ за национална држава и национален просперитет.

Почитувањето на традиционалните вредности и втемелени историски факти, оваа партија го реализира и преку дефинирањето на партиските обележја или симболи како што се грбот, знамето и химната. Во членот 6 од Статутот, оваа партија за свој партиски грб го дефинира лавот со круна на главата во златна боја изведен на црвен штит. Над штитот повторно е потенциран континуитетот, преку поврзување на годината на основање на Внатрешната македонска револуционерна организација 1893 година и основањето на ВМРО-ДПМНЕ 1990 година. Во истиот член, партиското знаме е дефинирано како знаме со две еднакви полиња црвено и црно. Дефинирана е и химната на ВМРО со наслов „ВМРО-МАРШ, химна за ВМРО“. Од хералдички аспект, жолтиот лав и црвено-црното знаме се дел од многувековната македонска традиција, кое повторно упатува на влијанието на традицијата во ВМРО-ДПМНЕ. Текстот на химната, исто така недвосмислено упатува на историскиот стремеж за самостојна и независна Македонија. Партискиот грб е дел од изгледот на партискиот печат дефиниран во членот 7 од Статутот. Овој дел од анализата

укажува на визуелните елементи, преку кои се претставува оваа партија, кои се дел од историјата и традицијата. Нивното задржување во сегашноста и иднината го прави континуитетот како конзервативна карактеристика (Саркањац, 2011: 67-71).

Во членот 8, од истиот акт, каде се разработуваат основните цели и задачи на партијата се апострофирани елементи кои упатуваат на традицијата, преку формулацијата:
- Заштита на достоинството и културното наследство на македонскиот народ и на заедниците во рамките на унитарната држава.

Во воведниот дел на Доктрината, се апострофира традицијата и континуитетот на идеолошката и политичка борба на македонскиот народ за национална држава. Се оддава почит на сите генерации членови и активисти на партијата од нејзиното основање до денес. Во истиот документ, на типичен конзервативен начин се предлага „да се обноват старите добро поставени темели на соживот, кои одолеале на времето и разните влијанија". Доктрината повикува на духот на Крушевскиот манифест, како граѓански повик за заедништво и борба за остварување на колективните приоритети. Семејството како важна конзервативна вредност е дел од овој документ, дефинирано како „основна клетка на македонската заедница, има есенцијално значење". Темата 10, од истиот документ со наслов - **Развој на селото и модерно земјоделство**, исто така го дефинира конзервативниот профил на ВМРО-ДПМНЕ, алудирајќи на традиционалната рурална култура и вредности. Традиционалните вредности во Доктрината на партијата, ја подвлекуваат важноста да се заштити македонскиот идентитет „кој го црпи својот легитимитет од повеќевековна традиција, преданија, обичаи, колективна меморија, менталитет, јазик, артикулирана свест за етнокултурна посебност, колективниот интегритет, почитта кон традиционалните религиски институции и од наративот за припадноста на одреден географски и историски простор". На културата и традицијата се гледа како на есенција на државата, таа во Програмата е претставена преку насловот **Културата како столб на државата**.

**Редот и поредокот** во државата, како една од клучните конзервативни премиси, кои се одржуваат со помош на традицијата и рационализмот, се препознава преку важноста на прописите и законите. Во конзервативната идеологија, почитување на законите е императив, кој обврзува и не бара согласност од оние што треба да го почитуваат. Во основните цели на партијата ВМРО ДПМНЕ дефинирани во членот 8 од Статутот, се наведени елементи кои го јакнат редот и поредокот, како што се:
- Воспоставување на владеење на правото како темелен принцип на политичкиот систем.
- Почитување на општоприфатените норми на меѓународно право.
- Борба за искоренување на корупцијата и криминалот.
- Обезбедување на мир и соживителство во услови на мултикултурно општество.
- Билатерална и мултилатерална соработка со партиите со конзервативна и сродна ориентација, особено во рамките на Европската народна партија.

Во тој контекст е и членот 9, кој гласи:
- Партијата ги остварува своите програмски цели и задачи преку демократско дејствување во државата, во согласност со уставот и законите.

- Партијата дејствува и во странство во согласност со партиските акти, како и со почитување на правниот поредок на соодветната странска држава.
Во членот 13 од Статутот се дефинира местото и улогата на членот на партијата, додека членот 15 ги дефинира неговите права и обврски. Елементите на конзервативизмот како што се редот, поредокот, организацијата и авторитетот ВМРО-ДПМНЕ ги одржува преку формирање орган во рамки на партијата наречен Партиски суд на честа. Членот 53 од Статутот, го нормира местото и улогата на овој орган кој е во функција на одржување монолитноста на партијата.

Типично конзервативни политики нотирани во Програмата се конкурентен приватен сектор, длабока реформа на правосудството и стоп за корупцијата. Поредокот во државата е присутен со посебна глава, глава 3 - **Институциите работат според законите**, во која предвидуваат реформа на политичкиот систем, дигитализација и професионална јавна служба. Во програмата е водено сметка партијата да го задржи својот конзервативен профил, меѓутоа особено во делот на социјалните мерки, се надминуваат границите на она што значи класична конзервативна идеологија, пенетрира во социјалистичката идеологија. Уставната одредба за државата како социјална, понатака насушната потреба од подобар стандард, веројатно ги насочува партиите да обрнат поголемо влијание во сферата на социјалата, со тоа да креираат нетипични идеолошки решенија. Веројатно поведени од трендот на неолиберализмот кои го живееме денес, ВМРО ДПМНЕ значително повеќе од очекуваното, посветуваат внимание на индивидуалните слободи и права на граѓаните, навлегувајќи во полето на либералната идеологија. Особено најновите одлуки на конзервативната влада на ВМРО ДПМНЕ за ограничување на цените на производите на пазарот, се во директна спротивност на класичната конзервативна идеологија.

**Патриотизмот** и љубовта спрема сопствената држава е важен елемент во конзервативната идеологија. Патриотизмот е дел од културата на еден народ, тој се пренесува од генерација на генерација. Тој меѓу другото подразбира плаќање даноци и такси во име на постоење на државата, како и подготвеност да се брани државата од било какво загрозување. Оваа идеолошка карактеристика кај партијата ВМРО ДПМНЕ се потенцира преку формирање посебно тело во рамки на партијата со цел негување и промоција на патриотските вредности. Во членот 72 од Статутот на оваа партија, се дефинира Патриотскиот институт на ВМРО-ДМПНЕ. Во ставот 1 од членот 72 стои:
“Патриотскиот институт на ВМРО-ДПМНЕ е тело на партијата кое ја застапува и брани идејата за самобитноста на македонскиот народ и неговото право на самоопределување и државност, укажува на потребата од почит кон борците во сите националноослободителни војни во Македонија, негување и заштита на македонското историско и културно наследство, како дел од европската историја, култура и цивилизација”.

Патриотизмот и љубовта кон сопствената држава во Доктрината опфаќаат цело поглавје со наслов - **Луѓето да живеат дома, да работат дома**. Како и други конзервативни партии и ВМРО-ДПМНЕ прогресот на земјата го гледа во постепена надградба на системот во сфери како што се информатичката технологија, роботизација и автоматика, дигитализација,

вештачка интелигенција и биотехнологија. Во Доктрината, љубовта кон татковината и патриотизмот се претставени со посебна глава - **Македонија за сите луѓе, патека кон заеднички патриотизам.** Патриотизмот е петтата глава од Програмата, кој е со наслов **Патриотизам што обединува**, алудирајќи на мултиетничкиот состав на државата. Оваа глава во себе ги содржи политиките од сферата на безбедноста и одбраната, како и политиките во надворешната политика.

**Авторитетот** за конзервативците е природна појава, тој се потпира на човечката несовршеност и природна нееднаквост. Тој постои за доброто на заедницата, доколку не ја надмине рамката на делување, легитимирана од граѓаните. Авторитетот претставува надополнување на редот и поредокот. Елементи на оваа вредност, поврзани со внатрепартиското делување се среќаваат во членот 20 од Статутот на ВМРО ДПМНЕ, во кој се дефинира правото на покренување на дисциплинска мерка против членовите, како и видот на дисциплински мерки. Авторитетот на партијата уште подобро се гледа во членот 21, во кој се дава право на Претседателот на партијата или Извршниот комитет, да суспендира право на партиски член. Оригиналната формулација гласи:

- Во неодложни и сериозни случаи што бараат итно дејствување, Извршниот комитет или Претседателот на партијата, може да го суспендира користењето на правата од страна на член на партијата, се до донесување на конечна одлука на партискиот суд на честа.
- Одлуката од ставот 1 на овој член, донесена од страна на Извршниот комитет или Претседателот на партијата, истовремено е основ и предлог за поведување на дисциплинска постапка.

**Значењето на религијата** во конзервативната идеологија има свое важно место. Речиси сите конзервативни идеолози во историјата биле религиозни поединци. Многу често оваа идеологија своите уверувања и вредности ги поистоветувала со теолошките принципи, фундирани во религиите. Религијата е важен социјален елемент, кој ја јакне интеграцијата и препознавањето на поединците како дел од определена заедница. Како еден од најважните говорници, на првиот Конгрес на ВМРО ДПМНЕ бил митрополитот Петар, давајќи религиозна нота на оваа партија. На ова се надоврзува односот на партијата кон Македонската православна црква. За односот најдобро зборува фактот, што долго време по основањето во завршните одредби на Статутот на оваа партија стоело одредба, во случај на згаснување на партијата, целокупниот имот преминува во сопственост на МПЦ. Во темелните вредности, дефинирани во Доктрината, оваа партија го промовира својот позитивен став кон религијата како важна конзервативна карактеристика, имајќи во предвид мултиконфесионалноста на нашето општество, овој став се формулира на следниот начин: “ВМРО-ДМПНЕ им се обраќа на сите луѓе, групи, заедници и религии во Македонија“.

Редот, поредокот и авторитетот на партијата се во корелација со органицизмот (**важност на организацијата),** како конзервативна вредност, кој го намалува значењето на индивидуалноста, а го јакне организацискиот или колективен момент. Конзервативната идеологија на партијата на државата гледа како на организација, во кои поединците свесно влегуваат и ги прифаќаат своите обврски и постапуваат согласно своите должности. За

конзервативната идеологија партијата е органска целина, а не прост збир на поединци. Овој момент го дава објаснувањето зошто оваа партија има силна и компактна организација, некој ја ословуваат „војска“. Идеолошката предиспозиција за силна организација се надоврзува со доктрината на делување од минатото. Влегувањето во организацијата на историското ВМРО започнувало со заклетва, дека ќе се штити и чува организацијата, ако се предаде поединецот се согласува на ликвидација, бакнува револвер и кама. Овие вредности на органицизмот се пренесени и во дејствувањето на ВМРО ДПМНЕ. Пример, членството на партијата досега неколку пати, има жестоко реагирано со протести, пред домовите на свои поранешни пратеници кога во Собранието постапувале спротивно на партиските одлуки. Ова претставува типичен пример за значењето на организацијата наспроти индивидуализмот.

Поврзано со ова е и обраќањето помеѓу членовите на оваа партија со фамилијарна или сродничка терминологија како „почитувани браќа и сестри”. Ова упатува порака на блискоста или сродност помеѓу членството, кое поттикнува чувство организацијата да се чувствува како семејство. И терминологијата со која се ословуваат органите на оваа партија оди во прилог на органицизмот. Имено ословувањето на органите како комитети има свое објаснување. Комитетот се доживува како специјализиран и оперативен орган фокусиран на управувачките приоритети на организацијата, за разлика од одборот (назив кај СДСМ) кој се доживува како орган за стратешко менаџирање. Оперативноста подразбира поголема кохезија, посилни релации во рамки на организацијата. Една од клучните карактеристики на комитетот е да осигури дека било каква состојба не би била неприфатлива за неговите членови.

Во тој контекст членот 22 од Статутот на ВМРО ДПМНЕ, се дефинира на кој начин се нанесува штета на партијата, за кое следи поведување дисциплинска постапка. Дел од ставовите кои упатуваат на значењето на организацијата како конзервативна вредност се следниве:

- Доколку член на партијата промовира или припаѓа на организација чии цели се спротивни на целите и задачите на партијата
- Доколку е избрано во претставничко тело, а не пристапи во групата на ВМРО-ДПМНЕ или истапи од неа.
- Доколку постапува спротивно на одлуките, заклучоци и други акти на партиските органи и тела, со што се нанесува штета на партијата.
- Доколку не ги почитува обврските за совесно работење што важат за вработените во партијата”.

Во ставот 9, од воведот во Доктрината, оваа партија го дефинира своето место во европски рамки со зборовите: „Следејќи ги вредностите, принципите и практиките на европските народни партии здружени во најголемата политичка групација во Европската унија – Европската народна партија”. Се нагласува колективитетот и државата за што оваа партија „ќе настојува да се гради широк политички, државен и национален консензус”. Како мерка во областа на економијата карактеристична за конзервативната идеологија стои ставот

„намалување на државниот интервенцизам во економските процеси преку засилена дерегулација, ниски даноци и помал државен апарат”. Органицизмот како конзервативна карактеристика, во Програмата е претставен во глава 4, со наслов **Функционален систем за граѓаните**, чија главна цел е подобрување на функционалноста на системот во целина, составен од неговите делови како што се здравство, образование, животна средина и социјална заштита. Во Програмата, на дијаспората се гледа како на нераскинлив дел од македонското национално ткиво.

### 3.1.3 ВМРО ДПМНЕ со компактна структура, доминантна кај Македонците

Внатрепартиското дејствување подразбира оформена организација, без која партиите не би постоеле. Организацијата подразбира збир од повеќе органи и тела на партијата, меѓусебно поврзани со јасна хиерархија и субординација помеѓу нив. Почетоците на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, ја креира дилемата која форма на политичко дејствување да се избере, дали класична политичка партија или политичко движење. Во своите спомени објавени во книгата Борис Змејковски - современиот Дамјан Груев, објавена од Бранислав Синадиновски во 2012 година, еден од основачите на партијата и прв нејзин Генерален секретар Борис Змејковски, ќе подвлече „Во почетокот, новиот политички субјект беше замислен како политичко движење, а не како политичка партија, која би било стожерна сила околу која би се обединиле сите Македонци во светот. Откако отпадна идејата дека политичкиот субјект треба да биде движење, името ДПМНЕ некако спонтано дојде само од себе“ (Синадиновски, 2012: 14).

Во истата книга, се опишува начинот како се организирала и ширела мрежата на ВМРО ДПМНЕ во секој град и село, за што секако најголема заслуга има Змејковски. Оперативно, може да се каже и сликовито, во книгата се подвлекува „Со својот мотор и колата, во придружба на најдоверливи луѓе, а често и сам, или во придружба на братот Владо, идниот генерален секретар на партијата (се мисли на Змејковски), како Дамјан Груев своевремено, крстареше низ Македонија, од едниот до другиот крај, и ја етаблираше организационата мрежа, ширејќи ја истовремено националната идеја меѓу народот, делејќи ги првите партиски определби и присобирајќи членство“ (исто, 51).

Актуелната партиска организираност која се оформувала со текот на времето, ќе се претстави со внимателна анализа на документите или актите на ВМРО ДПМНЕ, објавени на веб страната на партијата. Со нив се уредува внатрепартиската поставеност, по хоризонтала и вертикала. Видливо е дека станува збор за сериозна структура со јасна субординација. Организациската структура на партијата на централно ниво ја сочинуваат:

- Конгрес
- Претседател
- Генерален секретар, кој раководи со секретаријат на партијата во кој влегуваат организациони секретари и потсекретари.
- Потпретседатели
- Извршен комитет
- Централен комитет
- Унија на млади сили
- Унија на жени
- Унија на ветерани
- Форум на интелектуалци
- Патриотски институт
- Центар за комуникации
- Партиско истражувачко аналитички центар
- Статутарна комисија
- Комисија за надзор на финансиско материјалното работење
- Комисии по области
- Партиски суд на честа
- Републички изборен штаб и
- Конвенција за избор на кандидат за Претседател на државата

Активностите или дејствувањето на членовите во партијата доминантно базира на локален принцип, преку локални организациски единици кои се со називи комитет, што означува организациона единица оформена на територијален принцип. Такви органи се:

- Градски комитет - Скопје
- Општински комитет
- Општински поткомитет
- Местен комитет
- Комитет на избирачко место
- Задграничен комитет

Дополнително на оваа структура, пратениците од редовите на ВМРО ДПМНЕ во Собранието на Република Северна Македонија, се организирани во Пратеничка група. Исто така и Градоначалниците од оваа партија, претставуваат неформално тело на партијата, кое во рамки на нивните надлежности одржува партиски состаноци во тој формат.

Значењето и функцијата на сите претходно набројани органи и тела на партијата на централно и локално ниво од аспект на присутност и разгранетост во рамки на државата накратко ќе се елаборира во продолжение. Конгресот е највисок орган на партијата, него го

сочинуваат речиси сите пониски органи, плус определен број на делегати именуван од пониските органи (член 30). Пропишани се условите како се свикува и работи редовен и вонреден конгрес. Следен орган во хиерархијата е Претседателот на партијата кој во членот 33, став 1 дефиниран е како:

- Претседателот на партијата е политичко-извршен орган, кој го избира Конгресот со тајно гласање.

Во членот 35 од Статутот, се пропишани неговите надлежности,  како на пример да ја претставува партијата, раководи со Извршниот и Централниот комитет, на негов предлог се именуваат, пониски позиции во партијата итн., од што може да се заклучи дека не случајно овој орган во партијата ја има една од најважните улоги.

Централно тело, кое е највисок орган помеѓу два конгреси е Централниот комитет. Овој орган ја има законодавната моќ во партијата, сите клучни документи како што се предлог- Статут, Програми, Деловници, именувања и разрешувања на партиски функционери на централно и локално ниво се во негова надлежност. Централниот Комитет на предлог на Претседателот на партијата го избира Извршниот комитет (член 38, став 4). Извршниот комитет е политичко-извршен орган на партијата, во него влегуваат самото раководство на партијата, претседателите на униите  и ветераните, координаторот на пратеничката група, плус определен број на членови на предлог на Претседателот на партијата.

Генералниот секретар на партијата претставува првиот „оперативец“ на партијата, задолжен за организацијата на истата. Членовите 44 и 45 од Статутот ги определуваат неговите надлежности, профилирајќи го како втор по значење за партијата после Претседателот, а пред потпретседателите. Тој раководи со секретаријатот во кој влегуваат неговите помошници, организационите секретари и потсекретарите, чија главна задача е теренското организирање на партијата. Организационите секретари и потсекретарите, заедно со меѓународните секретари задолжени за меѓународна комуникација на партијата, го сочинуваат секретаријатот на партијата со која раководи Генералниот секретар. Следни органи на партијата се Статутарната комисија и Комисијата за материјално финансиско работење. Нивните надлежности се определени во членовите 49,50,51 и 52 од Статутот. Самиот назив на комисиите ја асоцира надлежноста за предлагање измени или дополни во Статутот, и следење на материјалното и финансиско следење на работењето на партијата.

Во оваа поглавје се нотира Партискиот суд на честа како орган на партијата, со свое место и улога, подолу во поглавјето кое се однесува на внатрепартиското работење заради неговата специфика подетално ќе биде претставен. Следен орган по ред како се набројани во Статутот на ВМРО ДПМНЕ е Републичкиот изборен штаб. Од организациски аспект и негова разгранетост, овој орган е оперативно-извршен орган на партијата за време на избори. Неговата структуираност е налик на изборниот модел во земјата, која опфаќа шест тимови за шесте изборни единици, дополнително различни тимови во функција и поддршка на изборите како што се анализа на изборна кампања или аналитички центар, тимови за организација на митинзи, тимови за работа со определени профили на население, ПР тимови итн. Републичкиот изборен штаб се разгранува на регионално ниво, продолжува до

општинско и ниво на месен комитет. Со други зборови овој орган ја претставува изборната формација на партијата.

ВМРО ДПМНЕ изборот на кандидат за Претседател на државата го прави на Конвенција. Конвенцијата за избор на кандидат за Претседател на државата е дефинирана во членовите 59,60, 61 и 62 од Статутот. Во нив е разработена целокупната процедура кој ја сочинуваат конвенцијата, како работи, кој може да се пријави на неа и како е избран кандидатот на оваа партија за претседател на државата. Од организациски аспект овој орган на партијата е сличен на Конгресот, опфаќајќи поголем број на партиски членови, водејќи сметка да бидат претставени сите градови и максимум населени места. Важноста и обемноста на овој орган е во корелација со важноста на позицијата Претседател на државата.

Органи на партијата на локално ниво се Градскиот комитет - Скопје, општинските и месните комитети, комитет на избирачко место, надвор од земјата се задграничните комитети. Од аспект на мобилизација и организација на членовите, на ова ниво се агрегира активноста на најголем број партиски активисти. Градскиот комитет - Скопје е органот кој ги обединува општинските комитети од општините кои се дел од Градот Скопје. Негова надлежност се прашањата поврзани со градот Скопје, како што се предлагање политики на партија на ниво на градот, организација на разни настани и сл. Општинските комитети се најбројниот орган на партијата. Тие ја претставуваат основна клетка на партиско организирање на локално ниво. За време на изборите на локално ниво функционираат општинските изборни штабови како дел од Републичкиот изборен штаб.

Општинските комитети се првото ниво во кое се селектираат кандидати за пратеници и градоначалници од редовите на ВМРО ДПМНЕ. Помала организација од општинскиот комитет е месниот комитет, кој во суштина опфаќа определени населби во градот, така и најчесто се именуваат, освен ако не носат имиња на некои револуционери, или починати истакнати членови на партијата од тоа место. Месните комитети во себе опфаќаат еден или повеќе комитети на избирачко место кои по територија го опфаќаат избирачкото место за гласање определено со закон. Оваа форма на партиско организирање апсолутно се поклопува со избирачките места во земјата. Во пракса, особено за време на избори ВМРО ДПМНЕ определува одговорни за зграда, улица, село итн., определувајќи ја стратегијата на ова партија да се делува на микро ниво.

Досегашната елаборација на партиската структура и разгранетост ја претставуваше т.н. вертикална поставеност. Хоризонталната организираност ги претставува Унијата на жените, Унијата на млади сили, Унијата на ветераните, Патриотскиот институт, Форумот на интелектуалци и Партиските комисии, Партиско истражувачкиот центар, Центарот за комуникации и др. Најголем дел од овие организации имаат своја структура по вертикала во партијата опишана претходно, од централно до локално ниво. Нивниот фокус во делувањето е организирање и мобилизирање на жените, младите, ветераните, патриотите, интелектуалците и луѓе експерти во различни области организирани во комисиите, во функција на партијата, секој од свој аспект и свој интерес. Од работењето на овие партиски

органи произлегуваат идеи, предлози и решенија кои се однесуваат на специфичната категорија партиско членство, кои потоа стануваат составен дел од партиската програма. Двете форми (вертикална и хоризонтална) на организациска поставеност даваат одговор на прашањето на што се должи стабилноста на оваа партија помеѓу електоратот. Ваквата хиерархиска разгранетост на оваа партија придонесува да пристапи буквално до секој поединец во државата, правејќи ја нејзината мобилизаторска моќ ефективна.

Еден од начините за пристапување кон граѓаните или форма за зголемување на својата мобилизаторската моќ е објавување јавни повици. ВМРО ДПМНЕ при кандидирање на лица на разни позиции во структурата на партијата, како и за кандидати за определени јавни функции, објавува јавни повици. На овој начин процесот на мобилизација го прави помасовен и ги елиминира субјективностите кои се јавуваат при селекцијата на кадри од страна на локалните органи. Локалните органи секако се консултирани, но со ваквиот начин на мобилизација, повисоките органи на партијата имаат поголемо учество и увид во процесот на селекција на кадрите и ја оддржуваат отворена партијата за граѓаните.


**ЈАВЕН ПОВИК**

**ЗА КАНДИДИРАЊЕ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УНИЈА НА МЛАДИ СИЛИ НА ВМРО-ДПМНЕ**

Врз основа на член 35 став 1 алинеа 10 и член 42 став 1 алинеа 6 од Статутот на ВМРО-ДПМНЕ се објавува Јавен Повик за кандидирање за претседател на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ.

Кандидатите за претседател на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ е потребно да достават биографија (CV) и мотивационо писмо во кое ќе ги образложат мотивите за кандидирање. Кандидатите за претседател на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ е потребно да се членови на ВМРО-ДПМНЕ.

Кандидатите треба пополнетите материјали да ги достават најдоцна до 15.08.2020 година (сабота) во Седиштето на ВМРО-ДПМНЕ (Плоштад ВМРО, Палата д-р. Христо Татарчев бр.1) во Скопје, Република Македонија или преку електронска пошта на ums-konkursi@vmro-dpmne.org.mk.

ВМРО-ДПМНЕ го задржува правото да ги провери податоците кои се доставени.

Сите кандидати имаат еднакви шанси да бидат избрани, зависно од личните квалитети, успесите во минатото и визијата за иднината. Се поттикнуваат да се кандидираат сите кои ги споделуваат политиките на ВМРО-ДПМНЕ, визијата за развој на Република Македонија како и оние кои се чувствуваат подготвени своето професионално знаење да го стават во функција на напредокот на државата. Секој пријавен кандидат ќе биде третиран со строга дискреција, со цел за заштита на кандидатите кои нема да бидат избрани.

Со почит,
ВМРО-ДПМНЕ

www.vmro-dpmne.org.mk

Слика бр: 43 Јавен повик за кандидирање во ВМРО ДПМНЕ
Извор: ВМРО ДПМНЕ

Од интервјуто со Генералниот секретар на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, се добиваат сознанија за моменталната организациска структуираност на оваа партија. Од одговорниот за партиската организација дознаваме дека оваа партија има структура во 76 општини од вкупно 80. Немаат своја структура во општините Арачиново, Липково, Врапчиште и Желино, во останатите средини присутни се во секој град, населба, село, маало, зграда, улица и сл. Својата организација планираат да ја прошируваат и оној мал дел каде не се присутни, до секој поединец да допрат. Ова го покажува моделот на дејствување на оваа партија кој е присутен во микро средини. (Види Прилог 1)

### 3.1.4 „Цврста рака“ како модел на внатрепартиско делување во ВМРО ДПМНЕ

ВМРО ДПМНЕ работењето на својата комплексна структура го пропишува најчесто со Деловници за нивната работа, во кои се разработени принципите на делување, надлежности итн. Покрај деловниците постојат и други акти, како што се правилници и кодекс на однесување со кои се уредува функционирањето на “партиската машинерија”, документи кои освен правно нормативната улога имаат и определена вредносна детерминација.[12]

Актуелни се дискусиите за внатрепартиското делување на македонските партии од повеќе аспекти. Дел од нив се поврзани со дилемата дали можеме да зборуваме за реализирана општествена транзиција од еднопартиски во повеќепартиски систем т.е. од социјализам во демократија, преку профилот на внатрепартиско делување на партиите. Имајќи го во предвид местото и улогата на политичките партии во политичкиот систем и генерално во општеството. Или обратно да ја поставиме тезата, дали се можни демократски држави без внатрепартиска демократија. Оваа теза базира на претпоставката дека системот на внатрепартиско делување има импакт генерално на политиките на партиите.

Сознанијата или сликата за начинот на делувањето на партиите во сопствените рамки, во овој докторски труд ќе се долови преку анализа на актите со кои се уредува делувањето по хоризонтала и вертикала во партијата, како и преку дел од прашањата во интервјуата на Генералните секретари на двете партии. Овде е важно да се направи определена задршка во констатациите, поучени од нашиот менталитет и политичка култура на манипулација со регулативата. Или со други зборови кажано, правилата и принципите нормирани на хартија, дали во пракса се почитуваат, бара целосно и детално истражување. Најкратка генерализација за организациската поставеност на ВМРО ДПМНЕ е дека таа цело време е во корелација со изборниот модел во земјата, дури и називите на определени органи ги менувала во зависност од промените во Изборниот систем. Доказ за тоа се имињата на локалните органи. Во период на мнозинскиот изборен систем за избор на пратеници до 2002 година, државата определувала Изборни единици, кои биле нумерирани, вклучувале определена територија и број на жители од кои се избирал пратеник во собранието. Тогаш локалните органи на ВМРО ДПМНЕ се викале Комитет на изборна единица (скр. КИЕ) со нумерација идентична со бројот на Изборната единица (пример КИЕ 18). Со измените на

[12] Внатрепартиското делување е нормирано во следниве акти:

- Статут
- Правилник за Дисциплинска одговорност на членовите на ВМРО ДПМНЕ
- Кодекс на ВМРО ДПМНЕ
- Деловник за организациона посветеност и работа на органите на Унијата на жени на ВМРО ДПМНЕ
- Деловник за организациона посветеност и работа на органите на Унијата на млади сили на ВМРО ДПМНЕ
- Деловник за работа на местен комитет на ВМРО ДПМНЕ
- Деловник за работа на општинските комитети на ВМРО ДПМНЕ
- Деловник за работа на Советот на ветерани на ВМРО ДПМНЕ
- АКТ за системско функционирање на ВМРО ДПМНЕ

изборниот законик и воведување на пропорционалниот изборен систем, и ВМРО ДПМНЕ ја менува локалната структура во Општински комитет (скр. ОК). Ова покажува поставеност на оваа парија, согласно изборната улога, или прилагодување на изборните потреби.

При анализа на партиските акти, упатно е да се започне со најважниот акт, без кој не може да се основа партијата и претставува нејзин Устав во делувањето, тоа е Статутот. На почетокот од овој акт во членот 4, став 1 е дефинирано внатрепартиското работење:

- Работата на партијата и нејзините органи и тела е јавна и транспарентна, во духот на внатрепартиската демократија.

Во овој акт, се нормирани принципи на делување на нејзините членови, од фазата кој може да биде член (член 11), преку начин на зачленување (член 12), до првичното место на членот по зачленувањето и неговото прво делување, во рамки на најниското нивно на организираност, месниот комитет. Членот 15 ги дефинира правата на членот како што се:

- да учествуваат во работата на партијата
- да избираат членови и да бидат бирани во органите и телата на партијата
- да бидат информирани за активностите и за делувањето на партијата
- да даваат предлози за активностите и за делувањето на партијата

Во истиот член се предвидени и обврските на членовите на партијата:

- да се придржуваат до Статутот, програмата и другите акти на партијата и
- редовно да плаќаат членарина

Престанокот на членство во партијата го дефинира членот 18, во кој се набројани основите за него:

- со смрт
- со трајно губење на деловната способност
- со истапување и
- со исклучување.

Исклучувањето на членот на партијата е дефинирано во членот 20, како основ се наведени прекршување на Статутот или Програмата на партијата, меѓутоа оставен е дополнително простор за дисциплинска одговорност за „активности со кои се нанеле штета на партијата“. Овој основ е прилично општ, ако се сака може со него да се манипулира со него, и може да влијае ограничувачки во слободата на членовите на партијата. Членот 21, продолжува во духот на „цврстата рака“ во оваа партија, давајќи право на Претседателот или Извршниот комитет „во неодложни и сериозни случаи“ да ги суспендира правата на членот на партијата, се до донесување на конечна одлука на Партискиот суд на честа. За делување спротивно на Статутот и Програмата на партијата во членот 22, се наведуваат 9 основи, креирајќи рамка на поведенија која не смее да ја прекрши членот на партијата. Во членот 23, се прави поделба на надлежностите и влијанието на Општинскиот комитет за прашања од локално ниво, Централниот комитет за прашања од државно ниво.

Во понатамошниот текст, делот за права и обврски на носителите на функции, интересен е членот 26, со кој се наметнува обврска на функционерот да го информира општинскиот комитет од кој произлегува за неговата работа. Оваа обврска упатува на

определена „блискост“ на партијата со државата, демократски неоправдано е ако таа блискост инклинира кон поистоветување. Во членовите подолу во Статутот се дефинирани органите на партијата, нивните надлежности и начин на избор. Партискиот суд на честа е главната второстепена инстанца, за покренување дисциплинска одговорност на член на партија, тој се бира на Конгрес, на предлог на Претседателот на партијата, елемент кој укажува на централизација во партијата. Првостепеното ниво на покренување дисциплинска одговорност е во надлежност на Општинскиот комитет и на Извршниот комитет. Неговите одлуки се конечни и извршни. За време на избори во статутот е предвидено формирање на Републички изборен штаб. Членовите кои се однесуваат на Конгресот, неговите надлежности и начин на свикување, во членот 31, каде е дефиниран и вонредниот Конгрес како институт, во кој се предвидени одредби како:

- гласање на доверба на претседателот на партијата
- предвремен престанок на мандат на претседателот на партијата

Овој институт досега не бил искористен во историјата на ВМРО ДПМНЕ, изборот на Претседател на партијата бил на редовни конгреси. Во надлежностите на Претседателот на партијата (член 35), се набројани повеќе надлежности, меѓу кои правото да предлага, потпретседатели и генерален секретар, претседатели на униите на партијата, на општинските комитети, номинира кандидати за претседатели на други органи и тела на партијата, надлежности кои ја дефинираат улогата на Претседателот како централна или прилично силна. Сите останати органи на централно и локално ниво до најмалиот месниот комитет, се дел од пирамидалната структура на партијата, подредени во хиерархија.

Во функција на внатрепартиското делување на органите и телата на партиите, нивните надлежности, цели и начин на делување во рамки на ВМРО ДПМНЕ, се донесени Деловници за работа на униите на жени и млади, месните и општинските комитети, како и за Советот на ветерани. Како надополнување на овие акти, проширено со напатствија за функционирање на пратеничката група, партиските комисии и секретаријатот на партијата е донесен Акт за системско функционирање на партијата. Од одредбите кои ги содржи овој акт се добива впечаток дека негова интенција е во насока на координирано делување на органите и телата на партијата и нејзино делување во целина. Тој упатува на:

- поголема присутност во јавноста преку електронските и печатените медиуми,
- континуирано и комбинирано делување врз гласачите со повеќе програми (организационо, сегментарно, медиумско)
- подобра координација на пратеничката група со комисиите на партијата
- примена на политички менаџмент со утврдување на носители на активности
- брза трансформација на организационата поставеност од редовно функционирање во фаза на изборна кампања.

Ваквата структурна и нормативна поставеност на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, ја прави сликата за оваа партија, како партија со висок степен на организираност по хоризонтала и вертикала. Нормативно се уредени принципите на делување на секој орган или тело одделно, со Актот за системско делување, се прави нивна дополнителна

синхронизација, јакнејќи ја монолитноста на партијата во функција на нејзина ефикасност. Претседателот на партијата е на врвот на хиерархијата, формално но и суштински, ако се има предвид дека тој ги предлага претседателите на општинските комитети, тие со своето влијание ги определуваат делегатите на Конгресот, они пак го бираат Претседателот на партијата. Овој принцип на раководење со партијата ја прави сликата на „цврста рака“ во раководењето.



Слика Бр.: 44 Христијан Мицкоски Претседател на ВМРО ДПМНЕ
Извор: ВМРО ДПМНЕ

Сознанијата за внатрепартиското дејствување веројатно се најтешки за добивање во едно научно истражување, во тој контекст драгоцени се информациите на Генералниот секретар на ВМРО ДПМНЕ. Тој акцентот во внатрепартиското дејствување го стави кај членството. Ставовите на членството се иницијални и преку партиската структура доаѓаат до врвот на партијата и се преточуваат во политики на партијата. На партиската демократија гледаат како на крвоток на партијата без кој се неможе. Кај оваа партија доминира системот со именување на членови на определени функции, или именувања за членување во некој орган на партијата, од страна на повисоките органи. Единствено изборот на Претседатели на месните комитети е со непосредни избори. Засега не размислуваат да воведат непосредни избори и на други нивоа во партијата (Види Прилог 1).

### 3.1.5 Патриотизмот како мобилизирачки фактор во ВМРО ДПМНЕ

Најопшта дефиниција што претставува патриотизмот е дека тој се определува како емоционална поврзаност на поединецот со татковината и нацијата. Кога се определува патриотизмот многу честа асоцијација е изреката на поранешниот американски Претседател Кенеди „не се прашувајте што може да направи вашата држава за вас, запрашајте се што вие можете да направите за неа". Општата дефиниција за патриотизмот, креира широк опсег на поимања, давајќи му над идеолошка димензија. Од настанокот на државата, преку сите форми на уредувања или политички системи, до денес, секоја елита се повикувала на него. Ропството, феудализмот, монархиите, републиките, социјализмот, капитализмот својата егзистенција меѓу другото ја базирале на патриотизмот.

Ваквиот вовед се дава во име на научната коректност, затоа што во конкретниов случај патриотизмот се поврзува со определена партија. Поврзувањето на патриотизмот и политичката партија ВМРО ДПМНЕ, се оправдува по неколку основи. Прво, факт е дека оваа партија е најголемата партија (согласно бројот на пратенички мандати во првиот парламентарен состав) која прва истапува со ставови и конкретни делувања за прогласување на независност на Македонија. Со тоа придобивајќи јавното признание од граѓаните, за ваквите нејзини политики, што подразбирало етикетирање како патриотска партија. Темата за самостојност го воскреснала вековниот идеал, кој тлеел цело време кај народот, борбата за самобитност претставува изблик на патриотизмот низ времето до денес. Оваа тема помогнала, првиот Претседател на оваа партија Љупчо Георгиевски, во годините на осамостојувањето да се здобие со ореолот на патриот. Понатака сериозниот број на партиски членови или наследници на репресирани личности за идејата за самостојност, дополнително го оформувал профилот на партија која го агрегира патриотизмот. Како трет аргумент, може да се наведат бројните критики кон оваа партија на тема лажен патриотизам, кој имплицираат дека поимот патриотизам сепак се поврзува со оваа партија.




Слика Бр.: 45 Типична патриотска порака на ВМРО ДПМНЕ
Извор: Звонко Станковски прв тех. секретар на ВМРО ДПМНЕ

Почетокот на политичка кариера на вториот Претседател на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски исто така е поврзана со типична патриотска тема. Имено, како млад министер за трговија во владата на Љупчо Георгиевски, тој на големо задоволство во јавноста ја промовира кампањата „Купувајте домашни производи“ или „Made in Macedonia“. Пораката од оваа кампања е апел за конкретна граѓанска контрибуција во име на доброто на државата. На сличен начин како со неговиот претходник, Груевски во јавноста се промовира како новото лице на македонскиот патриотизам. Перцепција која ќе му го трасира патот до Претседател на ВМРО ДПМНЕ во 2003 година, покасно во 2006 година до Претседател на владата. Еден од нај коментираните проекти во неговото десет годишно владеење е проектот **Скопје 2014 година,** кој исто така се оправдува со патриотизмот. Самиот проект опфаќаше обнова на стил на градба која била присутна во Скопје до пред земјотресот во 1963 година и градба на споменици на историски личности. Проектот креираше две реалности, првата беше позитивната, и во својата основа ја содржеше социолошката димензија, која опфаќаше култура, историја, патриотизам, естетика давајќи нов лик на центарот на градот итн. Втората беше на линија на криминално финансиска компромитација на истиот, што по смената на власта во 2017 година не беше докажано.

Периодот на третиот и актуелен Претседател на ВМРО ДПМНЕ Христијан Мицкоски, исто така го одбележуваат теми поврзани со патриотизмот. На редовниот 17 Конгрес на ВМРО ДПМНЕ во Скопје, на кој беше реизбран Мицкоски, тој во насока на нов концепт на делување на партијата најавува „општествен консензус за заеднички патриотизам“. Веројатно поучен од грешките во минатото, во кој патриотизмот често неправилно се изедначуваше со национализмот, и потребата од повисока општествена кохезија повика на заеднички патриотизам. Заеднички патриотизам будејќи секој етникум, и секоја партија во земјата има „свој“ патриотизам. Образложувајќи го новиот патриотизам ќе потенцира дека „нема веќе ваше и наше, сите сме под истиот покрив кој еднакво прокиснува и кому му е потребна поправка за да му се врати сјајот. Заедничкиот патриотизам е различност која меѓусебно ќе ја почитуваме, отворање на вратите на ВМРО ДПМНЕ за сите заедници, е наше ново стратешко позиционирање“ (Мицкоски, 12.12. 2021).

Со измените во Статутот на ВМРО ДПМНЕ во 2020 година, како тело на партијата се основаше Патриотскиот институт. Целите и улогата на оваа партиско тело се дефинираат во членот 72 од Статутот кој гласи:

- Патриотскиот институт на ВМРО ДПМНЕ е тело на партијата кое ја застапува и брани идејата за самобитноста на македонскиот народ и неговото право на самоопределување и државност, укажува на потребата од почит кон борците во сите националноослободителни војни за Македонија, негување и заштита на македонското историско и културно наследство, како дел од европската историја, култура и цивилизација.
- Извршниот комитет на партијата го избира Претседателот на Патриотскиот институт, на предлог на Претседателот на партијата.
- Начинот на работа на Патриотскиот институт се уредува со деловник.

Патриотскиот институт како едно од поважните тела на партијата е присутен во рамки на сите Општински комитети на партија со свои локални структури, преставени преку општински комитети на патриотскиот институт. Во пракса ова тело ги организира активностите со цел зачувување и одржување на патриотизмот кај членовите на партијата но и пошироко, чувајќи ја патриотската слика на ВМРО ДПМНЕ. Дел од нивните активности се вклучување во Илинденскиот марш до Мечкин камен, преку организирање коњаници од разни градови кои симболично потсетуваат на илинденскиот период и востанието. Понатака одржуваат контакти и помагаат на бранители во земјата и сл.

Во најновата **Доктрина на политичката партија ВМРО ДПМНЕ**, усвоена на последниот Конгрес 2021 година во Скопје, тема број 4 е со наслов **Македонија на сите луѓе, патека кон заеднички патриотизам.** Всушност ова претставува продолжение на концептот Заеднички патриотизам од претходниот Конгрес. Ако внимателно се чита оваа тема, ќе се примети дека во суштина оваа позиција на партијата во себе ја содржи мултиетничката компонента. Упатува на единство во разликите помеѓу граѓаните, патриотизмот го издига на наднационално ниво, а мултиетничноста е претставена како компаративна предност. Посебно се истакнуваат деловите:

„Развојот на културата на македонските простори оставил неизбришливи траги, со богат колорит кој потсетува на уникатен македонски еквилибриум. Влијанието ан различните култури, религии, атеистички движења, цивилизации и национални обележја во нашата земја е правопропорционално со нејзиното место и улога во ширењето на истите на европско тло.

ВМРО-ДПМНЕ ја промовира новата парадигма на заеднички патриотизам, кој ги обединува сите луѓе во создавањето нова иднина. Таа парадигма подразбира заеднички да работиме за доброто и за иднината на државата.

Заеднички патриотизам е кога на секој човек на Македонија – државата ќе му понуди квалитетна иднина. Иднина во Европа, иднина на силен стандард.

Новиот патриотизам во кој веруваме е нашата Македонија, со силен рбет и челична волја за победи и успеси“.

Во програмата на ВМРО ДПМНЕ од последните избори во 2024 година, со наслов **Платформа 1198 – луѓето на прво место**, патриотизмот опфаќа посебна глава, глава 5 со наслов **Патриотизам што обединува**. Всушност насловот е во корелација со статутарните одредби и доктринарната рамка. А во главата се поместени едни од најважните теми. Во темата надворешна политика и дипломатија, се нотирани клучните приоритети за членство во НАТО и ЕУ, стратешко партнерство со САД, добрососедски односи, градење на внатрешно единство по однос на клучните прашања со цел чување на националниот идентитет итн. Во сферата на безбедноста и одбраната се предвидени мноштво мерки во поддршка на македонската полиција и војска, како гаранти на безбедноста на граѓаните. Посебно внимание е посветено на културата и туризмот, предвидувајќи позначителни вложувања од досега, со чија помош светот ќе може да го запознае нашето културно и туристичко богатство. Сосема очекувано во ова глава да се најдат мерките со кои

дијаспората ќе се направи нераскинлив дел од земјата. И на крајот се предвидени мерки во областа на спортот како општо добро за земјата.

Целиот период на потенцирање на патриотизмот од страна на ВМРО ДПМНЕ, е пратен со критика од левицата посебно од СДСМ. Со оглед на неговата општа дефиниција, емоцијата кон државата може на различен начин да се дефинира. Особено, нашата понова историја, од осамостојувањето до денес, изобилуваше со теми кои ја поларизираа јавноста и партиите, кое поведение во конкретен момент, е патриотско или не. Добро е што барем на спортски или културни теми, кај граѓаните се формираше единство во славењето на успесите на заедницата. За жал таквото единство изостанува на политичките теми. Речиси правило стана, за сите поважни прашања во земјата левицата и десницата да имаат дијаметрално спротивставени позиции, образлагајќи ги позициите како патриотски чин. Тоа што беше патриотско за едните, беше предавство за другите, и обратно.

Блиската историја на нашата земја, од осамостојувањето до денес на површина изнесе бројни и есенцијални политички прашања, околу кои партиите имаа спротивставени ставови. Започнувајќи од првата концепциска разлика по осамостојувањето, каков Устав да се донесе, национален или граѓански, преку територијалната поделба, рамковниот договор, преспанскиот договор, актуелниот т.н. француски предлог за отворање на преговорите за членство во ЕУ итн. Мноштво важни политички теми, ги цртаа двете лица на македонскиот патриотизам. Ако за едните (СДСМ) патриотски беше решавањето на спорот со јужниот сосед Грција и влегувањето во НАТО, за другите (ВМРО ДПМНЕ) тоа беше доживеано како предавство. Денешната позиција на ВМРО ДПМНЕ по однос на барањето на Бугарија за внесување на Бугарите во Уставот на Македонија, барајќи гаранции дека нема да има дополнителни услови, како и реципроцитет за правата на македонците во Бугарија, се претставува како патриотска позиција. За СДСМ ваквата позиција е блокада на интегративниот пат, напротив постапувањето по барањето на Бугарија и наша интеграција за нив би било патриотски чин. Овие и многу други примери ја отсликуваат поларизацијата што е патриотско поведение на партиите, што не. Можеби треба да се има разбирање за ваквите разлики, донекаде е природно, специфика е што сепак нашиве примери за разликите се по прашања за кои други народи постигнувале консензус.

### 3.1.6 Социјалната втемеленост на ВМРО ДПМНЕ

Промените во определена општествена структура се суштината на социолошките истражувања. Досегашната научна емпирија во земјата, особено консултираните, книгата Социјален и политички профил на политичките партии во Македонија (Мојаноски, 1996) и истражувачката студија Политичките идентитети во Република Македонија (ИСППИ, 2011), даваат перцепција за социјалната втемеленост на политичките партии за периоди кога се пишувани. Истражувањата на професорот Мојаноски се однесуваат на период веднаш по осамостојувањето, ги опфаќа првите и вторите парламентарни избори. Истражувачката

студија на ИСППИ прави пресек на социјалната втемеленост на партиите поврзана со претседателските избори во 2004 година, локалните избори во 2005 и парламентарните избори во 2006 година.

Истражувањето или анализата предмет на овој труд (2011 година до денес), ќе го опише еволутивниот пат на социјалните релации помеѓу граѓаните и партиите. Со оглед дека станува збор за три различни периоди на истражување, кои опфаќаат сериозни општествено политички промени, предизвик е да се анализира вредносната ориентација на граѓаните поврзана со двете најголеми политички партии. Првото истражување (Мојански) ја дава сликата за транзициското наследство од поранешниот систем, веднаш по осамостојувањето, од него се добива слика за состојбите на почетокот на плурализмот и демократијата. Второто истражување (ИСППИ) го опфаќа периодот после две промени на власт, ВМРО ДПМНЕ доаѓа на власт прв пат во 1998 и вториот во 2006 година. И третото истражување, предмет на овој научен труд, опфаќа период од 2011 година до денес, вкупно пет парламентарни изборни циклуси. Нивното поврзување ја креира сликата за еволуцијата на социјалниот профил на партиите.



Слика бр.: 46 Политичките промени во 1998 година
Извор: https://www.bridgemanimages.com/en/nikola-solic/leaders-of-macedonian-opposition-coalition-celebrate-preliminary-results-1998-10-19-photo/photograph/asset/8096683

Во претходните поглавја често беше спомнувана структурата на членство на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, со определени негови социјални карактеристики. Континуитетот со историското ВМРО, националната ориентација ги позиционирало контра уредувањето во бившата југословенска федерација. Тоа пак придонело за репресии и стигматизирање на повеќе генерации граѓани поддржувачи на идејата на ВМРО. Мерките на репресија биле различни од затворање т.е. забраната за слободно движење до неможност да се напредува во раководна позиција во фабриката, за работа во државната управа не станувало збор, таа била резервирана исклучиво за поддржувачите на власта. Тоа повлекувало состојба, својата егзистенција поддржувачите на ВМРО покасно и ВМРО

ДПМНЕ да ја реализираат работејќи по фабриките и од земјоделие и сточарство. Антиестаблишмент позицијата на оваа структура на граѓани има сериозно влијание во нивната социјална стратификација. За генерации граѓани системот не бил праведен, напротив кон нив имал различен аршин во шансите за нивна реализација во животот. Оваа состојба влијаела ограничувачки на социјалната подвижност на оваа категорија на луѓе, која во себе ги опфаќа класната, статусната и образованата положба. Ваквата состојба го опфаќа периодот од формирањето на асномска Македонија се до првите политички промени во 1998 година кога за прв пат ВМРО ДПМНЕ доаѓа на власт.

Мојаноски во своето истражување веднаш по осамостојувањето, се соочува со недефиниран идентитет на политичките партии, кои штотуку се етаблираат на политичката сцена. Понатака со податоци за социјалната структура на население од период пред независноста, но сепак релевантни за истражувањето. Или како што ќе каже тој „политичките партии кај нас, се уште се во процес на дефинирање на сопствениот идентитет, а и социјалното битие во Македонија е во процес на дооформување". Неговата анализа вклучува анализа на кадровската структура на партиите во 1990 година, преку кандидати за пратеници во Собранието и кандидати за одборници во општините. Социјалната структура на гласачите ја утврдува преку анкетно истражување. Од истражувањето е утврдено дека партијата, особено за пратеници кандидира лица со високо образование, за одборници со рударско или индустриско занимање. Од аспект на национална припадност сите кандидати за пратеници се Македонци, за одборници 99,28 % се македонци.

Табела 2.
*Структура на кандидатите за пратеници и одборници од ВМРО ДПМНЕ во 1990 година согласно занимање, во проценти*

| Позиција | Земјоделски и сродни занимања | Рударски и индустриски занимања | Работници во трговија | Работници во услугите | Управни и административни занимања | Раководни работници | Стручњаци и уметници |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пратеник | 2,15 | 10,75 | 8,60 | 7,53 | 13,98 | 11,83 | 29,03 |
| Одборник | 9,43 | 30.75 | 12,64 | 9,06 | 6,79 | 4,34 | 7,17 |

Извор: Мојаноски 1996.

Во табелата се прикажани занимањата со поголем процент, не се опфатени тие со помал процент или изјасниле под друго.  Од аспект на социјална структура на гласачи на ВМРО ДПМНЕ, во анкетното истражување најголем дел се вработени во општествениот сектор, и помал дел се невработени. Според образовна структура гласачите на оваа партија поголем дел се со основно и средно образование, помал со високо  образование. Според национална структура на гласачите македонци апсолутно доминираат, сите останати

етнички заедници заедно сочинуваат околу 2%. Според возраст доминира помладата популација под 45 години.

Од прикажаната анализа авторот ќе констатира „во структурата на социјалното ткиво на ВМРО ДПМНЕ доминираат припадниците на пониските социјални слоеви како доминантна стратификациска група. Таа во основа се регрутира од градските средини и е на возраст од 20 до 35 години“ (Мојаноски, 1996: 101-105).

Во истражувањето на ИСППИ *Политичките идентитети во Македонија*, на прашањето дали постои социјална втемеленост на политичките партии, авторот (Драговиќ) ќе констатира „Од досега презентираните податоци, барем според одговорите за партискиот избор на парламентарните избори во 2006 година, не може да се каже дека партиите во Република Македонија се социјално профилирани. Имено не постои јасна или конкретна социјална профилација на политичките партии“. Сепак постојат и такви констатации на основ на резултатите од истражувањето кои упатуваат на одредени специфики. Од аспект на занимање работниците и приватниците се подоминантни во својата определба за ВМРО ДПМНЕ. Од аспект на возраст поддржувачите на ВМРО ДПМНЕ доминираат во групата на возраст од 30 до 49 години. Кај етничката поддршка за оваа партија во најголем дел доминираат Македонците. За останатите социјални карактеристики кои го определуваат социјалниот статус како што се образование, месечни примања и класно-социјална идентификација авторот ќе подвлече дека „незначително се поврзуваат со партиите“ (ИСППИ, 2011: 180 – 181). При ова истражување се забележува промена во социјалната втемеленост споредено со истражувањето на Мојаноски, претпоставка дека ова е период кога во земјата се случува втора промена на власта, доаѓа до промена на врската помеѓу социјалната структура и партиите.

Социолошкото профилирање на партиите опфаќа анализа на врската на партиите со електоратот и обратно на електоратот со партиите. Врската помеѓу електоратот и партиите е социјално детерминирана, таа не претставува обична трансмисија на легитимитетот. Анализата на овој научен труд меѓу другото го опфаќа влијанието на класната и социјалната стратификација на граѓаните врз нивната политичка идентификација или самоидентификација. Методолошки истражувањето опфаќа пет парламентарни изборни циклуси 2011, 2014, 2016, 2020 и 2024 година. Зависната варијабла е изборното определување на граѓаните за која партија гласаат. Независната варијабла се социоекономските карактеристики како што се место на живеење (урбано, рурално), тип на домот (стан, куќа), занимање, етничка припадност, образование, средства за живот, и карактеристика возраст.

За да се утврди специфична област или место на поврзаност со определена партија, беа анализирани изборните резултати од петте изборни циклуси по избирачки места. Беше анализирана фреквенцијата во кои избирачки места ВМРО ДПМНЕ и СДСМ имаат континуирана поддршка. Континуитетот се доживува како форма на класно или социјално идентификување со партијата. Бројот на избирачки места по години е различен и варира во зависност кога се одржани изборите, главно се движи околу 3500, со мала разлика кај

изборите во 2011 кај што бројот на избирачки места е 2976. По изборите во 2011 година направени се измени во Изборниот законик, со кои се лимитира бројот на гласачи по избирачко место да не надминува 1000 гласачи, и затоа во подоцнежните изборни циклуси бројот на избирачки места е зголемен. Иако при анализите поврзани со овој научен труд се утврди дека сеуште може да се сретнат избирачки места со над 1000 гласачи, што упатува на неусогласеност со Изборниот законик.

Табела 3.

*Број на избирачки места по изборни години*

| Изборна година | Број |
|---|---|
| 2011 | 2976 |
| 2014 | 3479 |
| 2016 | 3563 |
| 2020 | 3566 |
| 2024 | 3477 |
| Вк. анализирани ИМ | 17061 |

Извор: Државна изборна комисија

Специфичен податок до кој се дојде утврдувајќи го бројот на избирачки места кај што победува едната т.е. другата партија е податокот дека ВМРО ДПМНЕ пет пати победувала во вкупно 979 избирачки места. За разлика од тоа СДСМ континуирано пет пати победувала во само 52 избирачки места. Без разлика што гледано од аспект на целиот анализиран изборен период, доминираат победите на ВМРО ДПМНЕ (2011, 2014, 2016 и 2024 година) СДСМ има една победа во 2020 година, сепак големата разлика помеѓу бројот на „бастиони“ на ВМРО ДПМНЕ во однос на СДСМ, покажува дека оваа партија има релативно постабилна поддршка кај дел од електоратот. За нас беше предизвик да ги осознаме социјално стратификациските белези на овие упоришта.

За таа цел, беа утврдени двете најголеми градски средини во кои што двете партии имаат континуирана и силна поддршка. Се анализираа места во градовите, како средини со, теориски претпоставено, поизразена социјална стратификација, со чија помош ќе се утврдат спецификите во односот помеѓу партиите и електоратот. Од вкупно анализираните 17061 избирачко место, како најголемо градско избирачко место кај што политичката партија ВМРО ДПМНЕ има континуирана (пет пати) и експлицитна поддршка, земајќи ја во предвид разликата на гласови е избирачкото место број 2774, во општина Кисела вода. Всушност станува збор за населбата Усје.[13] Анализата на податоците од последниот попис

[13] Описот на изборното место ги опфаќа следниве улици:
Ул. 2 - која ги опфаќа сите редни броеви на домовите.

на население, спроведен во 2021 година, добиени од Заводот за статистка на Република Северна Македонија, кажува дека на овие адреси живеат 1066 (полнолетни) граѓани со право на глас. Анализата на структурата на население што живее на овие адреси е следна ги дава следниве резултати:

Табела 4

*Тип на населено место*

| Вид на населено место | Број |
|---|---|
| Рурално | 840 |
| Урбано | 226 |
| Вкупно | 1066 |

Извор: Државен завод за статистика

Табела 5

*Тип на објект на живеење*

| | |
|---|---|
| Стан | 0 |
| Куќа | 1066 |
| Импровизирано живеалиште | 0 |
| Вкупно | 1066 |

Извор: Државен завод за статистика

Во приложената табела Заводот за статистика, според нивни дефиниции го дефинира типот на население како доминантно рурално, но факт е дека станува збор за дел од општината Кисела Вода, поточно населбата Усје во кое нема елементи на руралност како што се егзистенција на село, дејност земјоделие и сл. напротив стилот и условите за живеење се апсолутно урбани. Затоа посоодветен термин би било приградско население кое според табелата тип на објект живее во куќи. Од табелите и од разговори со граѓани од тоа место, се потврдува тезата дека станува збор за население кое повеќе генерации живее на овој простор.

---

Ул. 3 - која ги опфаќа сите редни броеви на домовите.
Ул. 4 - која ги опфаќа сите редни броеви на домовите.
Ул. 5 - која ги опфаќа сите редни броеви на домовите.
Ул. Првомајкса 20 - која ги опфаќа сите редни броеви на домовите.
Ул. Првомајска 26 - која ги опфаќа сите редни броеви на домовите.
Ул. Првомајска 28 - која ги опфаќа сите редни броеви на домовите.
Ул. Првомајска 30 - која ги опфаќа сите редни броеви на домовите.
Ул. Првомајска 32 - која ги опфаќа сите редни броеви на домовите.
Ул. Борис Трајковски 30 - која ги опфаќа сите редни броеви на домовите.
Ул. Борис Трајковски 32 - која ги опфаќа сите редни броеви на домовите.
Нас. Усје - која ги опфаќа сите редни броеви на домовите.
С. Усје - кое ги опфаќа сите редни броеви на домовите.

Табела 6

*Етничка припадност на населението*

| | | |
|---|---|---|
| Македонци | 995 | 93,33.% |
| Албанци | 0 | 0% |
| Власи | 2 | 0,18% |
| Срби | 16 | 1,50% |
| Роми | 4 | 0,37% |
| Турци | 2 | 0,18% |
| Бошњаци | 1 | 0,09% |
| Останати | 5 | 0.46% |
| Лица за кои податоците се земени од административни извори | 41 | 3,84% |
| Непознато | 0 | 0% |
| Вкупно | 1066 | 100% |

Извор: Државен завод за статистика

Од аспект на етничка припадност населението од оваа избирачко место 93,33% се македонци, втора по големина етничка заедница е српската со 1.50%, другите етнички заедници се во незначителен процент. Ваквата етничка структура подразбира хомогена религиска структура т.е. апсолутна доминација на православната вероисповед кај овие граѓани.

Табела 7

*Средства за живот*

| | | |
|---|---|---|
| Плата или друга надокнада по основ на платено работење | 541 | 50,75% |
| Приход по основ на сопствено производство или услуги | 12 | 1,12% |
| Приход по основ на сопственост и други инвестиции | 0 | 0% |
| Пензии | 267 | 25,04% |
| Социјални трансфери | 11 | 1,03% |
| Други извори | 0 | 0% |
| Нема приход | 64 | 6,00% |
| Издржувано лице | 129 | 12,10% |
| Повеќе извори на средства | 42 | 3,93% |
| Вкупно | 1066 | 100% |

Извор: Државен завод за статистика

Кај социјалниот профил на граѓаните, од аспект на средства за живот, се добива слика дека доминира основот плата и друга надокнада, веднаш по овој основ е основот пензии, сериозен процент зазема и процентот издржувано лице, тој е на трето место. Агрегирани трите показатели упатуваат на заклучок дека се работи за население од средна и ниска социјална положба.

Табела 8

*Возраст*

| | |
|---|---|
| 18-19 | 34 |
| 20-24 | 71 |
| 25-29 | 55 |
| 30-34 | 85 |
| 35-39 | 102 |
| 40-44 | 104 |
| 45-49 | 88 |
| 50-54 | 93 |
| 55-59 | 77 |
| 60-64 | 105 |
| 65-69 | 95 |
| 70-74 | 84 |
| 75-79 | 40 |
| 80-84 | 19 |
| 85-89 | 9 |
| 90-94 | 5 |
| Вкупно | 1066 |

Извор: Државен завод за статистика

Табела 9

*Степен на образование*

| | | |
|---|---|---|
| Без училиште | 6 | 0,56% |
| Незавршено основно училиште | 5 | 0,46% |
| Основно училиште | 225 | 21,10% |
| Средно училиште/гимназија | 688 | 64,54% |
| Виша школа | 12 | 1,1% |
| Висока школа/факултет | 106 | 9,94% |
| Магистратура | 12 | 1,12% |
| Докторат | 0 | 0% |
| Непознато | 12 | 1,1% |
| Вкупно | 1066 | 100% |

Извор: Државен завод за статистика

Податоците од средства за живот, поврзани со податоците за возрасната структура, зборуваат за население во кое половината од него, или 49,43% се на возраст над педесет години. Станува збор за структура на население во која групите на повозрасно население имаат сериозно учество во вкупната структура на население. Во корелација со оваа анализа се и податоците за структурата на население според степенот на образование. Во најголем број населението е со средно училиште, како степен на образование.

Табела 10

*Занимање*

| Вид на занимање | Број | Процент |
|---|---|---|
| Воени занимања | 5 | 0,46% |
| Членови на законодавни и извршни тела, државни функционери, раководни државни службеници, дипломати и директори | 26 | 2,43% |
| Стручњаци и научници | 70 | 6,56% |
| Техничари и сродни работници | 97 | 9,09% |
| Службеници | 37 | 3,47% |
| Работници во услужни дејности и продажба | 119 | 11,16% |
| Стручни работници во земјоделство, шумарство, рибарство и ловот | 2 | 0,18% |
| Занимања за не индустриски начин на работа во производство | 74 | 6,94% |
| Ракувачи и составувачи на машини и постројки | 49 | 4,59% |
| Елементарни занимања | 76 | 7,12% |
| Непознато занимање | 511 | 47,93% |
| Вкупно | 1066 | 100% |

Извор: Државен завод за статистика

Последната табела дава претстава за структурата на население по белег или карактеристика занимање. И кај овие податоци се задржува истиот тренд, апсолутно доминантна со 47, 93% е категоријата непознато занимање. Во оваа категорија влегуваат во најголем дел занимања од ниско продуктивен карактер или пониско платени занимања, за кои не е потребен повисок степен на образование. Тоа се претежно физички работници или работници во градежништво, возачи и сл. По ова категорија следи категоријата работници во усложни дејности и продажба, исто така работнички профил на занимање со пониски примања.

### 3.1.7 Јавната перцепција за ВМРО ДПМНЕ како суверенисти

Јавната перцепција за политичките партии е во корелација со профилот на нивната мобилизирачка моќ. Ваквото тврдење базира на детерминирачкиот однос помеѓу нив. Без соодветна јавна перцепција не би можела партијата да мобилизира поддршка, од друга страна суштината на мобилизирачката сила претставува основ на јавната перцепција. Во суштина станува збор за однос помеѓу партиите и граѓаните, правецот на тој однос определува дали станува збор за перцепција или мобилизација. Процесот на мобилизација се јавува во релацијата на партиите кон граѓаните, обратно односот на граѓаните кон партијата во себе го содржи елементот на јавна перцепција.

Во вториот дел од овој труд, кој се однесува на поимно и теоретско определување на елементите на социолошко профилирање, се дефинираше поимот јавна перцепција. Во

суштината на неговото определување стои врската помеѓу организацијата и интерпретацијата на информации на основ на претходно искуство и знаење. Во изминативе 35 години независност, нашата земја ја испиша својата уникатност, од моментот на независноста и предизвиците кои ги совладува/ла на патот кон своето меѓународно етаблирање. Во еден таков специфичнен контекст, главните политички актери во земјата, политичките партии, го креираа својот профил во очите на јавноста. Цел на оваа поглавје е да се специфицира јавната перцепција за политичката партија ВМРО ДПМНЕ, како екстракт од различни доживувања, интерпретации или импресии поврзани со оваа партија.

Веројатно една од првите асоцијации за оваа партија, неоптоварени од определен политички дискурс е суверенизмот. Иако суверенизмот претставува универзална категорија, присутна во помала или поголема мера во сите идеологии. Во таа смисла би рекле дека нема политичка партија која себеси не се претставува како суверенистичка. На пример, и СДСМ како опонентската партија на ВМРО-ДПМНЕ себеси во еден период се претставуваше како „државотворна и, пред се, суверенистичка, партија". Сепак, постојат различни сфаќања на суверенизмот. И токму врз основа на тие разлики се гради јавната перцепција за партиите. Во дадени периоди, во дадени средини преовладуваат специфични разбирања на суверенизмот или патриотизмот. На пример, познатиот социолог Хабермас, зборувајќи за важноста на европскиот идентитет. Ќе докажува дека тој е невозможен без уставен патриотизам.

Јавната перцепција за ВМРО ДПМНЕ како суверенистичка партија е поврзана со почетоците на македонскиот плурализам, во иницирањето на независноста на земјата. Независноста на Македонија во тој момент се доживувала како клучно суверенистичко прашање. Додека другите релевантни политички партии имале двојба по прашањето на татковината (Југославија или Македонија), или пак со различна динамика ја гледале независноста, споредено со оваа партија. Овој кредит спечален на почетокот, трошен но и надополнуван низ времето до денес, сеуште може да биде синоним за оваа партија. Во прилог на доживувањето на оваа партија како суверенисти се нивните политики во изминатиов период без разлика дали се власт или опозиција. Факт е дека тие политики не ретко биле образлагани од суверенистички позиции, предмет на оспорување на други политички партии и се разбира дел од јавноста, која не гледа така.

Процесот на меѓународна интеграција и стекнување на меѓународен правен легитимитет на државата е компилициран од самиот почеток, обременет од мноштво отворени билатерални прашања со соседите, наметнати на глобален план. Но и предизвици иницирани од дома, вклучувајќи го воениот конфликт во 2001 година, кој заврши со сериозни промени во политичкиот систем на земјата. Политичката биполарност помеѓу десницата и левицата, од самиот почеток на независноста до денес, е исполнет со поларизација на ставовите по сите поважни прашања. Суверенизмот на десницата беше спротивставен на интегратизмот на левицата. Решавањето на т.н. македонското прашање, за жал цело време ги држеше двете најголеми партии на спротивни страни. ВМРО ДПМНЕ на независноста гледаше на момент во кој треба да се рехабилитираат и наградат сите

репресирани од претходниот комунистички режим, кои биле со идеја за самостојност. Никогаш не пропушташе прилика баластот од тој период да го апострофира кај главниот политички конкурент СДСМ.

Првото крупно прашање на меѓународен план, кое го разгоре антагонизмот помеѓу двете партии е спогодбата со соседна Грција за наш прием во ООН. Спогодбата предвидуваше приемот на Македонија во ООН да се реализира под референцата Поранешна југословенска република Македонија. Понатака истата спогодба предвидуваше промена на државното знаме (шеснаесет крако сонце), како и промена на делови од Уставот со кој се откажавме од македонците во егејскиот дел на Македонија. За ВМРО ДПМНЕ тоа беше чин на предавство на националните интереси, одржување на југословенството во земјата итн.

Паралелно со предизвиците на меѓународен план, дома актуелни теми беа меѓуетничките односи, правата на малцинствата, особено на Албанците, теми кои повторно ја креираа сликата на патриоти и предавници. Првата политичка влада на СДСМ и ПДП и нејзините први државни политики кои ги тангираа меѓуетничките односи во земјата го продолжија континуитетот на политички разлики. Во пресрет на изборите во 1994 година, тогашната влада ја измени регулативта за стекнување државјанство во Македонија, со која се поврзува аферата за добивање на македонско државјанство, на странски државјани, станувaше збор помеѓу 60.000 и 100.000, главно Албанци. Овој чин беше жестоко критикуван од страна на ВМРО ДПМНЕ како насилна и незаконита промена на демографската слика на земјата. Антагонизмот во тој период кулминираше со обвинување за нерегуларен прв круг на избори во 1994 година и бојкот на вториот круг од изборите. Со овој бојкот беше зададен сериозен удар на плурализмот кој штотуку беше започнат. Вториот парламентарен состав на собранието на Република Македонија повторно беше во апсолутна доминација на поранешните комунисти, тогаш социјалдемократи.

Периодот од 1994 година до 1998 година, исто така беше исполнет со спротивставеност и поларизација на патриоти и предавници. Во овој период беше извршена приватизацијата во земјата, која за ВМРО ДПМНЕ беше грабеж на општествениот капитал и најсурова првобитна акумулација на капиталот. Меѓуетничките недоразбирања по однос на непочитување на законот за употреба на знамето, резултираа со протести и интервенција на полицијата. Поврзано со меѓуетничките односи, во тој период беа масовните протести на студентите и средношколците за законот за Педагошкиот факултет со кои се даваа определени права на албанската заедница, кои повторно ја поларизираа политичката сцена, повторно доминираше дијалектиката патриоти и предавници. Големата политичка и етничка поларизација, надополнета со силен социјален притисок поради бројните стечаи и прогласување технолошки вишоци од новиот процес на приватизација, скандалот со пропаѓањето на штедилницата ТАТ во Битола, и друго, резултираше со промена на изборите во 1998 година.

Новата власт предводена од ВМРО ДПМНЕ и Демократската алтернатива, упорно ја одржуваше темата патриоти - предавници преку процесите на лустрација, денационализација, отворање на тајните досиеа итн. Белег на работењето на таа влада беше

воспоставување на дипломатски односи со Тајван и сериозно нарушување на билатералните односи со НР Кина. Овој потег беше серозно критикуван од СДСМ како крајно штетен по националните интереси.

Следеше конфликтот во 2001 година, за прв пат од осамостојувањето државата беше во вооружен конфликт, во кој неподготвеноста на институциите и политичарите дојде до израз. Без разлика што се формира широка влада, тогашната опозиција СДСМ презеде сериозни ресори во владата како што е министерството за одбрана, несоодветната координација, меѓусебните обвинувања за предавство, резултираше со сериозни жртви од армијата и полицијата. Самиот процес на мировни разговори во т.н. Охридски договор, по правило повторно беше низ призмата патриоти – предавници или суверенисти-полтрони, иако потпис на договорот ставија двете партии. Познати се изјавите на претставниците на ВМРО ДПМНЕ, дел од преговарачкиот тим, дека во преговорите со албанските партии, тие ги бранат националните позиции, а дека СДСМ веќе ја договара наредната влада со нив.

На изборите во 2002 година СДСМ извојуваше убедлива победа и се врати на власт. Во овој период беше креирана новата територијална поделба на земјата, која повторно ја антагонизираше политичката сцена во земјата. Ставот на ВМРО ДПМНЕ по ова прашање беше дека ова претставува насилно менување на етничкиот состав на општините. Преку вештачко припојување на општини, со единствена цел Албанците да станат мнозинство во истите. Следеа немири во земјата поврзани со оваа тема, и повторно поделба на патриоти и предавници. Следеа промените во 2006 година кога повторно на власт доаѓа ВМРО ДПМНЕ, период во кој прашањата за наше членство во НАТО и ЕУ стануваа доминантни.[14] Повторно беа евидентни разликите во политиките помеѓу десницата и левицата. Десницата особено по НАТО самитот во 2008 година, покажуваше отворена разочараност и резигнираност од епилогот од самитот. На еден начин во наредниот период интегративните процеси беа ставени во втор план. Ваквата политика беше критикувана од левицата како блокада на интеграциите, со ставови дека е неминовно решавање на спорот со Грција околу името. Решавањето на спорот околу името, ја продолжи и онака веќе воспоставената дијаметрална спротивност помеѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ по т.н. патриотски прашања. Како одминуваше времето, долгото владеење на ВМРО ДПМНЕ, скандалите кои се јавуваа, посебно нелегалното прислушување, светската економска криза, големата мигрантска криза која значеше сериозен предизвик за земјата, дополнително ја комплицираа политичката состојба

[14] Поврзано со јавната перцепција за партијата и Никола Груевски е брендирањето на истата. ВМРО ДПМНЕ два пати партија се ребрендираше менувајќи ги типичните партиски бои. Првото ребрендирање го направи Никола Груевски во пресрет на изборите во 2006 година. Традиционалната црвена боја која долго време беше препознатлив белег или бренд на партијата беше заменета со портокалова. Ребрендирањето имаше за цел да направи определен дискунтинуитет со минатото, да прати порака за нешто ново и модерно, кое треба да привлече покрај традиционлното гласачко тело на оваа партија дополнително нови гласави, покасно резултатите од изборите ја покажаа оправданоста од оваа ребрендирање.Сличен чекор партијата направи во пресрет на изборите во 2014 година кога на изборите излезе со плава боја. Тогаш објаснувањето на промената на бојата беше дека станува збор за усогласување со бојата на Европската народна партија. И на овие избори партијата победи со убедлива разлика.

во земјата. Паралелно со тоа започнаа протестите на опозицијата, што доведе до промените во 2017 година.

Новата влада предводена од СДСМ за свој приоритет го имаше решавањето на спорот со Грција околу името и наше зачленување во НАТО. Паралелно со тоа се креираше договорот со соседна Бугарија. Две сериозни државни прашања кои повторно силно ја парализираа политичката сцена до ниво патриоти и предавници. Спорот со Грција беше решен со договарање на ново име на земјата Северна Македонија, по што бевме примени во НАТО. Самиот процес на ратификација на договорот во собранието, кој беше скандализиран по повеќе основи, по кој знае кој пат повторно ја креираше поделбата на патриоти и предавници.

Во 2024 година повторно следеа политички промени, по победата на ВМРО ДПМНЕ на парламентарните и претседателските избори. Приоритетот на меѓународен план, по однос на нашиот ЕУ интегративен план, повторно ги затекнува двете партии на дијаметрално спротивставени позиции. Различните позиции на двете партии по однос на барањата од соседна Бугарија, се елаборираат низ дискурсот на патриоти и предавници. Позицијата на ВМРО ДПМНЕ со која се бара гаранции, дека нема да има дополнителни условувања од бугарска страна, ако се внесе бугарското малцинство во Уставот, како и почитување на пресудите на меѓународниот суд за правдата за правата на македонското малцинство во Бугарија, меѓу другото се образлага со патриотски мотив. Додека пак критиките на СДСМ се на линија дека тоа е лажен патриотизам и претставува блокада на интегративниот пат.

Целиот рекапитулар на најважните настани во земјата, од осамостојувањето до денес го креираат т.н. црно бел свет. И двете партии своите политики ги правдаат низ призмата на патриотизмот, со тоа што се има впечаток дека партијата ВМРО ДПМНЕ предничи во тоа, на некој начин етикетирајќи се со истиот.

Анализата на графитите како форма на изразување порака или перцепција на јавноста, е во корелација со перцепцијата за ВМРО ДПМНЕ како патриоти. Веројатноста добар дел од графитите да ги пишувале партиски активисти стои, со цел одржување на профилот како патриоти. Дел од нив се “*Љупчо – Војвода*“, алудирајќи на периодот на комитството како сеќавање за патриотизмот. Или графитот “*Нека е и будист само да не е комунист*“, како одговор на нападите дека партијата која се колнеше во православието, кандидира за претседател на земјата припадник на евангелско – методистичката црква (се мисли на Борис Трајковски. Суверенизмот се гледа и преку графитите “*Заев – Шиптар*“ или “*СДС – Предавници*“, прогласувајќи го политичкиот конкурент за предавник на националните интереси. На овие пораки се надоврзува и графитот “*Македонија – Вечна*”, многу често заедно напишана со ВМРО ДПМНЕ и нацртано шеснаесет кракото сонце.

Во прилог на јавната перцепција за ВМРО ДПМНЕ како суверенисти или патриоти е најновото истражување со наслов - Компаративно истражување на изборните системи, реализирано од Институтот за социолошки и политичко правни истражувања, Универзитет “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институтот за демократија “Социетас цивилис“ Скопје и

Швајцарската програма за поддршка на изборите во Северна Македонија. Истражувањето е реализирано со помош на анкета, реализирана во период после изборите во 2024 година, поточно во период од 25 октомври до 4 декември, на примерок од 1.880 адреси на живеење, со реализирани 1.056 анкети. Цел на истражувањето е изборното однесување на граѓаните. Во оваа истражување, делот на перцепција за вредностите што ги застапуваат партиите, се определуваат три најзначајни вредности кај политичката партија како ставови (перцепција) на гласачите. На прво место кај ВМРО ДПМНЕ со 57,7 проценти гласачите ја определуваат вредноста - љубов кон татковината, втора вредност со 45,2 проценти е чесна работа и трета вредност со 38,1 проценти е правичност. Сите три вредности упатуваат на конзервативната идеологија или профил на оваа партија.

## 3.2 СДСМ – плурална левица

### 3.2.1 СДСМ нови социјалдемократи, реформирани комунисти

Политичката историографија го лоцира никулецот на автохтоната македонска социјалистичка идеја во македонската емиграција во Софија, во период по 1890 година. Централна личност околу која се врзува македонската социјалистичка идеја е Васил Главинов, и други дејци на македонската револуционерна борба меѓу кои и Гоце Делчев. Главна цел на социјалистичката идеја во тој период била ослободување на Македонија. Во истиот период се почесто, социјалистичката идеја може да се сретне и како социјалдемократска, не правејќи битна разлика помеѓу двете, иако од научен аспект таа постои. Левицата која ги опфаќа социјалистичката и социјалдемократската идеологија за време на отоманската империја, балканските војни и првата светска војна, била дел од Внатрешната македонска револуционерна организација. Со почетокот на втората светска војна, македонската социјалистичка или социјалдемократска идеја се претопува во Комунистичката партија на Југославија т.е. Комунистичката партија на Македонија.



Слика бр.: 47 Васил Главинов и Методија Андонов Ченто
Извор: Нова Македонија од 13 02 1991

Социјалдемократијата за време на комунизмот или самоуправниот социјализам, била апсолутно маргинализирана, дури со третман како вид на ревизионизам. Распадот на Југославија и монопартизмот, предизвикуваат драматични промени во Сојузот на комунисти на Македонија. Македонските комунисти во новиот развој на настани на идеолошки план, сфаќаат дека комунизмот има една извесна траекторија на движење, тоа е историјата. СКМ-Партија за демократска преобразба, за време на првите парламентарни избори 1990 година, во насока на новиот профил на партијата, во изборната програма апострофира социјалдемократски вредности, како што се парламентарна демократија, пазарна економија и слично. По завршувањето на изборите, нивното поведение во првиот парламентарен состав, по однос на главното прашање за независноста на Македонија, покажува недефинираност или воздржаност. Овде се има предвид предлогот на тогашната икона на левицата во Македонија Киро Глигоров, заедно со Претседателот на Босна и Херцеговина, Алија Изетбеговиќ за опстој на т.н. скратена Југославија во која би влегле Србија, Црна Гора, Македонија и Босна и Херцеговина. Исто така инсистирањето да се свири југословенската химна на првата конститутивна седница, во првиот состав на Собранието на Р.Македонија ја покажува колебливоста на оваа партија, со која брзина Македонија треба да ја реализира својата независност.

СОБРАНИЕ НА ГРАД СКОПЈЕ
ГРАДСКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
УП.бр. [illegible] 61/04/1
[illegible] 1990 год.
С к о п ј е

Врз основа на член 16 став 2 од Законот за општествена организација и здруженијата на граѓани ( "Сл.весник на СРМ" бр.13/90 ), а согласно член 202 од Законот за општа управна постапка ( "Сл.лист на СФРЈ" бр.47/86 ), Градскиот секретаријат за внатрешни работи го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ЗАПИШУВА во регистерот на општествените организации - здруженија на граѓани "Сојуз на комунистите на Македонија-Партија за демократска преобразба"
под реден број 1275 од [illegible] година.

Седиштето на сојузот ќе биде во Скопје на ул. [illegible] бб, а подрачјето на дејност во Македонија зарради развивање на [illegible] дејности - активности.

СО денот на запишувањето во регистерот сојузот се стекнува со својство на правно лице.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 11.06. 1990 год. Сојуз на комунистите на Македонија-Партија за демократска преобразба поднесе барање до овој Секретаријат за запишување на истото во регистерот на општествените организации и здруженија на граѓани.

Кон барањето таксирано со 6,00 дин. административни таксени марки, ги поднесе следните списи во два примероци:

1. Елаборат.
2. Статут.
3. [illegible]
4. [illegible]
5.

Ценејќи ги наводите во барањето со приложените списи, ГСВР-Скопје утврди дека се исполнети условите за запишување во регистерот на општествените организации и здруженија на граѓани.

Поради горенаведеното се реши како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку Градскиот секретаријат за внатрешни работи - Скопје, до Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СРМ - Скопје.

Жалбата се таксира со 5,00 дин. административни таксени марки.

[illegible] 6.07.90

НАЧАЛНИК

Слика Бр.: 48 Решение за запишување во регистарот на СКМ-ПДП
Извор: Граѓански суд – Скопје

На Конгресот одржан на 20.04.1991 година СКМ-ПДП го менува своето име во СДСМ (Социјалдемократски сојуз на Македонија) и на местото на дотогашниот Претседател Петар Гошев, за нов Претседател на партијата е избран Бранко Црвенковски. Во насока на поистоветување со европските социјалдемократи, претходниот симбол жолта петокрака на црвена позадина,  го менува со црвена ружа во жолта ѕвезда на сина позадина. Социјалдемократскиот сојуз на Македонија е правен наследник на Сојузот на комунисти на Македонија, наследувајќи ја партиската структура, и целокупниот имот што некогаш го поседувала единствената владејачка партија во земјата. Влијанието на минатото, особено ќе биде присутно до одржувањето на вториот Конгрес на СДСМ на 21.04.1995. Навиката да се управува со земјата ги притиска да формираат коалиција со партијата ПДП, после една година од функционирањето на експертската влада. На 05. 09. 1992 година со изборот на владата на Црвенковски повторно се враќаат на власт иако како партија ги загубија изборите во 1990 година. Тогаш започнува да функционира првата политичка влада во демократска Македонија, предводена од тогаш младиот Бранко Црвенковски.

Иако помеѓу периодот на владеење на СКМ и сега СДСМ, освен експертската влада во која речиси половина биле нивни истакнати членови, останатиот целокупен државен естаблишмент бил истиот од времето на комунизмот. Начинот на владеење, персоналниот состав во институциите и стопанството, останал истиот од комунизмот, факт по кој Македонија повторно се разликувала од останатите земји од поранешна Југославија. Во повеќето поранешни републики, по нивното осамостојување, власта ја преземале поранешни дисиденти од комунистичкиот режим (Туѓман, Изедбеговиќ и др.) во Македонија продолжил да владее истиот естаблишмент. Ваквата ситуација кај нас, укажува на состојба во која отсуствуваат суштински општествено-политички промени.

Во 1993 година, поранешниот лидер на СКМ и СКМ - ПДП, Петар Гошев, ја основа Демократската партија, отцепувајќи сериозен дел од СДСМ. За прв пат, внатрешниот конфликт во поранешните комунисти, испливал на површина со жестоки меѓусебни напади. Дури по вториот Конгрес на СДСМ определени теоретичари (дел од социјалдемократска провениенција) сметаат дека се вградени вистински социјалдемократски вредности во партијата (Ружин, 1999: 109). Тогаш започнуваат и иницијативите за меѓународно етаблирање на партијата во социјалистичката интернационала.

Меѓутоа бојкотот на опозицијата на парламентарните избори во 1994 година, креира состојба кај СДСМ како апсолутен победник, без опозиција во Собранието, обезбедувајќи исти услови на владеење како во едноумието, задржувајќи статус кво состојба во која нема место за суштински промени. Овој период се памети како најлошиот период за демократијата во плурална Македонија, дополнително и по моделот на приватизација и трансформација на општествениот капитал во земјата. Поранешните комунистички директори на фабриките, преку процес на обезвреднување на фирмите, со дезавуирање на работничката сопственост, ги приватизираа фабриките, и преку ноќ се трансформираа во новата економска елита во пазарни услови. Некои од бившите комунисти сега станувaа капиталисти и својот опстој во елитата на општеството, го правеа на грбот на работниците,

со кои претходно се поистоветувале. Ваквите процеси биле со политичка поддршка од старо новата власт предводена од СДСМ, чии членови или поддржувачи биле новите сопственици на фабриките. Процесот на приватизација, довел до сериозни потреси на социјален план во земјата. Сериозен процент на работници го изгубиле својот работен ангажман, прогласувајќи ги како технолошки вишоци, со тоа допринесувајќи за раст на сиромаштијата.

Комунистичкиот менталитет на владеење, на елитата им креирал призор за кроткоста на народот, и високиот праг на толерантност во однос на нивните политики. Во целиот период на владеење од 1992 година до 1998 година, биле користени методите на тоталитарните системи, при што најистурени институции за борба и компромитирање со опозицијата биле тајните служби. Објавувањата на досиејата на мноштво граѓани на земјата, многу јасно го опишуваат начинот како се поимала демократијата, од луѓе формирани во еден друг систем. Тие денес претставуваат историски факти, документи преку кои се гледа дека нелегално биле следени активностите, воглавно на тогаш најголемата опозициона партија ВМРО ДПМНЕ до 1998 година. Илјадници страници пишан материјал, сведочи каков бил односот на власта кон опозицијата и генерално за демократскиот амбиент во земјата. Ќе остане запаметена неуспешната диверзија на изборите во 1994 година, кога од страна на власта, биле растурани летоци со кои сакало да се импутира бугарска нота на делувањето на опозицијата. Или т.н. настан “Сина птица”, во кој група членови на ВМРО ДПМНЕ во присуство на високи функционери на службите за безбедност формираат т.н. пара војска, класичен случај на злоупотреба на институциите за оцрнување на политичкиот конкурент.

Во 1995 година се случува атентатот на тогашната највлијателна личност во СДСМ, Претседателот на Македонија Киро Глигоров. Атентатот почнува да ги црта пукнатините во тогашната владејачка коалиција “Сојуз за Македонија“, во која покрај СДСМ, влегувале Социјалистичката партија и Либералната партија. Следеле локалните избори во 1996 година, каде ВМРО ДПМНЕ во коалиција со Демократската партија, ќе реализира победи во доста општини, особено важна е победата во градот Скопје. По овие избори се случува спојување на Демократската партија и Либералната партија која ја напушта соработката со СДСМ и формираат нов политички субјект, позициониран во политичкиот центар, под името Либерално демократската партија. Во периодот по локалните избори, во Македонија се случува уште една значајна политичка промена. Поранешниот висок функционер во комунизмот, еден од најпопуларните млади политичари од периодот на крајот на комунизмот, Васил Топурковски, пред парламентарните избори во 1998 година, ја основа партијата Демократска алтернатива. Овој некогашен млад и надежен комунистички политичар, доживуван од народот како интелектуалец (бил помеѓу помладите тогашни доктори на науки), за многу кратко време отцепил сериозен дел од поранешните комунисти, тогашни социјалдемократи. Особено, овој пат станувало збор за сериозни бизнисмени и стопанственици, кои за прв пат решиле да го напуштат континуитетот во своето политичко делување од периодот на комунизмот. После првиот расцеп во комунистичкото јадро

предизвикан 1993 година од Петар Гошев, ова претставувало второ сериозно девастирање на левицата во земјата.

Добриот резултат на изборите 1996 година за опозицијата, го навестувал поразот на СДСМ во 1998 година. На изборите во 1998 година, главен ривал на владејачките социјалдемократи била коалицијата на ВМРО ДПМНЕ и ДА. Коалицијата на опозицијата на овие парламентарни избори настапила со слоганот ПРОМЕНИ. Слоганот не бил случајно избран, тој е во корелација со определени научни перцепции дека политичките промени во Македонија по воведувањето на повеќепартискиот систем не биле суштински (Христова, 2011: 88-89). Независноста и трансформација на политичкиот систем во демократски или плурален, била шминка со оглед дека ништо во суштина не се променило, моќта во општеството продолжила кај истите луѓе. Со серија политики на поранешните комунисти, потоа социјалдемократи, истиот естаблишмент управувал со земјата до 1998 година, најголемиот период без опозиција, граѓанскиот сектор соработувал со власта, а плурализмот и независноста на медиумите била рудиментирана. Ова подразбира привидна, лукративна или декларативна промена, со оглед дека истата елита владеела, со исти или слични методи на владеење, тогаш надополнета со приграбување на општествениот капитал, дополнително зајакнувајќи го своето влијание.

На Македонија и биле потребни осум години (во 1998 година), да и се случи посуштинска промена, во персонална и идеолошка смисла, за разлика од другите Југословенски републики кои на почетокот од плурализмот раскрстиле со старата елита и земјите ги управувале нови политички структури. Некои аналитичари одат во правец дека во нашата земја, суштински падот на комунизмот се случил во 1998 година (Исто, 2011: 88-89). Тие избори се доживуваат како политичка катарза, која била пролонгирана по распадот на комунизмот. Овие избори од технички и организациски аспект биле први избори, во кои опозицијата учествувала во нивна контрола и реализација, јакнејќи ја регуларноста и вородостојноста. Постоеле и такви тврдења дека тие промени се реализирале, благодарејќи на гласањето против СДСМ, отколку за коалицијата на ВМРО ДПМНЕ и ДА. Ваквото изборно изјаснување освен што базирало на големата социјална поларизираност, појава на висока сиромаштија, било предизвикано и од заситеност од шеесет годишното владеење на една иста структура.

За прв пат на гласачкото тело на ВМРО ДПМНЕ, преку ДА било придодаден електорат кој традиционално бил лево ориентиран. Како и да е, ова претставувало прво искуство за двете најголеми партии, СДСМ да замине во опозиција, ВМРО ДПМНЕ да дојде на власт. Искуство кое го прекинува поистоветувањето на партијата со државата, карактеристично за комунистичките системи. Поврзано со оваа теза е размислувањето дека, заминувањето во опозиција на СДСМ, е искуство кое помогнало на оваа партија да расчисти конечно со минатото, да извлече поуки, да се ребрендира, градејќи нова слика за себе како модерна социјалдемократска партија. За државата и граѓаните, овие промени биле квалитетна новина, својствена за либералната демократија, во која промените се чести и претставуваат

природен процес. Особено што станува збор за демократски промени, изразени преку народна волја.

Со внимателно препрочитување на Статутот, програмите и останати акти на политичката партија СДСМ денес, приметен е дисконтинуитетот што оваа партија го прави со сопственото минато. Во ниту еден документ, (освен во делот историја на партијата со две реченици) ниту скромно не е нотиран, историјатот на оваа партија од комунистичкиот период, кој како временска и идеолошка рамка има сериозно место во историјата на оваа партија. Веројатно причините за ваквиот однос лежат во определена ПР стратегија да не се влече баластот од овој период, иако како научна вистина неможе да се занемари. Дополнително оправдание за овој интересен факт се наоѓа во политичката логика или идеолошка матрица на социјалистите, во која континуитет се заменува со револуционерни промени.

### 3.2.2 СДСМ како социјалдемократска партија

Определувањето на социјалдемократската идеологија на политичката партија СДСМ ќе се анализира во одредбите од најважниот документ **Статутот**, понатака делот насловен **Кои сме ние** (сублимирано претставување на нивната Веб страна) и преку анализа на изборната програма од последните парламентарни избори со наслов **Програма за европска иднина 2024**. СДСМ својата социјалдемократска ориентација ја најавува во првиот и третиот став од воведниот дел на нејзиниот Статут, во кој акцентира повеќе социјалдемократски вредности, формулирајќи ги во две реченици кои гласат:

- Поаѓајќи од слободата, еднаквоста, солидарноста, правдата и демократијата како фундаментални вредности на едно општество.
- Стремејќи се кон целите на социјалната демократија за слободни и еднакви граѓани во солидарно општество.

Своето членство во социјалистичката интернационала и асоцијативно членство во партијата на европските социјалисти СДСМ го дефинира во член 4, став 3 од статутот. Дефинирањето на партиските обележја и симболи е во духот на социјалистичката интернационала, во препознатливата црвена боја, во конкретниот случај логотипот на СДСМ е името на партијата испишано со бела боја во црвен квадрат. Речиси идентично само во правоаголна форма е знамето на оваа партија.




Слика бр.: 49 Изборна програма на СДСМ 2024 година
Извор: СДСМ

Во понатамошниот текст определувањето на социјалдемократската идеологија на оваа партија ќе се направи по области, досега беа елаборирани општи, сеопфатни и воведни факти. Определувањето ќе се реализира преку поврзување на партиските вредности, уверувања и погледи содржани во претходно споменатите три документи на партијата, со општите социјалдемократски вредности како што се:

- Економија и социјална правда;
- Еднаквост, солидарност и рамноправност;
- Владеење на правото, демократија и слобода;
- Космополитизам, мир и безбедност;
- Одржлив развој и заштита на животната средина.

Социјалдемократската филозофија на **економскиот прогрес** гледа како на еден од најважните приоритети, преку кој се зголемува општественото богатство, кое влијае на економската сигурност на граѓаните. Пазарната економија е моделот кој социјалдемократите го застапуваат во делот на економското функционирање. Она што ги разликува од конзервативците, е позицијата за интервенција во слободата на пазарот. Тие сметаат дека, целосната слобода на пазарот доведува до големи социјални разлики помеѓу граѓаните и акумулирање на капиталот во определен слој на луѓе. На економските и на социјалните разлики оваа идеологија гледа како на механизми кои негативно влијаат на кохезијата на општеството. Затоа, често кај оваа идеологија може да се сретне терминот социјално-пазарна економија. Ваквиот модел на економија ја обезбедува социјалната правда, која покрај обезбедување на еднаквите можности влијае и на постигнување слични резултати. Социјалните разлики ги нивелираат преку т.н. прогресивното оданочување, побогатите да плаќаат повеќе за разлика од посиромашните.

Поврзано со оваа тема во членот 2, од Статутот на оваа партија ставовите 5, 6 и 8 гласат:
- Изградба на општество на еднакви шанси и социјална правда во кој ќе бидат гарантирани економските слободи и заштита на правата од работа;
- Развивање на пазарно стопанство кое ќе обезбедува одржлив раст и создавање работни места во услови на рамноправност на стопанските субјекти;
- Афирмација на правата и зголемување на шансите за најранливите категории и маргинализираните поединци и групи.

Во делот Кои сме ние, СДСМ се претставува со зборовите: „Ние од социјалдемократскиот сојуз на Македонија сме цврсто определени за економски стабилна, слободна и демократска Република Северна Македонија, во која сите граѓани сакат да живеат во својата земја". Во програмата за европска иднина 2024, во првата глава **Нова економска енергија за европски раст и стандард,** предвидуваат проекти околу гарантирање на минимална плата, намалување на работното време од осум на седум часа и даночна политика со различни даночни стапки, пример кај ДДВ од 5 до 18%. Предвидуваат продолжување на проектот социјално-станбена политика, преку градба на станови за определени социјални категории граѓани. Предвидени се и политики за ранливи потрошувачи како социјални мерки.

Една од фундаменталните вредности на социјалдемократијата е **еднаквоста**. При тоа се поаѓа од премисата дека луѓето се раѓаат еднакви во правата и слободите. Солидарноста пак за оваа идеологија претставува морален императив. На солидарноста се гледа како на делување кое треба да донесе благослов на сите, не само на поединци. Иако оваа идеологија не гради блиски релации со религијата како конзервативната, сепак солидарноста упатува на вредности содржани и во религијата. Солидарноста во социјалдемократската идеологија нема граници, таа функционира на национален и меѓународен план. Слична вредност на солидарноста е **рамноправноста**, која подразбира еднакви права на граѓаните без разлика на нивниот пол, возраст, етничка или религиозна припадност.

Во членот 2 од Статутот на СДСМ, во ставовите 2, 4 и 5, се дефинирани целите за еднаквост, солидарност и рамноправност:
- Развивање на демократијата и обезбедување еднаквост на граѓаните;
- Рамноправност помеѓу мажите и жените;
- Изградба на општество на еднакви шанси и социјална правда во кои ќе бидат гарантирани економските слободи и права од работата;
- Афирмација на правата и зголемување на шансите за најранливите категории и маргинализирани поединци и групи.

Во членот 11 од Статутот, во кој се дефинираат правата и обврските на членовите на партијата, еднаквоста, солидарноста и рамноправноста се гарантираат со правата:
- Да учествува во градењето и остварувањето на политиката на партијата, самостојно да преземе иницијативи кои не се спротивни на овој статут и на основните програмски и политички ставови на партијата, да прима солидарна помош од партијата, во согласност со последните акти особено во случај на повреди на неговите права поради членување во неа.

- Да го издвои сопственото мислење, предлози и ставови со кои останува во малцинство при расправата и во донесувањето одлуки согласно член 67.
- Да има пристап до информациите на веб-страницата на СДСМ наменета само за членовите.

**Солидарноста** во делот Кој сме ние? ја опишуваат на следниот начин: „Работиме здружено, солидарно, одлучно, храбро и со цврста верба на реална програма за заедничка и напредна Република Северна Македонија". Во истиот дел ја потенцираат и еднаквоста со формулацијата „Затоа, градиме општество на еднакви граѓани на бројна и стабилна средна класа, со праведен даночен и социјален систем, држава со мотивирани и енергични млади луѓе, Северна Македонија на сите: македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Бошњаци, Власи и други, Република Северна Македонија  достојна членка на Европската Унија и НАТО". Овде мора да се забележи фактот атипичен за социјалдемократска партија, својот фокус го става само на средната класа. Еднаквоста, солидарноста и рамноправноста во програмата на СДСМ може да се забележи во глава 2, во делот **Поблиску до граѓаните**, и во делот **Повеќе и подобро за сите.** И во глава 4 се обработуваат теми од областа на еднаквоста, солидарноста и рамноправноста како што се деловите **Култура за сите** и **Обединети во различностите**.

Владеењето на правото и демократијата во социјалдемократската идеологија се дефинира како систем за владеење на народот, во кој функционираат законите, кои мора да се почитуваат и спроведуваат, а нивното донесување да биде во демократски транспарентна процедура. Демократијата и развојот на граѓанското содружништво во оваа идеологија, се гаранти за човековите слободи и права. Граѓанското содружништво како партнер на владините институции допринесува за развој на социјалната интегрираност.

Поврзано со оваа социјалдемократска вредност, во Статутот на СДСМ, во основните политички начела и цели стои:

- Целосно почитување на човекот, неговото достоинство, права и слободи, согласно највисоките цивилизациски и демократски придобивки
- Настојување за обезбедување на правата и слободите гарантирани со меѓународните документи за македонците во соседните земји и развивање на постојана културна, социјална и економска комуникација со нив и со иселениците.

Членот 68 од Статутот, го дефинира системот на внатрепартиски избори. Оваа партија е меѓу ретките партии кои изборот на Претседател го вршат на непосредни избори. Во членот 68/а став 1 се дефинира:

- Претседателот на СДСМ се избира на непосредни внатрепартиски избори кои се спроведуваат во согласност со одредбите на овој статут и други акти .

Во делот Кој сме ние ?, вредностите од областа на демократијата, правата и слободите, оваа партија ги дефинира преку реченицата: „Секој има право на збор, право на мисла, секој има право на слободен избор". Во програмата, СДСМ владеење на правото најмногу го разработува во втората глава, втора тема, со наслов **Нула корупција, правда за сите.**

**Космополитизмот и мултикултурализмот** во социјалдемократската идеологија заземаат важно место со чија помош се креира политика на толеранција и соработка.

Толеранцијата е основ за решавање на конфликтите без употреба на насилство, преку кои се обезбедува мирот и безбедноста. Подготвеноста за компромис и соработка се определуваат како важни вредности во социјалдемократијата.
Во Статутот на СДСМ во членот 2, делот на основните цели, вредностите на космополитизмот, мирот и безбедноста, се определуваат како:
- Почитување на антифашизмот како цивилизациска придобивка на современиот свет.
- Унапредување на меѓуетничкиот соживот и меѓу религиска толеранција и дијалог.
Во делот на програмата овие вредности се во глава 5, со наслов **Безбедна Македонија** , која опфаќа две теми, **Посилни со НАТО** и **Мирен и безбеден живот**. Овие вредности се опфатени и во глава 6 **МК во ЕУ 2030,** со своите три теми, **За Европската унија нема алтернатива, Гласни и активни во светот** и **За нова дипломатија**.

Одржливиот развој е една од поновите вредности на социјалдемократијата, која се јавува како одговор на се поголемото загадување на земјината топка, социјалдемократите соработуваат со еколошките движења и во изготвување на своите програмски документи водат сметка за теми од областа на екологијата. Одржливиот економски развој го дефинираат како развој кој нема да ги уништи можностите на идните генерации.
Во Статутот на СДСМ, во основните цели овие вредности се формулирани во ставите:
- Развивање на пазарно стопанство кое ќе обезбедува одржлив раст и создавање работни места во услови на рамноправност на стопанските субјекти.
- Развивање на одговорен пристап кон животната средина и природа.
Во делот Кој сме ние ?, исто така е нотирана заложбата „за здрава и чиста животна средина“.
Во програмата овие заложби може да се најдат во првата глава, трета тема со наслов **Енергетска независност, зелена енергија за сите** и главата четири, прва тема **Чиста и зелена Македонија.**

Од претходно цитираните делови од Статутот, делот насловен Кои сме ние? и Програмата за европска иднина 2024, се определува социјалдемократската ориентација на СДСМ. Заклучокот е дека оваа партија ја реализирала својата транзиција од комунистичка во социјалдемократска партија, дека ги имплементирала општите социјалдемократски вредности во својата идеологија.

### 3.2.3 СДСМ со лабава и мултиетничка структура

Цел на ова поглавје е да се опише партиската структура на СДСМ, да се апострофираат спецификите во нивната организираност. Откако ќе се претстават елементите на структурата поединечно, на нив да се придодаде персоналниот елемент т.е. кој е профилот на членство што дејствува во таа структура. Така ќе се добие вистинска претстава, како е организирана оваа партија и каков профил на членови мобилизира. Наследството од комунизмот, меѓу другото, кај СДСМ особено на почетокот на плурализмот прави компаративна предност, во однос на другите партии, наследувајќи веќе оформена

организација. Претпоставка е дека мултиетничкиот карактер на оваа партија повеќе базира на политиките на партијата за разлика од нормите на партиската структурата. За да се утврди мултиетничкиот карактер е потребна анализа која секако ќе не запознае со структурата на партијата како елемент на нејзиниот социолошки профил. Ако се пронајде основ за мултиетничкиот карактер во нормативното уредување на структурата, тоа упатува на подлабоки корени од она што се нарекува програма или пораки на партијата.

И кај оваа партија, организациската поставеност во суштина го следи изборниот модел, посебно поистоветувањето на најмалата единица месниот одбор со шемата на избирачки места на државата. Од јавно достапните партиски документи и акти на партијата на нивната веб страна, се анализира организационата поставеност (структура), и начинот на внатрепартиско делување. И кај СДСМ, партискиот органограм ја потврдува нивната сериозна организираност и структуираност. Членовите од Статутот ја опишуваат партиската структура, или облиците на организираност на членството. На централно ниво СДСМ е организиран во следниве органи и тела:

- Конгрес
- Претседател
- Заменик претседател
- Генерален секретар
- Потпретседатели
- Централен одбор
- Надзорен одбор
- Извршен одбор на Централниот одбор
- Организациски секретар
- Секретар за меѓународна соработка
- Комисии на СДСМ
- Совет на СДСМ
- Форум на жени на СДСМ (ФЖ)
- Социјалдемократска младина на Македонија (СДММ)
- Центар за истражување и анализа
- Центар за комуникации со јавноста
- Изборен штаб на СДСМ

Во Статутот постои посебна глава VI – Пратеници и советници на СДСМ, кај што е дефинирана пратеничката група, начинот на делување во рамки на Собранието, дефинирана е советничката група во советот на Градот Скопје, нивниот начин на делување во градското собрание. Специфично за СДСМ е можноста за интересовни облици на организирање, тоа е предвидено во членот 78а кој гласи:

- Членовите на СДСМ можат да се групираат во интересовно-политички облици на делување на определени општествени групи кои делуваат во рамки на СДСМ (пензионери и слично)
Следна специфика на СДСМ е статутарната одредба со која се дава основ за вршење стопанска дејност т.е. основање на претпријатие:
- Партијата може да биде основач и соосновач на претпријатие или други организациони облици за вршење на стопанска или друга дејност, доколку е тоа дозволено со Закон.

СДСМ својата сила и легитимитет на политиките ја базира на членството кое доминантно е организирано на локално ниво, дел од нив напредуваат во хиерархијата и членуваат во централните органи и тела. Локална форма на организираност на СДСМ ги подразбира следните партиски органи:

- Градска организација на СДСМ- Скопје
- Општинска организација на СДСМ
- Месен одбор СДСМ
- Организација на СДСМ во друга држава

Основен елемент на структурата на СДСМ е членот на партијата. Главата II Членство, ги пропишува условите и начинот на зачленување. Станува збор за стандардна постапка како и кај останатите партии, на доброволна основа се потпишува пристапница. Специфичен е нормативот на првиот состанок на Извршниот одбор (се мисли на општинската организација) „го верифицира пристапувањето“. До колку не му биде верифицирано членството подносителот има право на жалба во рок од 30 дена од доставувањето, а пак Надзорниот одбор во рок од 30 дена од доставувањето на жалбата има обврска да одговори на истата. Ова претставува специфика кај оваа партија, таа има изградено механизам на проверка и селекција во процесот на зачленување, за разлика од другите партии кои не обрнуваат вакво внимание при зачленувањето, освен општи услови како што се возраст, деловно способен и да е државјанин на земјата. Членот 10 од Статутот, дава можност на граѓани кои не се членови на партијата да учествуваат во нејзината работа:
- Во политичкото делување на СДСМ, покрај членовите, можат да соработуваат и партиски неопределени лица – симпатизери на партијата и поддржувачи (пријатели) на партијата.

Конгресот во СДСМ има поразлично место и улога споредено со останатите партии во земјата, во оваа поглавје само ќе го нотирам како дел од структурата, во следното поглавје, кое се осврнува на внатрепартиското делување ќе бидат подетално истакнати. Следна карактеристика кај СДСМ кога станува збор за структура на партијата е позицијата Заменик претседател на СДСМ, кој во хиерархијата е повисок орган од потпретседателите. Односот на јавноста, во моментот кога оваа партија ја креираше оваа позиција беше дека тоа се прави од причини за потенцирање на влијание на определена личност, која била со повисок авторитет и влијание од останатите членови на раководството на партијата. Перцепцијата е дека се трга од личност, а не од определена функционалност во рамки на структурата.

Следна специфика на СДСМ кога станува збор за партиската структура е Советот на СДСМ, дефиниран во член 38, „составен од истакнати научни, културни и јавни дејци и стопанственици“, со задача да „помага во заземањето ставови за прашања од стратешка важност за работата на СДСМ“. Типично за социјалдемократската идеологија, кај СДСМ статутарна одредба е водење сметка за полова рамноправност во составот на органите и телата на партијата.

СДСМ има речиси идентична хоризонтална организациска поставеност како ВМРО ДПМНЕ. Хоризонталната организираност ги претставува Форумот на жените, Социјалдемократската младина, Совет на СДСМ, Партиските комисии, Центар за истражување и анализи, Центарот за комуникации и др. Најголем дел од овие организации имаат своја структура по вертикала во партијата, од централно до локално ниво. Нивниот фокус во делувањето е организирање и мобилизирање на жените, младите, интелектуалците и луѓе експерти во различни области организирани во комисиите, во функција на партијата, секој од свој аспект и свој интерес. Од работењето на овие партиски органи произлегуваат идеи и предлози кои се однесуваат на специфичната категорија партиско членство, кои потоа стануваат составен дел од партиската програма.

Слично и како кај ВМРО ДПМНЕ и СДСМ во функција на мобилизација на свои членови и поддржувачи практикува јавни повици за партиски позиции, како и за кандидати за определена јавна функција. Смислата на овој механизам е да се креира транспарентен и сеопфатен процес, олеснувајќи го пристапот на обичниот член во постапката, се нуди можност на секој заинтересиран да биде дел од процесот. И кај двете партии оваа пракса се перцепира како отворање на партиите кон своите членови и симпатизери и креирање на механизми за поквалитетна селекција на кадри.




Слика бр: 50 Јавен повик за кандидирање во СДСМ
Извор: СДСМ

Нормативната структуираност (документите) на СДСМ, немаат одредени специфики кои би биле фактор за мобилизација на членови од различни етникуми, посебно не за наши македонски прилики каде постојат конкретни механизми/услови за етничка застапеност. Кога веќе е проверена дилемата дали нормативниот сегмент не/влијае на структурата на членството, останува да се заклучи дека мултиетничкиот карактер се должи на конкретни политики и делувања на партијата за што нејзиното минато дава солидна основа. СДСМ како наследник на СКМ веќе била профилирана како партија на сите, имала искуство во неа да делуваат истакнати поединци од различни вери и етникуми. Нејзината идеолошка матрица ставала акцент на класата или слојот во општеството, религијата и етникумот како карактеристики биле занемарени. Нејзиниот однос кон религијата, не придавајќи и особено значење, ги руши бариерите различни етникуми да се пронајдат во структурите на оваа партија. На самиот почеток на македонскиот плурализам таа го преземала на себе ореолот на граѓанска партија, продолжувајќи го претходниот континуитет. Ако се има предвид овој континуитет не случајно како една од главните цели на оваа партија во Статутот е декларирано:

- Унапредување и афирмација на меѓуетничкиот соживот и меѓурелигиска толеранција и дијалог.

Политиките и пораките на СДСМ во периодот пред и по промените во 2017 година се факторот кој во поновата историја на оваа партија создадоа услови за хетерогена партиска структура од етнички аспект. Во функција на мобилизирање што е можно поголем број поддржувачи да се победи тогашната власт, оваа партија се отвори и пријде кон секој што ја делеше идејата за промени. Со други зборови мобилизацијата на членство и поддржувачи се водеше од една цел промени. Во прилог на тоа беше одеше актуелната политичка криза во земјата. Во насока на промените во земјата беше промоцијата на концептот „Едно општество за сите“, каде требаше да се препознаат различните етникуми, посебно Албанците во Македонија. Политиките за мултиетнички карактер на партијата во периодот пред промените вродија со плод во средини кај што традиционално СДСМ немал структура, почнаа да основаат општински организации, пример Арачиново и др.

Изборните резултати во 2016 година најдобро зборуваат за пенетрацијата на оваа партија во мешани средини, како и во чисто албански средини. По промената на власта, нова специфика која ја промовира оваа партија е именување на партиски позиции членови Албанци. За прв пат најсериозно се прекрши востановеното правило дека Албанец може да стане функционер исклучиво од албанска партија. На изборите во 2020 година, во албанските средини со најголема поддршка беше партијата ДУИ, втора позади неа, а пред останатите партии од албанскиот блок беше СДСМ. Политиката на СДСМ за привлекување и на други етникуми особено Албанците, кулминираше со именување на Фатмир Битиќи за потпретседател на СДСМ во 2021 година. Како што беше потенцирано претходно, оваа партија има своја предисторија за својот мултиетничкиот карактер, претходно како комунистичка партија мобилизирајќи различни етникуми, во поново време тоа се надградуваше со пораки иманетни за сегашноста и иднината.

Од интервјуто со Генералниот секретар на СДСМ се добиваат сознанија за моменталната организациска структуираност на оваа партија. Во одговорите на сетот прашања кои се поврзани со организацијата и структурата на оваа партија, од „прва рака“ се добива слика за организациската поставеност на СДСМ која има структура во сите општини освен Боговиње. Од аспект на мултиетничност го потенцираат фактот дека нивниот состав е мултиетнички, особено имајќи во предвид дека само во една општина не се присутни. Меѓутоа, отворено зборува дека формалната присутност по општините не значи максимален организационен капацитет, предизвик во иднина да ја подигнат оперативноста на нивните ограноци, кои се соочуваат со фактот да се делува во услови на опозиција, со намален човечки капацитет (Види Прилог 2).

До сега се анализираа политиките на оваа партија, доминантно во период кога биле власт, следи интересен развој на состојбата кај СДСМ од аспект на мултиетничноста (најавен и во интервјуто на ГС на СДСМ) кој отвара определена/и дилема/и. Ако се анализира поразот на СДСМ на изборите 2024 година, веднаш ќе се забележи дека меѓу другото тој се должи на серозно губење гласови во албанските средини, кај што претходно имаше сериозна поддршка. Веднаш по изборите потпретседателот на оваа партија, синоним за мултиетничкиот карактер на партијата, Фатмир Битиќи поднесува оставка од позицијата потпретседател на партијата. Во сегашното раководство (потпретседатели и генерален секретар) предводено од Венко Филипче нема претставник од албанскиот етникум. На површина излегува/ат дилемата/те колку бил автентичен процесот на мултиетнизација на СДСМ, дали за тоа има сериозни основи или се работи за епизодна состојба? Дали на наредни избори поддршката во мешаните средини за СДСМ ќе продолжи да опаѓа ? Преку тоа колку Македонија генерално е зрела да го напушти концептот на моноетнички партии, кој не е во корелација со профилот на нашето општество како мултиетничко?

Бидејќи се констатира дека мултиетничкиот профил на СДСМ не базира на нејзини специфики во нормативата, туку се должи на определени политики и пораки, предизвик е да се следи и најмала промена на пораките како ќе влијае на мултиетничноста. Текот на состојбата покажува сериозни амплитуди во однос на етаблираноста на мултиетничкиот карактер на оваа партија. Претпоставка е дека предизвик за партијата е да ја стабилизира таа амплитуда. Како и да е, сепак во редовите на оваа партија, споредено со другите партии, и особено со ВМРО ДПМНЕ во поголема мера се присутни граѓани од други етникуми. Тоа се потврдува со анализата на членови на Извршниот и Централниот одбор. Општ заклучок е дека процесот за етничка хетерогенизација на партиите од македонскиот блок е започнат, некои партии се отидени подалеку некои се на самиот почеток. Може да се очекува овој процес да започне и кај партиите од албанскиот блок, за што имаше примери во минатото на избори, пример Имер Селмани кандидат за Претседател во 2009 година доби гласови во чисто етнички македонски средини. Процесот на мобилизација на членови од различни етникуми ќе допринесе во иднина да се намали големиот број на партии, етнички поделени, во помал број на партии, со идеолошка а не етничка диференцијација.

### 3.2.4 Непосредната демократија во СДСМ

Познавањето на структурата на партијата е неопходно за да се добие слика за внатрепартиското делување, субординација, влијание и моќ. Внатрепартиската демократија подразбира учество на членството во процесот на носење на одлуки. Сликата за поставеноста за структурата, принципите како таа е поврзана помеѓу себе, авторитетот и интегритетот на органите и телата на партијата го прават профилот на внатрепартиската демократија. Анализата на внатрепартиското делување во СДСМ укажува на некои специфики, особено ако се земе во предвид дека пред релативно кратко време, нивниот претходник СКМ беше политичка структура, која се градела и функционирала во тоталитарен систем и врз принципите на демократскиот централизам. Една од главните теми при трансформацијата на Сојузот на комунистите во социјалдемократска партија беше напуштање на концептот „управување од горе“. Плурализмот бара историскиот легитимитет да биде заменет со демократски легитимитет, проверуван и контролиран од волјата на бирачите. Новите околности ја менуваат улогата на членовите на партијата, во активисти. Во демократијата изборите се чести, изборот значи понуда на повеќе понуди, во тој случај членовите на партијата се принудени одново да агитираат и ја бараат поддршката за својата партија.

Во статутот на СДСМ членот 3 го потенцира демократскиот начин на делување на оваа партија потенцирајќи:

- Во остварување на политичките начела и цели, СДСМ се користи со демократски и ненасилни парламентарни и вонпарламентарни средства.

Членот 8 подвлекува дека „Работата на Социјалдемократскиот сојуз е јавна“, во продолжението на членот се објаснува како ќе се обезбедува јавноста во работењето на сите органи и тела, партиски функционери до „поединечна активност на своите членови“.

Правата и обврските на членовите се идентични со правата и обврските на членови на други партии. Членовите имаат право да делуваат во рамки на партијата, да бираат и да бидат бирани и сл. Стои обврска за плаќање членарина, со следната специфика „Членот кој не платил членарина за 6 или повеќе месеци не може да биде избран за извршување на функција во органите на партијата, ниту кандидат на локални или државни функции“. Со експлицитно толкување на овој став може да се заклучи дека без плаќање на членарина, членот во оваа партија единствено што може, е да го задржи статусот член најмногу 12 месеци, без шанси да биде дел од некој орган на партијата или на одредена функција на локално или централно ниво. Ако не ја подмири членарината повеќе од 12 месеци, и притоа не е ослободен од плаќање членарина, членот се брише од евиденција во партијата. По бришењето од евиденција по определен рок лицето има право повторно да побара зачленување. Овие одредби се прилично ригидни одредници за една социјалдемократска партија. Другите основи за престанокот на членство се исти како и кај другите партии, набројани се истите основи како што се истапување, членување во други партии, прифаќање функции од други партии или како независен итн.

Во делот на внатрепартиското функционирање и партиската демократија следна специфика кај политичката партија СДСМ е најважните прашања да се дискутираат на Конгрес. Ако кај ВМРО ДПМНЕ конгресите се редовни, со мал број на исклучоци вонредни, кај оваа партија во членот 26, став 2 како обврска стои:
- Конгресот се свикува задолжително пред парламентарните и претседателските избори, заради утврдување на кандидати за изборите и по парламентарните, претседателските и локалните избори заради анализа на изборните резултати и изјаснување на доверба на органите на СДСМ, избрани од Конгресот, со оглед на изборните резултати.

Овој став упатува на демократичност и поголема учество и согласност на членството во креирање на одлуките. Имајќи во предвид форматот на Конгресот како најброен орган на партијата. Со ова поголемо учество на членството и повисок степен на внатрепартиска демократија се овозможува во процесот на селекција на кандидати за определени функции, потоа и во процесот на анализа на резултатите од изборите, кои повлекуваат одговорност на партиските органи и тела. Ако се земе во предвид динамиката на изборите, ќе се види дека оваа партија често го користи овој механизам во внатрепартиското дејствување. Природата на прашањата за кои се одлучува на овој тип на конгреси, секако упатува на повисок степен на внатрепартиска демократија, споредено со останатите партии во земјата. Селекцијата на кандидати за функции како и анализа на изборни резултати се едни од поважните прашања во внатрепартиското делување. Разгледувањето на овие прашања на Конгрес, кој е неколкукратно поброен од централните органи, со тоа и репрезентативноста на членството поголема, претставува повисок степен на инволвираност на членството. Други специфики кај СДСМ поврзана со улогата на Конгресот се содржани во членот 27, ставовите 6, 9 и 10, кои гласат:

- избира членови на централниот одбор
- донесува одлуки за изборни коалиции
- утврдува изборна програма на СДСМ

Сумарно, Конгресот кај СДСМ е орган или форум кој почесто заседава, споредено со ВМРО ДПМНЕ, темите или одлуките кои се носат на ова ниво упатуваат на развиена внатрепартиска демократија и транспарентност. Овие теми или одлуки, ВМРО ДПМНЕ ги дискутираат и носат на ниво на централни тела, кои се значително помалубројни од конгресот и на некој начин демократијата и транспарентноста поограничени.

Кај Централниот одбор на оваа партија специфика е лицето кое претседава со него. Ако кај ВМРО ДПМНЕ Претседателот на партијата претседава со централните тела, кај оваа партија во членот 30, став 2, претседавањето поинаку е дефинирано:
- Седниците на Централниот одбор ги свикува и ги води претседавачот на Централниот одбор на барање на Претседателот на СДСМ, Извршниот одбор, или 1/3 од членовите на ЦО и е должен на дневен ред да ги стави точките кои ги бара подносителот.

Иако претседавачот на некој начин е на предлог на Претседателот на партијата, специфично е тоа што тој да не заседава со најголемиот орган помеѓу два конгреса. Ова упатува на определено лимитирање на моќта на Претседателот на партијата, и вклучување на други лица во важни внатрепартиски улоги.

Орган кој компаративно зазема најголемо место во Статутот на СДСМ е општинската организација. Осум члена (43-51) од Статутот го дефинираат работењето на општинската организација, состав, надлежности итн. Ова само по себе зборува за фокусот на партијата кон базата. Ако динамиката на партиски активности е најголема на локално ниво, логично е овој дел да биде најмногу детализиран и прецизиран. Членството на партијата во најголем дел е организирано во месните и општинските одбори, а квалитетна организација не е можна без определување на механизмите на делување. Затоа се дефинирани минимум број на членови за основање општинска конференција, понатака местото и улогата на извршниот одбор во рамки на општинската конференција, местото и улогата на надзорниот одбор во општинската конференција итн. Последен и најнепосреден орган во кој се организираат членовите на СДСМ се месните одбори, кои по својата суштина и функционалност се идентични органи (освен називот) како и кај ВМРО ДПМНЕ.

Гледано ретроспективно, СДСМ ја оправдуваат својата социјалистичка или социјалдемократска ориентација по критериумот - брзина на промени. За оваа идеологија е својствена прагмата и отвореност кон промените, во случајот на СДСМ преку моделот за избор на Претседател на партијата, тоа се потврдува. Од тоталитарна структура како комунистичка партија, за триесет години како социјалдемократска партија, тие го совладаа делегатскиот систем на избор на најважниот орган во партиите - Претседателот (овде се има предвид политичкиот менталитет во земјата Е.Д), и воведоа непосредни избори. Членот 68а од Статутот го уредува непосредниот избор на Претседател на СДСМ, тој гласи:

- Претседателот на СДСМ, се избира на непосредни внатрепартиски избори кои се спроведуваат во согласност со одредбите од овој статут и други акти.
- На изборите за претседател на СДСМ можат да гласаат сите членови на партијата кои ќе се впишат на партискиот избирачки список, преку процесот на активна регистрација.
- Начинот на активна регистрација на гласачи се уредува со Одлука на Централниот одбор на СДСМ, а процесот на активно регистрирање го спроведуваат Општинските организации.

Членот 68б дефинира дека изборот може да биде редовен и вонреден, ја пропишува постапката како се распишува редовни, а како вонредни избори, она што е важно како подносители на иницијативи за редовни избори е Централниот одбор, за вонредни таквата одлука ја донесува Извршниот одбор, но не постои одредба со која ќе се даде право членовите да побараат вонреден конгрес.

Членот 68г го дефинира начинот на гласање:

- Изборот за Претседател ан СДСМ се спроведува со тајно гласање, во еден или два круга на гласање во избирачките места.
- За избран се смета кандидатот за Претседател на СДСМ кој ќе освои мнозинство од вкупниот број членови на СДСМ кои гласале.

- Доколку ниту еден кандидат не го освои потребниот број на гласови од претходниот став се спроведува втор круг на гласање помеѓу двата кандидати кои освоиле најмногу гласови во првиот круг.
- За Претседател на СДСМ е избран кандидатот кој ќе освои повеќе гласови.
- Доколку кандидатите во вториот круг освојат ист број на гласови, Претседателот на СДСМ ги избира Конгресот на СДСМ од тие два кандидати.




Слика бр: 51 Плакат за внатрепартиски избори во СДСМ
Извор: СДСМ

Во понатамошните членови од Статутот се дефинира организацискиот аспект на изборите, кој по многу нешта наликуваат на изборите во државата. Главни органи за реализација на изборите се Централната изборна комисија на СДСМ и Општинската изборна комисија. Централната комисија е составена од пет члена, од кој еден претседател и еден потпретседател, а во неа влегуваат и по еден претставник на секој кандидат за Претседател на СДСМ, на кој му е потврдена кандидатурата. Централната комисија на предлог на Општинската организација именува Општинска комисија од пет члена. И на ова ниво кандидатите за Претседател на СДСМ, на кој и е потврдена кандидатурата имаат право да именуваат по еден дополнителен член. За спроведување на изборите се утврдува избирачки список во кој се запишуваат членовите на СДСМ преку процес на активна регистрација. Право да бира и да биде избран на изборите во СДСМ има секој член на СДСМ кој е евидентиран во избирачкиот список. Централната изборна комисија ги обработува и објавува резултатите од изборите. Против одлуките на оваа комисија секој од кандидатите може да поднесе жалба во рок од три дена од објавување на резултатите од страна на ЦИК до Надзорниот одбор на СДСМ, кој е пак должен да донесе одлука за истата во рок од три дена од денот на приемот на жалбата. Одлуката на Надзорниот одбор е конечна.

Претпоставка е дека искуството од непосредните избори е позитивно за партијата. Од научен аспект секако е за поздравување секоја форма на изјаснување која го максимизира учеството на членовите на партијата. Во суштина самиот поим внатрепартиска демократија

значи владеење на членството со партијата, негово доминантно влијание на партиските политики и сл.

Ако се направи нај површна анализа на досегашното искуство со непосредните избори за избор на Претседател во СДСМ, се приметува една важна социолошка димензија, влијанието и моќта на лидерите. Имено, кога партијата е на власт и спроведува непосредни избори за Претседател на партијата, најчесто има еден кандидат, тоа по правило е актуелниот Претседател на партијата и Претседател на владата. Кога партијата е во опозиција тогаш има повеќе кандидати, има исклучоци како со последниот избор одржан на 06 април 2025 година, на кој де факто се потврдува изборот на Венко Филипче. Битна разлика има и во атмосферата која ги следи изборите. Кога се реализираат во услови кога партијата е на власт, атмосферата е мирна и акламативна. Кога се реализираат изборите во опозиција, има тенденција атмосферата да биде тензична, исполнета со јавни обвинувања помеѓу кандидатите за регуларноста на процесот.

Најдобра илустрација на последното беше изборот на Претседател на СДСМ во јуни 2024 година. Еден од кандидатите за претседател (Славјанка Петровска) ја повлече својата кандидатура на ден пред изборите. Аргументите содржани во оставката најдобро зборуваат за конфликтноста на изборниот процес, таа истакна „Сакајќи да го заштитам СДСМ од нелегитимен избор на претседател и да избегнам да бидам соучесник во оваа погазување на Статутот, ве известувам дека ја повлекувам мојата кандидатура за претседател на СДСМ" (Радио Слободна Европа, 29 јуни, 2024). По одржувањето на изборите следеше ново обвинување од противкандидатот (Јован Деспотовски со зборовите „Како се случи 10.000 регистрирани членови да не го остварат правото на глас? Деспотовски бара одговори од ЦИК за изборите во СДСМ" ( Телма, 30.06.20024).

Генералниот секретар на СДСМ, го потенцира моментот дека иницијативите во рамки на партијата доаѓаат од базата т.е. од општинско ниво и постепено се пренесуваат до раководството на партија. За влијанието на членството во процесот на креирање политики зборува дека е секој пат присутно, надополнето со истражувања и анализи како поткрепа на размислувањата на локалните ограноци. Горди се на непосредниот модел за избор на Претседател на партијата, за што имаат развиено процедура и органи за негово спроведување. Со ваквата поставеност на внатрепартиски план сметаат дека имаат постигнато максимум во демократизација на партијата (Види Прилог 2)

Во прилог на овој модел на избори, одат тезите за значењето на демократијата, за местото и улогата на обичниот член или „тркач". Контра се аргументите, групирани околу тезата дека овој модел го нарушува партиското единство, и ствара лоша слика во јавноста ако има јавни препукувања. Се чини дека најсоодветен одговор на дилемата непосредни или не избори, е поимањето за демократијата на Винстон Черчил дека „Демократијата е најлошата форма на владеење, освен сите останати што биле пробани". Непосредните избори за избор на Претседател на партија со сите негативни последици, кои де факто ги имаат, се најдоброто демократско решение за избор на Претседател на партија, особено за типот масовни партии.

### 3.2.5 Интеграциите како мобилизирачки фактор во СДСМ

Развојот на настаните на политички план по осамостојувањето на Македонија, дефинираат состојба на отсуство на суштински промени од аспект на владејачка елита. Победничката партија на првите парламентарни избори ВМРО ДПМНЕ, не успева да формира влада. Најпрвин беше формирана т.н. експертска влада, која иако настојуваше да задржи неутрална слика од политички аспект за нејзиниот персонален состав, сепак доминирале министри од актуелната елита, поранешни комунисти сега социјалдемократи, во најмала рака лево ориентирани. Само еден од министрите во таа влада бил член на ВМРО ДПМНЕ г. Лепапцов.[15].

Во 1992 година се формира првата политичка влада предводена од СДСМ. Неспорно најголем политички авторитет во тој период бил првиот Претседател на земјата Киро Глигоров. Неговиот авторитет бил етаблиран уште во претходниот систем. Сите политички процеси на почетокот од независноста биле под негово влијание, како што се формирањето на првата т.н. експертска влада, втората, а прва политичка влада предводена од СДСМ, стекнувањето меѓународно признавање на земјата итн. (Малески, 2012: 65-73). Неговиот авторитет меѓу другото беше причината да се акцентира неговата политичка припадност во СДСМ како „членска книшка бр. 1“.

Со оглед дека прашањето за независност било апсолвирано, на еден начин улогата на ВМРО ДПМНЕ намалена, природно полека на прво место излегувала темата за меѓународно интегрирање на земјата. Конците во владеењето ги држела СДСМ преку Претседателот на државата и владата, со тоа темата меѓународни интеграции започнува да се поврзува со СДСМ. Ваквата состојба се одржува дури до промените во 1998 година кога СДСМ оди во опозиција. Осум години се голем период поранешните комунисти сега социјалдемократи да изградат нов профил и нова форма на мобилизација на своето членство и гласачи. Независноста сама по себе нема смисла ако таа не е пропратена со стекнување на меѓународен правен легитимитет, и сите сили и енергија на тогашната политичка елита биле фокусирани на тоа прашање. Во прилог на СДСМ одел и фактот што најголемиот дел од тогашната дипломатија и искусни политичари биле дел од оваа партија. Без разлика на јасните позиции на ВМРО ДПМНЕ за меѓународно етаблирање на земјата, со своето неискуство и со лимитиран персонален ресурс во областа на дипломатија, несвесно помагала власта целосно да ја „поклопи“ темата интеграции.

---

[15] Во јавноста е присутна лажна претстава или мит дека во оваа влада доминирале луѓе блиски до ВМРО ДПМНЕ. Не се негира дека имало луѓе со афинитети кон заложбите на ВМРО ДПМНЕ, па полесно било да се етикетират како блиски до партијата. Ова убедување е поткрепено од разговорот со синот на министерот и еден од кандидатите на ВМРО ДПМНЕ за премиер Александар Лепапцов, амбасадорот Андреј Лепапцов. И тој се согласува дека тој мит е намерно стимулиран да се оправда кршењето на договорот помеѓу Киро Глигоров и ВМРО ДПМНЕ. Договорот бил ВМРО ДПМНЕ да го подржи неговиот избор во парламентот а тој да подржи влада на предлог на ВМРО ДПМНЕ. Глигоров е избран со гласовите на оваа партија, но составот на владата (именувана како експертска) бил негов предлог, а ВМРО ДПМНЕ заобиколена, посебно во предлагањето Премиер.

Првите чекори за меѓународно признавање и зачленување во меѓународните организации, ја поларизирало македонската политичка сцена. Блокадите кои веднаш по осамостојувањето се испречиле пред интеграциите на земјата, предизвикале подвоеност во ставовите на двете најголеми партии во земјата. ВМРО ДПМНЕ во тој период е заглавена во својот романтизам, го „идеализира“ патот за стекнување меѓународен правен легитимитетот. Можеби и природно поради позицијата (опозиција) и немањето вистинска претстава за реалната позиција на земјата. Позицијата на СДСМ била дијаметрално спротивна, од структура која имала определени резерви за независноста, меѓу другото јавно кажани преку првиот министер за надворешни работи Денко Малевски, до структура која отпочна бројни активности за етаблирање на земјата на меѓународен план.

Колку бил прагматичен СДСМ говори токму примерот на министерот Малевски, кој од позиција на јавно искажани резерви дали Македонија треба да биде независна, кратко потоа, целиот фокус и енергија го става на надминување на блокадите за интеграција на земјата. Првите чекори кои се преземаат се обраќање со писмо до сите земји поединечно, во кое се образложува одлуката за прогласување независност, и бара билатерално воспоставување дипломатски односи. Се редат активностите на меѓународен план како што се билатерална комуникација со мноштво земји, со бадентеровата комисија за оценување кои од поранешните југословенски републики ги исполнуваа условите за независност, се случува Лисабонската декларација со која на иницијатива на Грција се проблематизира независноста, се до приемот во ООН.

Приемот во ООН на некој начин премолчено бил условен од позицијата на Европската заедница кон нашата независност (Глигоров, 2001: 293). Првите три години од самостојноста главна тема која го мобилизира вниманието и политичката партиципација биле интеграциите. Домашното внимание било фокусирано кон овие две адреси ЕЗ и ООН, на политички план доминирале интегративните теми. Со тоа СДСМ ги удира темелите на својот профил како партија со главен фокус на интеграција на земјата.

Следи клучниот момент, прифаќањето на условите за членство во ООН. Со помош на меѓународно посредништво започнува комуникација меѓу Македонија и Грција. ВМРО ДПМНЕ бара да се информира собранието околу овие разговори. Во период од 9ти до 13ти февруари 1993 година, се расправа на оваа тема во собранието, при што максимално се поларизираат ставовите на двете најголеми партии. Тензичната атмосфера на оваа тема е причината на 19 февруари министерот Малески да си поднесе оставка. Сепак со одлука на Генералното собрание на ООН, усвоена на 8 април 1993 година се прима Македонија како 181 членка на ООН под референцата Поранешна југословенска република Македонија. Пред генералното собрание поздравен говор одржува Претседателот Глигоров. Овој чин се доживува како врв на прагмата на СДСМ во делот на меѓународната политика дотогаш. СДСМ својот став и политики по однос на интеграциите цело време ги комуницирала со членството и поддржувачите, трансформирајќи ги во главна мобилизирачка сила. СДСМ жестоко се спротивставува на одлуката на владата на Љупчо Георгиевски во 1999 година за

признавање на Тајван, токму во насока дека тоа негативно ќе влијае на меѓународното етаблирање на земјата, прекинувајќи ја билатералната соработка со Кина.

Од рекапитуларот на политичките случувања во првите десет години од независноста се екстрахираат интеграциите како мобилизирачка моќ на СДСМ. Овој профил се зајакнува и одржува целиот период на владеење на СДСМ до 2017 година. Секогаш кога во прашање биле интеграциите, оваа партија споредено со ВМРО ДПМНЕ (двете партии се менуваат во водењето на државата), побрзо ги постигнувала компромисите за надминување на блокадите на интегративниот пат. Владеењето во период од 2017 до 2024 година повторно го одбележува истиот стил на политика, со тоа продолжувајќи го истиот начин на мобилизација на својата поддршка. Имено по приемот во ООН и други важни меѓународни организации, нереализирани високи приоритети на планот на интеграциите беа членството во НАТО и ЕУ. Факт е дека овие теми беа актуелни и за време на владеењето на ВМРО ДПМНЕ (2006-2016), но до нивно решавање не дојде. Веројатно меѓу другото поради отсуство на прагма, и покрај подобрите понуди како решенија за спорот околу името.

Иако пред да дојде на власт СДСМ во 2017 година експлицитно негираше промена на државното име и Устав, за наше членство во НАТО, многу бргу самата се демантираше и тргна во процес на преговори, потврдувајќи го нивниот профил како интегративци. Непосредно пред потпишувањето на договорот а особено после потпишувањето, СДСМ интензивно ја комуницираше јавноста, на тој начин одржувајќи ја нивната мобилизирачка моќ помеѓу членството и поддржувачите. Целиот процес беше поткрепен со ПР стратегија која веројатно беше со цел минимизирање на штетата по својата мобилизаторка моќ и задржување на поддршката во јавноста.

Како механизам на одржување на својата мобилизирачка моќ помеѓу граѓаните беше реализираниот Референдум за изјаснување на граѓаните по однос на постигнатиот договор. Целокупната кампања која беше прилично грамадна беше во насока да се објаснат бенефитите од договорот, да се минимизира штетата по националните интереси. Претпоставка е дека СДСМ го знаеше исходот од референдумот, особено што се претпоставуваше бојкот од опозицијата. Така и се случи, референдумот согласно закон не беше успешен, за тоа официјална потврда стигна од Државната изборна комисија која беше одговорна за реализација на референдумот. Единствена придобивка од референдумот можеби беше СДСМ и останатите владејачки партии да го оправдаат својот став пред своите поддржувачи, задржувајќи каква таква мобилизаторска моќ, без која ниту една партија не може да функционира. Без разлика на исходот од референдумот и максималната поларизираност на јавноста, договорот беше потпишан, државата доби ново име Република Северна Македонија, со новото име станавме членка на НАТО.

Паралелно со постигнување на договорот со Грција околу името, беше постигнат договор со соседна Бугарија за билатерална соработка. Самиот договор отвори доста прашања, очекување од истиот беше деблокада за отпочнување на преговорите за членство во ЕУ. Повторно до израз дојде подготвеноста на СДСМ за надминување на пречките во интеграцијата на земјата. Особено што овој пат беа отворени мноштво прашања. Едно од

прашањата е измена на Уставот и внесување на бугарското малцинство во Уставот. Целата стратегија беше силно обвиткана со прагма да се движи процесот. Во меѓу време на парламентарните избори во 2024 година СДСМ загуби и замина во опозиција. Меѓутоа и заминувањето во опозиции не влијаеше да го задржат ставот дека Македонија треба да ги исполни барањата на Бугарија подржани од ЕУ содржани во т.н. „француски предлог". Повторно по кој знае кој пат СДСМ декларира прагматична политика во однос на интеграциите. Повторно својот став го комуницира со јавноста, одржувајќи ја својата мобилизаторска моќ помеѓу своите членови и поддржувачи. Потврда за прагматичниот однос е фактот што го критикуваат ставот на владејачката ВМРО ДПМНЕ со кој се бара гаранции дека нема да има дополнителни услови и да има реципроцитет во почитувањето на правата на македонското малцинство во Бугарија.

Во најновата програма со која СДСМ настапи на парламентарните избори во 2024, повторно акцент се става на интеграциите насловувајќи ја програмата како Програма за европската иднина 2024. Во главата VI **МК во ЕУ 2030 година** повторно преовладува подготвеноста на оваа партија за прифаќање на барањата од соседите во име на интеграциите. Во истиот дел се апострофираат ставовите во стилот за европската унија нема алтернатива (стр.129) и покрај слабата изборна поддршка за двата договора од страна на граѓаните. СДСМ нема проблем со испитувања на јавната перцепција по однос на договорите, кои покажуваат негативно расположение на јавноста по истите. Покрај се тие во својата програма СДСМ подвлекуваат:

„Посветени сме на целосно спроведување на Договорот од Преспа со Грција, како и Договорот за добрососедство, пријателство и соработка со Бугарија согласно преземените билатерални обврски".

Ова е став кој недвосмислено ја потврдува позицијата на оваа партија во процесот на интеграции. Тој е јавно деклариран и им ја обезбедува поддршката на нивните членови и симпатизери. Најново на ова линија е изјавата на актуелниот претседател на партијата (Венко Филипче): „По цена на политичката кариера стојам на располагање да ги направиме уставните измени и да ги отвориме преговарачките поглавја" (Прес 24, 07. 04 2025).

Целата хронологија на поважните настани поврзани со интеграциите на земјата и односот на СДСМ кон нивното обезбедување, од независноста до денес, го потврдува континуитет на прагматизмот при интеграциите како една од поважните, може да се каже и најважна мобилизаторска моќ на оваа партија.



Слика бр.: 52 Венко Филипче Претседател на СДСМ
Извор: СДСМ

### 3.2.6 Социјална втемеленост на СДСМ

Социјалната база на политичката партија СДСМ, за разлика од другите партии во земјата има различна траекторија. Таа бележи континуитет како естаблишмент структура, од етаблирањето на комунизмот после втората светска војна, понатака ги „преживува“ промените на плурализмот во почетокот на деведесеттите години на минатиот век и продолжува до 1998 година. И покрај идеолошкото убедување дека комунизмот или социјализмот биле уредувања во кои владее работничката класа, веројатно поради нејзината бројност во општеството, во тие системи главно место во политиката заземала т.н. „црвена буржоазија“. Потврда дека социјалдемократијата не може исклучиво да се поврзува со работничката класа дава и Нано Ружин во својата книга *Современата социјалдемократија.* Тој за периодот по шеесеттите години на минатиот век ќе констатира „Сведоци сме на едно значајно преселување на социолошката гравитација на социјалдемократскиот електорат кон средните работни слоеви“ (Ружин, 1999: 39). На почетокот од плурализмот, искуството во политиката и силната етаблираност на СДСМ во општеството, каде не постоела дистинкција помеѓу партијата и државата, се користи за нова „операција“ приграбување на општествениот капитал. Преку процесот на приватизација тие обезбедуваат нова иднина на својата социјална положба во општеството. Ваквата состојба претпоставува нова, комотна позиција на членовите и поддржувачите на оваа партија, достапност на можности, со кои се задржува привилегираниот класен и социјален статус во општеството.

Цане Мојановски во своето социјално и политичко профилирање на политичките партии на почетокот на плурализмот, за составот на кандидати за пратеници и општински одборници на СДСМ ги соопштува сознанијата приложени во следнава табела.

Табела 11

*Структура на кандидати за пратеници и општински одборници од СДСМ во 1990 година согласно занимање, во проценти*

| Позиција | Земјоделски и сродни занимања | Рударски и индустриски занимања | Работници во трговија | Работници во услугите | Управни и административни занимања | Раководни работници | Стручњаци и уметници |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пратеник | 1,85 | 1,85 | 2,78 | | 4,63 | 53,70 | 30,56 |
| Одборник | 7,20 | 10,00 | 7,27 | 4,85 | 14,09 | 26,82 | 18,33 |

Извор: Мојаноски 1996

Приложената табела е најдобра потврда за воведот на ова поглавје, во кој акцент се става на историскиот континуитет кај СДСМ како партија, која долго време ја игра улогата на владејачка елита. Високиот процент на кандидати за пратеници и одборници од оваа партија со раководни занимања директно упатува на повисоката класно социјална позиционираност на оваа партија во раководните позиции на општеството. Од аспект на национална припадност кај оваа партија иако не доволно (ако се има предвид структурата на население во земјата) се забележува мобилизација и на припадници од други етникуми. Кај кандидатите за пратеници од вкупно 108 кандидати, 92 се Македонци, 11 Албанци, 2 Турци и 1 Муслиман (нема национална припадност). Таква е состојбата и кај кандидатите за одборници, процентуалната застапеност е речиси иста како и кај пратениците.

Анализите на социјалниот профил на електоратот на оваа партија за истиот период, даваат резултати кои се во корелација со профилот на пратениците и одборниците, што укажува на социјално условено изборното однесување и евидентна врска помеѓу партиската структура и електоратот. Високи 66,66% од гласачите на СДСМ се вработени во општествениот сектор, во остатокот влегуваат самостојни сопственици, вработени во приватниот сектор, невработени, студенти и ученици. Од аспект на национална припадност гласачите на СДСМ 91,66% се изјасниле како Македонци, 4,58% Власи, 4,16% Албанци, во остатокот влегуваат Турци, Роми и Срби. Според образование 24,16% се со основно образование, 35,00% се со средно образование и 39,16% со вишо или високо образование. Констатација на авторот за социјалниот профил на СДСМ е дека „се во рамки на високиот и среден социјален слој. Во него нагласено влијание имаат социјалните групи што припаѓаат на раководно-управната структура, а особено административно управниот дел на социјалната структура“ (Мојаноски, 1996: 101-105).

Во истражувањето на ИСППИ - Политичките идентитети во Република Македонија, објавено во 2011 година, меѓу другото е истражувано влијанието на социјалната средина на партискиот идентитет на граѓаните, во период од 2004 до 2006 година, опфаќајки ги претседателските, локалните и парламентарните избори. Општ заклучок од оваа истражување е дека не постои конкретна социјална профилација на партиите, овде се

приметува нивелирање на социјалните разлики констатирани во претходното истражување на Мојаноски. Прво што паѓа напамет што би можело да влијае на ваквите промени се политичките промени кои се имаат случено помеѓу двете истражувања, менувајки го пристапот до ресурсите на двете партии. Во оваа истражување се забележуваат следниве специфики за оваа партија, дека најбројна категорија занимање кај гласачите е категоријата стручњаци и гласачите на оваа партија на скалата на идеолошка идентификација се изјасниле „лево“.

Во однос на резиденцијалниот статус (место на живеење) гласачите на СДСМ најмногу се изјаснувале дека живеат во град. Оваа партија најголема поддршка ужива кај возрасна категорија од педесет години и повеќе. И кај оваа партија не е забележана специфика при определувањето на социјалниот статус, преку елементите образование, месечни примања и класно социјална идентификација. Крајот од ова истражување завршува со цитатот „социјалната ситуација како да не е диференцирана, речиси секој од социјалните слоеви како да има повеќе политички души и своите гласови ги дава на различни партии“ (ИСППИ, 2011: 180 – 182).

Анализата на социјалниот профил на електоратот на СДСМ во периодот од 2011 година до денес (вкупно 14 години) ја осветли најновата состојба како е структуиран овој дел од вкупното население во земјата. Оваа анализа надополнета со претходните две ќе ги специфицира промените во социјалниот профил на гласачите кај СДСМ, кој во претходните две истражувања бележи промени. Методолошки на ист начин како и кај ВМРО ДПМНЕ се анализираа пет изборни циклуси т.е. резултатите од парламентарните избори во 2011,2014, 2016, 2020 и 2024 година. Анализата се изведе на микро ниво т.е. единица на анализа беа избирачките места. Претходно табеларно беа прикажани бројот на избирачки места по изборни години, кумулативно сочинуваат 17061 избирачко место. Тие беа податок внимателно анализиран со цел утврдување на специфични места во коишто политичката партија СДСМ има континуирана поддршка на сите пет изборни циклуси.

Првиот резултат од анализата ги даде избирачките места кај што едната т.е. другата партија во петте изборни циклуси реализирала пет победи. СДСМ пет победи има реализирано во вкупно 52 избирачки места, наспроти 979 кај ВМРО ДПМНЕ. И претходно беше направено дообјаснување, дека големата разлика на упоришта помеѓу партиите може да се должи на тоа што вкупниот анализиран период, е период кај што СДСМ најчесто е поразена на изборите. Од вкупно пет изборни циклуси, СДСМ бележи само една победа, во 2020 година. Овој податок се поврзува/објаснува со големата разлика во бројот на упоришта на партиите. Меѓутоа, колку и да има влијание периодот т.е. наклонетоста на изборното тело, сепак големата разлика во бројот на победнички места (52/972) упатува на помала стабилност на гласачкото тело кај оваа партија. На ова се надополнува фактот кој говори дека без разлика што односот на вкупни победи е четири на ВМРО ДПМНЕ наспроти една на СДСМ, ефективниот период на владеење на двете партии во анализираните вкупно 14 години е по 7 години. Ако се земе во обѕир учеството на СДСМ во техничката блада 2016 –

2017 година, периодот на учество во власта на СДСМ е и повеќе од 7 години. Овој момент сепак го потврдува сомнежот дека СДСМ има помала стабилност кај електоратот.

Специфично избирачко место од градска средина (погоре објаснета причината зошто се анализираат ИМ од градовите) во кое СДСМ има силна поддршка, што подразбира пет победи во пет изборни циклуси, победи со голема разлика во бројот на гласовите е избирачкото место број 2602 во општина Карпош.[16] Пописните податоци од 2021 година, за населението што живее на овие адреси покажуваат дека вкупно (полнолетни) лица со право на глас се 1213. Структурата на население по демографски и социоекономски белези е следна:

Табела 12

*Тип на населено место*

| | |
|---|---|
| Рурално | 0 |
| Урбано | 1213 |
| Вкупно | 1213 |

Извор: Државен завод за статистика

Табела 13

*Тип на објект на живеење*

| | |
|---|---|
| Стан | 925 |
| Куќа | 285 |
| Импровизирано живеалиште | 3 |
| Вкупно | 1213 |

Извор: Државен завод за статистика

Од приложените табели за типот на населено место и типот на објект на живеење се добива слика дека сите граѓани од избирачкото место живеат во урбана средина, во која доминираат згради т.е. станови како тип на објект на живеење. Најголемите (три) згради (бр. 0094,0096 и 0098) во населбата со адреси на Булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов сеуште се вселуваат, што значи станува збор за сериозен дел ново население на овие адреси.

[16] Посоченото избирачко место ги опфаќа следниве адреси:
Булевар Митрополит Теодосиј Гологанов бр 0094
Булевар Митрополит Теодосиј Гологанов бр 0096
Булевар Митрополит Теодосиј Гологанов бр 0098
Ул Мексичка - која ги опфаќа сите редни броеви на домовите.
Ул. Ташкентска - која ги опфаќа сите редни броеви на домовите.
Ул. Париска - која ги опфаќа сите редни броеви на домовите.
Ул. Хаванска - која ги опфаќа сите редни броеви на домовите.
Ул. Прашка, која ги опфаќа парните броеви од 0002 до 0026 и непарните броеви од 0001 до 0007
Ул. Петре Пирузе - која ги опфаќа сите редни броеви на домовите

Табела 14

*Етничка припадност на населението*

| | | |
|---|---|---|
| Македонци | 962 | 79,30% |
| Албанци | 31 | 2,55% |
| Власи | 22 | 1,81% |
| Срби | 16 | 1,31% |
| Роми | 0 | 0% |
| Турци | 13 | 1,07% |
| Бошњаци | 6 | 0,49% |
| Останати | 25 | 2,06% |
| Лица за кои податоците се земени од административни извори | 126 | 10,38% |
| Непознато | 5 | 0,41% |
| Вкупно | 1213 | 100% |

Извор: Државен завод за статистика

Од аспект на етничка припадност населението од оваа избирачко место 79,30% се Македонци, втора по големина етничка заедница е албанската со 2,55%, другите етнички заедници се во многу помал процент. Ваквата етничка структура подразбира религиска структура во која доминира православната вероисповед, но присуството на албанската и турската заедница претпоставува присуство и на исламската вероисповед.

Табела 15

*Средства за живот*

| | | |
|---|---|---|
| Плата или друга надокнада по основ на платено работење | 748 | 61,66% |
| Приход по основ на сопствено производство или услуги | 25 | 2,06% |
| Приход по основ на сопственост и други инвестиции | 10 | 0,82% |
| Пензии | 192 | 15,82% |
| Социјални трансфери | 5 | 0,41% |
| Други извори | 8 | 0,65% |
| Нема приход | 7 | 0,57% |
| Издржувано лице | 146 | 12,03% |
| Повеќе извори на средства | 72 | 5,93% |
| Вкупно | 1213 | 100% |

Извор: Државен завод за статистика

Кај социјалниот профил на граѓаните, од аспект на средства за живот се добива претстава дека доминира основот плата и друга надокнада, веднаш по овој основ се пензиите, сериозен процент зазема и процентот издржувано лице тој е на трето место. Приходите од поседување сопствен бизнис имаат соодветно учество, во вкупната структура. Агрегирани претходно спомнатите показатели упатуваат на заклучок дека се работи за население од средна и мал дел од висока социјална положба.

Табела 16

*Возраст*

| | |
|---|---|
| 18-19 | 21 |
| 20-24 | 54 |
| 25-29 | 110 |
| 30-34 | 117 |
| 35-39 | 152 |
| 40-44 | 171 |
| 45-49 | 137 |
| 50-54 | 106 |
| 55-59 | 76 |
| 60-64 | 61 |
| 65-69 | 81 |
| 70-74 | 47 |
| 75-79 | 37 |
| 80-84 | 27 |
| 85-89 | 13 |
| 90-94 | 3 |
| Вкупно | 1213 |

Извор: Државен завод за статистика

Табела 17

*Степен на образование*

| | | |
|---|---|---|
| Без училиште | 1 | 0,08% |
| Незавршено основно училиште | 1 | 0,08% |
| Основно училиште | 22 | 1,81% |
| Средно училиште/гимназија | 387 | 31,90% |
| Виша школа | 36 | 2,96% |
| Висока школа/факултет | 533 | 43,94% |
| Магистратура | 170 | 14,01% |
| Докторат | 41 | 3,38% |
| Непознато | 22 | 1,81% |
| Вкупно | 1213 | 100% |

Извор: Државен завод за статистика

Податоците од средства за живот поврзани со податоците за возрасната структура, зборуваат за релативно младо население, од кое значителен дел или 62,81% се на возраст под педесет години. Значи станува збор за структура на население во која гледано поединечно групите на помладо население имаат сериозно учество во вкупната структура на население. Во корелација со оваа анализа се и податоците за структурата на население според степенот на образование. Во доминантен број или 43,94% поседуваат факултетска диплома, сериозен процент поседуваат магистратура и докторат. Кумулативно 61,33% од популацијата е високо образована.

Табела 18

*Занимање*

| | | |
|---|---|---|
| Воени занимања | 5 | 0,41% |
| Членови на законодавни и извршни тела, државни функционери, раководни државни службеници, дипломати и директори | 87 | 7,17% |
| Стручњаци и научници | 414 | 34,13% |
| Техничари и сродни работници | 162 | 13,35% |
| Службеници | 50 | 4,12% |
| Работници во услужни дејности и продажба | 44 | 3,62% |
| Стручни работници во земјоделство, шумарство, рибарство и ловот | 0 | 0% |
| Занимања за не индустриски начин на работа во производство | 15 | 1,23% |
| Ракувачи и составувачи на машини и постројки | 8 | 0,65% |
| Елементарни занимања | 11 | 0,90% |
| Непознато занимање | 417 | 34,37% |
| Вкупно | 1213 | 100% |

Извор: Државен завод за статистика

И последната табела која е според белегот занимање е во корелација со претходните, за избирачкото место бр. 2602 општина Карпош. Голем дел опфаќа категоријата непознато занимање кај која доминираат изјаснувањата за занимања на работничката класа, работници во градежништво, возачи и сл. Меѓутоа исто толку припаѓаат на категоријата стручњаци и научници, ако на нив се придодаде бројот од категоријата членови на законодавни и извршни работни тела, државни функционери, дипломати, директори, како и категоријата службеници, се потврдува впечатокот дека станува збор за популација од среден и висок општествен слој.

### 3.2.7 Јавна перцепција за СДСМ како интегративци

И во случајот на политичката партија СДСМ јавната перцепција е во корелација со нејзината мобилизирачка моќ. Се разбира, како и по примерот на партијата ВМРО ДПМНЕ и овде се екстрахира една доминантна позитивна карактеристика или вредност како елемент на кој се гради јавната перцепција. Јавната перцепција опфаќа и негативни карактеристики, но сепак интенција на трудот е да ја отслика доминантната карактеристика за партијата, која се оформувала од нејзиното основање до денес. Впрочем опстојот и на двете политички партии во врвот на политичката сцена, делејќи го времето на управување со земјата, од нејзината независност до денес, речиси на идеална половина, говори дека овие партии ја уживаат најголемата доверба во земјата и доминираат во јавната перцепција на граѓаните за политичките партии.

Во претходното поглавје во кое се опиша профилот на мобилизаторска моќ на СДСМ како партија со прагматичен пристап во интеграциите, акцентот се стави на нејзиниот однос кон специфичните и тешки политички прашања, наметнати од блокадите на интеграциите, како профил на партијата. Тие блокади реално стоеле и во период на владеење на ВМРО ДПМНЕ, но праксата до денес покажува дека СДСМ полесно постигнува решение за истите. Тоа е модел на црно бела перцепција за состојбите во земјата по однос на клучните прашања. Со други зборови и двете партии на истите теми ја граделе својата јавна перцепција. ВМРО ДПМНЕ својот патриотски или суверенистички профил го градел на истите прашања на кој СДСМ го градел својот профил како партија со прагматични интегративни решенија. Како на кој начин се креирале решенијата за интеграциите, нивното гласање во собранието, колку имаат реална јавна поддршка и сл. е предмет на јавна дискусија. Но факт е дека неколку клучни моменти во историјата на земјата од независноста до денес на надворешен план го имаат печатот на оваа партија. Ваквата политика има оправданост и од идеолошки аспект, со оглед на поголемата подготвеност на социјалистите за промени споредено со конзервативците.

Јавната перцепција за СДСМ како прагматични интегративци се креира од самиот почеток на независноста. Првите успеси за стекнување на меѓународен правен легитимитет се поврзуваат со оваа партија. Во почетоците со Претседателот Киро Глигоров се поврзуваат првите дипломатски контакти, покасно и со премиерот Бранко Црвенковски. Во услови кога не постоела дипломатска мрежа на земјата, главни актери на планот на меѓународната политика биле Претседателот, премиерот и министерот за надворешни работи. Тогаш за разлика од подоцна кога владината коалиција била составена од повеќе партии, сите три позиции се на функционери од СДСМ, ставајќи партиски печат на делувањето. Типот на пораките кои се комуницираат и нивниот интензитет е во директна корелација со креирање на јавната перцепција. До вторите парламентарни избори во 1994 година темата интеграции била апсолутно супериорна дома. Целокупното внимание на јавноста, политиката го анимирала со секојдневни активност на меѓународен план, без разлика дали станува збор за билатерални контакти за воспоставување дипломатски односи со некоја земја, или биле активности во мултилатерала со определени меѓународни организации. Тој тип на информации се поврзува со СДСМ. Денес претставува медиумски и политички настан определен билатерален контакт кога земјата е етаблирана, со исклучок на ЕУ, може да се замисли со какво внимание јавноста ја следела пример првата дипломатска посета на министерот за надворешни работи надвор од земјата во случајов во Бугарија, или првата посета на Претседателот во странство во Турција. Впрочем и првите разочарувања и предизвици кај граѓаните биле поврзани со резервите за наше признавање од соседите и меѓународните организации. Почетокот на нашата независност ја навестува голготата на македонските граѓани за стекнување меѓународен легитимитет, со тоа интеграциите се етаблираат како феномен кој ја окупира јавноста.

Освен признавањето од Бугарија, другите соседи покасно воспоставуваат дипломатски односи со земјата, паралелно со тоа отворале определени прашања кои ја усложнувале или

блокирале нашата интеграција. На вековниот стремеж за независна држава се попречуваат проблеми околу нејзиното меѓународно етаблирање. Фрустрациите кај народот биле оправдани, бидејќи сите формални услови за независност и меѓународна интеграција биле исполнети, за што имало потврда од Бадинтеровата комисија, формирана за преиспитување на исполнетост на условите, но блокадите середеле една по една. Главен политички актер кој се справувал со овие предизвици во тој период бил СДСМ и на еден начин тоа е првото негово брендирање во плурални услови.

Почетоците на владеењето на СДСМ во 1992 година и главните политички теми кои тогаш ги брендирале идеално се поврзуваат со последниот период на владеење, во кој исто така како најуспешна политика по која ги доживуваат граѓаните се интеграциите. Дури и обвинувањата од страна на ВМРО ДПМНЕ и дел од јавноста се на иста линија, дека доаѓањето на власт на СДСМ во 2017 година, се дел од сценарио финансирано однадвор со цел деблокада на интеграциите во НАТО. Потврда за оваа теза се наоѓа во најновите извештаи од САД за активностите на USAID во Македонија. Веројатно и проценката на центрите од надвор кои го помагале доаѓањето на власт на СДСМ, се во корелација со јавната перцепција дека со оваа партија е полесно изводливо интегрирањето на земјата. Тука доаѓаме до интересен факт во кој се поклопува перцепцијата на домашната и меѓународната јавност за перформансите на СДСМ. Кога се мисли за перцепција на меѓународната заедница, се потенцира перцепцијата за СДСМ како прагматична партија и посоодветна за компромиси, особено во периодот на решавање на спорот со Грција околу името. [17] СДСМ процесот на решавање на спорот со Грција го реализираше кога во Европа власта беше доминантно во десницата, и по оваа прашање во тие моменти, беше по посакуван соговорник кај европската десница од ВМРО ДПМНЕ. Ако се бара карактеристична политика на Зоран Заев како поранешен Претседател на СДСМ и Владата, тоа сигурно е интеграцијата во НАТО. Иако за тоа во јавноста и кај ВМРО ДПМНЕ има сериозни забелешки за начинот како се реализираше интеграцијата т.е. каков договор претходеше и на каков начин се донесе во Собранието.[18]

[17] Ваквата перцепција ја делеа и левиот и десниот блок на меѓународна заедница. На работниот состанок што го имав во октомври 2017 година со Дејвид Мекалистер (David McAllister) влијателен функционер на Германската ЦДУ, близок соработник на Канцеларката Меркел и Претседател на комитетот за надворешна политика во Европскиот парламент, ми беше претставена перцепцијата на Европската народна партија за моменталните состојби во земјата. Тоа беше периодот кога се преговараше со Грција за спорот со името. Негова поента беше дека СДСМ водат политика на компромиси и во тој момент Европската народна партија по прашањето на интеграцииите во нив гледа партнер за разлика од ВМРО ДПМНЕ.

[18] Поврзано со јавната перцепција за партијата и Зоран Заев е ребрендирањето на истата. СДСМ во функција на јавната перцепција прави промени во она што се нарекува нивен бренд како што е партискитот грб и партиските бои. Во 2019 година се прави ребрендирање на партијата. Карактеристичната сина боја е заменета со црвена, со објаснување дека се прифаќа бојата на европските социјалисти, повторно акцентот кај пораката се става на интеграциите. Исто така долгогодишниот грб жолтата ружа на сина позадина е заменета со логотип со изглед во квадрат со црвена позадина е испишано целосното име на партијата или неговта кратенка. Случајно или не, како и кај ВМРО ДПМНЕ и кај СДСМ по ребрендирањето помогна да се постигне убедлива победа на изборите во 2020 година. Актуелениот Претседател на СДСМ Венко Филипче повторно најавува ребрендирање на партијата, тој често зборува за грешки на партијата во минатото и веројатно сака да направи определен дискунтинуитет.

Заклучокот е дека успешноста на вкупните политики на оваа партија на површина ја исфрлаат карактеристиката за нив како интегративци. Меѓутоа едно прашање или карактеристика за да биде дел од јавната перцепција тоа подразбира самопромоција од страна на партијата. СДСМ во изминативе 34 години успева кај својот електорат да ја одржува јавната перцепција како партија која на сметка на сопствениот рејтинг успешно ги менаџирала интеграциите. Во нивните интегративни политики присутен е елементот конзистентност, кој е неопходен при креирањето на јавната перцепција. Декларираните политики на оваа партија за меѓународна интеграција на земјата се потврдуваат во нивното владеење. Високата јавна поддршка за интеграциите во земјата оди во прилог на политиките на СДСМ, без разлика што начинот како ги реализираат понекогаш нема јавна поддршка. Сепак и денес ставовите на оваа партија по однос на интеграциите се исти. Ако по однос на други теми во минатото знаеле да лавираат, или да имаат еден став кога се на власт друг кога се во опозиција, за интеграциите имаат конзистентност. Тоа дополнително придонесува за одржување на јавната перцепција за оваа партија како партија која води прагматична политика во однос на интеграциите.

И најновите ставови и комуникации со јавноста на СДСМ се во насока на продолжување на интегративниот пат на земјата и одржување на профилот на партијата како интегративци. Сеуште не е реализирано нивното барање за одржување на затворена собраниска седница на прашања поврзани со евроинтеграциите на земјата. Во соопштението со кое ја бараат седницата прилично остро ја напаѓаат владата на тема интеграции со зборовите „Ако се откажани од ЕУ интеграциите, да кажат која е алтернативата. Ако не се, да кажат кои се плановите, роковите и следните чекори и што да очекуваат граѓаните“ (соопштение за јавност, 04 10 2024). Најновата изјава на Филипче „Ја преземам одговорноста за уставните измени, дури и по цена на политичката кариера“ (прес 24, 07 04 2025), експлицитно ја потврдува позицијата СДСМ дека е подготвен да плати висока цена со цел реализација на евроинтеграциите. Ваквите ставови претставуваат континуитет во СДСМ, што сигурно придонесува за одржување на јавната перцепција за оваа партија на која интеграциите се во фокусот на делување.[19]

Во прилог на јавната перцепција за СДСМ како интегративци, е најновото истражување со наслов - Компаративно истражување на изборните системи, реализирано од Институтот за социолошки и политичко правни истражувања, Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Институтот за демократија “Социетас цивилис” Скопје и Швајцарската

[19] Јавната перцепција за СДСМ како партија со приоритет интеграција на земјата во своите анализи ја опфаќа и Горѓи Спасов, кој можеби има најголем континуитет во оваа партија на полето на идеолошкото профилирање. Анализирајќи ги причините за изборниот пораз на СДСМ тој поентира дека причините за поразот не треба да се бараат во промената на јавната перцепција за СДСМ како интегративци (потврдувајќи ја тезата од ова истражување, дека тој профил доминира) туку и во други пропусти. Во таа смисла тој ќе истакне „И не смее да се случи нашата одговорност да ја прикриваме со фрази од видот дека народот и избирачите не ја разбрале нашата проевропска и реформистичка политика, туку ќе мора да се соочиме со секој наш потег со кој сме предизвикувале гнев и незадоволство. Битката за остварување на стратешките цели на земјава ќе мора да ја водиме во соработка со целото општество, без притисоци и јуначење“ (Фактор, 11. 05. 2024).

програма за поддршка на изборите во Северна Македонија. Истражувањето е реализирано со помош анкета, реализирана во период после изборите во 2024 година, од 25 октомври до 4 декември, на примерок од 1.880 адреси на живеење, со реализирани 1.056 анкети. Цел на истражувањето е анализа на изборното однесување на граѓаните. Во оваа истражување, делот на перцепција за вредностите што ги застапуваат партиите, се определуваат три најзначајни вредности кај политичката партија како ставови на гласачите. На прво место кај СДСМ со прилично висок процент од 68,5 проценти гласачите ја определуваат вредноста – европска ориентација, втора вредност со 40,1 процент е типично идеолошка вредност – социјална сигурност, и трета вредност со 32,9 проценти е индивидуализам - слобода на индивидуата.

## ЗАКЛУЧОК

Со сите предизвици со кои се соочуваше македонското општество, од независноста до денес, тоа ја градеше својата автентичност. На свој начин го градеше уникатниот модел на македонскиот политички систем. Уникатноста се состои во имплементација на решенија во политичкиот систем нетипични за најголемиот дел од светот. Политичките партии, како организирано дејствување на граѓаните, во рамки на тој политички систем го градеа својот идентитет. Како постсоцијалистичко општество успеваме да го надокнадиме изгубеното време и демократско искуство, кое го имаат либералните општества. Денешниот партиски идентитет на најголемите партии, предводници на десницата и левицата во земјата, ВМРО ДПМНЕ и СДСМ ги имаат контурите на современи политички партии со свои автохтони белези. Одделно, секоја партија го градела и обликувала својот профил на основ на определени историски корени, денешни состојби и идни потреби.

Од досегашната анализа на доктрините, програмите и нормативните документи како што се статутите и деловниците на партиите, е претставено нивното место и улога во општеството, како субјекти кои ги мобилизираат и организираат граѓаните. Од анализата на социјалниот профил на нивните гласачи се утврдува врската со граѓаните, која во различни периоди од настанокот на партиите до денес има различни карактеристики. Евидентно е меѓусебното влијание кај двете партии врз нивниот социлошки профил. Дуализмот помеѓу нив е еден од факторите кој го вајал денешниот партиски идентитет. Многу често белото за едните, било црно за другите, на тој начин градејќи ја македонската дихотомија на двете најголеми идеолошки семејства. На партискиот идентитет свое влијание има и нивната меѓународна соработка со сестринските партии. Освен партиската компетиција, која е својствена на плуралистичките системи, важно е да се спомене дека двете партии досега соработуваа во исклучително периоди - како дел од иста влада во период на конфликтот во 2001 година и во формат техничка влада за спроведување на избори.

Социолошкото профилирање на политичката партија ВМРО ДПМНЕ ја претставува како народна партија со конзервативна идеологија. Народниот профил меѓу другото алудира на нејзина етаблираност покрај урбаните и во руралните места. Ова на интересен начин е во корелација со местата каде е фрлено „семето“ за „никнување“ или основање на партијата. Како што кажува еден од нејзините основачи Борис Змејковски „меѓу тие 120 потписници за основање на партијата повеќето беа од Горно лисиче, Сопиште, Драчево и Скопје“ (Синадиновски, 2012: 51). Анализата на резултатите каде денес партијата има најголема и континуирана поддршка, исто така повеќето не водат во приградски и рурални средини, но присутни се и управуваат и со урбани средини. Од анализата на доктрината и програмата на оваа партија, евидентно е присуството на конзервативни вредности типични за десната идеологија. Решенијата за современите предизвици се усогласувани со политичката филозофија на Европската народна партија. Очигледно во партијата водат сметка да ја одржуваат позицијата во десниот центар на политичкиот спектар. Во симболичка смисла ВМРО ДПМНЕ одстапува од традиционалната сина партиска боја на конзервативците и

Европската народна партија, креирајќи го во таа смисла куриозитет двете најголеми и конкуретни партии да се обоени во иста т.е црвена боја.

Историскиот континуитет оваа партија го гради поврзувајќи се со историското ВМРО, како политичка и револуционерна формација, која го мобилизирала македонскиот народ со главна цел сопствена независна држава. Историски републиканизам, надграден со современа политичка филозофија иманентна за денешницата и иднината, се сржта на идеолошкиот профил на оваа партија денес. Посебната врска со Македонската православна црква и споделувањето на вредности типични за христијанството, било основ или мотив долго време во својата самоидентификација оваа партија да се профилира како демохристијанска. Иако демохристијанството во принцип се поврзува со римокатолицизмот т.е. претставува политичка идентификација типична за западните демократии.

Почитта кон неприкосновениот авторитет во верата - бог, креира систем на вредности во партијата, каде свое место наоѓа авторитетот и редот, типични за конзервативната идеологија. Во тој дух е внатрепартиската атмосфера, во која лидерот на партијата има централна улога. Неговото присуство на настани е дочекано на посебен начин, со интонирање на партиската химна, во која неколку пати се нагласува пораката „ВМРО ти си нашата судбина, ти си нашата иднина". Гледано и формално, во актите на партијата голема моќ е акумулирана кај лидерот. Историскиот суверенизам ВМРО ДПМНЕ денес го надградува со нови форми на љубов и однос кон татковината, согласно современите предизвици. Тоа многу често оваа партија ја доведува во многу специфична ситуација. Поради барањата од соседството, да се наоѓа помеѓу заштитата на определени вредности, дел од националното ткиво, и интеграцијата на земјата дел од партиските приоритети. Политиките на оваа партија до сега, го креирале нејзиниот имиџ кај граѓаните, со чија помош ги мобилизира и организира граѓаните.

Во оваа партија доминираат граѓани кои споделуваат уверувања и вредности во кои љубовта кон татковината игра значајна улога. Позицијата на антиестаблишмент структура во времето на комунизмот и првите осум години од плурализмот, има сериозно влијание на нејзиниот социјален профил на почетокот од независноста. Тоа допринело на почетокот од независноста членството и поддржувачите да се претежно млади луѓе жедни за промени, претежно од ниските социјални слоеви. Подоцна таа слика се менува, денес оваа партија е етаблирана во сите социјални слоеви на населението, од аспект на возраст посебно кај средната и повозрасната популација. Денес забележлива е разликата во однос на местото на живеење, оваа партија силно е етаблирана во периферните општини на Градот Скопје, другите градови, приградски населби и села. Свое помало присуство има во централните подрачја на Градот Скопје, општините Центар и Карпош. Генерално гледано, претставува најголема партија во државата, со стабилна поддршка кај граѓаните.

Социолошкото профилирање на политичката партија СДСМ ги апострофира карактеристиките на ова партија како социјалдемократска партија, репрезент на левицата во земјата. Од идеолошки аспект кај оваа партија во своите програми и пораки до граѓаните се препознаваат карактеристичните вредности и теми на социјалдемократската идеологија.

Долгото владеење во претходниот систем или естаблишмент партија веројатно е причината нивното присуство да е претежно во урбаните средини. Тоа се средини со почесто мигрирање на граѓаните гледано генерациски, што може да упатува и на полабава врска помеѓу партијата и нејзините членови или симпатизери. Во политиките на оваа партија забележлива е интенцијата да се направи дистинкција со комунистичкото минато, во нејзините документи многу ретко се спомнува. Иако и денес го користат имотот на некогашната единствена партија и на некој начин потсетува на нејзиното минато. Комплексот од едноумието денес го решаваат со вградување демократски механизми, својствени за социјалдемократијата и на тој начин предничат во однос ВМРО ДПМНЕ. Непосредниот избор на Претседател на партијата, дополнително лидерот на партијата не претседава со Централниот одбор, на еден начин се ограничува неговата моќ, ја прави сликата за оваа партија како демократска и транспарентна.

Во минатото како комунистичка партија и денешната социјалдемократска идеологија, каде религијата има ограничено влијание, ја прави оваа партија алтернатива за граѓани од различни етникуми и конфесии. Таа кај електоратот се позиционира помеѓу ВМРО ДПМНЕ која доминира кај Македонците и политичките партии кои го мобилизираат албанското население во земјата. Својот простор на делување го омеѓува мобилизирајќи дел од македонското гласачко тело и делови од другите етнички заедници. Ваквата позиционираност оваа партија ја доведува во директна зависност од категорија на граѓани кај кои не влијае етноцентризмот или етнополаризирачки вредности. Предизвик за оваа партија е и во иднина колку ќе успее да мобилизира поддршка од мешан етнички состав. Имајќи го во предвид делувањето на партиите од албанскиот корпус, кои не го напуштаат концептот на моноетнички партии, географски ограничени на делување исклучиво во средини кај што живеат Албанците, и од друга страна доминација на ВМРО ДПМНЕ кај македонците.

Интеграција на земјата во меѓународните институции во услови на разни блокади од соседите, со барања кои директно засегаат во идентитетот на македонците, оваа партија го решава со висока доза на прагматизам. Впечатокот е дека подготвеноста за компромиси кај оваа партија е многу повисока од ВМРО ДПМНЕ, со која го менуваат управувањето со државата. Веројатно објаснувањето за ваквите политики лежи во идеолошкиот профил, но и во структурата на членство и електорат. Мултиетничкиот состав на членство и електорат значи помал сензибилитет кон етнонационалните прашања. Промената на генерации и кадар во оваа партија создадоа позитивна клима за ваквите нови политики. Не е истиот СДСМ од пред 20 и повеќе години, кај кој во Централниот одбор член членуваа истакнати историчари и интелектуалци со докажана патриотска ориентација.[20] Или други личности од Сојузот на борци на Македонија итн. Нивните места покасно беа заменети со персонални профили во јавноста восприемани како борци за ЛГБТ правата, легализација на употреба на марихуана

[20] Како на пример професорот Иван Катарџиев, Благоја Ханџиски и др

и сл.[21] Дополнително присутни беа дискусиите дали одговара за една социјалдемократска партија на нејзиното чело претходно да го има еден од најбогатите луѓе во земјата.

Персоналната замена на структурата на партијата значи промени во приоритетите во дејствувањето, со тоа и промена во мобилизација на членството. Ваквото поимање на состојбите во СДСМ јавно го комуницира партијата ЗНАМ, која произлезе од СДСМ, со главно обвинување дека прагмата го истиснала патриотското од оваа партија. Успехот на оваа партија веројатно се должи на дел од јавната перцепција за СДСМ, која е во корелација со претходно споменатото. Сите овие теми влијаат на нејзината мобилизаторска улога која ретроспективно гледано од почетокот на независноста, денес има најслаба моќ. Денес СДСМ е застапен со најмал број на пратеници во собранието и со многу мал број на градоначалници од нејзините редови. Што значи ги живеат најтешките години од нивното постоење.

Анализата за социјалната втемеленост на политичките партии ВМРО ДПМНЕ и СДСМ гледано еволутивно трпи промени. Во првата анализа која беше нотирана, направена од професорот Мојаноски јасно се гледа социјалната втемеленост на партиите. СДСМ како владејачка елита на почетокот на плурализмот, меѓутоа континуирано од времето на комунизмот била етаблирана во повисоките општествени слоеви за разлика од ВМРО ДПМНЕ. Во второто цитирано истражување изработено од Институтот за социолошки, политички и правни истражувања објавено во 2011 година се забележува промена во врската помеѓу електоратот и партиите. Промените се должат веројатно на политичките промени во општеството, кои кај нас не се случуваат со промената на системот во 1990 година, туку дури во 1998 година, кога прв пат поранешните комунисти тогаш социјалдемократи заминуваат во опозиција и на власт доаѓа ВМРО ДПМНЕ. Во ова истражување споредено со првото, евидентно е влијанието на политичките промени во промените на социјалната втемеленост на партиите. Ако во првото имаше експлицитна разлика помеѓу двете партии од аспект на нивната класна и социјална позиционираност, во второто не постоеше разлика научно релевантна. Од интервјуата на Генералните секретари на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, воочлива е разликата како тие самите се доживуваат од аспект на нивна социјална втемеленост. ВМРО ДПМНЕ сметаат дека „уживаме поддршка во сите општествени слоеви, религии и возрасни групи”. Со оглед дека ова партија често лавира помеѓу партија и движење, ваквата перцепција можеби е и очекувана. СДСМ се поконкретни дека „некоја груба поделба на поддржувачи по социјален статус нема, би посочил дека генерално средната и работничката класа во земјата е поблиска и позастапена во и околу СДСМ“ (Види Прилог 1 и Прилог 2).

Во оваа истражување фокусирано на т.н. упоришта т.е. места на континуирана и силна поддршка на двете партии, се покажува дека ВМРО ДПМНЕ е посилна во приградските и руралните места и во градски средини доминантно населени со староседелско население во куќи. Додека СДСМ доминира во урбани средини, иако покажуваат присуство и во помали средини, особено се позиционирани во станови како објекти на живеење. Кај ВМРО

[21] Како на пример Павле Богоески, Мила Цароска, Ивана Туфегџич и др

ДПМНЕ апсолутно доминираат Македонците како поддржувачка сила, кај СДСМ присутна е поддршка и од други етнички структури, во одреден процент и од Албанци како втора по големина етничка заедница. Кај старосната структура ВМРО ДПМНЕ е поддржана од повозрасна категорија граѓани над 50 години, СДСМ е со поддршка кај помлада структура на граѓани т.е. граѓани под 50 години. Кај старосната структура се забележуваат промени во однос на почетоците на плурализмот каде разликите биле обратни, помладите биле ориентирани кон ВМРО ДПМНЕ, повозрасните кон СДСМ. Разлика има и во образовната структура, ВМРО ДПМНЕ го поддржуваат луѓе со средно и високо образование, кај СДСМ таа поддршка е надополнета со повисок процент население со високо образование. Овој тренд на разлики се забележува и во карактеристиката средства за живот, кај ВМРО ДПМНЕ доминираат платите, кај СДСМ освен платите присутни се примања по основ на приватен бизнис или приватни инвестиции. Во овој дел има нарушување на типичната идеолошка диференцијација, при споредбата на анализираните избирачки места, што не значи дека таа е идентична на државно ниво. По природно би било да е спротивна ситуацијата, десните партии се посилно етаблирани кај приватниот бизнис за разлика од левите, ова корелира и со денешната перцепцијата на СДСМ за ВМРО ДПМНЕ (Види Прилог 2). Во однос на профилот на занимања кои ги мобилизираат партиите кај ВМРО ДПМНЕ доминираат работниците, присутни се и занимањата стручњаци и научници, кај СДСМ базата на работници, стручњаци и научници надополнета е со повисок процент службеници и функционери за разлика од ВМРО ДПМНЕ. За крај може да се додаде дека во суштина анализата на социјалната втемеленост на партиите базира на две дијаметрално различни избирачки места како единици на анализа. Поради тоа има повеќе причини за изведените воопштувања за профилот на двете партии да не бидат општо важечки на ниво на држава. Но детектираната тенденција заслужува понатамошни попродлабочени истражувања.

Како општ заклучок од истражувањето е дека двете споредувани политички партии во Македонија го завршиле транзицискиот пат. Тие денес се програмски профилирани налик на современите партии од Европа и пошироко. Имаат сопствен специфичен идеолошки и кадровски профил. Јавната перцепција за нив е аналогна на идеолошкиот и кадровски профил. Нивната мобилизација кај граѓаните е адекватна на нивната идеологија т.е. агрегираат структура на граѓани иманентна на нивната идеолошка матрица. И двете партии објавуваат јавни повици за партиски позиции и кандидати за јавни функции, манифестирајќи отвореност и непосредност кон граѓаните. Кај ВМРО ДПМНЕ се забележува поголема стабилност на гласачкото тело, кај СДСМ поголема мултиетничка поддршка.

Предизвици за истражувањето беа самото обезбедување и обработката на податоците од Државниот завод за статистика и Државната изборна комисија. Институциите во земјата сеуште се прилично затворени за научни истражувања, и кога соработуваат во конкретниов случај соработуваат на комерцијална основа. Како можни идни истражувања мотивирани од ова истражување се отворија повеќе предизвици. Во оваа прилика ќе се потенцираат два кој по својата суштина и комплексност секако заслужуваат иден научен интерес.

Истражувањето покажа експлицитна разлика помеѓу партиите од аспект на стабилност на гласачкото тело. Во тој контекст истражување во кое би се осознале причините за таа разлика ќе даде релевантни сознанија за нашето општество, за социјалните релации во него, за влијанието на идеологиите, за изборната ориентација на граѓаните и сл. Понатака истражувањето покажа етничка структуираност на партиите апсолутно несоодветна на етничката структура на државата. Предизвик е за науката, посебно социологијата да се истражат причините зошто после триесет и три години плурализам најголемите партии се прилично моноетнички, во мултиетничко општество. Кои се елементите што ги држат затворени овие партии за други етникуми, зошто нивната мобилизација се фокусира само на еден етникум и сл. се актуелни и важни теми за науката.

## ПРИЛОЗИ

Прилог 1

**Интервју со Генералниот секретар на ВМРО ДПМНЕ**

1.Македонија има 80 општини и околу 1600 живи села, ве молам опишете ја моменталната разгранетост на вашата партија, во колкав дел од територија на државата имате ваши огранoци (не мора да се набројуваат сите конкретно)?

- ВМРО ДПМНЕ е најголема политичка партија во Македонија, политичка сила која го претставува народот и неговата желба за просперитет и сигурна иднина. Ние сме партија на народот и секогаш сме блиску до секој еден човек. Со свои Општински комитети присутни сме во 76 општини во државата.

2.Дали сте присутни како партија во етнички чисти средини, или и во средини со мешан етнички состав. Ако сте присутни и во мешани средини, набројте неколку од нив?

- Како што кажав веќе, присутни сме секаде. Од Штип и Струмица, до Тетово, Гостивар, Брвеница, Дебар, Маврови Анови и др. Свои Општински комитети немаме исклучиво во најмалите општини како што се Липково, Врапчиште и Желино. Поголема општина од овие кај што немаме партиска структура е Арачиново.

3.Дали сметате дека денешнава партиска разгранетост е вашиот максимум, ако не сметате дека е завршен процесот на ширење на вашата партија, кои се идните приоритети ?

- Партиската разгранетост на ВМРО ДПМНЕ е процес кој постојано се унапредува, низ различни форми, и тој процес никогаш нема да застане. Наша интенција е да допреме до секој дел од татковината, до секој поединец.

4.Ве молам опишете го процесот на носење внатрепартиски одлуки, во колкав процент тие тргнуваат од базата а во колкав од раководството?

- Скоро сите прашања се дискутираат на Општинските комитети, потоа преку организационите секретари ние вршиме анализа на ставовите искажани таму, за на крај преку Извршниот и Централниот комитет, дел од тие работи ги преточиме во политики на партијата. Претседателот Мицковски е човек што секогаш го зема во обѕир ставот на членството и народот во целост, во секоја негова одлука.

5. Колку за вас е важно мислењето на членството, дали постојат примери кога во органите на партијата постоело дилема за определени одлуки и победило мислењето на членството?
-. Како што веќе кажав, кај нас постои жива демократија. Не би можеле да ја одржуваме партиската структура која не прави најголема партија во државата ако немаме слух за размислувањата на членството.

6. Опишете ги нивоата на избор на органи на партијата на непосредни избори, кој е вашиот став околу правото на непосреден избор во рамки на партијата?

- Претседателите на месните комитети се избираат на непосредни избори, тие потоа се дел од составот на проширениот Општински комитет, и така гласот доаѓа до врвот.

7. Дали сметате дека како партија го имате постигнато максимумот во внатрепартиската демократија, каде гледате простор за дополнително унапредување на внатрепартиската демократија ?

- ВМРО ДПМНЕ е апсолутно на пиедесталот на внатрепартиската демократија во Македонија. Демократијата како начин на функционирање е наш императив од основањето на партијата до денес и во иднина. Нема демократско општество без демократски партии.

8. Кое е вашето мислење, во кои општествени слоеви на граѓани уживате најголема поддршка, т.е. дали сметате дека во Македонија политичките партии се социјално детерминирани, поддршката да е поврзана со определена социјална категорија граѓани?

- Не. Во Македонија партиите се поделени на тие кои се за работа и напредок, и тие кои се за сопствен интерес и на нив блиските. ВМРО ДПМНЕ е партија која е за работа и напредок на државата, а како такви уживаме поддршка од сите општествени слоеви, религии и возрасни групи.

Прилог 2

**Интервју со Генералниот секретар на СДСМ**

1. Македонија има 80 општини и околу 1600 живи села, ве молам опишете ја моменталната разгранетост на вашата партија, во колкав дел од територијата на државата имате ваши ограноци (не мора да се набројуваат сите конкретно)?

- Во овој момент СДСМ има активна структура во 79 општински организации.

2.Дали сте присутни како партија во етнички чисти средини, или и во средини со мешан етнички состав. Ако сте присутни и во мешани средини, набројте неколку од нив?

- СДСМ е пред се мултиетничка партија која негува мултиетнички вредности. Оттука императив за нашата партија е разгранетост во сите мултиетнички средини во Македонија. Дотолку повеќе СДСМ е масовна партија која е присутна во речиси сите општини ширум државата Во овој момент единствена општина во која немаме општинска организација. иако сме имале во минатото, е општина Боговиње.

3. Дали сметате дека денешнава партиска разгранетост е вашиот максимум, ако не сметате дека е завршен процесот на ширење на вашата партија, кои се идните приоритети ?

- Со исклучок на една општина каде што немаме воопшто општинска организација, СДСМ е формално разгранета речиси насекаде во државата. Но ова не значи дека капацитетот на партијата во однос на нејзината разгранетост е постигнат, пред се поради фактот што партијата поминува низ период на тешки опозициски денови кои подразбираат намалување на интересот и човечкиот капацитет на општинските организации. Оттука постои дистинкција помеѓу формалното постоење на ограноци и одреден раководен потенцијал во нив од ефективен и оперативен огранок, што секако не е максимален потенцијал на истите. Приоритет на партијата во овој период, што и несомнено се случува во моментот, е структурална реорганизација на општинските организации и зајакнување на човечките капацитети

4. Ве молам опишете го процесот на носење внатрепартиски одлуки, во колкав процент тие тргнуваат од базата а во колкав од раководството?

- СДСМ е партија која согласно статутарната поставеност и принципот на носење одлуки е веројатно најдемократски поставена партија во политичкиот систем на РС Македонија. Ова е видливо од самиот процес за избор на Претседател на СДСМ, избор на заменик-претседател, како и самиот начин на собирање предлози за секоја форма на носење

кадровски одлуки (советнички или пратенички листи, предлози за членство во партиските органи и тела и сл.). Процесите почнуваат од микро-ниво, со предлози на месните одбори, кој преку извршните одбори на Општинските Организации се доставуваат до Извршниот и Централниот Одбор на партијата, а во случајот на избор на заменик-претседател – до Конгресот на СДСМ. Изборот за Претседател на СДСМ се врши на непосредни избори во кои право на глас има секој ажуриран член на партијата. Во однос на носењето на политичките и програмските одлуки и правци на партијата, процесот се одвива во рамките на Извршниот и Централниот Одбор на СДСМ, и во рамките на Конгресот како највисоко политичко тело на партијата.

5. Колку за вас е важно мислењето на членството, дали постојат примери кога во органите на партијата постоело дилема за определени одлуки и победило мислењето на членството?

- Членството на СДСМ е честопати консултирано во носење на партиските одлуки особено при одлуки кои се особено политички значајни. Ова се реализира преку развиен систем на Центарот за истражување и анализи на СДСМ, преку кој фреквентно во форма на електронски прашалници се поставуваат анкети и прашања до многу широка база на членови за најразлични теми битни за креирање на мислењето и одлуките на највисокото раководство.

6. Опишете ги нивоата на избор на органи на партијата на непосредни избори, кој е вашиот став околу правото на непосреден избор во рамки на партијата?

- Непосредни избори во нај директна форма се реализираат при избор на Претседател на СДСМ, согласно статутот на партијата. Статутот дефинира конкретен деловник и правилник за спроведување на постапката. Постапката ја спроведува Централна Изборна Комисија со мандат од 4 години како и Општински Изборни комисии врзани со мандатот на централната. При избор на Претседател, СДСМ спроведува процес во кој учествува секој член кој ќе се регистрира за гласање. Гласањето се спроведува во секоја Општинска Организација на партијата и принципот е речиси целосно преземен од начинот на спроведување на избори организирани од Државната Изборна Комисија (избирачки список, електронски систем за евиденција на гласачи, кочан, кутија, записник за изборен резултат од секое избирачко место и сл.) Претседателот се избира со мандат од 4 години.

7. Дали сметате дека како партија го имате постигнато максимумот во внатрепартиската демократија, каде гледате простор за дополнително унапредување на внатрепартиската демократија?

- Вака како што е конципиран Статутот на партијата, сметам дека имаме поставено исклучително високо ниво на внатрепартиска демократија. Овој систем е поставен на овој

начин изминатите 4 години, па со оглед на тоа, потребно е да помине дополнителен временски период за да оцениме дали е нужно негово статутарно подобрување или менување на било кој друг начин.

8. Кое е вашето мислење, во кои општествени слоеви на граѓани уживате најголема поддршка, т.е. дали сметате дека во Македонија политичките партии се социјално детерминирани, поддршката да е поврзана со определена социјална категорија граѓани?

- Најголемите политички партии во Македонија, особено СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ во македонскиот блок, се масовни партии во кој членуваат и ги поддржуваат најразлична структура на членови и гласачи и оттука не е едноставно да се направи прецизна дистинкција на поддршката од една доминантна социјална категорија. Но некоја груба поделба на поддржувачи по социјален статус, би посочил дека генерално средната и работничката класа во земјата е поблиска и позастапена во и околу СДСМ, додека луѓето со повисок социјален стандард, приватен бизнис и капитал се сконцентрирани во и околу ВМРО-ДПМНЕ, но не се исклучок и околу СДСМ.

## Список на табели

1. **Табела 1** Преглед на прво формирани политички партии во Македонија во 1990 година, по датум на основање.
2. **Табела 2** Структура на кандидати за пратеници и општински одборници од ВМРО ДПМНЕ во 1990 година согласно занимање, во проценти
3. **Табела 3** Број на избирачки места по изборни години
4. **Табела 4** Тип на населено место
5. **Табела 5** Тип на објект на живеење
6. **Табела 6** Етничка припадност на населението
7. **Табела 7** Средства за живот
8. **Табела 8** Возраст
9. **Табела 9** Степен на образование
10. **Табела 10** Занимање
11. **Табела 11** Структура на кандидати за пратеници и општински одборници од СДСМ во 1990 година согласно занимање, во проценти
12. **Табела 12** Тип на населено место
13. **Табела 13** Тип на објект на живеење
14. **Табела 14** Етничка припадност на населението
15. **Табела 15** Средства за живот
16. **Табела 16** Возраст
17. **Табела 17** Степен на образование
18. **Табела 18** Занимање

**Список на фотографии**


1. Профилирање
2. Амблем на историското ВМРО
3. Лого на ВМРО ДПМНЕ
4. Амблем на СКМ
5. Лого на СДСМ
6. Политички активизам
7. Политички претставник
8. Определување
9. Идеологии
10. Политички спектар
11. Знаме на либералите
12. Знаме на конзервативците
13. Знаме на социјалистите
14. Симбол на фашизмот
15. Зелена идеологија
16. Симбол на анархистите
17. Идеологија
18. Пирамидална структура на политичка партија
19. Партиски механизам или машинерија
20. Партиите како воена формација
21. Партиска селекција
22. Мобилизација
23. Изборно определување
24. Јавност
25. Јавно мислење
26. Масовни медиуми
27. Социјални мрежи
28. Испитување на јавното мнение
29. Јавна перцепција
30. СДСМ наспроти ВМРО ДПМНЕ
31. Падот на Берлинскиот ѕид
32. Новиот политички систем во медиумите
33. Први повеќепартиски избори
34. Прво повеќепартиско собрание
35. Прогласување на независноста
36. Основачко собрание на МААК
37. Разговор со Невзад Халили Претседател на ПДП
38. Петар Гошев на седница на ЦК на СКМ
39. Појавата на ВМРО ДПМНЕ непознаница за јавноста
40. Драган Богдановски, прв Конгрес на ВМРО ДПМНЕ (6 -7 април, 1991 год. Прилеп)
41. Решение за запишување во регистерот на ВМРО ДПМНЕ

42. Изборна програма на ВМРО ДПМНЕ, 2024 година
43. Јавен повик за кандидирање во ВМРО ДПМНЕ
44. Христијан Мицкоски Претседател на ВМРО ДПМНЕ
45. Типична патриотска порака на ВМРО ДПМНЕ
46. Политичките промени во 1998 година
47. Васил Главинов и Методија Андонов Ченто
48. Решение за запишување во регистерот на СДСМ
49. Изборна програма на СДСМ, 2024 година
50. Јавен повик за кандидирање во СДСМ
51. Плакат за внатрпартиски избори во СДСМ
52. Венко Филипче Претседател на СДСМ

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Alagić S. (2007) Partijska identifikacija kao determinata izborne motivacije – Teorijske kontraverze i problemi empirijskog istraživanja, Fondacija Fridrih Ebert i FPN
2. Aminzade R (1993) Ballots and Barricades: Class Formation and Republican Politics in France, 1830-1871, Princeton University Press
3. Bakić J. (2014) Levica i desnica - Pokušaj teoriskog određenja i iskustvene primene na slučaju Srbije, Filozofski fakultet Beograd
4. Barnes H. S. Kaase M., and others. (1979) Political Action: Mass Participation in Five Western Democracies, Cambridge University Press
5. Barnes H. S. (1921) The Social History of the Western World: An Outline Syllabus, D. Appleton, New York
6. Bauman Z. (1996) Alone Again: Ethics After Certainty, Demos
7. Bell D. (1960) The end of ideology, Harvard University Press
8. Beyme K (1974) German Political Studies, SAGE Publications Ltd
9. Beyme K (2002) Constitutional Politics in Central and Eastern Europe: From Post-Socialist Transition to the Reform of Political Systems, Palgrave Macmillan
10. Beyme K (2005) Political Parties in Western Democracies. Palgrave Macmillan
11. Burdeau G. (1965) Droit constitutionnel et institutions politiques, Librairie Générale de Droit et de Jurisprudence
12. Burke E (Payne J. E.) (1774 (1999)) Select Works of Edmund Burke, Liberty Fund
13. Brod H. (1992) Hegel's Philosophy of Politics: Idealism, Identity, and Modernity, Westview Press
14. Campbell A. and others (1960) The American Voter, John Wiley & Sons, Inc
15. Carney R. D. and others. (2008) The secret lives of liberals and conservatives: personality profiles, interaction styles, and thing they leave behind, International Society of Political Psychology
16. Castells M. (2005) The Network Society: A Cross-Cultural Perspective, Edward Elgar Publishing
17. Cerruti F. (2006) Identitet i Politica, Politička kultura, Zagreb
18. Childs S. (2013) Political Representation, Oxford University Press
19. Coleman S. (2013) How voters feel, Cambridge University Press
20. Cross P. W, Katz S. R. (2013) The challenges of intra-party democracy, Oxford University Press
21. Čular G, Bovan K, Širinič D. (2024) Stranačka identifikacija, FPZ Zagreb
22. Dalton J. R, (2014) Citizen politics - Public opinion and political parties in advanced industrial democracies, SAGE and CQPREES
23. Derrida J. (2004) Eyes of the University: Right to Philosophy 2, Stanford University Press
24. Deflem M. (2008) Sociology of Law Visions of a Scholarly Tradition, Cambridge University Press
25. Dewey J. (1927) The Public and Its Problems, Holt Publishers
26. Douverger M (1954) Political Parties: Their Organization and Activity in the Modern State, John Wiley & Sons
27. Douverger M. (1973) The study of politics, Rinehart and Winston
28. Downs A. (1957) An Economic Theory of Democracy, Harper & Row
29. Dowse E. R, Hughes A. J (1972) Political sociology, New York
30. Frickel S, Moore K. (2006) The new political sociology of science, The University of Wisconsin Press
31. Giddens A. (1994) Beyond left and right - The future of radical politics, Polity Press
32. Giddens A. (2006) Sociology, Polity Press
33. Gigerenzer G, Selten R (2001) Bounded Rationality: The Adaptive Toolbox, The MIT Press
34. Goati V. (2001) Političke partije i izbori u demokratskom poretku, CESID, Beograd
35. Goati V. (2007) Političke partije i partijski sistemi, CEMI, Podgorica

36. Gounelas P. R. (2012) The psychology and politics of the collective, Routledge
37. Gramsci A (1929-1935 (2002)) Antonio Gramsci's Prison Notebooks, International Gramsci Society
38. Green D, Palmquist B, Schickler E. (2002) Partisan hearts and minds – political parties and social identities, Yale University Press
39. Gurvič Ž. (1965) Savremeni poziv sociologije,Veselin Malesa, Sarajevo
40. Habermas J. (1980) Teorija i praksa, Bigz, Beograd
41. Habermas J. (1989) The Structural Transformation of the Public Sphere, John Wiley & Sons
42. Harmel R, Svasand G. L (2019) Institutionalisation of political parties – comparative cases, ECPR press
43. Heaney T. M, Rojas F (2015) Party in the street, Cambridge University Press
44. Heidar K, Wauters B. (2019) Do parties still represent? Routledge
45. Henrih J. and others (2001) In Search of Homo Economicus: Behavioral Experiments in 15 Small-Scale Societies, American Economic Review
46. Hicken A. (2009) Building party systems in developing democracies, Cambridge University Press
47. Hobs T. (1651) Leviathan, https://www.gutenberg.org/files/3207/3207-h/3207-h.htm
48. Huntington P. S. (1998) The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order, Simon & Schuster
49. Jennings W, Green J. (2017) The politics of competence – parties, public opinion and voters, Cambridge University Press
50. Jost T. J and others (2009) Social and psychological bases of ideology and system justification, Oxford University Press
51. Kam J. C. (2009) Party discipline and parliamentary politics, Cambridge
52. Katz S. R, Mair P. (1995) How parties organize - Change and adaption in party organizations in western democracies, SAGE publications Ltd
53. Katz S. R, Mair P. (2009) The cartel party thesis: a restatement. Perspectives on Politics, Cambridge University Press
54. Kats S. R, Crotty W. (2006) Handbook of Party Politics, SAGE Publications Ltd
55. Kirchheimer O. (2003) Otto Kirchheimer and the catch-all party, West European Politics
56. Kovačević D. (2022) Partije i partijski sistemi na postjugoslovenskom prostoru, Albion books
57. Lane E. R (1959) Political Life: Why People Get Involved in Politics, Glencoe
58. Lesschaeve C (2017) Inequality in Party-voter Opinion Congruence: A Matter of Choices Made or Choices Given? Journal of Representative Democracy Volume 53, 2017
59. Lilliefeldt E. (2012) Party and Gender in Western Europe Revisited: A Fuzzy-Set Qualitative Comparative Analysis of Gender Balanced Parliamentary Parties, Party Politics
60. Lippmann W. (1922) Public Opinion, Transaction Publishers
61. Lippmann W. (1965) The Public Philosophy, Atlantic Monthly Press
62. Lipset M. S, (1960) Political man - The social bases of politics, Doubleday & Company
63. Lipset M S, Rokkan S. (1967) Party Systems and Voter Alignments: Cross-national Perspectives, Free Press
64. Luebbert M. G. (1986) Comparative Democracy: Policymaking and Governing Coalitions in Europe and Israel,Columbia University Press
65. Luther R. K, Deschouwer K. (2004) Party elites in divided societies, New York
66. Machin A, Meidert N. (2021) Political identification in Europe - Community in crisis? Emerald publishing
67. Manhajm K. (1978) Ideologija i utopija, Nolit, Beograd
68. Marx, K., & Engels, F. (1975). Marx and Engels Collected Works, Volume 1, Lawrence & Wishart.
69. Marshment J. L (2012) Routlege handbook of political marketing, Routlege
70. Mair P. (2008) The challenge to party government, European politics, Routledge
71. Mayo E. (1960) The Human Problems of an Industrial Civilization, Compass Book Publishers
72. Mazzoleni G, Schulz W. (1999) Mediatization of Politics: A Challenge for Democracy, Political Communication, Taylor & Francis
73. McGrew A. (1997) The Globalization of World Politics: An Introduction to International Relations, Oxford University Press

74. McKinney C. J. (1969) Typification, Typologies, and Sociological Theory, Oxford University Press
75. Merton K. R. (1965) Social Theory and Social Structure, Free Press (New York)
76. Mendilow J, Phelippeau E. (2018) Handbook of political party funding, Edward Elgar
77. Michels R. (1959) Political party, Sociological Study of the Oligarchical Tendencies of Modern Democracy, Dover Publications, New York
78. Michels R. (1911) Political parties - A sociological study of oligarchical tendencies of modern democracy, Batoshe books
79. Michels R. (1927) Some reflections on the sociological character of political parties, The American Political Science Review
80. Milič V. (1965) Sociološki metod, Nolit, Beograd
81. Mudge L. S, Chen S. A, (2014) Political parties and sociological imagination: Past, present and future directions, Annual Review of Sociology, Volume 40
82. Niemi G. R, Weisberg F. H. (1993) Controversies in Voting Behavior, CQ Press
83. Panebianco A. (1988) Political Parties: Organization and Power (Cambridge Studies in Modern Political Economies, Cambridge University Press
84. Parsons T. (1951) The social system, Routledge
85. Parsons T. (1959) "Voting" and the Equilibrium of the American Political System, in Burdick E, Brodbeck J. A. Free Press
86. Parsons T. (1968) On the Concept of Value-Commitments, Wiley – Online library
87. Pareto V. (1902) The Rise and Fall of Elites: An Application of Theoretical Sociology, Routledge
88. Pitkin F. H, (1967) The concept of representation, University of California Press Ltd
89. Pitkin F. H. (1968) The Paradox of Representation, Routledge
90. Poguntke T. (2002) Parties Without Firm Social Roots? Party Organisational Linkage in Political Parties in the New Europe: Political and Analytical Challenges, Oxford University Press
91. Raos V. (2024) Ideološka samoidentifikacija: Hrvatski birači 30 godina političkog ponašanja i mišlenja, Facultet politički znanonsti Zagreb
92. Sartori G. (1968) Political development and political engineering, Harvard University Press
93. Sartori G. (1976) Parties and Party Systems: A Framework for Analysis, Cambridge University Press
94. Sartori G. (1990) The Theory of Democracy Revisited, Chatham House Publishers
95. Scarrow E. S. (2015) Beyond Party Members: Changing Approaches to Partisan Mobilization. Oxford University Press
96. Scarrow E, S, Webb D. P, Poguntke T. (2017) Organizing political parties, Oxford University Press
97. Scott A. (2011) Raymond Aron's political sociology of regime and party, Journal of Classical Sociology
98. Schafer S. M. (2011) Sources, caracteristics and effects of mass media communication on science: a reviw of literature, current trends and areas for future research, Sociology Compass
99. Schworer J. (2021) The growth of populism in the political mainstream: the contagion effect of populist messages on mainstream parties' communication, Springer
100. Shapiro I. and others, (2009) Political representation, Cambridge University Press
101. Sills, D. L. (Ed.). (1968). International Encyclopedia of the Social Sciences (Vols. 1–17). New York: Macmillan & Free Press.
102. Simon A. H. (1957,1999) Models of Man: Social and Rational, John Wiley & Sons
103. Swigger N. (2013) The Online Citizen: Is Social Media Changing Citizens' Beliefs About Democratic Values? Springer Nature
104. Tajfel, H. (1981). Human Groups and Social Categories-Studies in Social Psychology, Cambridge University Press
105. Verba, S., Nie, N. H., & Kim, J. (1978). Participation and political equality: A seven nation comparison, University of Chicago Press
106. Vincent A. (1995) Modern Political Ideologies, Blackwell Publishers
107. Ware A. (1996) Political Parties and Party Systems, Oxford University Press

108.Weber, M. (1946) Structures of Power, Oxford University Press
109.Weber M. (1949). Methodology of the social sciences. Translated by Shils, Edward A.; Finch, Henry A. (First ed.). Glencoe, Illinois
110.Weber M. (1950) The Protestant Ethic and the Spirit of Capitalism, Routledge & Kegan Paul
111.Weber M. (1958) The tree types of legitimate rule, Berkeley publications in society and institutions
112.Weber M. (1976) Economy and Society, University of California
113.Ward F. L. (1908) The sociology of political parties, American journal of sociology Vol. 13, No. 4 (Jan., 1908), pp. 439-454
114. Zuckerman, E. W., & Turco, C. J. (2006). Betrayal as market barrier: Identity-based limits to diversification among high-status corporate law firms. Administrative Science Quarterly, 51(4), 536–575.
115.Zuckerman S. A, (2007) The social logic of political choice: Picking a political party in the contex of imediate social circles, PVS
116.Андов С. (2003) ‚На мој начин", Матица македонска
117.Ванковска Б. (2014) Политички систем на Република Македонија, УКиМ, Скопје
118.Гоати, В. (2005) Партије и избори у Србији у XX веку: еволуција политичког система Србије од 1903. до 2005. Београд: Фридрих Еберт Штифтунг.
119.Гошев П. (2023) Епидемија на лагата, Слово
120.Георѓиевски Љ. (2001) Остварување на вековниот сон, Нова литература
121.Глигоров К. (2002) Македонија е се што имаме, Култура - Скопје
122.Десковска Т. Р, Христовска Т. Ј, Кртолица М. (2023) Политички систем, Фондација Фридрих Еберт, Скопје
123. Јанчева Љ. (2012) Македонија: политички, социјални, економски и културни основи на една балканска држава, I.B. Tauris, Лондон
124.Колаковски Л. (1964) Филозофски есеи, Нолит, Београд
125.Климовски С, Јовановска К. Т, Спасеновски А (2016) Политичките партии и интересовните групи, Фондација Конрад Аденауер, Правен факултет "Јустинијан Прима", Скопје
126.Малевски Д. (2012) Бебето од катран - Македонија во меѓународните односи 1991-1993, Култура - Скопје
127.Мирчев Д. (1991) Драмата на плурализацијата: Политологија на кризата и системските промени, Комунист, Скопје
128.Милосавлевски С. (1993) Страв од промени: кризата на политичкиот систем на Југославија во седумдесеттите години, Комунист
129.Милош Ч. (1985) Заробљени ум, „Просвета", Београд
130.Мојановски Ц. (1996) Социјален и политички профил на политичките партии, ЛИБЕР, Скопје
131.Мојаноски Ц. (2020) Летопис на македонската демократија, Pakung – Скопје
132.Пандевски М. (1965) Политичките партии и организации во Македонија (1908-1912), Култура-Скопје
133.Пирот Г. (2016) Поимот Граѓанско содружништво, МЦМС
134.Поповски Н, Славески Т. (2021) Лево – Десно ( економијата низ две перспективи ), МАТИЦА, Скопје
135.Ружин Н. (1999) Современа социјалдемократија, "Демократија" - Скопје
136.Саркањац Б. (2011) Идејата за конзервативизмот, Макавеј, Скопје
137.Синадиновски Б. (2012) Борис Змејковски - современиот Дамјан Груев, Графден
138.Спасов Ѓ. (2008) Развој на социјалдемократијата - кус историски преглед, Фондација Фридрих Еберт - Скопје
139.Спасов Ѓ. (2008) Социјалдемократијата денес - 10 те одредници, Фондација Фреидрих Еберт - Скопје
140.Станоевски Ц. (2013) Црвенковски заблудата што тече, Цветан Станоевски
141.Трајковски И. (2019) Политичка социологија, 1/2, Филозофски факултет, Скопје.
142.Христова Л. (2011) Политичките идентитети во Република Македонија, УКиМ, Скопје
143. Чукалевска Д. М, Драговиќ А, Иванова С. Т. (2019) New Media and Changes in Communication Types, Proceedings of the International Scientific Conference "Social Changes in the Global World, УГД

144. Шарламанов К. (2009) Политиките на десницата и нивните општествени последици: економските и националните политики на конзервативните и демо-христијанските партии после втората светска војна (докторска дисертација), Филозофски факултет, Скопје
145. Шнапер Д, превод Трајковски И. (2022) Што е граѓанственоста, Филозофски факултет, Скопје
146. Компаративно истражување на изборните системи, првични национални наоди за Република Северна Македонија што се однесуваа на изборите од април и мај 2024 година. (2025) Јован Близнаковски, Анета Цекиќ, Институт за социолошко политички и правни истажувања, Институт за демократија, Швајцарска програма за поддршка на изборите во РС Македонија
147. Црните страници на УДБА – следењето, обработката и обидите за растурање на ВМРО ДПМНЕ том 8 дел 1 и 2 (2016), Државен архив на Република Македонија

## Веб - Страни


https://vmro-dpmne.org.mk
https://sdsm.org.mk
https://stat.gov.mk
https://sec.mk
https://nepokor.mk
https://www.shutterstock.com/search/3d-people-sign
https://www.istockphoto.com/photos/political-ideology?servicecontext=srp-relate
https://www.prometej.ba/clanak/prijevodi/robert-o-paxton-sta-je-fasizam-4401
https://globalgreen.news/european-green-parties-who-will-be-the-next-head-of-the-eu-list/
https://heritageanarchy.wordpress.com/home/anarchism-anarkismi/
https://www.istockphoto.com/photos/political-ideology?servicecontext=srp-relate
https://mod.gov.mk
https://depositphotos.com/photo/magnet-attracts-people-165390276.html
https://kanal5.com.mk/vo-centar-zhupa-za-glasanje-dostaveni-29-baranja-od-bolni-i-iznemoshteni-lica/a542375
https://www.westend61.de/en/photo/NDF01631/fans-filming-and-photographing-with-smart-phone-at-live-music-concert?utm_source
https://www.istockphoto.com/vector/people-talk-using-speech-bubble-gm2189297805-607763827
https://www.dreamstime.com/photos-images/camera-press-conference.html
https://wallpapers.com/picture/social-media-pictures-n023p9cxfzvcdrz1.html/
https://pngtree.com/freepng/3d-colorful-pie-chart-and-bar-graph-illustration_16485839.html
https://www.shutterstock.com/search/people-bird-watching?utm_source
https://www.mktoday.mk/2025/01/24/сдсм-и-вмро-дпмне-разменија-обвинувањ/
https://plusinfo.mk/9-noemvri-denot-koga-padna-berlinskiot-id-datum-so-posebno-znache-e-vo-germanskata-istori-a/
https://lider.mk/retrospektiva-kako-se-odvivashe-referendum-za-nezavisnost-na-makedonija-vo-1991-ta-godina/
https://www.bridgemanimages.com/en/nikola-solic/leaders-of-macedonian-opposition-coalition-celebrate-preliminary-results-1998-10-19-photo/photograph/asset/8096683
https://nvoinfocentar.mk/problemi-i-pripriteti-na-zitelite-vo-centar/


Користени се архивски материјали од дневниот весник Нова Македонија и документи од Граѓанскиот суд Скопје

**БИОГРАФИЈА**

М-р Емил Димитриев е роден 1979 година во Пробиштип. Основно и средно образование завршил во Пробиштип со одличен успех. Дипломирал 2004 година, магистрирал 2022 година, на Институтот за Социологија при Филозофскиот факултет Скопје со надпросечен успех, каде што ги привршува докторските студии. Дел од своето образование во 2004 година го надградува на Воената Академија „Ген. Михајло Апостолски" во Скопје и на Факултетот за политички науки во Загреб во 2024 година. Во својот работен т.е. професионален ангажман работел како Раководител на општ сектор во ХС Злетовица во Пробиштип, бил советник во Советот на општина Пробиштип. Во два мандати бил биран за Пратеник во Собранието на РМ. Собранието го избира да ги извршува должностите Заменик министер за одбрана во министерството за одбрана и Претседател на владата. Од политички позиции кои ги извршувал во политичката партија ВМРО ДПМНЕ се издвојува позицијата Генерален секретар. Во моментов е ангажиран како советник на Министерот за одбрана.

Во 2021 година е ангажиран како Советник на Меѓународниот славјански универзитет во Св. Николе, каде работел и како стручњак од пракса по предметот Социологија на Факултетот за Психологија. Во 2023 година се вработува како асистент на Филозофскиот факултет по предметите Социологија, Политичка социологија и Политички систем, каде што работи до денес. Член е на научниот и програмски борд на светската научна конференција „Религиозни дијалози и соработка". Секретар е на организацискиот одбор на меѓународна научна конференција „Од стабилност до флуидност: Современи социолошки перспективи за нормалноста во општества на 21 век".

На полето на научноистражувачката дејност има објавено книга со наслов *Организираниот криминал континуитет на политичката агенда,* (2023) Европа 92 Кочани. Има објавено неколку научни трудови во меѓународни научни списанија како што се *Профил на лидерство во функција на националните, регионалните и светски предизвици*, (2022) Право и Политикологија, Година 9 – Број 2 МСУ Св. Николе. *Political parties as a factor in the postmodernism*, (2023) International journal – Knowledge, Vol. 57 No. 1. *Organized crime as a current political – security challenge,* (2023) Безбедносни дијалози, Филозофски факултет Скопје. *Control over the security services as an indicator of the political system,* (2025) Безбедносни дијалози, Филозофски факултет Скопје. *Politics and Religion* (2025) Religious Dialogue and Cooperation. Коавтор на *Peacebuilding and conflict transformation – Strategic aspects*. (2023) Безбедносни дијалози, Филозофски факултет Скопје. Коавтор на *Analysis of war fighting functions – the Ukrainian counteroffensive in context.* (2024) Безбедносни дијалози, Филозофски факултет Скопје. Учествувал на повеќе меѓународни научни конференции.